# ОБЕЛЕЖУВАЧИ

## БОРБА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ ПРЕКУ ЕДУКАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА




**почит** толеранција **еднаквост** соработка **солидарност** различност **мир** безбедност **демократија** љубов **правда** достоинство **одговорност** поддршка **почит** толеранција **еднаквост** соработка **солидарност** различност **мир** безбедност **демократија** љубов **правда** достоинство

NO HATE
NO HATE SPEECH MOVEMENT


OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe Mission to Skopje

Агенција за млади и спорт

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# ОБЕЛЕЖУВАЧИ

БОРБА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ ПРЕКУ ЕДУКАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**АВТОР И УРЕДНИК:**
Ели Кин и Мара Георгеску

**ПОДГОТОВКА ЗА ПЕЧАТ:**
Руи Гомеш

Обележувачи - Борба против говорот на омраза на интернет преку едукација за човековите права

Ставовите искажани во овој прирачник не секогаш ги одразуваат мислењата на Советот на Европа.

Советот на Европа има авторско право над оваа публикација. Ниеден дел од истата не смее да се репродуцира или пренесува за комерцијални цели во каква било форма или на било кој начин - електронски (CDRom, интернет, итн.) или механички вклучувајќи фотокопирање, снимање или некаков систем за чување или извлекување на информации – без писмена дозвола од издавачкиот оддел (publishing@coe.int) во Директоратот за комуникации при Советот на Европа (копија до Европскиот младински центар во Будимпешта, 1-3 Zivatar utca, H-1024 Будимпешта, Унгарија; email: eycb.secretariat@coe.int).

Репродукција на материјали од оваа публикација е дозволена единствено за некомерцијални едукативни цели и под услов изворот да биде правилно цитиран.

Сите други преписки во врска со овој документ треба да се испратат до Секторот за млади при Советот на Европа:
Европски младински центар - Стразбур
30, rue Pierre de Coubertin
F- 67075 Strasbourg Cedex – Франција
Email: youth@coe.int

© Council of Europe, 2014

Лектура: Рахел Еплбај

Изглед и дизајн: Даниел Хорват

Печатено е во Македонија

Преводот и печатењето на оваа публикација е поддржано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

# ПРИЗНАНИЕ

Сакаме да ја искажеме нашата благодарност до сите оние кои дадоа придонес за овој прирачник со своите предлози и поддршка мислења, а особено на:
Членовите на Групата за следење на кампањата на Движењето против говорот на омраза: Серџо Белфор, Гофран Униси, Шенон Стивенс (советодавен Совет за млади); Лоренс Херманд, Александра Митровиќ–Кнежевиќ, Дикле Акинци (Европски раководен комитет за млади); Лиен Ванбрабант (Европска агенција за информирање и советување на младите); Меги Докупилова (Европски младински форум); Дариуш Гржемни (обучувач) и Кристина Линг (Европска асоцијација за младински карти)
Клаудија Ленц (Европски Вергеланд центар), Ани Силтанен („Insafe“) и Витор Томе (консултант)
Ане Вебер (Канцеларија на комесарот за човекови права), Гордана Берјан (Програма за децата), Ли Хибард, Елвана Тачи и Џејмс Лосон (Единица за управување со интернет); Паола Ек-Валтерс (Секретаријат на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата); Јозеф Хубер, Јулија Перерва (Сектор за образование); Анка–Руксандра Пандеа, Мено Етема, Ајлеен Донеган, Клер Узински и Мауд Хофман Бојвин (Сектор за млади), сите од Советот на Европа.

Вложивме максимални напори да ги наведеме авторите на одредени текстови и активности и да им го оддадеме заслуженото признание. Се извинуваме за евентуални пропусти во тој поглед и со задоволство истите ќе ги коригираме во следното издание.

# ПРЕДГОВОР



Прирачникот *„Обележувачи“* што го имате во вашите раце претставува скапоцена алатка со која ќе се направи обид за ставање крај на говорот на омраза и за јакнење на човековите права. Можеби ќе прашате: „Зошто ни е сѐ ова потребно? Зарем луѓето немаат право на слободно изразување во едно демократско општество?“ Точно е дека слободата на изразување претставува основно човеково право кое важи и за идеи кои можат да навредат, шокираат или вознемират други луѓе. Меѓутоа, остварувањето на ова право носи со себе јасни должности и одговорности. Говорот на омраза не е „заштитен“ говор; зборовите на омраза можат да доведат до појава на злосторства мотивирани од омраза во реалниот живот, а такви злосторства веќе им ги имаат уништено и одземено животите на огромен број луѓе.

Говорот на омраза стана една од најчестите форми на нетолеранција и ксенофобија во Европа во денешно време. Она што особено загрижува е сѐ поголемото присуство на говорот на омраза во политичкиот дискурс и начинот на кој тој стана секојдневие во јавната сфера, особено преку интернетот. Тогаш кога неприфатливото почнува да се прифаќа и да станува „норма“, во тој момент се раѓа вистинска закана по човековите права. Движењето против говорот на омраза на Советот на Европа беше создадено со цел да ја намали прифатливоста на говорот на омраза на интернет и да стави крај на неговата „нормализација“.

Никој не може да негира дека интернетот ни обезбедува извонредни нови алатки за комуникација, солидарност, организирање на социјални промени и забава. Меѓутоа, не смееме да дозволиме истиот да биде злоупотребен како инструмент за „онлајн“ тортура и пропаганда од страна на индустриите и идеологиите на омразата. Слободата на изразување на интернет мора истовремено да значи и слобода од каков било страв кога сме „онлајн“.

Советот на Европа одигра пионерска улога во дефинирањето на говорот на омраза и во повиците за осуда на расизмот и ксенофобијата на интернет. Законските мерки се мошне важни, но не и доволни. Образованието е единственото долгорочно решение за спречување на говорот на омраза, за осудување на истиот и за промовирање солидарност со жртвите.

Учењето *за*, *преку* и *во функција на* човековите права е од суштинска важност за одржување на една активна клима на човекови права во очи на брзите промени со кои се соочени денешниве наши општества. Ова учење е особено битно за децата и младите, и во денешно време истото треба да биде составен дел од едукацијата за медиуми и од она што се нарекува дигитална писменост.

Кампањата на Движењето против говорот на омраза на Советот на Европа ја водат самите млади луѓе; тие всушност и побараа да се осмисли таква кампања и самите одлучуваат како истата ќе се води. Ова е важно затоа што токму младите се меѓу најчестите жртви на злоупотреба на човековите права на интернет преку различни форми на говор на омраза и насилство.

Се надевам дека овој прирачник ќе си го најде своето место во училиштата, младинските центри и младинските организации, како и на интернет. Ги охрабрувам учениците, наставниците и другите слободно да го користат прирачникот и да се вклучат во кампањата. Ајде да го употребиме *„Обележувачи“* за цврста и решителна борба против говорот на омраза.

Торбјерн Јагланд
Генерален секретар на Советот на Европа
Содржина

**Кампањата против говор на омраза во Република Македонија**

**Младите луѓе против говорот на омраза на интернет** е проект на Советот на Европа, насочен против говорот на омраза, расизмот и дискриминацијата во онлајн просторот кој започна во текот на 2012 година.

Истражувањето спроведено во текот на истата година од страна на Советот на Европа покажа дека 78% од младите луѓе се соочиле со говор на омраза. Тргнувајќи од овој податок, започна иницијативата на Советот на Европа за имплементирање на Европското движење против говор на омраза, кое на различен начин ќе се спроведува во различните земји – членки, со оглед на тоа дека младите во различни држави се соочуваат со различно ниво и различен вид на говор на омраза и дискриминација.

Во Република Македонија, кампањата започна на 22 март 2013 година истовремено со означувањето на официјалниот почеток на Европското движење против говор на омраза, во Советот на Европа. На тој начин, Република Македонија беше една од првите држави кои се приклучија на ова движење.

Првиот чекор во спроведувањето на овој проект на национално ниво беше **формирањето на Национален Комитет** од страна на Агенцијата за млади и спорт. Основните задачи на ова тело се: планирање, имплементација и следење на активностите кои се дел од Кампањата против говор на омраза во Република Македонија. Во Националниот комитет покрај Агенцијата за млади и спорт се вклучени повеќе од 20 институции и невладини организации кои во текот на 2014 година посветено работеа на оваа кампања, преку едукација и подигање на свеста за последиците од говорот на омраза кај младите луѓе.

Мошне брзо, кампањата беше препознаена од повеќе институции и организации, но и од самите млади луѓе, така што денес истата вклучува сè поголем број на млади луѓе , кои се активисти и борци против говорот на омраза, во различни области на општественото делување.

На крајот, упатуваме особена благодарност до Мисијата на ОБСЕ во Скопје, кои ги препознаа напорите на Комитетот за спроведување на оваа кампања и поддршката на голем дел од активностите, уште од самиот почеток на кампањата. *Обележувачи* е подготвен со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во рамки на Меморандумот за соработка кој во текот на март 2014 година беше потпишан меѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Агенцијата за млади и спорт, како национален координатор на оваа кампања.

БЕЗ ОМРАЗА

Зорица Стаменковска
Национален координатор на
Кампањата против говор на омраза
во Република Македонија

NO HATE
NO HATE SPEECH MOVEMENT

# СОДРЖИНА


ПОГЛАВЈЕ 1 - ЗА ПРИРАЧНИКОТ ..... 7

1.1. Вовед во прирачникот ..... 7

1.2. Проблемот со говорот на омраза на интернет ..... 8

ПОГЛАВЈЕ 2 - ДВИЖЕЊЕ ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА ..... 12

2.1 Неколку збора за кампањата ..... 12

2.2 Што можат да направат младите луѓе? ..... 14

ПОГЛАВЈЕ 3 - КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРАЧНИКОТ ..... 16

3.1 Потребата за прирачникот ..... 16

3.2 Структурата на прирачникот ..... 17

3.3 Спроведување на активностите ..... 18

3.4 10 работи кои треба и не треба да се прават ..... 20

3.5 Теми и прашања ..... 21

ПОГЛАВЈЕ 4 - АКТИВНОСТИ ..... 22

21 Активност за борба против говор на омраза на интернет преку образование за човекови права ..... 22

Табела за преглед на активности ..... 23

ПОГЛАВЈЕ 5 - ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ..... 145

5.1 Говор на омраза на интернет ..... 146

5.2 Човекови права ..... 152

5.3 Слобода на изразување ..... 157

5.4 Расизам и дискриминација ..... 163

5.5 Приватност и безбедност ..... 168

5.6 Демократија и учество ..... 172

5.7 Стратегии за водење кампања ..... 177

5.8 Интернет познавања ..... 181

5.9 Насилство преку интернет ..... 190

5.10 Советот на Европа и говорот на омраза на интернет ..... 194

ПОГЛАВЈЕ 6 - ПРИЛОЗИ ..... 197

6.1 Универзална декларација за човекови права (резиме) ..... 198

6.2 Европска конвенција за човекови права и нејзините протоколи (резиме) ..... 199

6.3 Останати извори за справување со говорот на омраза на интернет ..... 201

# ЗА ПРИРАЧНИКОТ

## 1.1. ВОВЕД ВО ПРИРАЧНИКОТ

*„Стаповите и камењата можат да ми ги скршат коските, но зборовите ништо не ми можат“*

**Дали се согласувате?**

Овој прирачник е изработен со цел да го поддржи Движењето против говорот на омраза, кое всушност претставува младинска кампања на Советот на Европа против говорот на омраза на интернет. Прирачникот ќе биде корисен за едукатори кои работат на надминување на овој проблем во рамките на формалниот образовен систем но и надвор од него. Прирачникот е наменет за работа со млади на возраст од 13 до 18 години, но активностите може да се прилагодат и на други возрасни категории и други профили на ученици.

Потребата од образовни иницијативи насочени против омразата на интернет може делумно да се согледа и од сѐ поголемото количество на навреди и напади присутни на интернет, со екстремистичка и расистичка нишка и може да ги загрози основните вредности на едно демократско општество. Сепак, сајбер омразата не е само проблем поврзан со расизмот и дискриминацијата; таа е проблем поврзан и со начинот на кој луѓето го користат интернетот. Ова ја прави сајбер омразата еден релативно нов феномен, кој сѐ уште не е целосно препознаен ниту разбран. „Новоста“ на говорот на омраза на интернет значи дека ова е проблем со кој светот сѐ уште не знае како да се справи.

Многу од постоечките обиди за борба против сајбер омразата најчесто се фокусираат на контролните механизми, т.е. на елиминирање на омразата тогаш кога ќе се појави. Пристапот кој се нуди на овие страници го гледа говорот на омраза како *симптом* на еден подлабок проблем. Активностите се осмислени за учесниците да се позанимаваат со корените т.е. основните причини за говорот на омраза и да научат како да се справат со проблемот кога ќе се појави.

**Говорот на омраза на интернет ги претставува лисјата на едно особено штетно растение кое пуштило корени длабоко во општеството. Само кастрењето на лисјата нема да ги реши пошироките причини за проблемот.**

### ПРИСТАП ЗАСНОВАН ВРЗ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Активностите во прирачникот би требало да им помогнат на младите луѓе да развијат знаења, вештини и ставови кои се потребни за интернетот т.е. *виртуелниот* свет да може да ги апсорбира основните принципи што важат за *реалниот* свет. Тие принципи беа формулирани и договорени пред повеќе од 60 години: познати се под името човекови права и рефлектираат работи како што се основното достоинство на секој човек, еднаквоста меѓу луѓето во однос на правата, нивната слобода и нивната улога во изборот и воспоставувањето на правилата според кои треба да се одвива нашето секојдневно живеење.

Слично како и младинската кампања на Советот на Европа, и овој прирачник го перципира говорот на омразата како проблем за човековите права, па така пристапот користен во активностите е заснован на принципите и стандардите за човековите права. Ова го прави прирачникот корисен не само во борбата против говорот на омраза на интернет туку и како помагало за разбирање на човековите права и на начинот како човековите права важат и за „офлајн“ и за „онлајн“ сферата. Повеќе информации за едукативниот пристап можете да најдете во поглавјето 3, а базични информации за човековите права во поглавјето 5.2.

### ДЕМОКРАТИЈА И ГРАЃАНСТВО… НА ИНТЕРНЕТ

Прирачникот се темели на цврстото убедување дека просторот на интернетот е јавен простор, па оттаму сите принципи на едно демократско општество *можат* и *треба* да важат и „онлајн“. Во овој контекст, улогата на младите во „онлајн“ просторот е исклучително важна во борбата против говорот на омраза.
Младите луѓе се граѓани „онлајн“, што значи дека тие можат да ги изразат своите аспирации и грижи „онлајн“, да преземат акција и да ги повикаат на одговорност оние кои ги кршат човековите права „онлајн“. Исто така, младите можат да бидат и бранители на човековите права „онлајн“.
Просторот на интернетот е исто така простор за партиципација т.е. учество, вклучувајќи ја и свесноста за процесите на управување со интернетот. Преку различни активности, прирачникот ги истражува начините за интеракција „онлајн“, односно како младите можат да преземат акција „онлајн“ и да водат кампања „онлајн“ за подобар и побезбеден интернет.
Основните теми кои се однесуваат на демократија, водење кампања „онлајн“ и дигитална писменост се содржани во поглавјето 5.

## 1.2. ПРОБЛЕМОТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

### НОВИ МОЖНОСТИ, НОВИ ОПАСНОСТИ

Можностите за интеракција меѓу луѓето „експлодираа“ со појавата на интернетот. Интернетот ни даде можност, теоретски гледано, да комуницираме со речиси секој човек на планетава. Интернетот дури овозможи, барем во теоријата, една мисла родена во главата на некој човек во неговото сопче во некој мал и непознат дел од светот да може да ја дознае буквално *секој*! Секој кој има пристап до интернет е во денешно време и издавач и јавен говорник. Малкумина се тие кои можат да нè попречат во намерата да го кажеме она што сакаме да се дознае.

**Дали знаете што сè има таму?**

*Погледнете на страна 137 за некои примери или самите направете истражување на интернет.*

Интернетот е ново нешто што малкумина би сакале да не постои како можност, но не треба да нè изненади тоа што растечкиот свет на „онлајн“ интеракцијата ги рефлектира и дава свој придонес кон голем дел од тешкотиите со кои луѓето се соочувале низ историјата во нивната „реална“ егзистенција. Нетолеранцијата и омразата се одлика на човечките општества речиси отсекогаш. Неколку истражувања регистрираа пораст на ваквите негативни ставови изминативе години.
Проблемот е во тоа што доколку има помала толеранција на разликите и доколку никој не внимава дали таа нетолеранција ги преминува границите, во таков случај нетолеранцијата и омразата ќе најдат свој издувен вентил и во она што луѓето го прават и во она што го кажуваат. Интернетот отвори нови начини за кажување на работите и секако отвори нови можности работите да се кажат на поголем број луѓе. Границите за тоа што смееме да кажеме „онлајн“ се далеку помалубројни од границите кои постојат надвор од светот на интернетот. Со други зборови, на интернет можеме да кажеме работи кои не би се осудиле да ги кажеме во јавност во „реалниот“ свет.

**Кој проверува!?**
*Дали е полесно да ги изговориме нашите најтемни мисли на интернет?*

**Што е полошо…?**

| **Изговорено на некоја јавна средба** | **Објавено на форум на интернет** |
|---|---|
| *„Ако си хомосексуалец оди лечи се. Дури потоа врати се кај луѓето“.* | *„Ако си хомосексуалец оди лечи се. Дури потоа врати се кај луѓето“.* |

**Доколку** говорот на омраза **надвор од светот на** интернет **е проблем што општествата го препознаа, но и увидоа потреба од негово надминување, дали** говорот на омраза **на** интернет **е нешто што можеме да го игнорираме?**

## ГОЛЕМИНАТА НА ПРОБЛЕМОТ

*„Ќе те силувам утре во 9 часот наутро. Сакаш да се надеме близу твојата куќа????“*[1]
*„Не ве сакаме тука, останете си во вашата земја и неа уништувајте ја, а не нашава!!!“*[2]
*„Ти си едно глупаво ****. Мајка ти е ќумбе, а татко ти силувач “*[3]

Да се следи количеството на говор на омраза што се „истура“ на интернет е исклучително тешко. Всушност, токму оваа потешкотија на сите оние кои сакаат да ширaт омраза им ја прави желбата толку лесно остварлива на интернет, а од друга страна на владите или на други субјекти во голема мера им ја отежнува контролата врз сето тоа. Неколку организации направија обид да ја определат големината на проблемот. Сите дојдоа до заклучок дека „онлајн“ омразата по сè изгледа е во пораст.

### Зголемување на бројот на веб-локации што шират омраза

Изданието за 2011 година на годишниот „Дигитален извештај[4] за тероризам и омраза“ на организацијата „Симон Визентал“ укажува на 12% зголемување до бројката од 14000 „проблематични веб-локации на социјалните мрежи, форуми, блогови, Твитер итн. (пораст од 11500 минатата година), кои почиваат врз субкултурата на омразата”.
Системот за безбедност на интернет „Websense“, кој тврди дека следи околу 15000 локации на „омраза и милитантна реторика“, изјави дека бројот на веб-локации чии одлики се расизмот, омразата и милитантната реторика тројно се има зголемено во текот на 2009 година.[5]
Други студии се обидоа да истражат до кој степен младите луѓе се среќаваат со феноменот на омразата во нивните активности на интернет.

### Младите луѓе и омразата на интернет

Ширум Европа, 6% од корисниците на интернет на возраст од 9 до 16 години изјавиле дека биле навредувани на интернет, а 3% признале дека тие навредувале други корисници.[6]
16% од младите корисници на интернет во Канада изјавиле дека имаат објавено коментари на интернет кои содржат омраза кон некое лице или група на луѓе.[7]

---

[1] Порака на Твитер до Стела Мек Кризи (пратеник во Парламентот на Обединетото Кралство).
[2] Од страницата на Фејсбук „Ај сиктер азиланти“.
[3] Порака на Твитер испратена кога фудбалерот Фабрис Муамба, по потекло од Демократска Република Конго, почина на фудбалскиот терен.
[4] Дигитален извештај за тероризам и омраза инаугуриран во Музејот на толеранцијата, февруари 2011 год. www.wiesenthal.com/site/apps/nlnet/content2.aspx?c=lsKWLbPJLnF&b=4441467&ct=9141065
[5] Пролиферација на веб-локации полни со расизам, омраза и милитантна реторика преку социјалното вмрежување, „Networkworld“, мај 2009 год. www.networkworld.com/news/2009/052909-hate-sites.html
[6] Од едно истражување спроведено од „EU KidsOnline“: www2.lse.ac.uk/media@lse/research/EUKidsOnline/EU%20Kids%20II%20(2009-11)/EUKidsOnlineIIReports/Final%20report.pdf

78% од испитаниците во една анкета спроведена на интернет изјавиле дека редовно се среќаваат со феноменот на говорот на омраза на интернет. Трите најчести целни групи на говорот на омраза биле: LGBT популацијата (70%), Муслиманите (60%) и жените.[8]

[7] Од „Младите Канаѓани во еден вмрежен свет"- национално истражување по училиштата кое опфатило 5272 деца и млади од IV до XI одделение, и наоди од квалитативното истражување преку фокус групи со родители и млади на возраст од 11 до 17 години, 2003 – 2005 год.

[8] Истражување на интернет на Советот на Европа во врска со Движењето против говорот на омраза, 2012 год. www.coe.int/youthcampaign

**ЗАВРШНИ БЕЛЕШКИ**

1. Порака на Твитер до Стела Мек Кризи (Пратеник во Парламентот на Обединетото Кралство).
2. Од страницата на Фејсбук „Ај сиктер азиланти“.
3. Порака на Твитер испратена кога фудбалерот Фабрис Муамба, по потекло од Демократска Република Конго, почина на фудбалскиот терен.
4. Дигитален извештај за тероризам и омраза инаугуриран во Музејот на толеранцијата, февруари 2011 год. www.wiesenthal.com/site/apps/nlnet/content2.aspx?c=lsKWLbPJLnF&b=4441467&ct=9141065
5. Пролиферација на веб-локации полни со расизам, омраза и милитантна реторика преку социјалното вмрежување, „Networkworld“, мај 2009 год. www.networkworld.com/news/2009/052909-hate-sites.html
6. Од едно истражување спроведено од „EU KidsOnline“: www2.lse.ac.uk/media@lse/research/EUKidsOnline/EU%20Kids%20II%20(2009-11)/EUKidsOnlineIIReports/Final%20report.pdf
7. Од „Младите Канаѓани во еден вмрежен свет“- национално истражување по училиштата кое опфатило 5272 деца и млади од IV до XI одделение, и наоди од квалитативното истражување преку фокус групи со родители и млади на возраст од 11 до 17 години, 2003 – 2005 год.
8. Истражување на интернет на Советот на Европа во врска со Движењето против говорот на омраза, 2012 год. www.coe.int/youthcampaign

ПОГЛАВЈЕ 2

# ДВИЖЕЊЕ ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА

## КАМПАЊА ЗА МЛАДИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ИНТЕРНЕТ

„Говорот на омраза, согласно со дефиницијата на Комитетот на министри на Советот на Европа, ги покрива сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расистичка омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани на нетолеранција, вклучувајќи и нетолеранција изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателски однос кон малцинствата, мигрантите и лицата од имигрантско потекло. Со оглед на целите на кампањата, и другите форми на дискриминација и предрасуди какви што се омразата кон Ромите, христијанофобијата, исламофобија, мизогинијата, сексизмот и дискриминацијата по основ на сексуална ориентација и родов идентитет јасно потпаѓаат под опсегот на говорот на омраза."

Кампањата е претставена на: www.nohatespeechmovement.org

## 2.1 НЕКОЛКУ ЗБОРА ЗА КАМПАЊАТА

Кампањата на Советот на Европа против говорот на омраза на интернет има за цел да ја подигне свеста за проблемот, да ги промени ставовите кон истиот и да ги мобилизира младите луѓе да дејствуваат против него. Кампањата официјално започна на 22 март 2013 година и ќе трае до 2015 година. Таа е дел од пошироките напори на Советот на Европа за промоција на човековите права во сајбер просторот.

Советот на Европа го смета говорот на омраза за закана по демократијата и човековите права. Движењето против говорот на омраза во својата срж ги има човековите права; Движењето нема за цел само примена на правните механизми за борба против сајбер омразата ниту пак се фокусира само на „искоренување на омразата" каде и да се појави таа.

Кампањата поттикнува на почитување на слободата на изразување и има за цел да развие повеќе алтернативни реакции на говорот на омраза од типот на превенција, едукација, подигнување на свеста, воспоставување на саморегулација од страна на корисниците и охрабрување на давањето поддршка на жртвите. Во суштина, кампањата има за цел да ги промовира човековите права на интернет и да го направи интернетот побезбеден простор за сите.

### ЦЕЛИ НА КАМПАЊАТА

Кампањата ги има следниве цели:

Да ја подигне свеста за говорот на омраза на интернет и ризиците што тој ги носи за демократијата и за младите луѓе како поединци;

Да се промовира медиумска и дигитална писменост;

Да се поддржат младите во борбата за човекови права, како „онлајн" така и „офлајн";

Да се намали нивото на прифатеност на говорот на омраза на интернет;

Да се осознае проблематиката на говорот на омраза на интернет и да се создадат алатки за борба против него;

Да се поддржат и да се покаже солидарност кон лица и групи кои биле мета на говор на омраза на интернет;

Да се пропагира создавањето и постигнувањето консензус околу европските инструменти за борба против говорот на омраза;

Да се развијат младинското учество и граѓанство на интернет и да се поврзат младите луѓе со процесите на управување со интернетот.

## АЛАТКИ НА КАМПАЊАТА

### НАЦИОНАЛНИ КОМИТЕТИ ЗА КАМПАЊАТА

Кампањата ја промовира Советот на Европа и неговите европски партнери, а ја спроведуваат националните комитети за кампањата во земјите-членки на Советот на Европа.

### ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА ЗА КООРДИНИРАЊЕ НА КАМПАЊАТА

www.coe.int/youthcampagna

Ова е порталот за организаторите на кампањата на национално и европско ниво. Тој содржи ажурирани информации за сè она што се работи во позадина на кампањата, како и информации за контакт за националните комитети и координаторите за кампањата.

### ИНТЕРНЕТ ПЛАТФОРМА НА ДВИЖЕЊЕТО ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА

http://nohatespeechmovement.org/

„Онлајн" платформата постои со цел да го помага Движењето и да игра улога на јавно лице (физиономија) на кампањата. Оваа платформа содржи лични сведоштва на млади луѓе, вклучувајќи и самонаправени видео материјали и фотографии. Секој може да се регистрира како корисник на оваа веб-локација и да му се приклучи на Движењето. Модератори на платформата се „онлајн" доброволци и активисти.

### СЛЕДЕЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

http://nohatespeechmovement.org/hate-speech-watch

Ова е дел од веб-локацијата на кампањата каде може да се прочитаат примери на говор на омраза на интернет доставени од корисници. Овој сајт нуди можност за дискусија со други млади луѓе во Движењето околу можните начини на работа и организирање акции против говорот на омраза.

### БЛОГ „ КАМПАЊА ВО АКЦИЈА"

www.nohatespeechmovement.org има свој блог за активисти и партнери на кампањата кои можат да поставуваат информации за активности и иницијативи што се спроведуваат низ Европа. Блогот, исто така, овозможува дискусии околу актуелни прашања и проблеми поврзани со говорот на омраза и со кампањата.

### ФОРУМ „ПРИКЛУЧИ СЕ НА ДОСКУСИЈАТА"

На овој форум http://forum.nohatespeechmovement.org/ секој може да се вклучи во дискусија за говорот на омраза на интернет и надвор од интернетот, како и за многу други прашања поврзани со кампањата. Модератори на форумот се „онлајн" доброволци и активисти.

### НАСТАНИ

И покрај тоа што главните активности се случуваат на интернет, кампањата опфаќа и активности надвор од интернетот како што се обуки, семинари, конференции, младински настани, фестивали или „флешмоб", и секако, многу едукативни активности во формални и неформални средини за учење.

**ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ НА АКЦИЈА**

Ова се организирани настани кои се случуваат за целото времетраење на кампањата и во нив учествуваат активисти од националната и од европската кампања. Секој акционен ден се фокусира на различни аспекти од говорот на омраза и поттикнува на акција за поддршка на одредени целни групи. Акционите денови имаат своја програма и различни „онлајн" активности координирани од страна на модератори-доброволци. Датумите и темите за акционите денови се ажурираат редовно и во тој контекст погледнете ја интернет страницата на кампањата!

Еве некои од предвидените акциони денови:
11 февруари: Ден на побезбеден интернет
8 март: Акционен ден против мизогенијата и сексизмот
21 март: Акционен ден против расизмот и ксенофобијата
8 април: Акционен ден против омразата кон Ромите и солидарност со Ромскиот народ
17 мај: Акционен ден против хомофобијата и трансфобијата
20 јуни: Акционен ден за поддршка на бегалците и азилантите
6 јули: Акционен ден против исламофобијата и нетолеранцијата
22 јули: Акционен ден за солидарност со жртвите на кривичните дела мотивирани од омраза
21 септември: Акционен ден за мир
9 ноември: Акционен ден против фашизмот и антисемитизмот
10 декември: Акционен ден за човековите права на интернет
Ажурираната листа на акциони денови може да се види на:
www.coe.int/youthкампањата

**АЛАТКИ ЗА УЧЕЊЕ**

**ПРИБОР АЛАТКИ ЗА КАМПАЊАТА**

Priborот обезбедува информации за кампањата и практична и методолошка поддршка за лицата кои учествуваат во водењето на кампањата на интернет.

**УЧЕЊЕ ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА**

Овој „онлајн" модул за учење обезбедува брзо и лесно запознавање со главните црти на говорот на омраза, вклучително и за неговата „онлајн" димензија.

**ОБЕЛЕЖУВАЧИ**

Прирачникот „Обележувачи" претставува важна алатка на кампањата. Тој е наменет за наставници и едукатори за да помогне во правец на зголемување на бројот на млади луѓе кои се запознати со постоењето на кампањата, како и на оние кои се подготвени да му се придружат на Движењето.

**ВИДЕО ЗАПИСИ ЗА КАМПАЊАТА**

Видео материјалите овозможуваат запознавање со проблемот на говорот на омраза на интернет и ги претставуваат алатките и начините на работа на Движењето против говорот на омраза. Различни видео материјали може да се најдат на интернет страницата на кампањата www.nohatespeechmovement.org

## 2.2 ШТО МОЖАТ ДА НАПРАВАТ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ?

Постојат уште многу начини да се даде придонес за кампањата освен оние што се наведени подолу. Дополнителни предлози може да се најдат во делот насловен „Идеи за

дејствување“ на крајот од активностите во овој прирачник. Следува кратка листа на чекори за вклучување на вашите групи во кампањата .
Приклучете се на Движењето на www.nohatespeechmovement.org
Пријавете се за да го добивате билтенот на кампањата, објавувајте фотографии или видоматеријали и комуницирајте со други луѓе на веб-локацијата на кампањата (http://forum.nohatespeechmovement.org/)

Следете дали има говор на омраза на интернет и пријавувајте такви примери до „Хејт спич воч“: www.nohatespeechmovement.org/hate-speech-watch

Внимавајте да не ги заборавите Европските акциони денови и организирајте ваш национален настан.

Посетете ја веб-локацијата за координирање на кампањата на www.coe.int/youthкампањата. Дознајте кој е вашиот национален координатор и размислете како вие и вашата група би можеле да се вклучите во кампањата во вашата земја.

Споделете со другите што имате направено и дознајте што направиле другите во блогот „Кампањата во акција“.

Приклучете им се на дискусиите за говорот на омраза на интернет и за кампањата на форумот http://forum.nohatespeechmovement.org/

Распространете ја кампањата на Фејсбук - https://www.facebook.com/nohatespeech и Твитер #nohatespeech @nohate_speech

Преземете акција и „онлајн“ и „офлајн“ за промовирање на човековите права за сите и борете се против говорот на омраза!

Кампањата постојано се развива и надоградува благодарение на посветеноста на „онлајн“ и „офлајн“ доброволците и активистите. Благодарение на нив можете да најдете и многу други материјали на веб-локацијата на кампањата, како на пример идеи, ресурси, петиции и информации за настаните кои претстојат. Дадете ѝ на вашата група време да ја „прочешла“ веб-локацијата и потоа разговарајте како група за тоа како можете да ѝ се приклучите на кампањата.

ПОГЛАВЈЕ 3

# КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРАЧНИКОТ

Ова поглавје дава краток приказ на структурата на прирачникот и на неговите цели и методологија. Тоа би требало да помогне во разбирањето на едукативниот пристап и во планирањето и спроведувањето на активностите со вашата група.

## 3.1 ПОТРЕБАТА ЗА ПРИРАЧНИКОТ

Говорот на омраза претставува напад врз оние кои се и онака ранливи. Оваа појава го сее семето на тензиите, создава дополнителна нееднаквост меѓу луѓето, а често доаѓа и до насилство. Советот на Европа го смета говорот на омразата за закана по демократијата и човековите права.

Кампањата на Движењето против говорот на омразата истакнува дека против овој проблем треба да се работи на неколку различни нивоа. Проблемот и решенијата не се секогаш едноставни. Прирачников е изготвен со цел да ја потпомогне едукацијата на младите која ќе им помогне да најдат сопствени начини за да се спротистават на говорот на омраза и да го надминат проблемот на говорот на омраза на интернет. Прирачникот има за цел да ги подигне на повисоко ниво разбирањето, вештините и мотивираноста кај младите со цел тие да одиграат активна улога во кампањата на Движењето и активна улога во обликувањето на интернетот во простор кој покажува должна почит кон човековите права и кон принципите на демократско учество.

Младите луѓе често не се само „неми набљудувачи“ на говорот на омразата на интернет. Многу од нив се и жртви, а некои се вовлечени и во улогата на сторители на вакви дела. Образовните иницијативи треба да го земат ова предвид и да работат со младите луѓе од сите три претходноспомнати групи (неми набљудувачи, жртви и сторители). Имајќи го ова предвид, активностите во овој прирачник се осмислени и насочени кон постигнување на 7 клучни цели.

**ЦЕЛИТЕ НА ПРИРАЧНИКОТ**

Да им се овозможи на чинителите во секторите на формалното и неформалното образование да се зафатат со решавање на проблемот на говорот на омраза заедно со младите луѓе и да се вклучат училишните заедници во кампањата на Движењето против говорот на омразата;

Да се развијат вештини и мотивираност кај младите луѓе за препознавање говор на омраза на интернет и за да станат „онлајн активисти“ за човекови права;

Да се подигне свеста за принципите околу човековите права и да се промовира визија за интернетот која ги одразува овие принципи;

Да се поддржи едукацијата за човекови права преку неформално учење и да се развие критички дух кај децата и младите;

Да овозможи поддршка за младите луѓе кои се жртви на говорот на омраза на интернет или оние за кои постои веројатност да станат жртви;

Да се поттикне емпатија за групите или единките кои се можна мета на говорот на омраза на интернет;

Да се разбијат митовите и предрасудите за групите кои се најчеста мета на говорот на омраза.

### ЕДУКАТИВНИОТ ПРИСТАП НА ПРИРАЧНИКОТ

Овој прирачник користи едукативни пристапи од образованието за човекови права. Повелбата за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права (2010 год.) на Советот на Европа го дефинира образованието за човекови права на следниов начин:
образование, обука, подигнување на свеста, информирање, практики и активности кои имаат за цел - преку екипирање на учениците со знаење, вештини и разбирање и преку развивање на нивните ставови и однесувања – да ги зајакнат учениците така што тие да придонесуваат кон изградбата и одбраната на една универзална култура на човекови права во општеството, а со цел промоција и заштита на човековите права и основните слободи.

Образованието за човековите права опфаќа три димензии:
*Учење за* човековите права, поседување знаење за човековите права, за тоа што се човековите права и како истите се гарантираат и штитат;
*Учење преку* човековите права, т.е. согледување дека контекстот и начинот на организирање и пренесување на учењето за човековите права мора да бидат во согласност со вредностите испреплетени со човековите права (како на пр. учество, слобода на мисла и изразување, итн.), и дека во образованието за човековите права процесот е исто онолку важен колку и содржината на учењето;
*Учење во интерес* на човековите права, преку развивање вештини, ставови и вредности со кои учениците ќе ги применат вредностите испреплетени со човековите права во нивните животи и ќе преземат дејствија, сами или заедно со други, за промоција и одбрана на човековите права.
„*Компас*" е прирачник изготвен од страна на Советот на Европа за едукација за човекови права со млади луѓе. Тој нуди дополнителни информации за едукацијата за човековите права кои можат да им помогнат на модераторите подобро да ги разберат методите и практиките на оваа едукација. Дознајте повеќе на: www.coe.int/compass

## 3.2 СТРУКТУРАТА НА ПРИРАЧНИКОТ

### ВОВЕДНИ ПОГЛАВЈА

Ова поглавје и двете претходни се важни заради поставување на контекстот за активностите. Препорачливо е да се запознаете со содржините за да го сфатите контекстот за прирачникот и за кампањата.
Голем дел од материјалот во воведот е поцелосно обработен во поглавјето 5.1 со наслов: „***Говор на омраза на интернет***". Информациите во ова поглавје ќе ви дадат претстава за лепезата од проблеми поврзани со говорот на омраза на интернет и за итниот карактер на борбата против овој проблем.
Поглавјето 2 дава краток преглед на кампањата на Советот на Европа против говорот на омраза на интернет. Со оглед дека овој прирачник е силно ориентиран кон дејствување т.е. кон акција, вклучувањето во кампањата ќе ги зајакне активностите и ќе ѝ даде дополнителна сила на кампањата. Препорачливо е да ја разгледате и веб-локацијата на кампањата(www.nohatespeechmovement.org) каде се дадени подетални информации и бројни можности за вклучување на младите.

### ОСНОВНИ ТЕМИ

Прирачникот е осмислен околу осум теми кои се непосредно поврзани со говорот на омраза на интернет. Самите теми и некои од основните проблеми кои треба да се решат се прикажани во дијаграмот на стр. 20. Прашањата не се исцрпни, односно тие опфаќаат само некои од најважните аспекти што потпаѓаат под секоја од темите.

Најголем дел од активностите се осврнуваат на проблеми кои имаат допирни точки со неколку различни теми, каде секоја од тие теми претставува важна област сама по себе. Од тие причини, голем дел од активностите ќе бидат корисни и како поддршка на напорите што се вложуваат во областите како што се борбата против расизмот, интернетската писменост, образованието за граѓанство, образованието за човекови права и други области.

**АКТИВНОСТИТЕ**

Главниот корпус на прирачникот се состои од 21 активност. Секоја од овие активности е осмислена така што да се однесува на една или повеќе теми. Активностите се класифицирани и според „нивото на сложеност“: активност од ниво 4 бара одредено предискуство или предзнаење за областа; активност од ниво 1 може да се спроведува со групи на кои темата им е потполно нова.

Можете да ја искористите табелата на активности од стр.22 за да идентификувате соодветни активности според темата, потребното време за реализација и нивото на сложеност. Иако не се очекува сите или најголем дел од едукаторите да имаат можност или потреба да ги реализираат сите активности, важноста на меѓусебно поврзаните теми значи дека сите активности можат да се искористат не само за зафаќање со проблемот на говорот на омраза туку и за поддршка на напорите што се вложуваат за надминување и на неколку други проблеми.

Секоја активност содржи и дел со наслов „***Идеи за дејствување***“. Овие идеи претставуваат начин за консолидирање на знаењето и вештините стекнати во активностите. Тие ќе им помогнат на младите луѓе да се ангажираат во кампањата и да ја почувствуваат сопствената моќ во напорите за успех на истата.

**ОСНОВНИ ТЕКСТОВИ**

Основните текстови во поглавјето 5 се осмислени како поддршка на активностите. Поглавјата 5.1 и 5.2, кои се занимаваат со темите говор на омраза на интернет и човекови права, се од најголема важност за сите активности. Учесниците можете да ги упатите и на други текстови според потребите и според она што го посочуваат одредени активности.

## 3.3 СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

Упатствата за активностите се релативно детални, а дополнителни совети се содржани и во точката „Совети за модераторите“. Овие совети предупредуваат и на потенцијални тешкотии па затоа е важно истите однапред да се погледнат.

Во текстот што следува дадени се општи препораки за оптимализирање на ефектите од активностите, како и краток осврт на едукативниот пристап што се користи во прирачникот. За крај, прочитајте ја листата на „***Работи што треба и работи што не смее да се прават***“ како еден вид краток контролен список на работи што треба да ги имате предвид.

*Дополнителна поддршка и препораки за спроведување на активностите за човекови права се достапни во поглавје 1.4 од прирачникот „Компас“.*
www.coe.int/compass

**УЛОГАТА НА МОДЕРАТОРОТ**

Активностите го користат терминот „модератор“ за лицето кое ги води активностите. Модератор е некој кој „прави нештата да се случуваат“ и кој ги поддржува и охрабрува другите да учат и да го развиваат својот потенцијал. Ефективната работа на модераторот е клучна за образованието за човекови права и „мајка“ која им дава живот на овие активности.

Немојте да мислите дека треба да сте „експерт“ за да можете да работите на овие проблеми: од модераторот не се бара да поседува некое посебно знаење или стручност освен можеби „стручност“ за разбирање на младите луѓе и комуникација со нив. Активностите во овој прирачник ќе бидат најуспешни во средина каде групата е охрабрувана да истражува и да им пристапи на свој начин на проблемите кои се и комплицирани и честопати контроверзни. Нема никаква штета во тоа да им кажете на учесниците дека и вие лично истражувате заедно со нив! Директното учество на учениците во едукативните процеси ги зголемува ефектите и квалитетот на учењето и е својствено за погореспомнатото учење *преку* човековите права. Токму затоа модераторот не мора да биде експерт за сите области, но треба да биде способен да им помогне на учениците да најдат информации и да оформат свои сопствени мислења и одговори.

**СОЗДАВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ОКОЛИНА**

Многу од активностите и проблемите за кои се зборува во прирачникот може на директен начин да се поврзани со дел од учесниците. Некои од нив можеби биле жртви на насилство или сајбер насилство, и тоа можеби од страна на други учесници во групата; некои можеби биле мета на расистички навреди или дискриминаторско однесување. Затоа е многу важно да внимавате околу ваквите можности и да им ставите до знаење на учесниците дека на располагање имаат поддршка доколку им е потребна. Понудете им вие лично таква поддршка доколку можете или упатете кон некој кој може да им помогне. Мрежите „InSafe“ (www.saferинтернетот.org) и „InHope“ (www.inhope.org) нудат корисни контакти и SOS телефонски линии за пријавување на навреди и злоупотреби „онлајн“ во многу земји. Голем број земји-членки на Советот на Европа имаат на располагање посебни служби за поддршка и за прием на жалби. На модераторите им се препорачува да се информираат за ова и таму каде е можно да ги поканат ваквите служби да дадат поддршка на нивните едукативни активности.

Учесниците треба да се чувствуваат „безбедни“ кога дискутираат за прашањата колку што е можно повеќе. За таа цел можете да воспоставите одредени основни правила за работата на групата, како на пример дека групата се согласува да се почитуваат мислењата на другите и да се избегнуваат секакви форми на навреди, исмејување или лични критики.

## 3.4 10 РАБОТИ КОИ ТРЕБА И НЕ ТРЕБА ДА СЕ ПРАВАТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Охрабрете ги учесниците да ги кажат нивните мислења и идеи и да говорат од свое лично искуство. | Немојте да осудите ниту еден предлог со етикетата „бескорисен“, „ирелевантен“ или „глупав“! |
| 2 | Потрудете се да изградите култура на взаемно почитување и безбедна средина каде секој ќе се чувствува слободен да го каже своето мислење. | Не дозволувајте групата да исклучи, игнорира, однапред да суди или да не почитува некого: гледајте да воспоставите неколку основни правила уште од самиот почеток. |
| 3 | Охрабрете ги да дискутираат и да поставуваат прашања затоа што токму преку изразување сомнеж или неубеденост во нешто ќе можат да научат нешто ново. | Не се обидувајте да настапувате со долги презентации; тоа ќе резултира со намален интерес и ентузијазам кај учесниците! |
| 4 | Поврзете се со реалноста на учесниците и со реалните проблеми во нивната средина. | Немојте да кажувате општи констатации кои им значат многу малку или пак воопшто не им значат на учесниците. |
| 5 | Избегнувајте догма! Дозволете им да оспорат „утврдени вистини“, а и самите направете го истото. | Немојте да „држите лекции“ или да ја користите вашата положба за да ставите крај на одредена дискусија со вашиот збор како последен. |
| 6 | Бидете искрени со учесниците. На тој начин тие ќе ве почитуваат повеќе и поголема е веројатноста е дека тие ќе се вклучат и ќе бидат отворени во рамки на дискусијата. | Ако не сте сигурни во нешто немојте да се преправате дека знаете! Кажете им дека ќе се потрудите да дознаете или охрабрете ги самите да дознаат. |
| 7 | Имајте доверба во учесниците. Тие треба да ги најдат одговорите пред сѐ за себе, а не заради другите. | Немојте да зборувате со нив од позиција на некој кој е попаметен или поважен, и не се обидувајте да ги водите таму каде не сакаат да бидат водени. |
| 8 | Прифатете ги нивните предлози со сериозност. Доколку чувствуваат дека се дел од процесот, поголема е веројатноста дека ќе се ангажираат. | Не се чувствувајте обврзани слепо да се држите до планираното, туку следете ги нивните интереси доколку претпочитаат да тргнете во друга насока. |
| 9 | Активирајте ги нивните природни човечки чувства. Прашајте ги како се чувствуваат или како *би* се чувствувале доколку... | Не се откажувајте доколку нивните мислења ви изгледаат неучтиви или бесмислени. Покажете им некој друг видик. |
| 10 | Третирајте ги учесниците како рамноправни – т.е. еднакви меѓу нив и „еднакви“ на вас. На крајот на краиштата, сите сме само луѓе! | Не ги отпишувајте учесниците однапред, односно не претпоставувајте што можат и што не можат да направат. Луѓето знаат да бидат непредвидливи! |

## 3.5 ТЕМИ И ПРАШАЊА

Кои се тие начела и вредности што треба да лежат во основата на „онлајн“ релациите?

Кој е вистинскиот баланс меѓу, од една страна, да им се овозможи на луѓето слобода да ги изразат нивните мислења и, од друга страна, спречување штета врз други луѓе?

Зошто веројатноста да бидат мета на говор на омраза на интернет е поголема кај одредени групи или поединци?

Зошто некои луѓе се вовлечени во напаѓање и навредување на други луѓе „онлајн“?

Како можеме да обезбедиме приватноста и приватниот простор на луѓето да бидат заштитени на интернет?

Како треба да им приоѓаме на информациите што ги наоѓаме на интернет?

Како би можеле да одиграме некаква улога во врска со начинот на кој функционира интернетот?

Како можеме заеднички да делуваме за да го намалиме говорот на омраза на интернет?

**Човекови права**

**Слобода на изразување**

**Расизам и дискриминација**
**б**

**Насилство преку интернет**

**Приватност и безбедност**

**Интернет познавања**

**Стратегии за кампањата**

**Демократија и учество**

Што можете да направите?

## ПОГЛАВЈЕ 4

# 21 АКТИВНОСТ

## ЗА БОРБА ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ ПРЕКУ ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Еден ден во суд ..... 26
Нова џамија во Заспанград ..... 33
Акција и водење на кампањата чекор по чекор ..... 42
Промена на играта ..... 54
Проверка на фактите ..... 60
Судир на слободи ..... 66
Борба против насилство преку интернет ..... 72
Неограничена слобода ..... 76
Група X ..... 81
Играј повторно ..... 87
Трка за права ..... 91
Читање на правилата ..... 97
Корења и гранки ..... 104
Кажување на работите на полош начин ..... 108
Дискусија околу темата ..... 113
Приказните што ги раскажуваат ..... 118
Разбирање на говорот на омраза ..... 123
Виртуелна акција ..... 128
Напад на интернет ..... 132
Што мислиш за мене? ..... 137
Во што сте облечени на интернет? ..... 142

## ТАБЕЛА ЗА ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Наслов | Теми | Резиме | Ниво | Време (во минути) |
|---|---|---|---|---|
| **Еден ден во суд** | Слобода на изразување<br>Човекови права<br>Расизам и дискриминација | Учесниците изведуваат симулација на мини судски процес врз основа на вистински случај кој бил разгледуван од страна на Европскиот суд за човекови права. | 4 | 120 |
| **Нова џамија во Заспанград** | Демократија и учество<br>Расизам и дискриминација<br>Дигитална писменост | Симулација на консултација / дебата на интернет. Прашањето за кое се дискутира е изградбата на нова џамија во една традиционално христијанска средина. | 4 | До 3 часа, или 3 сесии од по 50 минути секоја |
| **Акција против говорот на омраза и водење кампања чекор по чекор** | Расизам и дискриминација<br>Стратегии за водење на кампањата<br>Човекови права | Низа од 4 активности кои доведуваат до акција против говорот на омраза и криминалот од омраза. Различните делови може да се реализираат одделно но и да се искомбинираат со други активности во прирачникот. | 4 | Три сесии од 90, 60 и 45 минути за деловите 1, 2 и 3. Време е потребно и за водењето кампања. |
| **Промена на играта** | Расизам и дискриминација<br>Дигитална писменост<br>Стратегии за водење на кампањата<br>Демократија и учество | Учесниците се запознаваат со кампањата и самите смислуваат „мини кампања“ против сексизмот во „онлајн“ игрите. | 3 | 60 |
| **Проверка на фактите** | Дигитална писменост<br>Расизам и дискриминација<br>Стратегии за водење на кампањата | Од учесниците се бара да дејствуваат како „истражувачи“ за одредени политичари во врска со прашањето на хомофобичните навреди и напади. Тие ја анализираат веродостојноста на информациите објавени на интернет и подготвуваат стратегии за своето работење. | 4 | 60 |
| **Судир на слободи** | Демократија и учество<br>Слобода на изразување<br>Расизам и дискриминација | Активноста претставува симулација меѓу две заедници со спротивставени мислења за слободата на изразување; заедниците се принудени да живеат заедно на ист остров. | 4 | 120 |
| **Спротивставување на сајбер насилството** | Сајбер насилство<br>Демократија и учество<br>Дигитална писменост | Ова е активност каде учесниците кажуваат како најверојатно би реагирале на различни сценарија со насилство и дискутираат околу тоа кои би биле алтернативните начини на дејствување. | 1 | 45 |
| **Неограничена слобода?** | Слобода на изразување<br>Демократија и учество<br>Човекови права | Учесниците ја истражуваат идејата за слобода на изразување со помош на неколку обработки | 2 | 45 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на случаи. Тие треба да одлучат што ќе прават со коментари или соопштенија што се контроверзни, навредливи или потенцијално опасни. | | |
| **Група X** | Расизам и дискриминација<br>Човекови права<br>Приватен живот и безбедност | Учесниците ги ставаат во корелација правата од Европската конвенција за човековите права, од една страна, и злоупотребите што вообичаено ги доживуваат младите Роми, од друга страна. | 4 | 60 |
| **Да го одиграме тоа повторно** | Сајбер насилство<br>Демократија и учество<br>Расизам и дискриминација | Играње улоги во една симулациона вежба: некој е вовлечен во чин на насилство поради врснички притисок. Од учесниците се бара да го преодиграат сценариото со цел постигнување поинаков исход. | 2 | 60 |
| **Трка за права!** | Човекови права<br>Расизам и дискриминација<br>Приватен живот и безбедност | Активноста обезбедува базичен увид во човековите права преку една тимска игра. Учесниците имаат задача да им опишат различни права на членовите на нивниот тим со помош на сè друго освен зборови! | 1 | 60 |
| **Читање на правилата** | Стратегии за водење на кампањата<br>Дигитална писменост<br>Демократија и учество | Учесниците ги откриваат условите за користење на една веб-локација или упатствата за корисничката заедница, и преземаат чекори за пријавување несоодветни содржини до локацијата. Учесниците исто така дискутираат за тоа кои се позитивните и негативните страни од пријавувањето, особено во однос на можностите на „Web 2.0“ . | 3 | 60 |
| **Корени и гранки** | Расизам и дискриминација<br>Човекови права<br>Стратегии за водење на кампањата | Учесниците ги истражуваат причините и последиците од говорот на омраза на интернет со помош на методот „дрво на проблемот“. Оваа активност може да се користи како последователна активност на активноста „група X“ или како самостојна активност. | 2 | 45 |
| **Кажување на работите на полош начин** | Расизам и дискриминација<br>Демократија и учество | Ова е воведна активност во темата „говор на омраза на интернет“. Учесниците рангираат различни примери на говор на омраза против хомосексуалците според тоа кој е „полош“ по нивно мислење. | 1 | 45 |
| **Детална дискусија за спорните** | Стратегии за водење кампања<br>Расизам и | Активноста користи „аквариум“ дискусија за истражување на вообичаените предрасуди за | 1 | 45 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **прашања** | дискриминација<br>Дигитална писменост | определени групи во општеството и ги тера учесниците критички да размислуваат за најчестите предубедувања но и да смислуваат аргументи против говорот на омраза. | | |
| **Приказните што тие ги раскажуваат** | Расизам и дискриминација<br>Човекови права<br>Слобода на изразување | Учесниците работат во мали групи на анализа на објавени вести, фокусирајќи се на начинот на кој се портретирани имигрантите и имиграцијата. Резултатите се претставуваат во форма на колаж. | 2 | 60 |
| **Разбирање на говорот на омраза** | Човекови права<br>Расизам и дискриминација | Учесниците анализираат примери на говор на омраза и дискутираат за можните последици од говорот на омраза врз поединци и врз општеството. | 2 | 60 |
| **Виртуелна акција** | Стратегии за водење кампања<br>Расизам и дискриминација<br>Човекови права | Ова е активност во која учесниците ќе бидат инспирирани од одредени антирасистички акции и ќе размислуваат заеднички како да се смислат слични акции „онлајн“. | 3 | 60 |
| **Напад на интернет** | Дигитална писменост<br>Стратегии за водење кампања<br>Расизам и дискриминација | Учесниците редизајнираат една (фиктивна) веб-локација на кампања со цел да се справат со напливот од расистички коментари од локалната заедница. | 3 | 90 |
| **Што мислиш за мене?** | Расизам и дискриминација<br>Дигитална писменост<br>Демократија и учество | Активноста се одвива на замислен интернет форум. Од учесниците се бара да се поздравуваат едни со други според вообичаените стереотипи за одредени групи. Тие ја користат активноста за да изготват упатства за тоа како би требало да се одвива интеракцијата „онлајн“. | 1 | Дел I: 35 минути<br>Дел II: 25 минути |
| **Што носите на себе на интернет?** | Приватен живот и безбедност<br>Дигитална писменост<br>Сајбер насилство | Учесниците пополнуваат дијаграм на кој ќе ги покажат своите склоности во однос на споделувањето одредени информации на интернет, и дискутираат за начините како да се биде попретпазлив кога се споделуваат лични информации на интернет. | 1 | 40 |

НИВО 4

ГРУПА 9-15

ВРЕМЕ 120’

# ЕДЕН ДЕН ВО СУД

***Учесниците прават симулација на мини судење за вистински случај кој бил разгледуван од страна на Европскиот суд за човековите права.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Слобода на изразување, човекови права, расизам и дискриминација |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 4 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 9 - 15 |
| ВРЕМЕ | 120 минути |
| ЦЕЛИ | Да се размисли како да се постигне рамнотежа меѓу правото на слобода на изразување и потребата да се заштитат жртвите од расистички навреди или говор на омраза;<br>Да се истражи заштитата и ограничувањата на правото на слобода на изразување (член 10) во Европската конвенција за човековите права (ЕКЧП);<br>Да се разбере улогата на Европскиот суд за човековите права. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Копии од картите на стр. 30-32;<br>Пенкала и хартија за белешки;<br>Простор каде ќе можат да се состануваат малите групи – идеално би било тоа да биде во посебни простории. |
| ПОДГОТОВКА | Фотокопирајте и исечете ги картите на стр. 30-32. Секој треба да добие своја карта и копија од случајот. Треба да имате исти бројки на судии, претставници на данската влада и застапници на г-динот Џерсилд (или најблиску до еднакви бројки).<br>Нумерирајте ги картите во секоја група така што ќе имате еден судија, еден г-дин Џерсилд и еден претставник на данската влада кои се означени со соодветно бројче (броевите 1, 2 или 3).<br>Ќе ви биде потребно доволно простор така што секој од „судовите“ (тројца луѓе) да може да заседава одвоено од другите. |

**УПАТСТВА**

1. Кажете ѝ на групата дека сесијата ќе биде посветена на еден предмет против данската влада кој се нашол пред Европскиот суд за човековите права. Учесниците ќе ги играат улогите на различните страни во предметот – судиите, данската влада и еден новинар по име Џерсилд кој бил казнет за тоа што направил емисија во која биле изнесени расистички ставови. Потсетете ги учесниците, доколку е неопходно, за Судот и за ЕКЧП, и кажете им дека конкретниот предмет се однесува на слободата на изразување.
2. Прашајте ги учесниците што подразбираат под изразот слобода на изразување и накратко дополнете ги нивните кажувања со информации што можете да ги најдете подолу во рамката (или во поглавјето 5).

Слободата на говор, или правото на слободно изразување, е основно човеково право. На луѓето треба да им се овозможи да ги изразат нивните мислења или размислувања затоа што размислувањата, мислењата и убедувањата се важен дел од нашиот идентитет.
Исто така, потребно е да се заштити слободата на изразувањето затоа што таа игра клучна улога во едно демократското општество. Сепак, правото на слобода на изразување понекогаш може да се ограничи доколку постои можност тоа да им нанесе штета на поединци или да биде опасно за општеството.

3. Прочитајте ги информациите за случајот на стр. 30 и погрижете се деталите на случајот да му се јасни секому.
4. Поделете ги учесниците во 3 еднакви групи.
   - Групата А го претставува г-динот Џерсилд;
   - Групата B ја претставува данската влада;
   - Групата C ги претставува судиите во Европскиот суд за човековите права.
5. Дадете ѝ на секоја група копии од соодветната карта која означува некоја од улогите и копија од информациите за случајот. Објаснете дека групите ќе имаат по 30 минути за дискусија и за оформување на нивниот став пред да се сретнат со претставниците од другите групи по што би започнало судењето. Групите треба да го искористат времето пред почетокот на судењето за да ги подготват своите аргументи или - во случајот на судиите - да подготват прашања за двете страни.
6. Откако ќе изминат 30 минути за подготовки, речете им на учесниците да го најдат членот од секоја од другите групи кој има исто бројче како нив и на тој начин да формира нова група заедно со другите двајца. Да биде појасно, ова значи дека лицето со бројчето 1 во групата А ќе треба да ги најде лицето со бројчето 1 во групата B и лицето со бројчето 1 во групата C.
7. Објаснете им дека секоја од овие нови мали групи претставува мини суд. Судовите имаат нови 20 минути да ги слушнат аргументите на двете страни, а судиите да поставуваат прашања.
8. По ова, секој судија треба да донесе индивидуална одлука за тоа дали имало повреда на членот 10. Соберете ја повторно целата група заедно и замолете ги судиите да кажат што одлучиле и да ги образложат своите одлуки.
9. Понудете им на претставниците на другите две групи можност да се произнесат во врска со судиските одлуки; потоа кажете им каква била одлуката на Европскиот суд за човековите права во овој предмет (стр. 29). Побарајте од учесниците да кажат што мислат за таквата одлука на Судот.
10. Преминете на појаснувања за учесницитеа и евалуација. Погрижете се луѓето да „излезат“ од нивната претходна улога пред да почнат да дискутираат за прашањата што се дадени подолу.

**ИСПИТУВАЊЕ**

- Кои беа најтешките аспекти на случајот што го разгледувавте?
- Далу ви беше тешко да ја играте вашата улога?
- Дали сметате дека „судијата“ ја донесе вистинската одлука во вашиот случај? Кои беа најважните фактори во конечната одлука?
- Дадете им ги на учесниците следниве информации:
  *И покрај тоа што Европскиот суд за човекови права немал задача да одлучи дали коментарите на „Зелените јакни“ требало да бидат казнети, судиите сепак дале коментар и за ова прашање во пресудата. Судиите сметаат дека коментарите на „Зелените јакни“ не се опфатени со слободата на изразување; со други зборови, „Зелените јакни“ не требало да бидат „слободни“ да изразуваат такви мислења.*
- Дали се согласувате со ова? Кои се аргументите за и против ограничувањето на *нивните* права?

- Дали некогаш сте виделе слични примери на расизам на интернет? Како би реагирале доколку видите такви примери?
- Дали мислите дека на луѓето треба да им се дозволи да објавуваат расистички коментари или говор на омраза на интернет?
- Дали постои нешто што можете да го направите за да се намали бројот на такви негативни појави?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Некои од работите што ги кажале *„Зелените јакни"* се ставени на хартија како посебен работен документ. Искористете го вашето дискреционо право за да одлучите дали тој документ ќе го споделите со учесниците.
- Кај точката 5, каде учесниците се среќаваат со другите учесници кои ја играат истата улога, ќе треба да ги предупредите дека ќе бидат поделени кај делот со судските процеси и затоа секој ќе треба да фаќа белешки за себеси. Никој нема да може да се потпре на другите членови во неговата група!
- Охрабрете ги луѓето дел од времето да искористат за да разговараат за деталите на случајот со други учесници, а дел од времето да посветат и на подготвување на воведното излагање на главната расправа. Судиите треба да ги појаснат деталите на случајот и да размислат какви дополнителни информации ќе им бидат потребни од двете страни за да можат да ја донесат пресудата.
- Објаснете им на двете страни во процесот дека дури и да не се согласуваат со ставот кој имаат задача да го застапуваат, тие сепак треба да се потрудат својот став да го одбранат на најдобар можен начин пред судиите.
- Би било најдобро различните „судови" да може да заседаваат во различни простории (точка 7), а ако тоа не е можно тогаш барем да бидат доволно далеку едни од други за да не си пречат едни на други.
- Побарајте од судиите да внимаваат на времето за време на „судењата". Судиите можат однапред да си испланираат колку време ќе дозволат за прашања и како ќе го поделат времето предвидено за секоја од страните. Нагласете им дека двете страни треба да добијат отприлика исто време, но и дека ќе треба да остават простор за разјаснување на евентуални спорни прашања.
- Би било добро да им се напомене на учесниците дека Европскиот суд за човековите права всушност и не донел одлука во врска со однесувањето на г-динот Џерсилд, туку дека го разгледувал „однесувањето" на данската држава кон г-динот Џерсилд. Државите-членки на Советот на Европа треба да обезбедат националните закони да ги штитат човековите права на поединците. Кога од Европскиот суд за човековите права се бара да донесе пресуда, Судот оценува дали соодветниот национален закон или толкувањето на тој закон навистина нуди заштита на човековите права.

**ВАРИЈАЦИИ**

Судењето можете да го изведете како играње улоги каде една група би учествувала во симулацијата, а сите други би набљудувале. На играчите на улоги би им ги дале картите со улогата пред сесијата и би им рекле да си подготват аргументи. Од набљудувачите би било побарано да кажат како гледаат на процесот откако ќе заврши симулацијата.

**ИДЕИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ**

Учесниците би можеле да проверат дали веб-локациите што најчесто ги посетуваат имаат политики за расистички навреди или други форми на говор на омраза.

- Учесниците би можеле да соберат неколку примери и потоа целата група би ги споредувала политиките на различните веб-локации. Дискутирајте за тоа дали учесниците сметаат дека некои политики се несоодветни и не пружаат заштита на корисниците и како би ги преадаптирале. Учесниците своите предлози би можеле да ги објават на локацијата на Движењето против говорот на омраза и да охрабрат и други „онлајн“ активисти да лобираат кај веб-локациите каде се потребни вакви интервенции.
- Тие исто така би можеле да изберат една или две веб-локации кои тврдат дека имаат политика за говорот на омраза и да надгледуваат колку истата реално се спроведува. Секој пример на говор на омраза на интернет што ќе го најдат можат да го пријават до интернет сервисот „Хејт спич воч“ и секако до веб-локацијата која е домаќин на таквите содржини заедно со жалба/приговор и со соодветна формулација која упатува на политиката.

Заедно со учесниците смислете контра-аргументи на расистичките ставови од овој случај, коишто учесниците ќе може да ги искористат ако наидат на вакви слични убедувања.

Направете видео материјал со учесниците за вредноста на различностите и за прифаќањето како концепт во едно демократско општеството.

## ДРУГИ РЕСУРСИ

**ПРЕСУДА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

Судот го разгледуваше овој случај во 1994 год. Судот изрази несогласување со пресудата на данскиот суд и одлучи дека г-динот Церсилд не требало да биде казнет за режирањето и прикажувањето на филмот. Судиите се изјасниле дека филмот презентирал на доволно јасен начин дека расистичките коментари не се ниту прифатливи ниту одобрени од режисерот на филмот и дека не постои опасност пораката да биде погрешно разбрана од страна на јавноста.

Судиите вака коментирале:

„Јасно е дека [филмот] имал намера – со помош на интервју – да ги прикаже, анализира и објасни оваа посебна група на млади луѓе, лимитирани и исфрустрирани од нивната социјална положба, со кривични досиеја и насилни ставови, и на тој начин да се позанимава со специфичните аспекти на една проблематика која уште тогаш предизвикувала голема загриженост кај јавноста.“

Судот исто така истакнал дека објавувањето вести е од суштинска важност во едно демократско општество и дека тоа му овозможува на печатот (медиумите) да игра улога на „заштитник на јавноста“. Судиите понатаму велат дека би морало да има многу силни причини за да се казни еден новинар кој објавил изјави кажани од други лица. Една од важните функции на слободниот печат е да овозможува и охрабрува јавна дискусија за прашања што се од општа важност за општеството.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**СЛУЧАЈОТ**

Тужителот во случајов е господинот Јенс Олаф Церсилд- дански државјанин кој работи за националното радио на Данска (кое исто така емитува и телевизиски програми). Дневно-информативната програма (вестите) на ова радио се смета за сериозна и неговата публика ја сочинуваат добро информирани луѓе.
Г-динот Церсилд сакал да емитува документарец за една екстремна расистичка група која себеси се нарекува „Зелени јакни". Тој контактирал членови на групата и направил долго интервју со нив, а потоа со кратење на одредени делови го смалил снимениот материјал на неколкуминутен филм и додал свои коментари. Крајниот производ бил прикажан како дел од една информативна емисија на националната телевизија.
Во емисијата се прикажуваат членови на групата „Зелени јакни" како искажуваат навредливи и понижувачки забелешки за имигрантите и за малцинските етнички групи во Данска, споредувајќи ги црнците со горили и велејќи дека тие „не се луѓе". Еден дански суд ги огласил членовите на „Зелени јакни" за виновни за изнесување расистички коментари; г-динот Церсилд исто така бил огласен за виновен затоа што ги „охрабрувал" членовите на „Зелени јакни" и ги емитувал таквите забелешки пред широк аудиториум.
Г-динот Церсилд се пожалил на осудителната пресуда против него до Европскиот суд за човековите права наведувајќи дека со оваа пресуда на данскиот суд е повредено неговото право на слобода на изразување (член 10 од ЕКЧП).
Европскиот суд требало да одлучи дали ограничувањето на неговото право да ги емитува забелешките било „легитимно". Ова значи дека Судот требало да утврди дали била постигната вистинска рамнотежа меѓу заштитата на правата на луѓето кои се мета на расистички коментари, од една страна, и потребата јавноста да знае за постоењето на вакви групи, од друга страна.

*Овој работен материјал е незадолжителен:*

*Некои од коментарите во прикажаната емисија:*
„... северните држави [во Америка] сакаа црнчиштата да бидат слободни луѓе, човече, тие не се луѓе, тие се животни."
„Оди само фотографирај некоја горила, човече, и потоа погледни некое црнчиште, ќе видиш дека тоа е истата телесна структура и сѐ друго, човече, рамно чело и сите други работи."
„Црнчиштето не е човек, тоа е животно, а тоа важи и за сите други странски работници - Турци, Југословени и како и да се викаат."
„...не ни се допаѓа нивниот менталитет... она што не ни се допаѓа е кога се шетаат во оние нивни Зимбабве алишта и потоа зборуваат на нивниот хула-хула јазик на улица..."
„Тие дрога продаваат, човече, пола од затворениците во „Вестре" се затворени поради дрога... тие се луѓето кои лежат затвор за трговија со дрога ..."

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

КАРТА ЗА УЛОГАТА НА ГОСПОДИН ЦЕРСИЛД

Вие сте сериозен новинар и сте сакале да направите филм за расизмот и ксенофобијата кој постигнал 2 работи:

Ја прикажал големината на проблемот – вклучително и екстремната природа на ставовите што ги имаат „Зелените јакни";

Прикажал дека „Зелените јакни" се криминогена група составена од голем број емоционално незрели и општествено маргинализирани членови.

Верувате дека е важно општеството да ги разбере и двете претходноспомнати работи и сметате дека вашата емисија успеала да ги пренесе и двете пораки, делумно преку директното емитување на некои од најекстремните мислења, а делумно и преку описот на слаботo образование, потеклото и социјалните потешкотии што ги имаат младите луѓе што сте ги интервјуирале. Вие не мислите дека било кој од вашите гледачи би ја сфатил оваа емисија како поддршка за искажаните расистички мислења.

Како новинар вие многу ја цените слободата на изразување. Сметате дека прекумерните ограничувања би ги оневозможиле новинарите да ја информираат јавноста за одредени реални, иако непријатни проблеми. Верувате дека новинарите имаат должност да ѝ ги предочат ваквите проблеми на јавноста со цел истите да бидат препознаени и решавани.

Член 10 од Европската конвенција за човекови права (поедноставена верзија)

Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја опфаќа слободата да се има мислење и идеи и непречено да се примаат и пренесуваат информации.

Слободата на изразување може да се ограничи доколку ограничувањето е „неопходно во едно демократско општество" – особено со цел да се заштитат правата на другите

КАРТА ЗА УЛОГАТА НА ДАНСКАТА ВЛАДА

Вие верувате дека е правилно тоа што г-динот Церсилд бил осуден од страна на дански суд. Неговата емисија содржела екстремистички и расистички ставови кои не смееле да бидат слушнати од една широка публика. Емисијата била сензационалистичка и не содржела доволно коментари во смисла дека изразените ставови се неприфатливи и опасни. Вие верувате дека новинарите имаат одговорност да спречат вознемирување или доведување во заблуда на гледачите. Вие сметате дека луѓето кои ја гледале неговата емисија не разбрале дека новинарот е шокиран од расистичките изјави и дека тој истите не ги одобрува. Поради тоа, гледачите не би можеле да разберат дека таквите изјави се игнорантски, штетни и незаконски.

Г-динот Церсилд го измонтирал снимениот материјал така што во емитуваната емисија се прикажани најлошите коментари искажани од „Зелените јакни". Вие мислите дека тој не требало да ги интервјуира членовите и да ги охрабрува да искажуваат такви мислења, а во никој случај не требало да им обезбеди на таквите ставови широк публицитет со тоа што им дал простор во неговата емисија. Вие сметате дека ваква емисија не требало да биде снимена и дека г-динот Церсилд треба да сноси одговорност за тоа што им обезбедил широк публицитет на такви опасни мислења.

**Член 10 на Европската конвенција (поедноставена верзија)**

1. Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја опфаќа слободата да се има мислење и идеи и непречено да се примаат и пренесуваат информации.
2. Слободата на изразување може да се ограничи доколку ограничувањето е „неопходно во едно демократско општество" – особено со цел да се заштитат правата на другите.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

Карта за улогата на судиите

Вашата задача е да го водите судскиот процес и потоа да одлучите дали г-динот Церсилд бил виновен.

Судскиот процес:

Започнете со тоа што ќе ги потсетите г-динот Церсилд и претставникот на данската влада дека и двете страни ќе добијат по неколку минути за да ја претставаат својата теорија на случајот; потоа вие ќе поставувате прашања и двете страни ќе можат да си реплицираат една на друга. Кажете им дека мора да се однесуваат коректно и да ги почитуваат инструкциите што ќе им ги давате!

Одлуката што треба да ја донесете:

Вие треба да анализирате дали г-динот Церсилд требало да дозволи неговиот филм да се емитува во јавност. На прв поглед изгледа дека неговото право на слобода на изразување му дозволува да го направи тоа што го направил, но слободата на изразување не е *апсолутно* право. Ова право треба да се избалансира со други социјални прашања и други човекови права. Ваша задача е да утврдите дали оваа рамнотежа била постигнат во конкретниов случај.

Ова се клучните прашањата за кои ќе треба да донесете одмерена одлука откако ќе ги слушнете аргументите на двете страни:

Дали мислите дека јавноста можеби го сфатила филмот како давање поддршка на расистичките ставови?

Дали е важно јавноста да дознае за расистичките ставови и за тоа кои се и што се „Зелените јакни" или е поважно ваквите мислења да не допрат до еден широк аудиториум?

Член 10 на Европската конвенција (поедноставена верзија)

Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја опфаќа слободата да се има мислење и идеи и непречено да се примаат и пренесуваат информации.

Слободата на изразување може да се ограничи доколку ограничувањето е „неопходно во едно демократско општество" – особено со цел да се заштитат правата на другите.




# НОВА ЏАМИЈА ВО ЗАСПАНГРАД

***Оваа активност претставува симулација на една „онлајн“ консултација/дебата. Прашањето за кое се дискутира е изградбата на џамија во една традиционално христијанска средина.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Демократија и учество, расизам и дискриминација, интернет познавања |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 4 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 15-30 |
| ВРЕМЕ | Или континуирана 2 ½ - 3 часа сесија или три сесии од по околу 50 минути. |
| ЦЕЛИ | Да се истражат правата на верските малцинства и нивната корелација со говорот на омраза на интернет;<br>Да се развијат вештини за „онлајн“ дебатирање и анализа;<br>Да се размисли за употребата на алатката демократска дискусија/учество за зголемување на толеранцијата кон други луѓе или други убедувања. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Пристап до интернет –минимум 5 компјутери;<br>Простор за состаноците на групите;<br>Двајца модератори;<br>Гласачки ливчиња за членовите на Советот (незадолжително). |
| ПОДГОТОВКА | Направете копии од работните материјали за сите учесници;<br>Создадете еден затворен простор на интернет. Погледнете ги советите за обучувачите каде ви се дадени предлози за ова.<br>Одредете корисничко име за најава за секој учесник или проверете однапред дали секој може да се најави со помош на неговата постоечка сметка (погледнете ги советите за обучувачите). |

**УПАТСТВА**

1. Прочитајте го наглас описот на проблемот на стр.36. Објаснете дека сите учесници се од Заспанград и дека сите ги мачи проблемот со тоа дали треба да се изгради џамија на едно со години запуштено општинско земјиште.
2. Дадете му на секој учесник копија од работните материјали и поканете ги да си одберат улоги. Објаснете ја процедурата за консултации и проверете дали сите ја разбрале.
3. Покажете ги местата каде луѓето и групите може да се состанат пред да отпочне активноста и компјутерите кои им се на располагање. Проверете дали секој има корисничко име за најава и лозинка.
4. Потсетете ги оние кои се поканети да доставaт појдовна изјава дека ова треба да се направи пред консултацијата да биде отворена за јавноста. Охрабрете ги сите учесници да ја искористат 30-минутната предконсултациска фаза за:
   - Усогласување на ставовите во рамките на групите и распределба на улоги или аргументи (ако има потреба);
   - Средба со претставници на други групи;
   - Да проверат дали можат да се најават на веб-локацијата.

Доколку пристапот до компјутер или временскиот период се ограничени, потсетете ги учесниците дека ќе треба да бидат концизни во своето аргументирање затоа што може да се случи да добијат само една шанса да го искажат своето размислување!

5. Објавете го почетокот на предконсултациската фаза и додадете дека консултацијата ќе се отвори за јавноста по 30 минути.
6. Откако ќе изминат 30 минути, објавете го почетокот на консултацијата со јавноста и поканете ја јавноста да ги прочита појдовните изјави на групите и потоа да ги доставаат нивните коментари.
7. На крајот од консултацијата градоначалникот ја прогласува истата за завршена. Потоа се состануваат членовите на Советот на општината и гласаат. Доколку бројот на гласови за едната или за другата опција е изедначен, конечната одлука ја носи градоначалникот со својот глас.
8. Градоначалникот ја објавува одлуката. Поканете ги учесниците да направат круг со столиците за она што ќе следува - анализата на активноста.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Започнете така што ќе ги поздравите сите со нивните вистински имиња. Ова е важно за учесниците да ги напуштат улогите кои ги играле за време на симулацијата.
Прашајте ги учесниците што чувствуваат во врска со процесот низ кој предмалку поминале:

- Бевте ли изненадени од резултатот на гласањето? Дали ваквиот резултат би ѝ одговарал на личноста која ја игравте во симулацијата?
- Дали сметате дека „онлајн“ консултацијата е добра опција за одлучување за прашања како ова? Кои се позитивните и негативните страни на ваквата опција?

**ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ИДЕИТЕ КОИ СЕ РОДИЈА НА ДЕБАТАТА:**

- Дали интеракцијата со други луѓе или групи предизвика да го промениш твојот приод или став кон некое од прашањата кои беа покренати?
- Колку ти беше лесно да се идентификуваш со улогата?
- Дали мислиш дека ваква ситуација би можела да се појави и во реалниот живот? Дали ти доаѓа на памет некој сличен случај?
- Како би реагирал ако ваков случај се појави во твојот град односно место на живеење? Дали активноста (макар малку) го промени твојот став?

**ВОСПОСТАВУВАЊЕ ВРСКА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ:**

- Што мислиш за правилото да се избришат коментарите кои беа расистички или навредливи?
- Дали присуството на ова правило те натера да мислиш поинаку за коментарите што ти си ги објавил?
- Колку беше лесно или тешко да се одлучи дали ќе се избрише или не одреден коментар? (прашање за администраторите на локацијата).
- Дали се согласи со одлуките што ги донесоа модераторите? (прашање за сите учесници)?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Потребно е да отворите безбедна веб-локација пред да започне активноста. Тоа би можело да биде страница на Фејсбук или сметка на некоја друга социјална мрежа. Други предлози во врска со ова можете да најдете на: http://cooltoolsforschools.wikispaces.com/Collaborative+Tools. Ќе треба да се погрижите секој да има сметка со која ќе може да ѝ пристапи на оваа веб-локација.
- Ќе ви биде потребен и втор модератор кој би помогнал околу реализацијата на активноста. И покрај тоа што треба да им се дозволи на групите да работат самостојно, можно е да им биде потребна поддршка или насочување за време на подготовките или консултацијата. Така на пример, за време на подготвителната фаза би било корисно да проверите дали луѓето го користат времето за средби со други луѓе или за планирање на она што ќе го кажат за време на средбата.
- Доколку имате мал број компјутери на располагање, можеби ќе треба да наметнете временско ограничување (или ограничување на бројот на зборови) така што секој да добие шанса да даде придонес во форма на објава.
- За време на анализата на активноста многу е важно да се избегне повторување на симулацијата. Луѓето треба да се обидат да заборават на улогата што ја играле во активноста за да можат правилно да расудуваат за она низ што поминале. Вие треба да им помогнете да се осврнат на симулацијата од позиција на нивната вистинска личност, а не личноста која ја играле во симулацијата.
- Оваа активност е извлечена од прирачникот за едукација за човекови права со млади луѓе „*Компас*“- www.coe.int/compass, од поглавјето насловено „Џамија во Заспанград“.

**ВАРИЈАЦИИ**

Можете да го намалите или ограничите бројот на зборови во една објава – било да се работи за појдовните изјави било за коментарите. Обидете се да ги сведете коментарите на „твитови“ т.е. 140 карактери!

Активноста би можела да се реализира во период од неколку дена така што би се намалило времето потребно за организирана сесија, а на учесниците би им била дадена можност да испратат коментари и од дома.

Во случај ако немате пристап до „онлајн“ алатки, активноста може во целост да се реализира „офлајн“. Во нејзината сегашна форма, активноста претставува адаптација на една активност од прирачникот „*Компас*“. Повеќе информации можете да најдете на: www.coe.int/compass

**ИДЕИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ**

Кои верски или етнички малцинства живеат во вашата земја и на кој начин медиумите пишуваат за нив? Побарајте стории на национални или локални портали за вести за групи кои традиционално ги прикажуваат во лошо светло. Потоа пишете им на новинарите кои се одговорни за таквото претставување или испратете коментар доколку веб-локацијата тоа го овозможува.

Дали вашите локални власти организираат некакви „онлајн“ консултации? Можат ли младите луѓе да комуницираат со избраните локални функционери со помош на „онлајн“ алатки? Направете „онлајн“ пребарување со учесниците и почнете да ги користите постоечките алатки, доколку ги има, за покренување теми од интерес за младите луѓе.

Контактирајте локални организации на малцинства и остварете средба со нив за да дознаете повеќе за тоа како вашата заедница го третира прашањето на различностите.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

*За сите учесници; овие работни материјали можат да се објават и на веб-локацијата за консултации.*

**ЏАМИЈА ВО ЗАСПАНГРАД**

Вие живеете во живописниот град Заспанград, кој има околу 80,000 жители. Во изминативе 60 години составот на населението во Заспанград се има драстично изменето делумно поради тоа што младите во најголем дел заминуваат во поголемите градови за да најдат работа, но и поради доселувањето на голем број имигрантски семејства, главно од муслимански земји. Дел од овие семејства се во Заспанград веќе неколку генерации, но и покрај тоа многу од староседелците во градот сè уште ги гледаат подозриво како „новодојденци". Имигрантите денес сочинуваат скоро 15% од вкупното население.

Прашањето кое го подели градот е желбата на муслиманите во Заспанград да се изгради џамија на едно запуштено општинско земјиште. Ова земјиште не е уредено и со години до Советот на општината пристигнуваа поплаки во врска со овој простор, од причина што се наоѓа блиску до главната трговска улица во градот и што таму редовно се случуваат појави на вандализам и наркоманија.

Така, кога еден богат бизнисмен понуди да му го тргне овој проблем од дневен ред на Советот, градоначалникот прво што си помисли е дека конечно дошол долгоочекуваниот ден! Советот веднаш се согласи да го отстапи земјиштето и да финансира 20% од трошоците за изградба на новата џамија на таа локација. Преостанатите 10% од трошокот за изградба, кои не би биле покриени од бизнисменот, би ги обезбедиле самите припадници на муслиманската заедница.

Изградбата на џамијата требаше да започне оваа недела... но инаку мирниот Заспанград стана сè друго само не мирен откако беше донесена одлуката за градба. Пред една недела, Твитер сметката на Советот на општината беше предмет на хакерски напад од страна на една антимуслиманска група, при што беа испратени неколку навредливи и расистички пораки преку кои жителите на Заспанград беа повикани да излезат на улиците и да ги „избркаат странците". По ова следуваше зголемен број расистички напади против муслиманите, од кои неколку завршија со насилство. Во една таква ситуација еден човек се здоби со повреди опасни по живот. На ова одговорија неколку муслимански групи, по што насилството меѓу спротивставените групи продолжи да се зголемува.

Градоначалникот на Заспанград повика на воздржаност и најави дека на одлуката за изградба на џамијата ќе се навратат по одржувањето консултации со јавноста. Градоначалникот и Советот одлучиле да одржат „онлајн" консултативен форум овозможувајќи на тој начин учество на што поголем број луѓе.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

*За сите учесници*

**ПОСТАПКА ЗА КОНСУЛТАЦИИ**

Консултацијата е отворена за жителите на Заспанград кои имаат по 18 и повеќе години.
Следниве регистрирани групи/поединци се поканети да достават појдовна изјава во која ќе го образложат својот став во врска со изградбата на џамијата. Појдовните изјави мора да пристигнат пред да се отвори консултацијата за јавноста.
Градоначалникот и заменик градоначалникот на Заспанград (заедничка изјава)
Членови на Советот кои ги претставуваат Традиционалистичката партија, Популистичката партија и Партијата на различностите (по 1 изјава од секоја од партиите)
Невладини организации: младинска акциона група „Младите заспанградовци за човековите права!“, здружението „Минато и сегашност“, „Муслиманско здружение на Заспанград“ (по една изјава од секоја организација).
Појдовните изјави ќе бидат објавени на веб-локацијата на Советот и потоа ќе бидат отворени за коментари од сите други жители кои се на возраст од 18 и повеќе години.
Сите коментари што ќе бидат оценети како заканувачки, расистички или навредливи ќе бидат избришани од веб-локацијата на Советот.
Консултацијата ќе заврши по 30 минути. Потоа членовите на Советот ќе гласаат за предлогот, по што ако резултатот на гласовите за едната или другата опција биде изедначен, одлучувачкиот глас ќе го даде градоначалникот.
Одлуката на Советот ќе биде конечна.

*Карти за различните улоги*

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЗАСПАНГРАД**

Вие сте таткото на градот и сосема сте свесни за потребата да се врати спокојството и добрите односи во градот. Вие сметате дека е важно да ве доживуваат како непристрасен за време на целата постапка и многу ви значи репутацијата на правичен посредник меѓу различните сектори на општеството. Вие би сакале да се изнајде решение кое ќе биде прифатливо за што е можно поголем број луѓе.
Пред да се отвори консултацијата за јавноста, вие треба да составите појдовна изјава во која ќе го изнесете вашиот став. За ова треба да поразговарате со заменик градоначалникот. Доколку имате време, можете да направите напори да се сретнете и со други групи или жители на градот за да размените мислења и да согледате дали има можности нешто да се направи за да се намали ризикот од насилство.
Вие нема да гласате освен ако резултатот од гласањето е изедначен. Во таков случај вашиот глас ќе биде решавачки.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ЗАМЕНИКОТ ГРАДОНАЧАЛНИК**

Вие работите со градоначалникот и треба да му помогнете да состави појдовна изјава. Од вас може да биде побарано и да се сретнете со некои од поекстремните групи пред да се отвори консултацијата за да видите дали можете да ги убедите дека е многу важно да се изнајде взаемно прифатливо решение.

Откако ќе се отвори консултацијата за јавноста, вашата задача ќе биде да му помогнете на градоначалникот околу средбите со различни групи или жители чија цел е размена на мислења и изнаоѓање можности за намалување на ризикот од насилство.

Вие не гласате во дебатата.

**АДМИНИСТРАТОРИ НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ (2 ЛИЦА)**

Вашата улога е да ја следите дискусијата и да се погрижите да нема расистички коментари или коментари кои можат да повредат некого. Такви коментари, доколку се појават, треба веднаш да бидат избришани од веб-локацијата на Советот. Пред да се отвори консултацијата за јавноста искористете го времето за да размислите како ќе одлучувате кои коментари се неприфатливи. За таа цел можеби би било корисно да изготвите една кратка листа на упатства.

И вие исто така можете да објавувате коментари во кои ќе предупредувате дека тоа што е напишано е неприфатливо или ќе ги замолите учесниците да бидат учтиви и обѕирни кон другите кои учествуваат во дебатата.

Вие не гласате во дебатата.

**ЧЛЕНОВИ НА ГРАДСКИОТ СОВЕТ: КОНЗЕРВАТИВНА ПАРТИЈА (2 ИЛИ 3 ЛИЦА)**

Вие ја претставувате Традиционалистичката партија во Советот и сте многу силно против изградбата на џамијата. На мислење сте дека не е во ред тоа што општинско земјиште и општински ресурси треба да се трошат за верски објект кој не ги почитува традициите на оваа земја и овој град. Сметате дека имигрантските семејства се привилегирани со самото тоа што им е дозволено да живеат овде и дека тие не треба да се обидуваат да ѝ наметнуваат различен начин на живот на земјата во која се гости.

Некои од вашите членови се со силни антимуслимански чувства и сметаат дека насилствата кои се случуваат во актуелниов момент се нешто што можело да се очекува од една заедница која припаѓа на една толку насилна религија. Вие искрено би сакале да се намали бројот на Муслиманите во градот затоа што сметате дека тие ги имаат нарушено традиционалните вредности на Заспанград. Згора на тоа, сигурни сте дека џамијата ќе стане собирно место за регрутирање терористи.

Вие треба да составите појдовна изјава која ќе го содржи вашиот став и која треба да се објави на веб-локацијата пред да се отвори консултацијата за јавноста. Изјавата треба да биде кратка!

*Секој од вашите членови гласа за конечната одлука.*

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ЧЛЕНОВИ НА ГРАДСКИОТ СОВЕТ: НАРОДНА ПАРТИЈА (1 ИЛИ 2 ЛИЦА)**

Вие ја претставувате Популистичката партија во Советот. Вие ја поддржавте првичната одлука за изградба на џамија на тоа земјиште, делумно поради тоа што сте согледале дека муслиманската заедница многу придонела за економијата на градот и затоа што не сакате да се случи нивно отуѓување од остатокот на населението. Сепак, многу сте загрижени поради поплаките на жителите и неодамнешното насилство. Освен тоа, загрижени сте и дали ќе си го задржите советничкото место на следните локални избори, па затоа вие би ја поддржале онаа опција која ќе ви изгледа помалку контроверзна. Вие треба да подготвите појдовна изјава која ќе го содржи вашиот став и која треба да биде објавена на веб-локацијата пред да биде отворена консултацијата за јавноста. Изјавата треба да биде кратка!

*Секој од вашите членови гласа за конечната одлука.*

**ЧЛЕНОВИ НА ГРАДСКИОТ СОВЕТ: ПАРТИЈА НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ (1 ИЛИ 2 ЛИЦА)**

Вие ја претставувате Партијата на различностите во Советот. Вие верувате дека релативно големиот удел на жители од различните делови на светот во населението на градот ја има збогатено културата на градот и го има направено овој град поинтересен. Исто така, сметате дека е неправедно тоа што градот ги лишил голем број од своите жители од можноста да ја исповедаат својата вера толку долго време. Би сакале да има повеќе дијалог меѓу различните заедници во Заспанград и лично сте се заангажирале во напорите за смирување на страстите и седнување на спротивставените страни на заедничка маса за да разговараат. Вие успевате да согледате дека запуштеното земјиште предизвикува социјални проблеми во градот и дека градот во моментов нема пари самиот да ја уреди таа парцела. Треба да составите појдовна изјава која ќе го содржи вашиот став и која треба да биде објавена на веб-локацијата пред да биде отворена консултацијата за јавноста. Изјавата нека биде кратка!

*Секој од вашите членови гласа за конечната одлука.*

**ЧЛЕНОВИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО „МИНАТО И СЕГАШНОСТ“ ОД ЗАСПАНГРАД (2-4 ЛИЦА)**

Вие сте една од главните групи кои се спротивставуваат на изградбата на џамијата. Вашите членови произлегуваат од традиционални (немуслимански) заедници во Заспанград; вие сте на мислење дека е многу важно да се задржи стариот карактер на градот во кој повеќето од вас сте живееле цел свој живот. Локацијата која се предлага за џамијата е во самиот центар на градот и овој верски објект би бил видлив од повеќето места во централното подрачје. Згора на тоа, можно е џамијата да го блокира погледот кон главната црква од градскиот плоштад. Вие сметате дека карактерот на вашиот роден град поминува низ фаза на целосна промена поради една заедница која тука пристигнала неодамна. Вие не гледате причина зошто луѓе кои пристигнале во оваа земја од друго место да не живеат според истите правила според кои вие живеете. Вашите членови стануваат сè порадикални изминативе неколку години, а вашата организација беше обвинета за отворен расизам и одговорна за дел од насилството на улиците. Вие имате блиски врски со Традиционалистичката партија која има свои претставници во Советот на општината. Треба да составите појдовна изјава која ќе го содржи вашиот став и која треба да биде објавена на веб-локацијата пред да биде отворена консултацијата за јавноста. Изјавата нека биде кратка!

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ЧЛЕНОВИ НА МЛАДИНСКАТА ГРУПА ЗА АКЦИЈА „МЛАДИ ЗАСПАНОГРАДОВЦИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА!“ (2-4 ЛИЦА)**

Вашата група е формирана за да се зафати со решавање на некои од најтешките проблеми со кои се соочуваат младите луѓе денес во Заспанград. Вие ја сметате изградбата на џамијата и како решение за потребата на муслиманската заедница да има свој верски објект, но и решение за бројните социјални проблеми што се резултат на фактот што земјиштето на кое треба да се гради џамијата било толку долго оставено запуштено. Вие ја поддржувате изградбата на џамијата но истовремено сте загрижени дека Советот на Заспанград би можел да занемари некои други социјални проблеми доколку градот учествува финансиски во изградбата на верскиот објект. Во тој контекст, треба да се спомене дека буџетот за младите изминатите 5 години бил намален до ниво на кое ни оддалеку не може да ги задоволи потребите на младите во градот.

Треба да составите појдовна изјава која ќе го содржи вашиот став (да не надминува 250 збора) која треба да се објави на веб-локацијата пред да биде отворена консултацијата за јавноста.

**ЧЛЕНОВИ НА „МУСЛИМАНСКОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЗАСПАНГРАД“ (2-4 ЛИЦА)**

Вие со години барате од Советот да ви обезбеди место за вероисповед за муслиманската заедница, но секогаш сте добивале негативен одговор образложен со финансиски причини. Вие сметате дека не е правично тоа што од муслиманската заедница сега се бара да обезбеди 10% од средствата потребни за изградба на џамијата во ситуација кога економските услови се многу тешки за повеќето луѓе, а притоа христијанската заедница има 11 цркви во градот и истите ги посетуваат далеку помалку луѓе отколку што би ја посетувале џамијата. Вие имате чувство дека не се цени придонесот што вашата заедница го има дадено за градот, дека луѓето од вашата заедница се неправедно дискриминирани во различни сфери од животот, и дека со одбивањето да дозволи изградба на џамијата Советот ги лишува припадниците на вашата заедница од нивното основно човеково право на вероисповест.

Вие сте свесни дека некои ваши членови имаат поекстремни ставови од официјалните ставови на вашето здружение и загрижени сте поради фактот што некои Муслимани реагирале на насилен начин на нападите врз нивната заедница. Вие сте исто така загрижени дека преиначување на одлуката да се гради џамија дополнително ќе ги отуѓи муслиманските жители на градот и може да доведе до натамошна ескалација на насилствата меѓу заедниците.

Треба да составите појдовна изјава која ќе го содржи вашиот став и која треба да биде објавена на веб-локацијата пред да се отвори консултацијата за јавноста. Изјавата нека биде кратка!

**ГРАЃАНИ НА ЗАСПАНГРАД**

Вие сте загрижени поради конфликтот што се чини дека го има запоседнато вашиот град. Вие сè уште не знаете кој став ќе го поддржите; сакате подобро да ги разберете ставовите на невладините организации и на партиите застапени во Советот на општината, а потоа да се одлучите.

Вие не смеете да објавувате коментари до моментот на отворање на консултацијата за јавноста (30 минути по почетокот на предконсултациската фаза), но можете да ги прочитате појдовните изјави веднаш штом ќе бидат објавени, а би било корисно и да се

потрудите да се сретнете со други жители и претставници на здруженија или со членови на Советот за да ги слушнете и нивните аргументи.
Размислете околу тоа што би сакале да кажете кога ќе се отвори консултацијата за јавноста, и имајте на ум дека коментарите не смее да бидат подолги од 150 збора. Откако секој ќе добие шанса да испрати коментар, можете да настапите и со втор коментар доколку времето тоа го дозволува.

*Оваа активност е изработена од „Џамијата во Заспанград" во Компас, Прирачникот за едукација по човекови права со млади луѓе – www.coe.int/compass*




# АКЦИЈА И ВОДЕЊЕ НА КАМПАЊАТА – ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

***Ова е една низа од 4 активности кои водат до акција против говорот на омраза и криминалот од омраза. Различните делови може да се реализираат одделно, но и да се употребат во комбинација со други активности од прирачникот.***

**ДЕЛ 1** (60 минути) се осврнува на историските страдања на ромскиот народ, вклучувајќи ги и страдањата за време на нацистичкиот Холокауст. Оваа активност може да се реализира без другите делови. Целта е да се запознае групата со злосторствата мотивирани од омраза против ромскиот народ кои поминаа незабележано, а оставаат последици до ден денешен.
**ДЕЛ 2** (60 минути) се состои од планирање на акција за подигнување на јавната свест за ова страдање на Ромите и за изразување солидарност со ромскиот народ. Овој дел може да се искористи за планирање на активност под капата на кампањата и како последователна активност на други активности од прирачникот.
**ДЕЛ 3** е самата акција. Упатствата ги изготвува вашата група!
**ДЕЛ 4** (45 минути) претставува анализа на акцијата. Прашањата може да се употребат во општа форма за да се анализира секоја акција што вашата група ќе ја спроведе како дел од кампањата.

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Расизам и дискриминација, стратегии за водење кампања, човекови права |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 4 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | Било каква |
| ВРЕМЕ | 3 сесии од 90, 60 и 45 минути за деловите 1, 2 и 3. Време е потребно и за самото водење на кампањата. |

## ДЕЛ 1: ПОУКИ ОД ИСТОРИЈАТА

| | |
|---|---|
| ВРЕМЕ | 60 минти |
| ЦЕЛИ | Да се подигне свеста за ромските жртви од нацистичкиот Холокауст и да се изгради солидарност за Ромите;<br>Да се истакне еден екстремен пример на длабоко вкоренети предрасуди и говор на омраза и да се анализираат последиците од истите денес;<br>Да се развие солидарност за Ромите и да се мотивира групата за дејствување против расизмот и дискриминацијата. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Хамери и маркери;<br>Копии од работниот материјал „Краток историјат на прогонот на Х“ (незадолжително) |
| ПОДГОТОВКА | Кажете ѝ на групата пред сесијата дека планирате да разговарате за Холокаустот и зборувајте насамо со секој оној кому таквата тема тешко му паѓа.<br>Направете копии од работните материјали така што да има по една копија за секоја мала група. |

**УПАТСТВА**

1. Речете им на учесниците да формираат мали групи од по 2 до 3 луѓе кои споделуваат исто чувство за идентитет. Ова може да се однесува на нивната етничка припадност или припадност на држава, но може да се однесува и на други социјални или верски групирања (дури и навивање за ист фудбалски тим!). Дадете им околу 10 минути за да споделат чувства во врска со овој идентитет во рамките на нивните мали групи.
2. Дадете им го на учесниците работниот материјал „Краток историјат на прогонот на Х“ или презентирајте им некои од информациите од тој текст за да добијат претстава за бруталниот однос кон Ромите во многу наврати низ историјата. Сè уште не им го откривајте името на населението Х од документот.
3. Накратко продискутирајте за нивните реакции без да ги преместувате луѓето од нивните групи, доколку е можно. Потоа речете им секоја група да формира пар со друга група и во наредните 15 минути да поработат на следниве прашања:
   - Како би се чувствувале доколку „нивниот“ народ бил мета на ваков третман во одреден период од блиската историја? (Речете им да се концентрираат на групата која ја избрале во рамките на точката 1)
   - Според нивното мислење, кои би биле најтешките аспекти за една заедница која поминала низ вакво премрежие?
   - Што ако во денешно време излезат во јавност некои луѓе со негација на Холокаустот? Што е тоа што ги тера овие луѓе да ги негираат историските факти?
4. Соберете ја повторно целата група и побарајте фидбек за нивните дискусии. Потоа прашајте дали учесниците знаат или претпоставуваат за кој народ станува збор во работниот материјал. Доколку не погодат, кажете им дека станува збор за Ромите и прашајте ги што знаат за состојбата на Ромите денес. Како се постапува

со нив и колку се знае за нивните страдања низ историјата? Како говорот на омраза влијае врз нив денес?

5. Кажете им на учесниците дека пред Европскиот суд за човекови права имало предмети каде Судот утврдил бројни повреди на човековите права на Ромите во речиси сите земји во Европа. Потсетете ги учесниците дека медиумите и населението во целина имаат мошне нетолерантен однос кон Ромите и дека Ромите се честа мета на злоупотреби и злосторства од омраза. Прашајте дали учесниците некогаш се сретнале со такви примери во „реалниот" живот или на интернет.
6. Ако ја реализирате активноста како вовед во темата „Водење кампања", дадете им на учесниците информации за кампањата „Доста!" и кажете им дека следната сесија ќе се позанимава со начините на кои тие можат да преземат дејства за борба против дискриминацијата на Ромите.

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Екстремните содржини кои се презентираат во активноста може да вознемират одредени членови од групата. Секако, доколку во вашата група има Роми, вие треба однапред да ги предупредите за ова и да бидете подготвени да им дадете поддршка ако им е потребна. Освен Ромите, и голем број други групи биле цел на нацистичкиот Холокауст така што и припадниците на такви групи би можеле да бидат негативно погодени. Ова особено важи за Евреите затоа што добро е познато колку тие настрадале од Холокаустот. Затоа треба однапред да сте запознати со составот на групата и со нивната веројатна реакција на активноста.
- На учесниците можете да им кажете и кои други групи настрадале од нацистичкиот режим, или побарајте од нив тие да ги именуваат ваквите групи. Некои од групите се следниве:
  - Полјаци (околу 2,5 милиони нееврејски Полјаци биле убиени);
  - Други словенски народи;
  - Државјани на СССР (особено воени затвореници);
  - „Неевропејци"– особено Африканци или Азијци;
  - Ментално болни и лица со потешкотии во учењето;
  - Глувите и лицата со физички инвалидитет;
  - Хомосексуалците и транссексуалците;
  - Политичките противници – особено комунистите и левичарите;
  - Верските „дисиденти", особено Јеховините сведоци;

  *Погледнете на* https://en.wikipedia.org/wiki/Holocaust_victims *за повеќе информации.*
- Дискусијата треба да ја моделирате со максимална чувствителност и флексибилност и да не вршите притисок групата побрзо да заврши доколку почувствувате дека на луѓето им треба повеќе време за да ги изразат нивните чувства.
- Што се однесува до работата во мали групи, најдобро е однапред да размислите дали може да се јават одредени потешкотии за некои луѓе. Ако има такви случаи, можеби е полесно да се „наметне" еден групен идентитет за сите; на пример, можете да им речете на луѓето да работат во парови како „машки" и „женски",

како луѓе кои студираат одреден предмет на студии, како луѓе кои преферираат фудбал/тенис/атлетика итн.

- Во кратката хронологија на холокаустот на Ромите (дадена подолу) секаде каде текстот се однесува на Ромите или „циганите“ ставен е како замена знакот X. Кога ќе ги користите тие информации можете да го користите терминот „групата“, па дури можете да им речете на учесниците да замислат дека станува збор за *нивната* група.
- Целта зошто бараме од учесниците да одберат идентитет кој им е важен е за да добијат претстава како изгледа кога сте мета на напади и навреди како група. Сепак, доколку групата има силни предрасуди кон Ромите, на учесниците може да им е тешко да се идентификуваат со проблемите на Ромите дури и кога станува збор за страдања од такви размери како во времето на Холокаустот. Ако е така тогаш несомнено треба да се позанимавате со овој проблем - оставете многу време кај точката 4 од делот 1 за учесниците да можат да ги издискутираат сите работи кои им предизвикуваат загриженост или проблем. Кажете им дека проценките говорат дека меѓу 75% и 80% од ромското население во Европа било убиено за време на Холокаустот, а во некои земји оваа црна бројка достигнувала дури 90%. Би можеле да им речете да замислат како би изгледало да изгубат 90% од својот народ, или 90% од луѓето во групата. Тоа би значело дека во група од 20 само двајца би останале живи.
- На учесниците можете да им дадете неколку информации и за „злосторствата од омраза“ и да ја анализирате врската со говорот на омраза и со говорот на омраза на интернет. „Злосторства од омраза“ се кривичните дела извршени против поединци или групи кои се мотивирани од чувството на омраза кон групата како целина. Можете да ги анализирате и начините како „благите“ изрази на омраза или расистички навреди лесно може да ескалираат во поекстремни форми, а потоа да направат кривичните дела против поединци да изгледаат оправдани.
- Зборот „доста“ на ромски значи исто што и во македонскиот јазик. Кампањата „Доста“! е кампања за подигнување на свеста која има за цел да ги приближи лицата кои не се Роми до Ромите. Информации за кампањата можете да најдете на http://dosta.org. Би било од полза да имате пристап до интернет, за учесниците да можат да ја погледнат оваа веб-локација. Постојат и други веб-локации кои се осврнуваат на Холокаустот на Ромите а кои учесниците можат да ги искористат за истражување:

www.geocities.com/~Patrin/holcaust.htm
http://isurvived.org/TOC-I.html#I-7_Romanies
www.preventgenocide.org/edu/pastgenocides/nazi/parajmos/resources/

**ИСПИТУВАЊЕ**

На крајот дадете им на учесниците време да кажат што чувствуваат како резултат на добиените информации и активноста. Можете да започнете така што ќе направите круг каде секој од учесниците ќе треба да каже еден збор со кој ќе ги опише неговите чувства.

- Дали се здоби со некои нови информации или нови сфаќања на работите како резултат од активноста?
- Дали активноста ги промени твоите ставови кон Ромите?

- Што мислиш - зошто за страдањата на Ромите за време на нацистичкиот режим денес толку малку се знае?
- Дали мислиш дека ако за ова повеќе се знаеше, Ромите денес ќе беа третирани на поинаков начин?
- Што можеш да направиш овие информации да им станат познати на што поголем број луѓе?
- Што сме „научиле“ од нацистичкиот Холокауст ако воопшто нешто сме научиле? Можеш ли да објасниш како говорот на омраза станал толку широко распространет што дојде до тоа ужасни злосторства да бидат извршени против огромен број луѓе? Дали гледаш некакви паралели со денешниов говор на омраза и „онлајн“ и „офлајн“?

**ВАРИЈАЦИИ**
Формата на оваа активност можете да ја искористите и за да анализирате некоја од другите групи кои биле жртви на Холокаустот и чие страдање не е нашироко познато. Некои од овие групи се наведени во делот „Совети за обучувачите“.

## ДЕЛ 2: ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТ

***Овој дел од активноста е базиран на поглавјето 3 од прирачникот „Компас“ кој носи наслов „Преземање акција“; за подетални идеи можете да ги искористите упатствата во делот „Добивање резултати“. Ова можете да го најдете на [www.coe.int/compass](http://www.coe.int/compass).***

| | |
|---|---|
| ВРЕМЕ | 1 – 2 часа |
| ЦЕЛИ | Да се стекне разбирање за тоа како се планира една ефективна акција;<br>Да се размисли за начините како интернетот може да се искористи како алатка за водење кампања;<br>Да се изготви акционен план што ќе биде спроведен од страна на групата. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Копии од дијаграмот (незадолжително);<br>Хамери и фломастери. |
| ПОДГОТОВКА | Направете копии од дијаграмот или нацртајте празна верзија на хамер. |

**УПАТСТВА**

1. Објаснете дека групата ќе треба да осмисли акција за решавање на проблемот со говорот на омраза на интернет против Ромите (или друга група). Потсетете ги за големината на проблемот со „онлајн“ омразата и за последиците од овој феномен. Побарајте учесниците да дадат примери од сопственото искуство.
2. Побарајте од групата да направи „бура на идеи“ за некои од проблемите поврзани со говорот на омраза на интернет, размислувајќи особено за оние аспекти што тие би можеле да ги решаваат. Напоменете им да ги земат предвид различните степени на омраза - од благи навреди до повикување на нешта што можат да доведат до злосторства од омраза; напоменете им да ги земат предвид и различните форуми и чинители кои придонесуваат кон количеството на говор на омраза на интернет. Запишете ги предлозите од учесниците на подвижна табла.
3. Објаснете дека групата ќе треба да одбере едно од понудените „решенија“ на кое потоа ќе треба да работи. Кажете им дека не е којзнае колку важно кое решение ќе го одберат, но истото треба да биде остварливо и да не биде преамбициозно!
4. Накратко продискутирајте ги најпопуларните решенија и потрудете се да постигнете консензус за едно решение на кое сите членови на групата со задоволство ќе работат.
5. Поделете копии од дијаграмот на стр. 53 – или употребете празна верзија на хамер. Искористете ги насловите во дијаграмот на стр. 53 и поминете го секое поле заедно со учесниците. Проверете дали:
   - Нивната акција ќе придонесе кон решавање на проблемот;
   - Акцијата е реалистична со оглед на ресурсите на групата и пречките со кои може да се соочат;
   - „Решението“ е доволно конкретно така што тие ќе знаат дали истото го оствариле или не.

6. Решението запишете го на хамер за секој да знае што треба да направи и кога. Како модел може да ви послужи крајот од делот „Преземање акција“ во прирачникот „Компас“– www.coe.int/compass.
7. Искористете ја анализата на активноста за да видите дали сите се задоволни од процесот и резултатот и подготвени да го спроведат планот.

**ИСПИТУВАЊЕ**

- Што мислите за планот за делување кој го изработивте?
- Дали секој смета дека има своја улога – и дали Вие сте задоволни од вашата?
- Дали треба уште нешто да земеме во предвид пред да ја започнеме активноста?
- Како ќе знаеме дали активноста била „успешна“?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Би можеле да ја изведете активноста „Корени и гранки“ и да одберете проблем на кој ќе работи групата. Ова на учесниците ќе им даде поширока слика за тоа како некои од нивните проблеми се меѓусебно поврзани и ќе резултира со еден покохезивен акционен план.
- Обидете се да ѝ овозможите на групата што е можно повеќе самостојност во изборот на проблемот и во работата на дијаграмот. Акцијата ќе биде поделотворна доколку учесниците го чувствуваат планот за свој. Вие секако не треба да заборавите да ги земете предвид евентуалните потешкотии во изведувањето на акцијата и да размислите како тие да бидат минимализирани.
- Силно препорачуваме, доколку е можно, во фазата на планирање и пред самата акција да се обидете да вклучите припадници на ромската заедница или на вашата целна група ако таа е различна. Доколку успеете да поканите некого да говори пред групата тоа би ја направила целата активност поавтентична и во секој случај би претставувало корисен извор на идеи. Минимум што можете да направите е да проверите кај членовите на заедницата дали акцијата која вашата група ја планира ќе наиде на добар прием. Алтернатива на ова е да контактирате некоја група која дејствува локално и која работи со или ја поддржува вашата целна група.
- Кога ќе работите на дијаграмот, доколку не сакате на учесниците да им ги дадете предлозите кои се наоѓаат во полињата, можете да ја користите погенеричката верзија во делот „Преземање акција“ во прирачникот „*Компас*“, или нацртајте си ваша верзија на хамер. Доколку на учесниците им е тешко да смислат начини за решавање на проблемот на говорот на омраза на интернет, искористете некои од предлозите во документот „Стратегии за водење кампања“ со кои ќе им предочите неколку идеи.

**ВАРИЈАЦИИ**

Активноста секако може да се реализира и со различна група која е честа мета на говорот на омраза на интернет. Ви препорачуваме прво да спроведете една воведна активност пред да ја планирате акцијата затоа што на тој начин ќе се зголеми нивото на разбирање кај учесниците, како и нивната мотивација за работа на проблемите што ги

идентификувале. Можете да искористите голем дел од другите активности како вовед, на пример:

- Активноста „Промена на играта“ може да се искористи за осврт кон родово базираниот говор на омраза;
- Активноста „Кажување на работите на полош начин“ може да се искористи за осврт кон хомофобијата;
- Активноста „Напад на интернет“ може да се искористи за осврт кон говорот на омраза против азилантите и имигрантските заедници.

Говорот на омраза на интернет може како проблем да се решава преку „онлајн“ и „офлајн“ акции. Кога ќе размислувате за акциите што може да се преземат, можете да предложите групата да се ограничи само на „онлајн“ акциите.

## ДЕЛ 3: САМАТА АКТИВНОСТ
## ДЕЛ 4: РАЗМИСЛУВАЊЕ И УЧЕЊЕ ОД ПРОЦЕСОТ

- Откако акцијата ќе се спроведе многу е важно да се направи анализа на истата, како и анализа на процесот кој довел до акцијата. Доколку се работи за кампања која е во тек, треба да одвоите одредено време за да размислите за процесот кратко време по почетокот на кампањата. Ова е многу важно од причина што еднократните акции често оддаваат впечаток дека не се којзнае колку ефективни, поради што групата би можела да се обесхрабри. Искористете ја сесијата за да поразговарате околу нивната евентуална загриженост дека „ова не вредело да се прави" или дека „лошо поминало". Потсетете ги дека кампањите обично се состојат од бројни акции и активности и дека сите тие заедно можат да помогнат да се променат одредени однесувања и ставови.
- Искористете ги нивните размислувања како основа од која може да се учи при планирање на евентуални идни акции.
- Започнете ја сесијата велејќи им на учесниците да ги опишат нивните чувства по денот на акцијата. Ова може да се направи така што сите во групата ќе кажат по неколку збора.
- Поделете ги учесниците во групи од по 4-5 члена и дадете им ги следниве прашања за кои треба да дискутираат како мала група.

- Што според вас помина добро?
- Дали нешто се покажа потешко од што очекувавте или нешто непредвидено?
- Кои се главните постигнувања на акцијата според вас? Дали тие се во согласност со целите што ги поставивте на почетокот?
- Дали сметате дека постојат одредени лекции што може да ги научиме за наредниот пат?

- Соберете ги малите групи повторно заедно и дискутирајте за различните одговори на прашањата. Завршете ја сесијата со неколку општи впечатоци за целиот процес:

- Дали се чувствувате задоволни од вашата работа во делот на планирањето и спроведувањето на оваа акција?
- Што би навеле како главни „научени работи" кога би организирале друга акција (на било која тема)?
- Кои беа најважните резултати за вас лично? Дали чувствувате дека вашите погледи или ставови се имаат променето на некаков начин?
- Според вас, како би било можно да се искористи во иднина она што го направивте? Дали би сакале да се обидете да го направите тоа?

**СОВЕТИ ЗА (ИДНО) ДЕЛУВАЊЕ**

Охрабете ја групата да продолжи да работи на проблемите што ги идентификувале! Можат да користат други проблеми од листата изготвена на почетокот од делот 2 или можат да испробаат други методи за решавање на проблемот кој го одбрале. Базичната работа сработена во процесот на планирање на оваа активност секако ќе биде од корист во подготовките за други акции, но и како мотивација за членовите на групата да направат нешто повеќе како дел од кампањата.

Погрижете се учесниците да испратат извештај за нивната акција до Движењето против говорот на омраза. Исто така, тие можат да се поврзат со други групи вклучувајќи и групи кои работат во различни земји, и да планираат продолжување на работата како еден вид континуитет на веќе сработеното.

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ПРОГОНОТ НА X**

1890 Во Германија е организирана конференција за „X ѓубре". На војската ѝ е доделена надлежност да го регулира движењето на X.

1909 Се одржува конференција за „X прашање". Се дава препорака сите X да бидат означени заради лесна идентификација.

1920 Двајца академици го промовираат концептот „животи кои не се вредни да се живеат ", предлагајќи X да се стерилизираат и елиминираат како народ.

1922 (и низ целата таа деценија): Сите X на територијата на Германија се фотографирани и дактилоскопирани.

1926 Се носи закон за контрола на „X чума". (ваквиот третман е во директна спротивност со одредбите на Уставот)

1927 Во Баварија се градат посебни кампови за затворање на X. Осум илјади X се затворени во овие кампови.

1928 Сите X се ставени под постојан полициски надзор. Еден професор објавува документ во кој вели дека „ X ја внесоа странската крв во Европа". Се градат уште кампови за затворање на X.

1934 X се земаат за стерилизација со инјекција и кастрација и се испраќаат во камповите во Дахау, Дизелштрасе, Захсенхаузен и на други места. Два закона донесени таа година им забрануваат на Германците да стапуваат во брак со „Евреи, X и црнци".

1938 Меѓу 12 – 18 јуни, стотици X низ Германија и Австрија се апсат, тепаат и затвораат. X се првата од целните популации на која ѝ е забрането да оди на училиште.

1939 Управата за расна хигиена објавува изјава во која се вели: „со сите X треба да се постапува како со лица болни од наследна болест; единствено решение е елиминација (Ова значи дека целта е елиминација без тронка колебање на овој дефектен елемент од популацијата)".

1940 Првата масовна геноцидна акција на Холокаустот: 250 X деца се користат како заморчиња за тестирање на дејството на кристалот на цијанидниот гас во концентрациониот камп во Бухенвалд. Истата година се забранува вработување од каков било вид за X.

1941 Во јули започнува реализацијата на конечното решение на нацистите „да бидат убиени сите Евреи, X и пациенти со ментална болест". Започнува Холокаустот. Осумстотини X се убиени во една акција ноќта на 24 декември на Крим.

1944 1 август: 4000 X се убиени во гасни комори и запалени во Аушвиц–Биркенау во една масовна акција.

1945 До крајот од војната нацистите успеваат да елиминираат 70-80 % од X популација. На судењата од Нирнбергшкиот процес не бил повикан да сведочи ниту еден X, но и никој друг не сведочел во нивно име. На X како народ не им се исплатени никакви репарации за воени злосторства.

1950 Првата од многуте изјави на германската влада во годините што следуваа во која се вели дека тие не му должат ништо на X народ што се однесува до репарации за воени злосторства.

1992 Германија ѝ ги враќа X азиланти назад на Романија плаќајќи ѝ 21 милион американски долари и започнува да ги испраќа со лисици на рацете на 1 ноември. Некои X извршуваат самоубиство не сакајќи да бидат вратени во Романија. Германската новинска агенција бара од западните новинари да не го користат зборот „депортација" затоа што истиот побудува „непријатни историски асоцијации".

*Скратена верзија на „Кратка хронологија на ромскиот Холокауст“ од авторот Јан Хенкок.*

Активност осмислена од кампањата „Доста!“ во прирачникот *„Компас“ – прирачник за едукација за човекови права со млади луѓе*, Совет на Европа, 2012 година.

**СО КОИ ПРОБЛЕМИ САКАТЕ ДА СЕ ЗАФАТИТЕ?**
Тоа што луѓето не знаат т.е. не се свесни за холокаустот врз Ромите;
Стереотипите за ромското население
Тоа што холокаустот врз Ромите не е официјално признат
Тоа што образовниот систем ги игнори-ра ромските жртви на холокаустот
Тоа што многу мал број Роми добиле некаков надомест
Тоа што Ромите се чувствуваат отуѓени и маргинализирани

**КОЈА е вашата целна публика?**
Жители на нашата заедница;
Млади лица
Национални политичари;
Наставници во локални училишта
Преживеани од холокаустот
Роми (млади лица);

**КАКВИ ПРОМЕНИ СЕ НАДЕВАТЕ ДА ВИДИТЕ?**
Признавање на холокаустот врз Ромите
Повеќе разбирање и толеранција
Споменик за ромските жртви на холокаустот
Настан по повод холокаустот врз Ромите организиран по училиштата
Најмалку едно со успех завршено барање за добивање надомест
Воспоставени врски со млади луѓе во ромската заедница

**КАКО СЕ ОЧЕКУВА ДА СЕ СЛУЧАТ ПРОМЕНИТЕ?**
На луѓето ќе им се презентираат факти односно докази
Луѓето ќе го слушнат ставот на Ромите
Создавање притисок и публици-тет на ниво на цела држава
Барања од младите во нивните училишта
Формално поднесени барања за добивање надомест
Подобро разбирање на обича-ите и интересите на другиот

**КАКВИ МЕТОДИ ЌЕ ПРИМЕНИТЕ за да повлијаете врз вашата публика?**
Ќе напишете статија и ќе организирате јавен настан;
„Жива" библиотека со членови на ромската заедница (каде книгите се луѓе, а читањето се состои од водење разговор)
Контакти во националните медиуми; петиција со најмалку 1000 имиња
Ќе им се даваат информации на младите во заедницата
Ќе се информираат членовите на заедницата за нивните права и ќе им се пружа помош во врска со нивните барања
Заеднички културен настан




# ПРОМЕНА НА ИГРАТА

***Учесниците се запознаваат со кампањата и осмислуваат „мини-кампања“ против сексизмот во светот на „онлајн“ игрите.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Расизам и дискриминација, интернет познавања, стратегии за водење кампања, демократија и учество |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 3 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 15 и повеќе |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Да се истражи проблемот на сексистичките злоупотреби „онлајн“, особено меѓу лицата кои играат „онлајн“ игри;<br>Да се развијат вештини за водење кампања „онлајн“;<br>Да се вклучат учесниците во Движењето против говорот на омраза. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Хамери и фломастери. |
| ПОДГОТОВКА | Фотокопирајте ги „картите со инструкции“ (стр. 57) и примерите на говор на омраза на стр. 58 (или прикажете слајдови на графоскоп);<br>Запознајте се со Движењето против говорот на омраза (поглавје 2 од овој прирачник или посетете ја платформата на кампањата на: www.nohatespeechmovement.org ) |

**УПАТСТВА**

1. Покажете им го на учесниците работниот материјал на стр. 59 и прашајте ги што мислат. Помогнете им со неколку прашања доколку има потреба, на пример:
   - Што мислиш за тоа како би можела да се чувствува една жена доколку добие нешто како што е ова?
   - Дали мислите дека често се јавуваат ваков вид злоупотреби?
   - Што мислите за тоа како една жена би можела да се чувствува доколку сака да се вклучи во некоја игра и види мноштво коментари како овие насочени кон други жени кои играат „онлајн“ игри?
2. Кажете им на учесниците дека навредите против жените се исклучително чести и тоа не само кај жените кои играат „онлајн“ игри, туку и во другите „онлајн“ интеракции. Можете да го поставите прашањето и дали некој од учесниците има видено вакви примери во нивната активност на интернет и дали до некои од женските учесници биле упатени такви навреди.
3. Објаснете им дека сите овие работи се примери на говор на омраза на интернет и дека говорот на омраза претставува повреда на човековите права. Кога ваквите изјави би биле насочени кон жени или девојки во „*реалниот*“ свет (т.е. „офлајн“), во многу случаи истите би биле противзаконски.

4. Кажете им на учесниците дека Советот на Европа поведе кампања на ниво на цела Европа за мобилизирање на младите луѓе да дејствуваат против говорот на омраза на интернет. Дадете им информации за кампањата користејќи ги информациите подолу во рамката или информациите од поглавјето 2 на овој прирачник. Можете да ја искористите и веб-локацијата на кампањата: www.nohatespeechmovement.org

> Кампањата на Советот на Европа против говорот на омраза на интернет е поведена со цел борба против овој проблем кој добива сè поголеми размери на интернет и може да им предизвика сериозни штети на оние кои се мета на говорот на омраза како и на целото општество. Кампањата сака да делува на различни начини, како на пример преку подигнување на свеста за проблемот, фаќање во костец со ставовите и предрасудите кои ја поттикнуваат омразата на интернет, мобилизирање на младите да дејствуваат против оваа појава, давање поддршка и градење солидарност за жртвите на омразата на интернет итн. Се охрабруваат сите млади луѓе да му се придружат на Движењето.

5. Објаснете дека активноста ќе истражи неколку начини на кои групата може да се вклучи во кампањата преку зафаќање со специфичниот проблем на сексистички навреди кон жените кои играат „онлајн“ игри. Учесниците ќе треба да осмислат своја „мини-кампања“ за ова прашање. Тие ќе работат во мали групи и ќе истражуваат начини за работа со различните целни групи кои имаат некаква врска со проблемот.
6. Покажете им ја на учесниците листата со „ целните групи“ и поканете ги да изберат една група на која ќе се сосредоточат во рамките на активноста. Гледајте во секоја група да има по отприлика еднаков број членови.
   - **Група 1**: жени кои играат „онлајн“ игри;
   - **Група 2**: оние кои ги навредуваат жените кои играат „онлајн“ игри или за кои постои голема веројатност дека ќе го сторат тоа;
   - **Група 3**: други лица кои играат „онлајн“ игри (лица кои самите не навредуваат, но дозволуваат вакви појави да се случуваат);
   - **Група 4**: креатори на политики, советници во општински совети или пратеници во парламентот, вработени во министерства, итн.
   - **Група 5**: сопственици на веб-локации, интернет провајдери, управители во „онлајн“ заедницата;
   - **Група 6**: широката јавност, со цел да ја разбере сериозноста на проблемот и да даде поддршка на кампањата.
7. Дадете ѝ на секоја група по еден хамер и карта со инструкции. Кажете им дека имаат околу 20 минути да размислат за методите што ќе ги користат за ангажирање на нивната целна група. Потсетете ги дека другите групи работат на различни целни групи од нивната така што секоја група треба да се труди да се концентрира на методите и пораките кои би можеле да го привлечат вниманието на нивната целна група и со тоа да се обезбеди позитивен придонес кон кампањата. Добра кампања е онаа која што ќе вклучи што повеќе луѓе!
8. По отприлика 20 минути, поканете ги групите да ги изнесат нивните предлози. Оставете малку време и за прашања заради разјаснување и коментари.
9. Објаснете им на учесниците дека за една вистинска стратегија за кампања потребни се повеќе од 15 минути! Многу често се случува првичните предлози да

бидат модифицирани па дури и отфрлени за да се даде простор за други идеи. Добра стратегија е онаа на која ќе работат многу луѓе и често во времетраење од многу месеци, и која ќе биде испробана пред да се започне со нејзина реализација. Анализата на активноста ќе се позанимава со мислењата на учесниците за „првата нацрт верзија“ на нивната стратегија!

**ИСПИТУВАЊЕ**

**ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО СТРАТЕГИЈАТА И ИНТЕРНЕТ КАМПАЊАТА:**

- Колку ви беше лесно или тешко да размислувате за делувањето „онлајн“? Кои се предностите и негативните страни на делувањето „онлајн“?
- Дали сте задоволни од вашата предложена стратегија? Дали предвидувате некакви проблеми во нејзината реализација?
- Дали сметате дека вашата кампања би можела да се зајакне со додавање на некои акции во „реалниот“ свет („офлајн“)? Можете ли да предложите некои такви акции?
- Дали сметате дека успеавте прецизно да ја „нанишаните“ вашата целна група? Како тоа го направивте?

**ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО СЕКСИЗМОТ И ЗЛОСТАВУВАЊАТА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ:**

- Дали е важно да се зафатиме со проблемот на сексизмот во „онлајн“ игрите? Зошто е тоа важно или зошто не е важно?
- Дали е важно да се зафатиме со говорот на омраза на интернет генерално? Зошто е тоа важно или зошто не е важно?
- Дали сметате дека *вие лично* можете да направите разлика во врска со овие проблеми? Дали се чувствувате мотивирано да го направите тоа?
- Дали чувствувате дека сте „научиле“ нешто од оваа активност? Дали вашите мислења се променија на некаков начин или дали успеавте нештата да ги разберете на посеопфатен начин?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Можеби ќе помислите дека примерите на навреди и злоупотреба не се соодветни за вашата група. Можете истите да ги модифицирате или да ги елиминирате оние кои се најнавредливи, или самите да смислите неколку примери. Постои исто така и веројатност дека некои од женските учеснички доживеале сексистички навреди на интернет, па можете од нив да побарате примери.
- За оваа активност е добро да има повеќе време на располагање. Ако постои таква можност, на групите можете да им дадете по 30 минути за да ги продискутираат нивните стратегии и да ја погледнат на интернет веб-локацијата на кампањата на Движењето против говорот на омраза или други „онлајн“ кампањи.
- Доколку групата е мала, не морате да ги работите сите целни групи. Во таков случај изберете ги оние што се најрелевантни за вашите учесници.
- Голем број методи или пораки ќе бидат слични за различните целни групи. Целта зошто се концентрираме на една целна група е за да го насочиме вниманието на учесниците на посебните пораки што имаат најголеми шанси да допрат до таа целна група.

- Бидете свесни за родовиот сооднос во работата во малите групи. Идеално би било да постои некаква рамнотежа во тој поглед.
- Откако учесниците ќе ги претстават нивните стратегии, охрабрете ги другите групи да понудат „конструктивни критики“. Можете да им кажете дека при давањето критики прво треба секогаш да најдат нешто позитивно во врска со стратегијата, а потоа евентуално да понудат предлози како истата може да се подобри.

**ВАРИЈАЦИИ**

Групната работа може да им се даде на учесниците како проект на кој ќе работат една цела седмица. Можете да ги охрабрите да истражуваат други веб-локации, да истражуваат колкава е големината на овој проблем и да се запознаат со законските или подзаконските акти кои го уредуваат прашањето на сексистички навреди „онлајн“.

Учесниците би можеле да изберат друг проблем на кој ќе се концентрираат во рамките на нивното планирање, како на пример расизмот на интернет, сајбер насилството или сексизмот во сите области од интернетот. Групите исто така можат да изберат одреден проблем на кој ќе се сосредоточат, но и во овој случај би било корисно да идентификуваат конкретна целна група.

**ИДЕИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ**

Учесниците можат да продолжат да работат на проблемот на сексизмот во „онлајн“ игрите така што, на пример, ќе направат свое истражување за големината на овој проблем. Тоа би се направило така што мали групи на учесници би одбрале одредени „онлајн“ игри и би следеле дали има примери на говор на омраза. Таквите примери потоа би биле пријавувани до интернет сервисот за надзор над говорот на омраза „Хејт спич воч“ и евентуално до самите веб-локации.

Учесниците би можеле да ги доразработат најнадежните стратегии и потоа истите да ги реализираат! Тие можат да ги искористат своите профили на социјалните медиуми, „онлајн“ форумите или други простори за коментирање за да ги распространат информациите и да ја подигнат свеста за проблемот.

Учесниците можат да дискутираат за овој проблем со други нивни „колеги“ доколку и самите играат „онлајн“ игри. Исто така, тие би можеле да смислат одредени клучни пораки што ќе може да ги употребат кога ќе учествуваат во игрите и кога ќе се случат изблици на навреди.

Поканете ги учесниците да кажат кои „онлајн“ игри ги познаваат и да продискутираат за појавата на говор на омраза во игрите.

## РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ГРУПА 1: ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ КОИ ИГРААТ ИНТЕРНЕТ ИГРИ**

Вашата група ќе се концентрира на жените кои играат „онлајн“ игри; тоа ќе бидат жени кои веќе претрпеле навреди и напади и жени кои се загрижени дека такво нешто може да им се случи и ним.

Кои се вашите клучни пораки?

Што можете да направите за жените кои играат „онлајн“ игри да се чувствуваат поддржани?

Што предлагате овие жени да направат?

Размислете за „онлајн“ алатките што можете да ги искористите за градење солидарност меѓу жените кои играат „онлајн“ игри.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ГРУПА 2: ДА СЕ ДОПРЕ ДО „ЗЛОСТАВУВАЧИТЕ“**

Вашата група ќе се обиде да допре до оние кои често ги навредуваат жените кои играат „онлајн“ игри или оние кои доаѓаат во искушение да го сторат тоа.
Кои се вашите клучни пораки?
Како можете да ги убедите да го сменат нивното однесување?
Какви информации ви се потребни?
Размислете за „онлајн“ алатките што можете да ги искористите за да допрете до што е можно повеќе членови на вашата целна група.

**ГРУПА 3: МОТИВИРАЊЕ ЗА УЧЕСТВО НА ЛИЦАТА КОИ ИГРААТ ИНТЕРНЕТ ИГРИ**

Вашата група ќе работи со лицата кои играат „онлајн“ игри и кои се сведоци на говор на омраза против други играчи, но самите тие не учествуваат во тој говор на омраза.
Што треба тие да знаат?
Што сакате тие да сторат?
Како можете да ги убедите да го сторат тоа?
Размислете за „онлајн“ алатките што можете да ги искористите за да охрабрите што е можно повеќе „онлајн“ играчи да дејствуваат.

**ГРУПА 4: РАБОТА СО КРЕАТОРИТЕ НА ПОЛИТИКИ**

Вашата група ќе работи со оние кои би можеле да го решат проблемот затоа што се креатори на политики или се луѓе во власта на вашата земја.
Кои се вашите клучни пораки?
Како можете да ја убедите вашата целна група да се заангажира околу проблемот?
Каква акција им препорачувате да преземат?
Размислете за алатките што можете да ги искористите за да допрете до што е можно повеќе членови на вашата целна група.

**ГРУПА 5: РАБОТА СО ИНТЕРНЕТ ПРОВАЈДЕРИ**

Вашата група ќе се фокусира на оние кои се во можност да се зафатат со решавање на проблемот на директен начин, како на пример сопственици на веб-локации, интернет провајдери и управители во „онлајн“ заедницата.
Кои се вашите клучни пораки?
Како можете да ја убедите вашата целна група да се заангажира околу проблемот?
Каква акција препорачувате тие да преземат?
Размислете за алатките што можете да ги искористите за да допрете до што е можно повеќе членови на вашата целна група.

**ГРУПА 6: ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ**

Вашата група ќе се концентрира на ангажирање луѓе од јавноста за борба против проблемот.
Кои се вашите клучни пораки?
Што сакате луѓето да сторат?
Какви информации ви се потребни?
Размислете за „онлајн“ алатките што можете да ги искористите за да мобилизирате луѓе што би ѝ се приклучиле на вашата кампања.




Извор на коментарите: http://fatuglyorslutty.com/ (9 октомври 2013 година)




# ПРОВЕРКА НА ФАКТИТЕ

***Од учесниците се бара да играат улога на „истражувачи“ за политичари по прашањето на хомофобичните навреди. Тие ја разгледуваат веродостојноста на информациите објавени на интернет и изготвуваат стратегии за своето работење.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Интернет познавања, расизам и дискриминација, стратегии за водење кампања |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 4 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 – 20 |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Учесниците да ја оценат веродостојноста на информациите што може да се најдат на интернет;<br>Учесниците да истражат некои од потешкотиите со кои се соочуваат младите хомосексуалци во врска со говорот на омраза на интернет;<br>Учесниците да размислат за нивното однесување во однос на содржините на интернет. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Пристап до интернет<br>Листови хартија и пенкала<br>Подвижна табла и фломастери |
| ПОДГОТОВКА | Погрижете се да има пристап до интернет за учесниците;<br>Направете копии од задачите на истражувачите и од листата за мониторите (стр. 64).<br>*Незадолжително:* прашајте однапред дали има доброволци за „мониторинг“. Отприлика половина група ќе бидат потребни како набљудувачи (монитори). Покажете им ја листата за мониторинг и проверете дали ги разбираат информациите што ќе ги бараат и дали знаат како да ја пополнат табелата. |

**УПАТСТВА**

1. Објаснете им дека активноста ќе се занимава со истражување на употребата на интернетот како ресурс за добивање информации. Прашајте колку учесниците го користат интернетот за оваа намена и дали имаат свои „омилени“ веб-локации што ги користат.
2. Дадете им го следново сценарио и проверете дали секој ја разбира задачата.

По неколку хомофобични напади извршени врз млади хомосексуалци – особено на „онлајн“ локации и видео клипови – како и благодарение на силното лобирање од страна на невладини организации, за овој проблем треба да расправа парламентот. Владата предлага нацрт закон со кој би се доделиле пари од буџетот за едукативни активности со кои би се влијаело против хомофобичните ставови и би им се обезбедила поддршка на младите хомосексуалци. Сите поголеми опозициони партии во парламентот се противат на новиот нацрт закон.

| |
|---|
| Вие треба да замислите дека работите како истражувач за политичар кој сака да говори на расправата во парламентот по ова прашање. Политичарот побарал од вас да изготвите информација за нејзиниот говор која ќе содржи неколку клучни поенти во врска со прашањето. Имате 20 минути за да направите едно прелиминарно истражување. |

3. Објаснете дека ќе се работи во групи од по четворица, при што двајца ќе играат улога на „истражувачи“, а други двајца ќе ја набљудуваат „методологијата“ на истражувачите. Кажете им дека за истражувањето е потребна соодветна методологија! Прашајте ги дали можат да споделат некои важни размислувања во контекстот на истражувањето и напишете листа на таквите мислења или заклучоци на подвижна табла.
4. Побарајте да се јават доброволци кои ќе бидат набљудувачи, доколку тоа не сте го направиле пред почетокот на активноста. Дадете им копии од листата за набљудувачи и проверете дали ја разбираат задачата. Поделете го остатокот од групата така што да имате по отприлика еднаков број луѓе кои ќе работат за власта односно за опозицијата. Дадете им на сите групи карта со нивната задача.
5. Кажете им на учесниците дека имаат 30 минути да го спроведеат истражувањето. Предложете им да ги искористат првите 20 минути за наоѓање релевантни информации, а во последните 10 минути да се договорат околу главните точки што ќе му ги презентираат на својот претставник во парламентот.
6. Кога групите ќе ја завршат задачата, речете им да се тргнат од компјутерите. Дадете им уште 5 - 10 минути со цел набљудувачите во групата да им ги пренесат нивните главни согледувања.
7. Поканете ги истражувачите да ги претставуваат главните точки што ги избрале за говорот на нивниот пратеник. Тие можат да се претставаат како „главни црти“: учесниците треба да водат сметка дека нивна задача е само да го информираат пратеникот, а не да го одржат говорот!
8. Оставете време по секоја презентација за набљудувачите да ги презентираат нивните наоди и за евентуални прашања од другите групи во врска со презентираните информации или користената стратегија. Потоа поканете ги учесниците да направат Појаснувања за учесницитеа.

**ИСПИТУВАЊЕ**

**ПРАШАЊА ОКОЛУ ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНФОРМИРАЊЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ**

- Колку ви беше лесна или тешка задачата? Што ви беше најтешко?
- Како одлучивте кои веб-локации ќе ги користите за добивање информации? Колку бевте загрижени за „кредибилитетот“ на веб-локациите или за „вистинитоста“ на информациите што ги одбравте?
- Дали придадовте поголема важност на наоѓањето информации кои би го поткрепиле ставот на вашиот пратеник или на обезбедување „објективен“ приказ на проблематиката? На која од овие две работи еден *вистински* истражувач треба да ѝ придаде поголема важност според вашето мислење?
- Дали баравте примери на говор на омраза против хомосексуалци? Доколку некои групи не го направиле тоа, дали мислите дека истото можеше да биде релевантно?

- Дали мислите дека вашата пратеничка ќе биде задоволна од вашето истражување? Дали мислите дека граѓаните кои таа ги претставува во парламентот ќе бидат задоволни?

**ПРАШАЊА ОКОЛУ УПОТРЕБАТА НА ИНТЕРНЕТ ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕЛИ**

- Дали осознавте нешто важно во врска со користењето на интернетот за истражувања? Дали би сакале да додадете нешто на листата на размислувања собрани на почетокот од активноста?
- Бевте ли изненадени од различните информации што луѓето успејаа да ги најдат? Како го објаснувате ова?
- На кои начини можеме да провериме дали одредена веб-локација е веродостојна или дали на информациите може да им се верува? Дали вие ова обично го правите?
- Прашања во врска со хомофобијата / говорот на омраза на интернет
- Дали најдовте примери на дискриминација или навреди?
- Дали мислите дека најдовте информации кои се „лажни“ или неправедни?
- Кои се ризиците од тоа да му се дозволи секому да ги објавува своите мислења на интернет? Дали можете да предложите некои работи што може да се направат за да се намали ризикот од тоа другите луѓе да ги прифатат таквите мислења како „факт“?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Активноста ќе добие на ефективност доколку „набљудувачите“ ги добијат потребните информации и совети однапред. Доколку е можно, одредете само еден набљудувач за секоја мала група, а за сметка на тоа зголемете го бројот на „истражувачи“.
- Истражувачите не треба да се чувствуваат како да „полагаат тест“ пред набљудувачите. На истражувачите можете да им кажете дека задачата на набљудувачите е да ги набљудуваат различните методи за истражување и дека постојат повеќе начини како може да се одработи оваа задача!
- Можете да одлучите да не им ја покажете на истражувачите листата за набљудувачите: во таков случај истражувачите не би знаеле однапред на што треба да внимаваат и резултатите би можеле да бидат поинтересни. Од друга страна, во едно вакво сценарио притисокот врз истражувачите е поголем. Покажувањето на листата за набљудувачи на истражувачите би овозможило подобра соработка меѓу нив.
- За време на анализата на активноста можете да испитате дали истражувањето ќе биде на пристрасен начин детерминирано од резултатот што „сакаме“ да го добиеме. Ова можете да го искористите за да ги прашате учесниците како тие генерално се однесуваат кон информациите што ги гледаат, но во кои не сакаат да веруваат!
- Една од опасностите што демнат доколку на интернет има толку многу погрешни информации или силни предрасуди е тоа што истите лесно може да се распространат како „факти“. Можете малку да истражувате дали учесниците можеби некогаш пренеле такви „факти“ што ги виделе на интернет, и дали некои

од овие информации можеби придонеле за распространување на предрасудите за одредени групи или поединци.

- Можете да го искористите контролниот список („чек листа“) што се наоѓа во основните информации за писменост на интернет за да ги дополните предлозите на учесниците во врска со тоа како би можеле да ја проверат веродостојноста на информациите објавени на интернет. Нагласете дека најголем дел од она што го гледаме содржи елемент на „мислење“. Постојат многу начини за презентирање информации во насока на зајакнување на определено гледиште. На пример, *изоставањето* примери на хомофобичен говор на омраза оддава впечаток дека тоа не претставува проблем!
- Можете да направите истражување во врска со следењето на лагите изнесени на интернет и да продискутирате со учесниците како лажните вести придонесуваат кон разгорување на говорот на омраза.

**ВАРИЈАЦИИ**

Можете да изберете друга „целна група“ за која учесниците ќе направат истражување. Тоа може на пример да бидат жените, Ромите или друго етничко малцинство, азилантите, итн.

Активноста можете да ја реализирате и без набљудувачи, при што секој ќе дејствува како набљудувач сам на себе. Во ваков случај, заедно со групата ќе ја разгледате листата за набљудувачи пред почетокот на активноста и ќе побарате од учесниците да си ги проверуваат своите методи за време на истражувањето.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Учесниците би можеле да ја подобрат листата со размислувања за спроведување на истражување „онлајн“ и да изготват свои упатства. Тие исто така би можеле да состават еден контролен список за споделување информации со другите и *истиот* да го споделат со активистите за заштита на човековите права на веб-локацијата на Движењето против говорот на омраза. Огромен дел од говорот на омраза се распространува од страна на луѓе кои непромислено споделуваат мислења што изразуваат одредена пристрасност и се навредливи за други луѓе.

Учесниците би можеле да го испробаат контролниот список од стр.64 или сопствениот контролен список на одредени популарни веб-локации за вести. Голем дел од одговорноста за ширењето на предрасудите за одредени групи во општеството лежи кај новинарите. Поради тоа, читателите се на некој начин охрабрени да мислат дека е сосема „прифатливо“ да се навредуваат овие групи.

Други едукативни активности што можете да ги испробате со вашата група во врска со стратегиите за дезинформирање можете да најдете овде: http://mediasmarts.ca/sites/default/files/tutorials/facing-online-hate/index.html

Поканете ги учесниците да кажат кои веб-локации најчесто ги користат кога бараат информации „онлајн“, и заедно проверете колку овие веб-локации се веродостојни и непристрасни.

**ПОЛИТИЧАР БР. 1:**
Вашиот политичар е член на владата. Тој треба силно да го брани новиот закон. Направете истражување на интернет за да најдете информации што би му биле корисни за неговиот говор по ова прашање. Потоа направете листа од околу 5 клучни поенти што мислите дека треба да ги елаборира во својот говор.

**ПОЛИТИЧАР БР. 2:**
Вашиот политичар е жена од редовите на опозицијата. Таа се противи на издвојување пари од буџетот за решавање на овој проблем. Направете истражување на интернет за да најдете информации што би ѝ биле корисни за конципирање на говорот. Потоа направете листа од околу 5 клучни поенти што мислите дека треба да ги елаборира во нејзиниот говор.

**ПОЛИТИЧАР БР. 3:**
Вашиот политичар е член на партија на етничко малцинство. Вашата партија сè уште нема одлучено дали ќе го поддржи или ќе се спротивстави на новиот закон. Направете истражување на интернет за да најдете информации кои би му биле корисни на вашиот политичар во донесувањето на одлуката во врска со новиот закон. Потоа направете листа од околу 5 клучни поенти кои мислите дека треба да ги елаборира во својот говор.

**НАБЉУДУВАЧИ**
Вашата задача е да се обидете да го анализирате пристапот што го користат истражувачите. Обидете се да соберете што повеќе информации во врска со прашањата содржани во листата за набљудувачи. Можете да ги прашувате истражувачите да ви објаснат што прават или зошто постапуваат на одреден начин под услов да не ги деконцентрирате премногу!

**ТАБЕЛА ЗА НАБЉУДУВАЧИ**

| | |
|---|---|
| Зборови за пребарување користени за наоѓање информации | |
| ЗА СЕКОЈА ПОСЕТЕНА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА: | |
| Назив на локацијата | |
| Приближен број минути поминати на локацијата | |
| „Ориентација“ (про геј, анти геј, неутрална) | |
| Зошто беше избрана таа локација? | |
| „Авторитет“ на локацијата:<br>– *зошто треба да ѝ се верува на локацијата?*<br>– *дали групата го провери ова?* | |

| | |
|---|---|
| За секоја извлечена информација, дали беше наведен изворот или референца и дали групата го провери ова? | |
| Нешто друго во врска со начинот на кој истражувачите ја извршија својата задача: | |




# СУДИР НА СЛОБОДИ

***Активноста претставува симулација во која учествуваат две заедници со спротивставени ставови за слободата на изразување, но принудени да живеат заедно на ист остров.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Демократија и учество, слобода на изразување, расизам и дискриминација |
| СЛЖЕНОСТ | Ниво 4 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 - 20 |
| ВРЕМЕ | 120 минути |
| ЦЕЛИ | Да се истражат прашањата поврзани со различноста, плурализмот и говорот на омраза;<br>Да се размисли околу тоа како слободата на изразување придонесува кон функционирањето на едно демократско општество;<br>Да се продискутира за позитивните и негативните страни на отсуството на било какви ограничувања на слободата на изразување;<br>Да се вежбаат преговарачки вештини. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Хартија и пенкала;<br>Простории каде двете заедници ќе може да се состанат (одделно)<br>Двајца олеснувачи (во идеален случај) |
| ПОДГОТОВКА | Направете копии од Информациите за двата острова (стр.68-69)<br>Направете копии од листата со проблеми што треба да се решаваат (стр.70) |

**УПАТСТВА**

1. Објаснете дека активноста ќе се состои од симулација и поделете ја групата во две различни заедници. Заедницата „Ојлевци“ треба да биде побројна - околу две третини од учесниците. Преостанатата третина од групата ќе ги претставува „Дојлевци“. Објаснете им дека во првиот дел од симулацијата двете групи (заедници) ќе работат одделно. По 20 минути одделно работење групите ќе работат заедно.
2. Една од групите треба да се одведе во друга просторија. Олеснувачот за секоја група треба да ја прочита Информацијата за соодветната заедница и потоа може да им даде неколку копии за да можат да се потсетуваат.
3. Започнете ја дискусијата во секоја од групите со прашањето што мислат учесниците за животот на островот. Прашајте ги дали би сакале да живеат таму. Откако ќе ги изнесат своите размислувања, на групите треба да им се поставаат следниве прашања:

   **За групата Дојлевци**

   Што е она што ве загрижува во врска со преселбата на новиот остров?

**За групата Ојлевци**

Што е она што ве загрижува во врска со прифаќањето на голем број имигранти кои не ги познаваат ниту вашата култура ниту вашите традиции?

4. По 20 минути двете групи се спојуваат во една. Поканете ги островјаните накратко да се претставаат доколку сакаат. Ова не би требало да ви одземе повеќе од 10 минути.
5. По отприлика 10 минути, дадете им ги на учесниците следниве информации:

*Помина една година во која се појавија доста проблеми. Тензиите меѓу заедниците сè повеќе се влошуваат, а многу луѓе се загрижени поради можноста од појава на големи социјални немири. Претседателот ви се обратил со молба да формирате работна група која ќе се обиде да најде решенија за овие проблеми.*

6. Поделете ја целата заедница во помали работни групи така што во секоја работна група да има по отприлика двајца Дојлевци и четворица Ојлевци. Дадете ѝ на секоја група еден од проблемите на стр.70.
7. Кажете им на групите дека имаат 20 минути за да најдат решение за проблемот. Објаснете им дека секој предлог мора да се стави на гласање и треба да биде одобрен од мнозинството членови на работната група за да биде прифатен. Потсетете ги дека доколку не успеат да изгласаат некое ново решение, статусот „quo“ ќе продолжи!
8. По 20 минути повторно соберете ги сите учесници на едно место за да ги презентираат решенијата што ги смислиле. Секоја работна група нека има 2-3 минути за фидбек и објаснување во кратки црти на нивното решение, по што побарајте да чуете кратки реакции од остатокот од учесниците околу понудените решенија. Потоа преминете на анализа на активноста.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Започнете така што ќе ги „извадите“ учесниците од претходната улога и ќе ги потсетите дека сега треба да дискутираат за активноста како целина. Учесниците треба да се обидат да не се навраќаат на претходните дебати.

- Како се чувствувавте во врска со активноста? Што ви се допадна или не ви се допадна?
- Колку ви беше лесно да ја играте вашата улога и да останете во неа кога островјаните од двата острова започнаа да живеат на еден остров?
- Што мислите за преговарачкиот процес и за процесот на донесување одлуки на крајот? Кои беа најважните работи за вас кога се обидувавте да изнајдете решение?
- Дали беше фер тоа што Ојлевците имаа право на вето на секој предлог затоа што биле мнозинство? Како можеме да обезбедиме мислењата и правата на малцинствата да бидат правично застапени во „реалниот“ живот?
- Дали активноста промени некои од вашите ставови? Ако одговорот е позитивен, кој ваш став конкретно го промени и зошто?
- Дали сметате дека активноста беше блиску до реалноста?; дали таа ве потсети на некои проблеми во денешниве општества?
- Како сметате дека треба да се справуваме со проблемот што настанува кога луѓе кажуваат работи што се навредливи, нетолерантни а понекогаш и опасни?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Описите на живот на двата острова се релативно долги, а тоа е направено така за учесниците да се соживеат со духот на нивната заедница. Овие описи треба да се прочитаат пред групата не како „Информации“ туку повеќе како приказна!
- На работната група која ќе се зафати со проблемот околу кампањата на интернет може да ѝ се каже да се фокусира на „онлајн“ аспектот на проблемот. Во најмала рака, насочете ги да го земат предвид и овој аспект покрај предлозите што се однесуваат на „офлајн“ сферата.
- Дозволете симулацијата да тече со што е можно помалку насочувања од ваша страна. Погрижете се луѓето да бидат свесни за временските ограничувања и за природата на задачата, но дозволете им да им пријдат на задачите на начин што тие го сметаат за најдобар. Прекинувајте ги само доколку некои работи погрешно ги разбрале или доколку тензиите или конфликтот го попречуваат одвивањето на процесот.
- Учесниците би имале корист да чујат одредени информации за слободата на изразување. Доколку има време за тоа, искористете некои од расположливите информации за оваа тема.

**ВАРИЈАЦИИ**

Доколку времето е кратко описите може да се скратат, а во завршните преговори на работните групи може да им се даде само првиот проблем. Ваков чекор би ги забрзал преговорите.
Доколку времето тоа го дозволува во првите (одделни) средби на групите, можете да ги прашате учесниците дали има некоја порака што би сакале да ја соопштат кога двете групи ќе се соберат заедно. Овие пораки потоа би можеле да ги сочинуваат кратките „претставувања“ во првите 10 минути од средбата.
Доколку групата е голема може да се јави потреба „новата“ заедница да се подели во помали групи така што секој да има можност да даде придонес. Секоја од новите групи треба да се состои од отприлика една третина Дојлевци и две третини Ојлевци. Групите можат да назначат по 1 или 2 гласноговорници за нивната заедница.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Учесниците би можеле да изготват предлог за нивната група сличен на предлозите изготвени како резултат на преговорите. За тој предлог би можело да се гласа и да се користи како сет на принципи за однесување во виртуелниот или во „реалниот“ свет.
Учесниците би можеле да направат истражување за главните имигрантски групи во нивната земја. Можат да ги лоцираат причините зошто луѓето се преселиле во нивната земја и да испитаат дали доселениците чувствуваат дека нивните права и мислења се почитувани од остатокот на општеството и како се претставени во медиумите - и оние „онлајн“ и тие во „реалниот“ свет. Можете исто така да поканите претставници од различните заедници да говорат пред групата.
Доколку вашата земја не е земја во која се доселуваат имигранти, можете да испитате како вашите сонародници кои се иселиле од вашата земја ги перципираат во нивните нови татковини.

**ОСТРОВОТ ДОЈЛЕ**

Вие живеете на еден мал остров чии граници се затворени, во кој не доаѓаат имигранти, а бројот на туристи кои ја посетиле вашата земја е многу мал низ еден мошне долг период. Вашето општество е мирно и спокојно; мирот и отсуството на конфликти имаат силна традиција кај вас и се сметаат за „национален приоритет“. Постои дури и член во Уставот каде се вели:

**Никој не смее да каже или да направи нешто што би можело да биде болно или вознемирувачко за други луѓе.**

Овој член од Уставот е под внимателен надзор и секакви нарушувања на истиот строго се казнуваат. За волја на вистината, многу ретко се крши овој член затоа што и онака е многу полесно да си во добри односи со другите луѓе отколку да се караш. Кавгите се нешто што е болно за народот Дојлевци затоа што кавгата го заморува умот.

Вашата земја себеси се нарекува демократија. Избори се одржуваат секоја година и гласаат скоро сите. Сепак, постојано биваат избрани истите луѓе од причина што многу малку се дискутира за алтернативни политики.

Генерално, разговорите меѓу луѓето, јавните настапи па дури и медиумите не отстапуваат од мислењата што се општоприфатени од општеството, а на најголем дел од луѓето ова не им смета затоа што тие веќе заборавиле или се неспособни да замислат како би изгледало работите да се прават на поинаков начин. Малку продираат вести за тоа што се случува на други места во светот, нема литература од други култури, и општо земено многу малку се случуваат промени затоа што се утврдило дека промените носат неспокој и вознемирување.

Жителите со текот на годините приметиле дека крајбрежјето се има видоизменето. Промените се во тоа што нивоата на морето се искачиле така што многу делови од земјата каде порано живееле луѓе сега се под вода. На почетокот ова не предизвикуваше загриженост затоа што имаше доволно земја за секого па заедниците кои живееја блиску до брегот едноставно се преселија кон внатрешноста. Меѓутоа, проблемот стануваше сè посериозен последниве години. Неколкумина започнаа да разговараат за проблемот во рамките на својот круг на луѓе, но ваквите разговори беа оценети како вознемирувачки па владата нареди забрана за секаква дискусија од ваков вид.

Живот си продолжи, и тоа претежно мирен, предвидлив и ослободен од било каков конфликт и несогласување, сè до оној ужасен ветровит ден кога островот беше погоден од страшен ураган. Зградите беа уништени, многу луѓе загинаа, а најголем дел од земјиштето беше поплавено. Кога брановите стивнаа, се виде дека многу малку од посевите преживеале, па така оние кои го преживеаја ураганот сега почнаа да умираат од солената вода. Скоро целата инфраструктура на островот беше уништена. Храна имаше многу малку, почнаа да се шират заразни болести а залихите со лекови и медицински материјали беа несоодветни. Островот западна во хаос. Хаосот беше толкав што луѓето дури почнаа да не се согласуваат околу тоа што е најдобро да се направи во таква ситуација!

Токму кога изгледаше дека се изгубени сите надежи, пристигна порака од соседниот остров кој се вика Ојле. Во пораката се изразуваше искрена загриженост за сите Дојлевци и беше упатена понуда до секој кој сака да се пресели на островот Ојле. Вие сте меѓу оние кои одлучиле да се преселат.

**ОСТРОВОТ ОЛЈЕ**

Вие живеете на островот Ојле кој се наоѓа во Тихиот океан, токму на патот по кој во старите времиња се движеле бродовите низ океанот. Вашиот остров отсекогаш се ослонувал на трговија и комуникација со други земји; стотици и стотици години сте имале политика на отворени граници. Ова значи дека патници и имигранти од голем број различни култури отсекогаш биле и ден денес се силно обележје на животот на островот. Резултат од тоа мешање на култури и народи е едно мошне разнолико население кај кое ко-егзистираат голем број различни мислења, убедувања и културни практики.

Таквата разноликост нашла свој одраз во вашата национална култура; луѓето едноставно се живо заинтересирани да научат други начини како може да се прават работите, односно да се запознаат со различни убедувања и идеологии. Со една таква разноликост, сосема разбирливо е тоа што не секоја идеја или идеологија бива прифатена од сите жители на островот. Несогласувањето и конфликтот се начин на живот на вашиот островот. Скоро секоја средба на двајца луѓе се состои од спротивставување на мислења, убедувања и идеи. Згора на тоа, скоро секоја средба поминува низ или завршува со несогласување. Несогласувањето е како еден вид национално хоби на вашиот остров.

Од тие причини, не постојат закони кои би ограничувале што еден човек или една група може да му кажат на друг човек или друга група, односно кои би ограничиле што еден човек или една група можат да кажат *за* другиот. Некои луѓе кажуваат и ужасни работи. Понекогаш тоа доведува до ситуација одредени луѓето *да прават* ужасни работи. „Правењето" е казниво со закон, кажувањето не е.

Животот на островот Ојле е интересен, носи со себе предизвици и постојано се менува. Вие жителите на Ојле го цените богатството на културата и фактот што можете да кажете сè што сакате. Истовремено, вие знаете дека бескрајните препирања и несогласувања не секогаш водат кон чувство на среќа. Всушност, вам несогласувањата често ви се заморни па дури и многу болни затоа што не е секогаш лесно да слушаш како луѓето зборуваат работи кои ти ги сметаш за *погрешни*, а да не зборуваме за работите кои ги сметаш за сурови. Сте приметиле исто така и дека одредени групи во општеството се почесто жртви на суров и нетолерантен говор од други.

Дури и во една таква ситуација вам ви е важно никој никогаш да не биде оневозможен да каже што мисли.

Еден ветровит ден, на вашиот островот пристигна лоша вест дека силен ураган погодил еден од другите острови во Тихиот океан. Вие многу малку знаете за тој остров бидејќи тамошните жители отсекогаш живееле на некој начин изолирани. Се чуле гласини дека луѓето кои живеат на тој остров се многу глупави и многу заостанати, но никогаш во животот не сте сретнале никого оттаму. Знаете дека е скоро невозможно да се посети тој остров.

Владата објави дека островот Дојле толку многу настрадал од ураганот што најголем дел од преживеаните жители ќе се преселат на Ојле. Дојлевци веројатно би можело некако да се „стуткаат" на помал простор но без оглед на тоа новонастанатата ситуација ќе бара од жителите Ојлевци да направат одредени промени и прилагодувања. Работните места ќе мора да се отворат за сите и да се споделуваат, а можно е да нема доволно објекти за домување за секој да има свој дом.

## ПРОБЛЕМИ ЗА РАБОНИТЕ ГРУПИ

**ПРОБЛЕМ 1:**
Започната е кампања под наслов „Кој ќе најде јазик кај некој Дојлевец“. Оваа кампања доживува „експлозија“ на интернет. На веб-локацијата на кампањата може да се видат слогани од типот:
- *Прободи го Дојлевецот во стомак: види дали ќе врисне!*
- *Кој нема јазик, нема ни мозок!*
- *Најди јазик, добиј паметен телефон!*

Кампањата ги поканува луѓето да постават фотографии од јазици на Дојлевци. Во тој поглед постои и „галерија на јазици“ со фотографии и видео снимки кои покажуваат луѓе кои со сила ги тераат Дојлевци да ја отворат устата светејќи им со ламба во устата, позирајќи со телескопи или покажувајќи со прст кон јазикот. Кампањата станува сè позасилена и како резултат на тоа се случуваат голем број инциденти со напади врз Дојлевци на улица. Дојлевци на ова реагираат со изјавата дека одбиваат да бидат вовлечени во навредувачки разговор со луѓе кои не ги почитуваат.

**ПРОБЛЕМ 2:**
Млада девојка од заедницата Дојлевци доживува вербален напад на улица од група момчиња од заедницата Ојлевци. Тие ја нарекуваат „дебела свиња“, „валкана курва“ и ѝ велат дека нема ни јазик ни мозок. Девојката после ова се чувствува ужасно и не излегува од куќата ниту разговара со некого цели две недели. Три дена нема ништо ставено во уста. Нејзините родители се очајни поради ситуацијата.

**ПРОБЛЕМ 3:**
Објавен е извештај кој покажува дека стапката на невработеност кај Дојлевци е многу повисока отколку стапката за целото население, дека нема претставници на Дојлевци во парламентот и дека само мал број од нив се наоѓаат на позиции на моќ во некоја организација. Извештајот зборува и за други социјални фактори, како на пример за нивоата на стрес и ментални заболувања, образовното ниво и стапката на криминалитет. Кај сите овие индикатори Дојлевци стојат полошо отколку било која друга група во општеството. Кај најголем дел од остатокот на општеството преовладуваат негативни ставови и чувства кон Дојлевци.

НИВО 1
ГРУПА 10-20
ВРЕМЕ 45’

# БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

***Ова е активност во која учесниците кажуваат како најверојатно би реагирале на различни сценарија со насилство и разговараат за алтернативни правци на дејствување.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Насилство преку интернет, демократија и учество, интернет познавања |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 1 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 - 20 |
| ВРЕМЕ | 45 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разберат различните форми што може да ги има насилството како и врските меѓу „офлајн“ и „онлајн“ насилството;<br>Да се наведат различни начини за реагирање на насилство, сајбер насилство и говор на омраза на интернет;<br>Да се подигне свеста за важноста на реакцијата на такви негативни случувања. |
| ПОДГОТОВКА | Направете 4 знака на листови хартија А4 формат и залепете го секој од знаците во различен ќош од собата. На знаците треба да пишува:<br>Ништо<br>Ќе му се спротивстави на злоставувачот<br>Ќе го пријави таквото однесување<br>Нешто друго<br>Гледајте да има доволно простор за учесниците да може да се движат низ просторијата. |

**УПАТСТВА**

1. Започнете со прашање за учесниците за тоа што подразбираат под терминот насилство. Насочете ги во правец на размислување за различните начини на кои некои луѓе можат да злоставуваат други луѓе.
2. Посочете им ги на учесниците знаците во ќошовите од просторијата и објаснете им дека ќе им прочитате неколку различни сценарија. Секој учесник треба да избере некоја од следниве опции која најмногу соодветствува на тоа што тој или таа би направил:
   - Ништо нема да направи;
   - Ќе му се спротивстави на злоставувачот / злоставувачите (на пример: ќе влезе во дискусија со злоставувачот, ќе му/им возврати на добиениот удар или нешто трето). Доколку злоставувачот е непознат, постои можност оваа опција да не е релевантна;
   - Ќе го пријави ваквото однесување (на пример: ќе му каже на некој наставник, родител, администратор на веб-локација или друг орган);
   - Нешто друго (на пример: ќе вовлече и други во дискусијата, ќе формира „група за солидарност“ итн. Можете од учесниците да побарате дополнителни идеи).

3. Објаснете им дека откако ќе биде прочитано одредено сценарио, учесниците треба да отидат до оној ќош од просторијата кој најмногу одговара на начинот на кој тие најверојатно би реагирале. Нагласете им да бидат искрени во однос на тоа како би реагирале!
4. Прочитајте го првото сценарио и дадете им на учесниците време да изберат во кој ќош ќе појдат. Откако ќе заземат став, прашајте по неколку учесника во секоја група да објаснат зошто го одбрале токму тој одговор. Потоа прочитајте го следното сценарио и продолжете така сè додека не бидат продискутирани доволно случаи според ваша проценка.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Употребете некои од следниве прашања за анализата на активноста:

- Што мислиш за активноста? Кои сценарија ти беа најтешки за одговор и зошто?
- Дали мислиш дека сите сценарија беа примери на насилство?
- Дали некогаш си имал допирни точки со сајбер насилство – било како жртва било како набљудувач? Што можеш да кажеш за односот меѓу „офлајн“ и „онлајн“ насилството? Има ли позначајни разлики меѓу двете?
- Дали активноста те натера да гледаш на насилството / сајбер насилството на поинаков начин од порано? Дали активноста те натера да си помислиш дека во иднина можеби би реагирал поразлично?
- Што можеш да направиш против сајбер насилството?
- Кој треба да преземе акција за спречување на говорот на омраза на интернет? Каква треба да биде улогата на медиумските мрежи, интернет провајдерите, полицијата, родителите, органите на училиштето итн.?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Доколку групата е голема или ненавикната на општа дискусија, би можело да биде од корист да воведете „магично стапче“ или замислен микрофон така што оние кои многу сакаат да зборуваат да мора да чекаат да им дојде редот.
- Учесниците можеби ќе сакаат да изберат повеќе од една опција, како на пример, да изберат *реакција кон злоставувачот* и *пријавување на таквото однесување*. Ако нешто такво се случи, кажете им да отидат во ќошот кој им се чини најважен и потоа дадете им можност да го објаснат својот став.
- Имајте предвид дека одредени учесници можеби токму во тој период доживуваат насилство и тоа можеби од други членови на групата. Вие треба да покажете чувствителност кон различните лични потреби или конфликти и не треба никого да притискате да одговори ако не покажува волја за такво нешто.
- Доколку постојат учесници кои токму во тој период доживуваат насилство, оваа активност може да ги изнесе нивните грижи на површина и да ги натера да препознаат потреба од добивање дополнителна поддршка. Вие во доверба треба да им напомените дека можете да им понудите таква поддршка или да им кажете дека постојат алтернативни системи за поддршка кон кои би можеле да ги упатите. Пред реализацијата на активноста, можеби би било добро да се

информирате за постоечките локални или национални служби како на пример SOS линии или организации за поддршка на жртвите.

- Доколку учесниците не се запознати со сајбер насилството или не ја препознаваат штетноста од истото, она што би можеле да направите е да споделите со нив информации со кои ќе им ја подигнете свестаа како за проблемот така и за методите што ги користеле други луѓе. Таму каде е тоа релевантно, потребно е да им укажете на врските меѓу говорот на омраза и насилството (особено таму каде насилството е искомбинирано со говор на омраза).

**ВАРИЈАЦИИ**

Активноста би можела да биде и поедноставена со тоа што учесниците би имале право на избор само меѓу две опции: „ништо нема да преземам“ или „нешто ќе направам“. Двата знака би ги ставиле на два краја од собата и учесниците би се поставиле долж линијата помеѓу двата знака, а точната позиција ќе зависи од тоа колку се поблиску до едната односно другата опција.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Евентуална идна акција ќе биде поделотворна доколку учесниците се одлучат за некоја групна акција која би ја извеле заеднички. Можете да разговарате за различни активности кои би можело да бидат преземени како континуитет на оваа активност, и тоа активности од типот на подигнување на свеста за проблемот, („онлајн“ или „офлајн“), формирање група за поддршка или солидарност, спроведување политика за борба против насилството за групата / класот / училиштето или осмислување кампања со наслов: „НЕ за насилството на интернет“, итн.
Можете, исто така, да му се придружите на Движењето против говорот на омраза на Советот на Европа и да ја искористите интернет страницата на кампањата за споделување видео пораки на солидарност со жртвите на сајбер насилството. Можете да ја искористите и интернет страницата која содржи совети за сите корисници на интернетот околу тоа што да се прави во ситуации на сајбер насилство.

## РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**СЦЕНАРИЈА**

Сте примиле неколку навредливи E-mail и SMS пораки од адреси или телефонски броеви што не ви се познати. Некои од нив се со заканувачка содржина и по сè изгледа злоставувачите ве познаваат. Што ќе направите?

Одредени лица од вашето училиште видоизмениле неколку ваши фотографии и ги поставиле на интернет со безобразни коментари. Мислите дека знаете кој стои зад тоа. Што ќе направите?

Момче од друга земја од скоро е ваш соученик во класот. Вашите пријатели го исмеваат и почнуваат да објавуваат расистички шеги за него на социјалните мрежи. Тие постојано ви говорат да ги „репродуцирате“ таквите шеги на Твитер или на други места на интернет. Што ќе направите?

Група деца во вашиот клас шират навредливи гласини за вас на социјалните мрежи. Поради тоа голем број деца сега не сакаат да си играат па дури ни да зборуваат со вас.

Дури и вашите пријатели почнуваат да мислат дека гласините може да се точни. Што ќе направите?

Наставничката кажува пред целиот клас дека одредени луѓе се предмет на жестоко насилство и дека еден млад човек бил нападнат враќајки се дома од училиште. Таа упатува барање секој оној што нешто знае за ова да ѝ каже насамо по завршување на часот. Вие мислите дека знаете кој го сторил тоа, но исплашени сте затоа што сте примиле многу SMS пораки во кои Ве предупредуваат да молчите. Што ќе направите?

Гледате девојче на игралиште како стои само и плаче. Знаете дека другите деца ја задеваат бидејќи има потешкотии во учењето и ја викаат „глупача“ и „грдо прасе“. Вашите пријатели се меѓу најлошите задевачи и често го исмеваат девојчето кога сте сите заедно во друштво. Што ќе направите?

*Оваа активност претставува адаптација на активноста „Злоставувачки сцени“ од* „Compasito“ - прирачник за едукација за човековите права наменет за децата - *www.coe.int/compass*




# НЕОГРАНИЧЕНА СЛОБОДА?

***Учесниците ја истражуваат идејата за слобода на изразување со помош на неколку обработки на случаи. Тие треба да одлучат што ќе прават со коментарите или соопштенијата што се контроверзни, навредливи или потенцијално опасни.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Слобода на изразување, демократија и учество, човекови права |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 2 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 12 - 20 |
| ВРЕМЕ | 45 минути |
| ЦЕЛИ | Да се истражи концептот „слобода на изразување“;<br>Да се разбере зошто е важна слободата на изразување како за поединците така и за општеството;<br>Да се разгледаат причините зошто може да биде потребно ограничување на слободата на изразување за да се заштитат човековите права, особено во случаите каде има говор на омраза. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Подвижна табла и дебели фломастери;<br>Копии од картите на стр 78-79. |
| ПОДГОТОВКА | Направете копии од картите на стр 78-79 (да има доволно за секоја мала работна група) |

**УПАТСТВА:**

1. Прашајте ги учесниците што според нив значи терминот „слобода на изразување“. Запишете ги нивните одговори на подвижната табла и покренете дискусија за некоја од следниве работи доколку истите не бидат кажани од учесниците:
   - Дали слободата на изразување значи дека можеме да кажеме сѐ што сакаме?
   - Доколку сметате дека одредени изјави *не треба* да се дозволат, како ќе одлучиме што треба да се забрани? Кој треба да одлучи?
   - Освен преку зборување или пишување, кои се другите начини на кои можеме да се „изразиме“ (музика, драма, слики, говор на тело итн.)?
2. Немојте да се обидувате да ги „решите“ проблемите во овој момент: соберете неколку мислења од учесниците и објаснете дека овие прашања се во најголем број случаи контроверзни и дека ќе бидат детално истражени преку активноста.
3. Прашајте дали некој од учесниците некогаш бил *спречен* да каже нешто што сакал да го каже, било тоа да се случило дома, на училиште или во јавноста. Како се чувствуваше во таквата ситуација? Зошто ти беше важно да можеш да го изразиш своето мислење?

4. Изнесете неколку кратки информации за слободата на изразување. Послужете се со информациите дадени подолу или додадете на тоа нешто од материјалите на стр 157:

**СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ**
Правото да бидеме слободни да ги изразиме нашите мисли или мислења е важно човеково право и е дел од меѓународните правни акти за човековите права. Ова право е драгоцено не само затоа што нашите мисли, мислења и способност да комуницираме се централен дел од она што значи да се биде човек, туку и затоа што комуникацијата и дискусијата се од суштествено значење во градењето на ефективно демократско општество. Разбирањето на другите и соживотот едни до други зависи од постоењето на отворена и слободна комуникација, дури и ако понекогаш мораме да слушаме мислења со кои не се согласуваме.

5. Сепак, слободата на изразување не е „апсолутно“ право кое важи секогаш и секаде и без ограничувања. Тоа е право кое мора да биде избалансирано со правата на другите или со интересот на целото општество. Кога одредена изјава е исклучително штетна по одредени поединци или содржи потенцијал да му наштети на општеството, слободата на изразување *може* да биде ограничена.
   - Кажете им на учесниците дека ќе работат во мали групи (4-5 лица) каде ќе дискутираат за неколку случаи во кои одредени лица објавиле работи на интернет што се штетни за други луѓе и за нивните човекови права. Групите треба да одлучат дали се работи за ситуација каде некој од материјалите треба да се забрани, со други зборови дали треба да се ограничи слободата на изразување.
   - Доколку одлучат дека треба, прашањето е: што треба да се забрани и зошто?
   - Ако не, тогаш зошто не? Што друго може да се направи и кој тоа да го направи?
6. Поделете ги учесниците во групи од по 4 или 5 лица и дадете ѝ на секоја група копија од случаите на стр.78-79. Дадете им отприлика 20 минути да дискутираат за секој од случаите. Потоа ќе треба да се потрудат да ги образложат одлуките што ќе ги донесат.

**ИСПИТУВАЊЕ**
Случаите поминете ги еден по еден и побарајте да ги слушнете одговорите на групите. Накратко продискутирајте ги причините кои стојат зад нивните одлуки. Послужете се со некои од следниве прашања за да извлечете и други важни поенти:

- Дали имаше случаи каде не можевте да постигнете согласност во групата? Кои беа клучните разлики во мислењето?
- Дали правеше разлика фактот *кој* е одговорен за објавите на интернет? Дали правеше разлика фактот *колку* луѓе коментирале или *како* коментирале?
- Дали дојдовте до одредени принципи кои би важеле при одлучување за тоа кога слободата на изразување може (или треба) да се ограничи? Кои се опасностите од тоа да се биде премногу рестриктивен? Кои се опасностите од тоа да се биде премногу попустлив?
- Дали сметате дека затворањето веб-локации или отстранувањето штетни коментари на интернет претставува делотворен начин за борба против говорот на омраза на интернет?

- Постојат ли во вашата земја ограничувања за тоа што луѓето смеат да кажат „онлајн“ или „офлајн“? Дали правилата се различни за изразувањето „онлајн“?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Кога учесниците ќе дискутираат за случаите, потсетете ги да размислат колкав материјал би отстраниле од објавениот на интернет доколку се одлучат на таков чекор. На пример, би можеле да одлучат да ја отстранат целата веб-локација (или профил) или само една објава или видео клип, или да го забранат корисникот кој го објавил коментарот, итн.
- Учесниците треба да ги потсетите дека Европскиот суд за човекови права го смета секое ограничување на слободата на изразување за мошне сериозен чекор! Тоа треба да се прави само тогаш кога има силно оправдание за таков чекор.
- Можете да ги прашате учесниците колку им биле корисни дискусиите за оформување на нивното мислење и што ни кажува овој момент со дискусиите во врска со слободата на изразување.
- Доколку има потреба или доколку времето дозволува можете да им објасните дека законодавството за човекови права и слободата на изразување се всушност патоказ за тоа како *владите* треба да се однесуваат. Ограничувањето на изразувањето на интернет често знае да биде покомплицирано затоа што голем дел од интернетот е во сопственост на приватни компании (на пр. приватни даватели на услуги на хостирање, веб-локации за вести во „сопственост“ на компании, итн.). Се поставува прашањето дали и колку владите треба и можат да го регулираат говорот на интернет. Погледнете го поглавјето 5 каде можете да најдете информации за слободата на изразување.
- Обидете се, пред да започнете со активноста, да дознаете дали некој од случаите би бил незаконски според вашето национално законодавство.
- Би било од корист да ја завршите активноста така што ќе размислите за други начини на кои може да се реагира на вакви случаи. Упатете ги учесниците на материјалот за кампањата на Движењето против говорот на омраза во поглавјето 2 каде можат да најдат некои предлози. Потсетете ги учесниците дека отстранувањето навредлив материјал или одредена веб-локација не е единствената можна реакција! Истото може да биде тешко изводливо во праксата со оглед на количеството материјали што се објавени „онлајн“.

**ВАРИЈАЦИИ**

Случаите може да се одиграат како еден вид претстава: секоја мала група би подготвила едно од сценаријата и би го одиграла како претстава пред другите групи. Дискусијата околу најсоодветниот одговор или реакција би се одвивала во рамките на групата како целина.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Колку учесниците знаат за пратеникот во парламентот од нивниот град или област? Тие би можеле да направат едно истражување за јавните изјави на нивниот пратеник во врска со малцинствата или други ранливи групи и врз основа на тоа написмено да ја изразат нивната поддршка или несогласување. Поединечно писмо од секој член на групата дури би можело да предизвика реакција од другата страна!

Дискутирајте заедно со групата кои акции би се презеле доколку некој од учесниците наиде на расистички коментари објавени на интернет. Изгответе заедно аргументи и кратки пораки што учесниците можат да ги користат секогаш кога ќе наидат на примери на говор на омраза на интернет.

## РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

### СЛУЧАИ ЗА ДИСКУСИЈА

1. Една група која се вика „Да си ја вратиме нашата држава“ отвара своја веб-локација која се залага за „традиционалните вредности“. Голем дел од објавените коментари се расистички. Веб-локацијата привлекува голем број коментари и вжештени дискусии. Некои од дискусиите се карактеризираат со многу навредлив говор, но од друга страна има и голем број коментатори кои се спротивставуваат на расистичката идеологија на оваа веб-локација.
- Дали нешто треба да се отстрани? *Ако треба, тогаш колку и зошто?*
- Ако не треба, што друго би можело да се направи?

2. Николај е политичар кој ја користи својата лична веб-локација за да повикува на бркање на ромската заедница од територијата на неговата изборна единица, обвинувајќи ги Ромите за високиот степен на криминалитет. По ваквите негови повици се случуваат бројни напади врз Ромите низ целата земја. Голем број медиуми започнуваат да објавуваат стории каде станува збор за кривичните дела што ги вршат Ромите, но нема ништо за кривичните дела што се вршат врз Ромите.
- Дали нешто треба да се отстрани? Ако треба, колку и зошто?
-Ако не треба, зошто не? Што друго би можело да се направи?

3. На својот личен блог, Рори објавува карикатура каде е прикажан еден добро познат политичар со крв која капе од неговите прсти и многу мртви тела наоколу. Коментираат голем број луѓе, главно во правец на поддршка на карикатурата.
- Дали нешто треба да се отстрани? Ако треба, колку и зошто?
-Ако не треба, зошто не? Што друго би можело да се направи?

4. Ела објавува видео клип на нејзиниот јавен профил во кој се исмејуваат лицата со инвалидитет и се прикажуваат како неспособни „чудни“ суштества. Статистиката за оваа веб-локација покажува дека речиси никој не го изгледал видео клипот и дека воопшто нема коментари од посетители.
- Дали нешто треба да се отстрани? Ако треба, колку и зошто?
-Ако не треба, зошто не? Што друго би можело да се направи?

5. Еден новинар го гледа видео клипот (од примерот бр. 4) и започнува кампања за отстранување на профилот на Ела од социјалниот медиум. Како резултат на ова, видео клипот доживува илјадници посети. Луѓето почнуваат да коментираат во стилот „ова е најдобриот видео клип во историјата“, „треба да почнеме да бидеме реални во врска со лицата со инвалидитет“, итн.

-Дали нешто треба да се отстрани? Ако треба, колку и зошто?
-Ако не треба, зошто не? Што друго би можело да се направи?

6. Дита, која е позната јавна личност, објавува статија на еден интернет портал за вести во која вели дека трансродовите жени се „злоупотреба против човештвото“. Се формира посебна веб-локација со намера „да се сруши Дита“ преку објавување детали за нејзиниот живот. Дита почнува да добива стотици навредливи e-mail и Твитер пораки. Некои од нив содржат и закани.
-Дали нешто треба да се отстрани? Ако треба, колку и зошто?
-Ако не треба, зошто не? Што друго би можело да се направи?




# ГРУПА X

***Учесниците ги ставаат во корелација правата од Европската конвенција за човекови права и злоупотребите и навредите што често ги доживуваат младите Роми.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Расизам и дискриминација, човекови права, приватност и безбедност |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 4 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 12 - 24 |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Да се размисли за тоа како жртвите на говорот на омраза често се лишени и од многу други човекови права.<br>Да се подигне свеста за правата на Ромите и за кршењата на нивните човекови права што тие често ги доживуваат.<br>Да се стават во корелација правата содржани во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и вистински примери на злоупотреба. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Копии од Информација та за групата X (по една копија за секоја мала група);<br>Неколку копии од ЕКЧП (скратена верзија). Ќе ви треба најмалку по 2 копии за секоја мала група;<br>Хамери (листови хартија за подвижна табла) и фломастери;<br>Ножици и лепак (незадолжително). |
| ПОДГОТОВКА | Подгответе по еден хамер за секоја мала група. Залепете ја Информацијата за групата X во средината на хамерот. |

**УПАТСТВА**

1. Прочитајте ја на глас приказната за групата X (стр. 84). Објаснете дека сите примери во наративот се типични искуства што ги доживуваат луѓето од едно конкретно малцинство, малцинство кое нема своја сопствена држава, но кое живее во многу земји од светот. Дадете им на учесниците можност да погодат за кое малцинство се работи, а потоа потврдете им дека примерите се типични за ромската популација во различни земји низ Европа.
2. Побарајте од учесниците нивна кратка реакција на текстот што им го прочитавте. Објаснете им дека најголем дел од примерите се противзаконски од аспект на законодавството за човекови права и дека истите се противзаконски во секоја земја од Европа. Потсетете ги учесниците, ако има потреба, општо за човековите права и поконкретно за Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Послужете се со базичните информации на стр.199.

3. Објаснете дека учесниците ќе работат во мали групи (4 - 5 лица) и дека ќе користат една скратена верзија на ЕКЧП со цел да ги стават во корелација примерите во текстот, од една страна, и правата содржани во Конвенцијата, од друга.
4. Дадете му секому копија од ЕКЧП и прочитајте ја листата заедно доколку има потреба да ги потсетите учесниците за ЕКЧП. Одговорете на евентуалните прашања во врска со содржината на правата.
5. Речете им на учесниците да формираат мали работни групи (отприлика по петорица во во секоја група) и дадете ѝ на секоја група по еден хамер на кој е залепен текстот за групата X. Речете им да ги обележат на хамерот, блиску до текстот, врските меѓу деловите од приказната што ја раскажува детето и конкретните човекови права.
6. Дадете им на групите околу 20 минути да завршат со одредувањето на врските од претходната точка. Залепете ги готовите хамери на ѕидот и дадете им на учесниците можност да погледнат што сработиле другите групи и да забележат евентуални сличности или разлики.
7. Преминете на Појаснувања за учесницитеа.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Вратете ги учесниците назад во една група и искористете некои од следниве прашања за во врска со активноста.

- Дали бевте изненадени од бројот на различните навреди и напади што вообичаено ги доживуваат припадниците на ромската заедница? Дали сметате дека некои или сите од дадените примери се случуваат и во оваа земја?
- Дали некогаш сте слушнале или самите сте биле сведок на примери на навредлив говор против припадниците на ромската заедница? Дали сте виделе нешто такво „онлајн“?
- Замислете дека наидувате на навредлив коментар за Ромите на нечиј профил на социјалните мрежи: што би направиле? Дали сметате дека би направило разлика ако луѓето почнат да се спротивставуваат на таквите коментари или да објавуваат позитивни стории наместо негативни?

Поставете некои од следниве прашања за да дознаете дали учесниците имаат некакви предрасуди кон Ромите:

- Оние кои ја изготвија Универзалната декларација за човековите права (и ЕКЧП) сметаа дека никогаш не треба да носиме суд за некого врз основа на фактот на која „група“ тој или таа ѝ припаѓа. Дали се согласувате?
- Што мислите за коментарот на детето дека постојат криминалци во *секоја* заедница, и дека ние не го користиме тој момент за да кажеме дека секој во таа заедница со сигурност е криминалец? Зошто истото го кажуваме за „сите Роми“ ако не ги познаваме „сите Роми“?
- Оние кои ја изготвија Универзалната декларација за човековите права исто така мислеа дека постојат одредени работи што не смееме да му ги направиме на *никого*, без оглед на тоа што направил и како се однесувал. Дали се согласувате?

- Што мислите за тоа како вие би се чувствувале ако другите постојано лошо се однесуваат кон вас во заедницата? Какво би било вашето однесување во таков случај?
- Што знаете за животот на ромските заедници? Што знаете за проблемите со кои се соочуваат?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Може да се случи да увидите дека голем број учесници имаат силни предрасуди кон Ромите. Гледајте да не дискутирате за ова прашање пред групите да ја завршат својата работа на подвижните табли. Употребете некои од прашањата во склоп на анализата на активноста за да видите каква е состојбата по однос на предрасудите кон Ромите откако ќе заврши активноста.
- Додека групите работат на подвижните табли, кажете им дека можат да користат каков сакаат метод за прикажување на врските со човековите права: можат да го исечат листот со Информацијата или да ги исечат картите и да ги залепат на хамерот на подвижната табла. Исто така, можат да користат фломастери за да ги напишат соодветните членови од Конвенцијата на хартијата, можат да цртаат стрелки и сè друго што сакаат. Доколку им се потрошат картите кои означуваат определени права, кажете им да ја искористат својата имагинација за да ги прикажат преостанатите врски!
- Наративот всушност не е извештај од едно ромско дете, но секој од примерите за кои зборува детето е мошне реален во речиси секоја европска земја. Можете да искористите некои од врските од крајот на вежбата за да елаборирате подетално за опишаните навреди и напади.
- Можете да им објасните на учесниците дека не сите човекови права кои ние како луѓе ги имаме нашле свое место на картите. ЕКЧП покрива само некои од нашите човекови права, а само некои од правата (не сите) наведени во ЕКЧП се претставени на картите.
- Употребете ја листата со „засегнати права“ на стр. 84 кога ќе презентирате во врска со напишаното на таблите. Имајте предвид дека голем дел од злоупотребите во приказната засегнуваат повеќе од едно право и дека скоро сите злоупотреби го засегнуваат правото на слобода од дискриминација.
- Потсетете ги учесниците дека повредите на човековите права се нешто поразлично од „вообичаените“ кривични дела: тие се поврзани со однесувањето на владите, односно на лицата вработени во јавната служба како што се наставниците, полициските службеници или затворските управители. Јавните службеници имаат одговорност да не ги злоупотребуваат луѓето, од една страна, но и одговорност да обезбедат луѓето да не бидат злоупотребувани од други луѓе. Доколку полицијата не ѝ пријде со сериозност на поднесена жалба за некаква злоупотреба, таа не си ги извршува надлежностите во врска со човековите права.

**ВАРИЈАЦИИ**

Активноста може да ја користи Универзалната декларација за човековите права наместо Европската конвенција за човековите права.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Побарајте од учесниците да направат истражување за состојбата на Ромите во нивната земја. Различни групи можат да работат на различни теми.

Како алтернатива на ова, учесниците би можеле да ги следат веб-локациите што често ги посетуваат во однос на појавата на негативни коментари за Ромите. Примери за такви коментари треба да се доставаат до интернет сервисот „Хејт спич воч“ на веб-локацијата на кампањата на Движењето против говорот на омраза: (www.nohatespeechmovement.org/hate-speech-watch)

Можете да ги искористите фактографските листи за историјата на Ромите изготвени од Советот на Европа за да ги запознаете учесниците со минатото и со актуелната состојба на Ромите ширум Европа. Повеќе информации на: www.coe.int/t/dg4/education/roma/histoCulture_en.asp

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ГРУПА X**

Јас сум дете од групата X. На училиште ме ставија во посебна паралелка за ромски деца. Нам не ни е дозволено да бидеме во „нормални“ паралелки. Мене често ме малтретираат другите деца затоа што сум од групата X, а такви се и моите пријатели. Наставниците не преземаат ништо во врска со ова, а згора на тоа некои наставници дури и нè зедоа на заб. *Тие* никогаш не биле казнети за таквото свое однесување. Знам за случај каде во една земја сите деца од групата X мораат да учат во училишта за деца со потешкотии во учењето.

Луѓето не сакаат да им бидеме во близина. Тие дури и не нè познаваат, туку само се дерат на нас или нè тепаат поради тоа кои сме или кои тие мислат дека сме. Епа, ние сме деца, исти како нивните деца. И како човек може да се однесува ако некој постојано ти се дере или те тепа? Да не треба уште и да ги сакаме за тоа што ни го прават?

Ако ѝ се обратиме за помош на полицијата, тие често не ни слушаат што им кажуваме. Ни велат дека сигурно ние сме биле виновни затоа што ние сите до еден сме бељаџии. Како ли само го знаат тоа? Јас си мислев дека судовите се тие кои треба да одлучат кој е виновен. Полицијата цело време нè запира на улица без причина. Ни велат дека се сомневаат дека сме украле нешто и дека треба да нè претресат. Понекогаш ме запираат 6 пати неделно иако јас никогаш ништо не сум украл.

Имам слушнато за луѓе од мојата заедница кои биле во затвор и биле тепани од затворските чувари. Зошто да не биде казнет некој кој тепа друг човек? Дури и затворските чувари имаат обврска да го почитуваат законот.

Минатото лето низ нашето село маршираа групи луѓе кои носеа иста облека и пееја песни против нас. Ние сите бевме исплашени и се затворивме во домовите. Тие фрлаа со камења по нашите куќи и истепаа неколку млади луѓе кои се обидоа да ги избркаат. Полицијата не презеде ништо...

Членови на владата често знаат да нè навредат, како божем сите од групата X да се исти и како сите да се криминалци. Епа, не сме. Во *секоја* заедница има луѓе кои извршуваат кривични дела. Владата не ги навредува сите во другите заедници само поради тоа што неколку луѓе од тие заедници се занимаваат со криминал. Зошто им е тешко да кажат и добри работи и примери за луѓето од групата X кои се луѓе како и сите други?

На телевизија и на интернет луѓето си кажуваат што им е волја за нас. Смачено ми е веќе да гледам „онлајн“ групи како ни кажуваат дека сме валкани или глупави или уште полоши работи. Тие ни велат да си одиме од земјата, да си одиме дома и да си најдеме работа како и сите други. Татко ми многу би сакал да има работа, но никој не сака да го вработи затоа што е од групата X.

Како ли ќе се живее вака? Како можеме да се чувствуваме кога секој кажува лоши работи за нас, дури и кога не нè познаваат? Навистина е тешко: понекогаш не сакам ни да излезам надвор затоа што се плашам дека некој ќе ми се раздере или ќе ме натепа.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ЗАСЕГНАТИ ПРАВА**

*Сите* примери најверојатно го засегнуваат правото на слобода од дискриминација (член 13 или протокол 12). Други права на кои би можеле да се повикаме:

| | |
|---|---|
| Посебни паралелки или училишта за ромските деца | Протокол 1, член 2. |
| Наставниците ги имаат земено на заб ромските деца | Можеби член 8 (приватен живот). Доколку се работи за исклучително лош однос кон децата, можеби и член 3. Доколку таквиот однос негативно влијае и врз нивното образование, можеме да се повикаме и на протокол 1, член 2. |
| Наставниците не се „казнети“ | Ако никој не им приоѓа со сериозност на жалбите, можеби член 8 (или член 3, доколку однесувањето било многу лошо). Постои простор и за протокол 1, член 2. |
| Луѓе кои им се „дерат“ на Ромите, луѓе кои маршираат низ селата каде живеат Роми | Можеби член 8 доколку се работи за лошо однесување кое се случува редовно и за кое полицијата не презема ништо. |
| Луѓе кои ги тепаат Ромите | Можеби член 8 доколку полицијата не реагира на жалбите. Доколку тепањето е многу сериозно или се случува редовно, можеби член 3. |
| Полицијата не ни ги слуша жалбите од Ромите | Член 8 или 3, зависно од тоа колку е сериозна жалбата. Доколку има и закани по животот на луѓето, можеби член 2. |
| Полицијата ги запира и претресува Ромите | Можеби член 5 (слобода) ако луѓето ги запираат многу често без издржана причина. Исто така и член 8 (приватен живот). |
| Затворските чувари ги тепаат ромските затвореници | Можеби член 3 доколку станува збор за жестоко претепување. Исто така и член 8. |
| Затворските чувари не се „казнети“ за тоа | Можеби член 3 доколку станува збор за жестоко претепување. Исто така и член 8. |
| Членови на владата ги навредуваат Ромите | Можеби член 8 доколку навредите се многу тешки и влијаат врз односот на другите кон Ромите. |
| Навреди на интернет / во медиумите | Ова може и да не биде стриктна повреда на човековите права затоа што за истата не е одговорен јавен службеник. Навредата би требало да биде мошне сериозна и потребно е да биле поднесени формални жалби кои наишле на игнорантски однос од страна на јавни службеници. |
| Не можеш да најдеш работа „затоа што си Ром“ | Можеби член 8 – особено ако владини организации одбиваат да вработат некого само затоа што е Ром. |
| Се плаши да излезе надвор на улица | Ако постои реална опасност за ромските деца на улиците а полицијата притоа ништо не презема, може да се повикаме на членот 8 или 3 (или 2) |

# ИГРАЈ ПОВТОРНО




***Оваа активност се заснова на следнава симулациона вежба: некој бива вовлечен во чин на насилство поради врснички притисок. Од учесниците се бара повторно да го одиграат сценариото со цел на крајот да се постигне различен исход.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Насилство преку интернет, демократија и учество, расизам и дискриминација |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 2 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 - 20 |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разбере како функционира насилството;<br>Да се развие солидарност и емпатија за жртвите на насилство;<br>Да се охрабрат учесниците да дејствуваат против насилството и говорот на омраза на интернет. |
| ПОДГОТОВКА | Определете четворица доброволци пред да започне активноста. Тие ќе треба да одиграат кратка симулација пред остатокот од групата (не повеќе од 5 минути). Дадете им копии од сценариото на стр. 89 за да се подготват. Помогнете им да започнат со играњето улоги доколку се јави потреба за тоа.<br>Погрижете се да има доволно простор за симулацијата. |

**УПАТСТВА**

1. Кажете ѝ на групата дека активноста ќе започне со една кратка симулациона вежба. Прочитајте им го следново сценарио, потоа претставете ги доброволците и поканете ги да ја одиграат вежбата.

> СЦЕНАРИО:
> Алберт е тивко момче кого другите ученици во класот го гледаат како малку „поразличен“. Тој нема многу пријатели и често го мачат мисли дека другите во класот не го сакаат. Понекогаш знае да изигрува будала за да ги смее другите деца и доста е успешен во тоа (иако наставникот не секогаш тоа го одобрува!).
> После една ситуација кога Алберт успева до солзи да ги насмее сите во класот, кога си одел од училиште му пришле Дерек и Џаред – две момчиња кои се меѓу најпопуларните во класот. Тие тројцата заедно се смееле на тоа што го направил Алберт и заедно оделе накај дома. Поради тоа Алберт се почувствувал мошне горд, како конечно да станал прифатен.

2. Сега нека ја одиграат симулацијата.
3. По одигрувањето на симулацијата прашајте ги учесниците што мислат односно какви им се реакциите. Помогнете им да се отворат доколку е потребно со помош на неколку прашања, на пример:

- Дали мислите дека сценарио е реално?
- Што мислите за однесувањето на Алберт?
- Што мислите - како се чувствувал Ахмед?

4. Речете им на учесниците да размислат како тие би се однесувале кога би биле на местото на Алберт. Потоа кажете им дека симулацијата ќе биде одиграна уште еднаш, но овојпат ќе поканите други доброволци да ја одиграат и ќе оставите да видите дали тие ќе успеат да извлечат подобар исход за Ахмед (и Алберт).
5. Започнете со играње на симулацијата по вторпат (со истите доброволци), но запрете во одредени моменти и побарајте новите доброволци да ги заменат местата со некој од карактерите. Ова можете да го изиграте двапати за да овозможите повеќе лица да учествуваат во активноста.
6. По симулацијата, поканете ги сите да предложат нешто што Алберт можел да го објави на интернет на крајот од оригиналното сценарио – нешто што би помогнало да се поправи штетата. Тоа би можело да биде објава на Твитер, лична порака, некаков коментар или нешто сосема друго. Потоа преминете на Појаснувања за учесницитеа.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Погрижете се учесниците да излезат надвор од нивните улоги, доколку учествувале во симулацијата. Нагласете им дека на следниве прашања треба да одговорат од нивна гледна точка, а не од гледна точка на карактерите кои ги играле во симулацијата.

- Кое беше вашето мислење за оваа активност?
- Кои беа работите што го натераа Алберт и тој да се вклучи во насилството?
- Колку вам ви е тешко или лесно да им се спротивставите на вакви притисоци во вашиот живот?
- Што ако ова се случеше „онлајн“? Што би било слично? Што би било различно?
- Дали имате видено коментари објавени на нечиј личен профил или на друго место на интернет кои напаѓаат луѓе на начин како што тоа Алберт го сторил во ова сценарио?
- Постои ли нешто што можете да го направите за да спречите вакви работи да бидат објавени на интернет или за да ги ублажите последиците од нив?
- Дали научивте нешто од активноста, или дали истата ве натера да размислувате за насилството на поинаков начин?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Треба да бидете запознати со евентуални потенцијални тензии во групата пред да ја изведете оваа активност. Можеби ќе треба да го промените сценариото така што истото да не генерира силни негативни ставови кон одредени луѓе во групата. Ова особено се однесува на евентуалната потреба да ја промените националноста на Ахмед или да ги промените коментарите што ги кажува Алберт, или можеби ќе треба да ги замените женските карактери во сценариото.
- Бидете внимателни при изборот на доброволците. Гледајте да изберете доброволци кои не се лично поврзани со проблемите што се обработуваат во сценариото. Кажете им на првите доброволци дека симулацијата не мора да трае долго.

- По одиграната симулација можете да оставите одредено време за луѓето кои немале можност да учествуваат да дадат свои предлози. Играњето на симулацијата повеќе од три пати би довело до тоа работите да се повторуваат, но затоа може да се побара од учесниците да смислат други можни начини за промена на крајниот исход.
- Доколку симулацијата создаде силни емоции кај учесниците, би можело да биде од корист да се реализира една кратка активност пред анализата на активноста со цел да им се овозможи да се дистанцираат од нивните улоги. Обично за тоа е доволно да се побара од нив да си го кажат гласно името или да се изведе брза физичка вежба.
- Потрудете се да не го кажувате сопственото мислење во врска со било кое од однесувањата во симулацијата. Наместо тоа, поставувајте прашања преку кои ќе овозможите учесниците да видат и чујат различни мислења и гледишта. Важно е учесниците да се чувствуваат слободни да говорат искрено за сопствените ставови или однесување, вклучително и за евентуалните потешкотии што би можеле да ги доживеат доколку не му подлегнат на врсничкиот притисок.

**ВАРИЈАЦИИ**
Наместо играње симулација овој пример би можел да се искористи како студија на случај, со алтернативни сценарија дискутирани во мали групи или на ниво на целата група.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**
Поканете ги учесниците да осмислат пораки на солидарност со жртвите на сајбер насилство или да изготват листа со предлози за луѓето кои се чувствуваат „притиснати“ да се придружат некому во некакво насилство. Овие пораки би можеле да ги споделат на веб-локацијата на Движењето против говорот на омраза www.nohatespeechmovement.org.
Изгответе акционен план за ситуации каде учесниците ќе се сретнат со сајбер насилство на интернет, било како жртва било како набљудувач. Членовите на групата би можеле да склучат еден вид пакт дека секогаш ќе направат нешто од акциониот план доколку се сретнат со примери на насилство на интернет.
Постојат бројни организации или локации на интернет кои се занимаваат со проблемот на сајбер насилство. Проверете дали учесниците се запознати со системите за поддршка на кои би можеле да им се обратат по активноста, доколку се јави таква потреба. Користете пребарувач за наоѓање одредени локални иницијативи или побарајте општи информации на следниве веб-локации: www.stopcyberbullying.org и http://yp.direct.gov.uk/cyberbullying.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ (ЗА ДОБРОВОЛЦИ)

**УПАТСТВА**

Подгответе кратка симулација за следново сценарио. Симулацијата треба да започне во моментот кога Џаред и Дерек му приоѓаат на Алберт по часовите на пат кон дома. Одлучете кој ќе ги игра улогите на Дерек, Џаред , Алберт и Ахмед.

- Дерек, Џаред – популарни момчиња во училиштето. Тие го започнуваат насилството.
- Алберт – момче кое тешко стекнува пријатели. Него го прифаќаат во свое друштво Дерек и Џаред .
- Ахмед – нов ученик во класот, по потекло од Етиопија.

**ЗАПОЧНЕТЕ СО СИМУЛАЦИЈАТА ОТТУКА:**

Одејќи од училиште кон дома, Дерек, Џаред и Алберт го гледаат Ахмед пред нив како си оди дома сам. Ахмед од неодамна е во нивниот клас, инаку потекнува од друга земја. Некои од учениците го задеваат затоа што лошо го зборува јазикот што се зборува во училиштето, затоа што е физички помал од повеќето деца во класот и заради тоа што е лошо облечен.

Дерек и Џаред го забрзуваат чекорот за да го стигнат Ахмед. Потоа почнуваат да го навредуваат, да му ја влечат чантата и го прашуваат дали сите во Етиопија носат алишта како неговите и дали не би требало да биде во бебешко одделение кога веќе не го говори јазикот што се користи во училиштето.

Алберт се чувствува многу нелагодно. Дерек и Џаред настојчиво го поттикнуваат да им се придружи во тоа што го прават и го прашуваат што мисли. На крајот, Алберт кажува нешто за што мисли дека е духовит коментар велејќи дека луѓето во Етиопија живеат на дрвја и зборуваат мајмунски јазик. Дерек и Џаред се „кинат“ од смеење, додека Алберт приметува дека Ахмед е мошне вознемирен и преплашен од трите момчиња.

Кога Алберт конечно се враќа дома западнува во лошо расположение. Тој знае како е да се биде задеван од другите деца, и знае дека она што му го кажал на Ахмед е многу полошо од било што што некој нему му го рекол. Но од друга страна, му годело чувството да се смее заедно со Дерек и Џаред, чие пријателство многу му значи. Тој потоа се приклучил на интернет и им испратил покана за пријателство на Дерек и Џаред. Потоа го објавил својот коментар за Етиопјаните на својот профил.




# ТРКА ЗА ПРАВА!

***Оваа активност обезбедува базичен вовед во човековите права преку тимска игра. Учесниците имаат задача да им опишат различни права на членови на нивниот тим користејќи сè што сакаат освен зборови!***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Човекови права, расизам и дискриминација, приватност и безбедност |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 1 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 - 16 |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разберат правата содржани во Универзалната декларација за човековите права (УДЧР);<br>Да се размисли за заштита на човековите права во светот на интернетот;<br>Да се дискутира за врските меѓу човековите права и говорот на омраза на интернет. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Копии од карти со права: направете по една копија за секој тим;<br>Копии од карти за погодување: направете 5 копии од страницата 94;<br>Копии од УДЧР (резиме): направете доволно копии за секого;<br>Хамери (т.е. листови хартија за подвижна табла) и дебели фломастери (незадолжително);<br>Простор за 2 или повеќе тима да работат одделно; идеално би било да работат во различни простории;<br>Двајца модератори (ова би било идеално). |
| ПОДГОТОВКА | Исечете ги картите со права и картите за погодување;<br>Можете да ја исфотокопирате „картата за информирање на собирачите“ или текстот од картата да го поставите на подвижна табла или на графоскоп. |

**УПАТСТВА**

**ФАКУЛТАТИВНА ПОЧЕТНА ВЕЖБА** (ЗА ГРУПИ КОИ НЕ СЕ ЗАПОЗНАЕНИ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА)

1. Прашајте ги учесниците што подразбираат под терминот човекови права. Напишете предлог одговори на подвижната табла и помогнете со дополнителни прашања доколку се јави потреба. На пример:
   - Кој има човекови права?
   - Можете ли да именувате некои човекови права?
   - Кој мора да се погрижи за тоа човековите права да се почитуваат?
   - Од каде произлегуваат човековите права?
2. Дадете им едно кратко резиме на човековите права, на пример:

| |
|---|
| Човековите права му припаѓаат на *секого* и тие се „закон за владите“. Човековите права значат дека владите мора да се погрижат луѓето да бидат заштитени од неправично постапување, екстремна злоупотреба и насилство и од други работи. Човековите права се важни затоа што тие нè штитат и затоа што определуваат дека не смееме да се однесуваме кон другите на начин што не ги почитува *нивните* права. |

**ГЛАВНА АКТИВНОСТ**

3. Објаснете им дека активноста се состои од тимска игра која има за цел да ги потсети учесниците за правата содржани во Универзалната декларација за човековите права. Кажете им ги во главни црти целта и правилата на играта (стр. 93) и поделете ја групата во тимови од по 6–8 луѓе. Секој тим треба да го добие следново:
   - Копии од резимето на УДЧР;
   - 2 карти за погодување;
   - Информација за собирачите (или напишете го истото на подвижна табла).
   - Хамери за секој тим и дебели фломастери (незадолжително).
4. Ако учесниците не се запознати со УДЧР, дадете им одредено време да ги прочитаат членовите и да постават прашања доколку не разбираат некое право.
5. Кажете ги правилата (стр.93) и проверете дали сите учесници ги разбираат. Потоа започнете со играта!
6. Откако некој тим ќе ги погоди сите права, односно кога на тимот ќе му снема карти за погодување, со тоа играта е завршена. Побарајте повратни коментари (фидбек) и дозволете им на учесниците малку да се изрелаксираат и „оладат“ по жешкиот натпревар! Анализирајте ја активноста со помош на некои од следниве прашања.

**ИСПИТУВАЊЕ**

**МИСЛЕЊА ВО ВРСКА СО ИГРАТА:**

- Кои од правата беа најтешки за објаснување? Зошто?
- Какви заклучоци можете да извлечете во врска со комуникацијата: зошто често знае да биде тешко да се разбереме едни со други? Дали за тоа е виновен „соопштувачот“ или „слушачот“ или и двајцата?
- Какви емоции имате кон вашиот тим сега? Што чувствувате кон другиот тим?
- Размислете за натпреварувачките игри: зошто честопати се приврзуваме кон одреден тим, а не на пример кон друг? Дали ова приврзување е засновано на разум? Ви доаѓаат ли на памет некои паралели во реалниот живот?

**МИСЛЕЊА ВО ВРСКА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА:**

- Дали некои од правата беа особено тешки за разбирање?
- Дали сметате дека би можеле да функционирате и без некои од овие права? Ако би можеле, кои права би биле тие?
- Дали сметате дека овие права треба да важат и за светот на интернетот како што важат за „реалниот“ свет? Можете ли да дадете примери за тоа каде некои од овие права се релевантни за „онлајн“активностите?
- Дали сметате дека човековите права се почитуваат на интернет?

**МИСЛЕЊА ВО ВРСКА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА:**

- Објаснете накратко дека говор на омраза е секое „изразување“ на омраза кон одредена група или член на група кое е безобразно, навредливо и кое најчесто доведува до насилни реакции кон припадниците на групата. Побарајте да кажат неколку примери заради разјаснување.
- Кои од правата во играта би можеле да бидат релевантни за говорот на омраза? Зошто?
- Доколку сте мета на говор на омраза на интернет, кои права најверојатно би ви биле потребни?
- Што би можело да се стори во врска со експанзијата на говорот на омраза на интернет?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Играта ќе биде поефективна со двајца модератори. Обучувачите ќе треба да внимаваат собирачите да не реагираат на „неофицијални“ погодувања (на пример со одрекување со главата или со охрабрувачки изглед).
- Учесниците би можеле да работат во парови на објаснување на правата. Тоа би им овозможило да продискутираат околу значењето на правата, но од друга страна активноста би траела подолго.
- Кога собирачите ќе дојдат за да земат нова карта со права, потсетете ги дека мораат да ги предадат употребените карти за погодување. Проверете што е напишано на картите и предадете нови карти за погодување доколку има потреба.
- Вие ќе треба да се концентрирате на една или две од областите за „размислување“ со цел да ги обработите прашањата поцелосно. Не се обидувајте да ги покриете сите прашања!
- Размислувањата околу „припадноста“ на тимот би можеле да се искористат за размислување и за други припадности, како на пример припадност на држава или припадност на одредена етничка група. Вие би можеле да ги истражите емотивните приврзаности што луѓето често ги имаат кон „сопствената“ група и тоа да го искористите за истражување на темите поврзани со расизмот и дискриминацијата.

**ВАРИЈАЦИИ**

Активноста би можела да се изведе како цртање или како драма или и двете, како што е запишано во упатствата погоре.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Побарајте од учесниците да посочат некоја „онлајн“ новинска статија во која станува збор за некаква злоупотреба на човековите права. Потсетете ги дека злоупотребите на човековите права не се „вообичаени“ кривични дела туку дека во таквите случаи сигурно има некаков пропуст на страната на *владата* во напорите што ги вложува за заштита на луѓето.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ТИМСКА ИГРА: ПРАВИЛА НА ИГРА**

**Цел на играта**: да се погодат сите карти со човекови права пред другиот тим или тимови, или да се заврши со најголема бројка на преостанати карти за погодување.

**Правила**:

- Едно лице од секој тим („собирачот") собира карта со човеково право од модераторот. Задача на собирачот е да им го објасни правото напишано на картата на остатокот од неговиот тим без зборување. Собирачите смеат да цртаат слики или да користат гестикулации или пантомима, но не смеат да користат никакви други начини за објаснување на правото запишано на картата.
- Остатокот од тимот има листа со права наведени во УДЧР и треба да погодуваат кое човеково право е запишано на картата. Околу ова целиот тим треба да дискутира и да се согласи пред „официјално" да погодува. Кога членовите на тимот ќе се согласат околу својата претпоставка, тоа треба да се запише на една од картите за погодување и картата да му се даде на собирачот. Собирачот потоа одговара.
- За секое право може да се искористат максимум две карти за погодување. По два неуспешни обида правото ќе се смета за „непогодено", по што следниот собирач оди да земе нова карта од модераторот. Тие притоа треба да ги предадат искористените карти за погодување.

Ако било точно првото погодување, тимот добива две нови карти за погодување.
Ако било точно второто погодување, тимот добива една нова карта за погодување.
Ако правото не било погодено (по 2 обида), тимот не добива карти за погодување.

- За секоја карта се испраќа различен собирач. Кога сите ќе поминат во улога на собирач, започнува втор круг.
- Играта завршува кога еден од тимовите точно ќе ги погоди сите карти, или кога на некој од тимовите ќе му се потрошат сите карти за погодување.

**Запомнете!**

- Не сите права се вклучени во играта: во УДЧР се наведени 30 различни права, а играва оперира само со 12 карти за погодување.
- Секој тим на почетокот располага со само 20 можности за погодување. Тимовите треба да бидат внимателни да не ги трошат залудно можностите! Тимот на кого прв ќе му се потрошат картите за погодување ја губи играта.

**КАРТА СО ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОБИРАЧИТЕ**

Немате право да зборувате кога ќе ви дојде редот да бидете собирач! Смеете да цртате слики и да користите гестикулации или пантомима во објаснувањето пред вашиот тим. Гледајте да не користите никакви други средства или начини за помош на тимот.
Доколку вашиот тим настапи со „неофицијална" претпоставка, односно претпоставката не ја запише на карта, не смеете да одговарате! Можете да климнете или одречете со главата доколку ви постават прашања во врска со нешто друго како на пример „дали го метеш подот?", „дали си во затвор?", „дали е тоа сладолед?", но НИКАКО ЗБОРУВАЊЕ!

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**КАРТИ ЗА ПОГОДУВАЊЕ**

| Карта за погодување | Карта за погодување |
|---|---|
| *Напишете ја вашата претпоставка овде* | *Напишете ја вашата претпоставка овде* |
| Карта за погодување | Карта за погодување |
| *Напишете ја вашата претпоставка овде* | *Напишете ја вашата претпоставка овде* |
| Карта за погодување | Карта за погодување |
| *Напишете ја вашата претпоставка овде* | *Напишете ја вашата претпоставка овде* |
| Карта за погодување | Карта за погодување |
| *Напишете ја вашата претпоставка овде* | *Напишете ја вашата претпоставка овде* |
| Карта за погодување | Карта за погодување |
| *Напишете ја вашата претпоставка овде* | *Напишете ја вашата претпоставка овде* |
| Карта за погодување | Карта за погодување |
| *Напишете ја вашата претпоставка овде* | *Напишете ја вашата претпоставка овде* |

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

## КАРТИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

| | |
|---|---|
| Член 1 | Член 14 |
| Сите луѓе ги имаат истите човекови права. | Секој има право да побара азил во друга земја доколку е прогонуван. |
| Член 2 | Член 18 |
| Никој не треба да биде дискриминиран. | Секој има право на верско убедување. |
| Член 3 | Член 19 |
| Секој има право на живот. | Секој има право на слобода на изразување (да го каже тоа што сака да го каже). |
| Член 5 | Член 20 |
| Секој има право на слобода од измачување. | Секој има право да се зачлени во некое здружение и право на собирање со други луѓе. |
| Член 11 | Член 21 |
| Секој има право да биде сметан за невин додека не се докаже неговата вина. | Секој има право да гласа на избори и да учествува во власта. |
| Член 12 | Член 27 |
| Секој има право на приватност. | Секој има право да учествува во културниот живот на својата заедница. |

# ЧИТАЊЕ НА ПРАВИЛАТА




***Учесниците ги откриваат условите за користење на одредена веб-локација или поинаку кажано упатствата за корисничката заедница, и преземаат чекори кон пријавување на несоодветни содржини на веб-локацијата. Учесниците исто така дискутираат за предностите и негативностите на пријавувањето, особено во однос на можностите што ги нуди „Web 2.0“.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Стратегии за водење кампања, интернет познавања, демократија и учество |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 3 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | Било која |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разберат некои од начините на регулирање на содржините на интернет, вклучувајќи ги и правилата кои забрануваат говор на омраза на интернет;<br>Да се испитаат правилата и условите на некои популарни веб-локации и да се оцени нивната соодветност;<br>Да се продискутира за ефективноста на „онлајн“ механизмите за пријавување несоодветни содржини во функција на борбата против говорот на омраза. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Компјутери со пристап до интернет<br>Пенкала и прашалници на стр.101-102 |
| ПОДГОТОВКА | Фотокопирајте го прашалникот на стр.100. Ќе ви треба по една копија за секоја мала група (4 луѓе). |

**УПАТСТВА**

1. Прашајте ги учесниците дали знаат кој ги создава правилата за интернетот. *Дали воопшто има некакви правила? Каде се запишани правилата?*
2. Искористете некои од информациите на стр. 100 за да објасните дека постојат правила на различни „нивоа“ на интернетот: може да постојат правила утврдени од сопствениците на веб-локациите (или од давателите на услуги на хостирање), постојат правила утврдени од националните влади, а постојат и правила воспоставени со меѓународното право, особено со правните инструменти за човековите права. Активноста ќе се концентрира на првото ниво, односно на правилата што ги утврдуваат самите веб-локации.
3. Прашајте дали некој некогаш ги погледнал „правилата“ за веб-локациите што ги користи! Дали некој некогаш ги искористил тие правила, па на пример пријавил навредлив коментар или објава до сопственикот на веб-локацијата во случаите

каде такви коментари или објави се забранети со правилата? Дали некој од учесниците си го поставил некогаш прашањето дали тоа е воопшто можно да се направи или како да се направи?

4. Објаснете дека правилата за корисниците на веб-локациите се познати под терминот „правила и услови“ и дека повеќето веб-локации истите ги имаат! Правилата и условите честопати се корисна алатка во борбата против говорот на омраза на интернет затоа што голем број веб-локации имаат одредби кои не дозволуваат таков говор. Проблемот е во тоа што луѓето не секогаш ги користат утврдените правила на делотворен начин, а од друга страна сопствениците на веб-локации не секогаш вршат надзор над содржините согласно со сопствените правила.
5. Поделете ги учесниците во групи од по четворица и дадете ѝ на секоја група копија од прашалникот на стр. 101. Објаснете дека секоја група треба да си избере веб-локација која членовите често ја користат и потоа локацијата да ја обработат според прашалникот. Доколку е потребно, набрзина поминете ги прашањата во прашалникот заедно со групата за да бидете сигурни дека учесниците знаат што да гледаат.
6. Дадете им отприлика 20 минути за завршување на задачата, а потоа повторно соберете ги сите заедно за анализата на активноста.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Започнете така што ќе одите низ прашалникот и ќе ги споредувате наодите на групите.

- Имаше ли значителни разлики меѓу вашите резултати, на пример во однос на видовите содржини што се дозволени или во однос на леснотијата за пријавување?
- Дали некој најде „совршен“ пример на правила и услови за користење на веб-локација?
- Дали некоја група доби чувство дека правилата и условите се целосно несоодветни, било поради тоа што не го споменуваат воопшто говорот на омраза или затоа што правилата и процедурата за пријавување се прекомплицирани?
- Сега откако ги погледавте правилата и условите, дали мислите дека некогаш би пријавиле навредлива и злонамерна објава на некоја веб-локација? Зошто би пријавиле, односно зошто не би пријавиле?
- Што ако никој никогаш не пријавува навредливи објави!?
- Дали мислите дека како корисници на некоја веб-локација би можеле да ги подобрите правилата и условите за користење или да обезбедите истите да бидат постриктно почитувани? Како би го извеле тоа?
- Што друго можете да предложите што би го направило пријавувањето поделотворно? На пример, дали има разлика доколку само еден корисник пријави несоодветна содржина или доколку тоа истовремено го направат 1000 корисници? Што би се случило ако една компанија која се рекламира на одредена веб-локација се закани дека ќе ја повлече рекламата доколку веб-локацијата не ги отстрани спорните навредливи информации?

- Можете ли да предложите други начини на реагирање на говор на омраза на интернет освен користењето на процедура за пријавување? Кога (во кои случаи) некои други методи би биле посоодветни?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Можете да поминете еден пример заедно со учесниците пред да им речете да направат истражување. Можете да изберете одредена веб-локација и да им покажете како се наоѓаат правилата и условите и како набрзина да се скенира текстот така што брзо да се дојде до најрелевантните одредби. Напоменете дека не сите веб-локации имаат правила и услови и дека понекогаш самиот термин може да биде различен, па наместо „правила и услови“ тие може да се викаат „упатства за заедницата“ или „упатства за објавување коментари“. Учесниците треба да запишат кога ќе наидат на таков случај (поинаков назив).
- Вие лично можете да им изберете веб-локации на учесниците за да бидете сигурни дека ќе гледаат различни локации или можете да им дадете неколку минути пред да започне истражувањето за да одлучат која веб-локација ќе ја анализираат. Гледајте да добиете добра палета на веб-локации како на пример: локација каде се споделуваат видео материјали, локација на социјални медиуми, портал за вести, локација за „онлајн“ игри итн.
- Графата за забелешки во прашалникот може да се употреби за запишување на некои други релевантни фактори, како на пример дали постои некаков линк на насловната страна, дали постои формулар за жалби, дали локациите кажуваат дали ќе одговорат на жалбите во одреден рок итн.
- Потсетете ги учесниците дека доколку текстот со правилата и условите е долг, тие можат да извршат пребарување барајќи клучни зборови како што се „говор на омраза“, „злоупотреба“, „расизам“ и слични зборови и фрази.
- Разгледувањето на прашалниците од страна на целата група може да одземе доста време и да биде досадно за некои учесници! Можете да им дадете 5 минути откако ќе го завршат истражувањето за да се спојат со друга група (формирајќи пар) и да ги споредат резултатите. Друга алтернатива е прашалниците да проциркулираат меѓу групите за тие да ги разгледаат пред да започне дискусијата.
- Нагласете им на учесниците дека е важно да ги познаваат правилата на веб-локацијата пред да поднесат жалба, но тоа не значи дека не можат да се пожалат на нешто што го сметаат за навредливо и кое не е соодветно уредено од страна на самата веб-локација (или не е опфатено во правилата и условите). Како пример, на учесниците можете да им ја посочите кампањата против Фејсбук поврзана со сексизмот со која може да се запознаат на www.bbc.co.uk/news/technology-22689522 и www.bbc.co.uk/news/technology-22699761 .
- Учесниците треба да ги потсетите и дека пријавувањето не е единствената стратегија за борба против говорот на омраза на интернет, како и дека пријавувањето честопати не е најдобрата стратегија. Упатете ги учесниците на информациите во поглавјето 5 околу стратегиите за водење кампања за да дознаат нешто повеќе за другите начини на реагирање на проблемот со говорот на омраза.

**ВАРИЈАЦИИ**

Учесниците можат одредено време да пребаруваат низ избраната веб-локација за да видат дали има примери на говор на омраза. Ваквиот увид ќе им даде претстава за тоа колку добро функционираат правилата и условите за користење на веб-локацијата. Пребарувањето на веб-локацијата може да го направат со помош на одредени клучни зборови како што се „црнчиште“, „педер“, „курва“ или други навредливи зборови. Ова ќе трае малку подолго, но би обезбедило корисен материјал за евентуално искористување на процедурата за пријавување во функција на поднесување жалба до веб-локацијата.

Пријавувањето несоодветни содржини до одредена веб-локација е само прв чекор што може да се преземе. Друг чекор е пријавување на содржината директно до соодветниот државен орган кој се занимава со проблемот на дискриминацијата или до Полицијата. Можете да реализирате една варијација на активноста на тој начин што ќе побарате од учесниците да поднесат жалба во врска со навредливи содржини на некоја веб-локација до Полицијата или до соодветните тела за еднаквост во вашата земја. Невладините организации како што е „INACH“ се активни во неколку држави и користат процедури за пријавување. Можете исто така да се угледате на примерот на „Вистинска визија“ во Обединетото Кралство: www.report-it.org.uk .

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Доколку горespomнатата „варијација“ не биде искористена во активноста, можете да побарате од учесниците дополнително да ги истражат веб-локациите што ги анализираа во рамките на активноста. Тие би можеле да направат анализа на примерите на говор на омраза со кои евентуално би се сретнале и притоа да го евидентираат бројот на случаи, целните групи на говорот на омраза и сериозноста на ваквите случаи. Доколку евидентираат значителен број случаи, предложете некои од следниве можни интервенции откако ќе ја направат анализата:

- Да ги објават примерите и анализата на интернет сервисот „Hate Speech Watch“ (www.nohatespeechmovement.org/hate-speech-watch) и да дискутираат со другите активисти за тоа што треба да се направи во врска со проблемот.
- Да ги испратат најлошите примери и анализата до сопственикот на веб-локацијата, користејќи ги правилата и условите поставени од самата веб-локација како поткрепа на нивната жалба.
- Доколку се работи за локација на социјален медиум, тие би можеле да креираат профил на локацијата и да ги објават нивните резултати таму (погледнете примери од типот на www.nohatespeechmovement.org/hate-speech-watch и https://en-gb.facebook.com/WOH247 .)
- Да ги рангираат примерите според тоа колку се екстремни (нека го погледнат поглавјето „Кажување на работите на полош начин“ за да добијат насоки). Потоа нека изнајдат стратегии за различните случаи, а пример за стратегија би бил следниов: да одговорат на некои од објавите или постерите засновани на лажни информации.
- Да ја погледнат „онлајн“ алатката EULAlyzer (www.brightfort.com/eulalyzer.html) која им овозможува на корисниците да ги „скенираат“ правилата и условите за користење на веб-локацијата. Оваа алатка исто така алармира кога ќе најде одредени интересни формулации или термини и истакнува одредени клучни моменти и работи за кои корисниците треба да бидат свесни.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ЗАКОНИ КОИ ГО РЕГУЛИРААТ КОРИСТЕЊЕТО НА ИНТЕРНЕТОТ**
Најголем дел од интернетот е во сопственост на приватни компании. Дури и приватните блогови најчесто се „хостирани“ на приватен сервер. Компанијата која го поседува серверот може да одлучи да ограничи одредени работи што се објавуваат на блогот, но може и да не го стори тоа! Правилата што корисниците на една веб-локација мора да ги почитуваат најчесто се наоѓаат во текстот насловен „Правила и услови“. Правилата и условите може многу да се разликуваат од една до друга веб-локација.
Освен правилата и условите, можно е да постојат и закони донесени од владите кои се однесуваат на корисниците на интернетот и на сопствениците на веб-локации. Такви закони се на пример законите кои се однесуваат на приватноста и сигурноста или оние кои ја покриваат проблематиката на екстремниот говор на омраза. Дури и ако една влада нема посебни закони за заштита на безбедноста на луѓето „онлајн“, тоа во многу случаи е покриено со меѓународните правни акти за човековите права (погледнете го примерот подолу во рамката).
Оттаму, голем дел од интернетот може донекаде да се спореди со трговски центар или ноќен клуб! Иако можеби не постои закон против носење фармерки или против запуштен надворешен изглед, вам сепак може да не ви дозволат влез во ноќен клуб доколку правилата велат дека фармерки не се дозволени. На сличен начин, веб-локациите можат да постават сопствени правила за нивниот „приватен простор“ на интернет. Сепак, нивните правила мора да бидат компатибилни со законите во државата во која егзистираат.

Пример: Владите мора да ги штитат луѓето и во реалното и во виртуелното живеење

***К.У. против ФИНСКА***

Во март 1999 година, на една интернет локација за лични контакти бил објавен оглас наводно од страна на 12-годишно момче. Огласот содржел и линк до интернет страницата на момчето и во него се вели дека момчето бара интимен однос со друго момче на негова возраст или постаро кое „би му го покажало начинот“. Момчето дознало за овој оглас дури откако примило e-mail порака од заинтересиран маж. Интернет сервис провајдерот одбил да го каже идентитетот на лицето одговорно за објавување на огласот, со образложение дека тоа би претставувало повреда на начелото на доверливост. Финските судови одлучиле дека интернет сервис провајдерот не е законски обврзан да ја обзнани бараната информација.
Случајот дошол до Европскиот суд за човекови права. Судот се произнел дека државата Финска не ја исполнила нејзината должност да ги заштити децата и другите ранливи единки. Огласот го направил детето мета за педофили и го нарушил неговото право на приватен и семеен живот (член 8 од ЕКЧП).

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

## СЛОЕВИ НА ЗАКОНИ




## ПРАШАЛНИК

Колку беше лесно или тешко да се најдат „правилата и условите“ (ПиУ)?

| | | | |
|---|---|---|---|
| Многу лесно | Прилично лесно | Тешко | Многу тешко |

**Забелешки:**

Колку беше лесно или тешко да се разберат ПиУ?

| | | | |
|---|---|---|---|
| Многу лесно | Прилично лесно | Тешко | Многу тешко |

**Забелешки:**

Дали е јасно што треба да направите за да поднесете жалба?

| | | | |
|---|---|---|---|
| Многу јасно | Прилично јасно | Не е многу јасно | Многу нејасно |

**Забелешки:**

Дали е јасно што тие ќе направат откако ќе ја примат жалбата?

| | | | |
|---|---|---|---|
| Многу јасно | Прилично јасно | Не е многу јасно | Многу нејасно |

**Забелешки:**

**ГОВОР НА ОМРАЗА**

Дали во ПиУ има нешто што се однесува на говорот на омраза?

| | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Не сум сигурен/нешто друго |

**Забелешки:**
*Доколку ПиУ зборуваат за други видови навреди, како на пример расистички навреди, хомофобични навреди итн., евидентирајте го истото.*

Дали се спомнува сајбер насилството?

| | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Не сум сигурен/нешто друго |

**Забелешки:**

Несоодветни содржини
Дали во ПиУ се спомнува нешто за несоодветни содржини, на пример дали е дозволена порнографија на веб-локацијата?

| | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Не сум сигурен/нешто друго |

**Забелешки:**

Упатства за заедницата?
Дали веб-локацијата содржи некаква индикација за тоа какви видови содржини се пожелни да се објавуваат? На пример: кратка реченица на некое попристапно место, нешто во рубриката „За нас“, во „Упатства за објавување“, или што и да е друго?

| | | |
|---|---|---|
| Да | Не | Не сум сигурен/нешто друго |

**Забелешки:**




# КОРЕЊА И ГРАНКИ

***Учесниците размислуваат за причините и ефектите на говорот на омраза на интернет преку користење на принципот „дрво со проблеми“. Активноста може да се искористи како дополнителна активност на активноста Група X, или пак како подинечна активност.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Расизам и дискриминација, човекови права, стратегии во рамки на кампањата |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 2 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 12-20 |
| ВРЕМЕ | 45 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разберат причините и последиците од говорот на омраза на интернет<br>Да се разгледа поврзаноста меѓу говорот на омраза на интернет и во реалниот живот<br>Да се изнајдат можности за утврдување на говорот на омраза на интернет, преку разгледување на коренот на проблемот |
| МАТЕРИЈАЛИ | Хартија и фломастери |
| ПОДГОТОВКА | Направете копии од Дрвото на говорот на омраза (стр xx) за учесниците или пак нацртајте исто на хартија. |

**УПАТСТВА**

1. Дадете краток вовед за говорот на омраза и Кампањата на Советот на Европа, доколку ова е ваша прва активност. Употребете ги точките 1 и 2 од активноста „Кажување на нештата на полош начин“ за да им го претставите говорот на омраза на учесниците, и некои од информациите од Поглавјето 2 за да им раскажете за Кампањата.
2. Објаснете ги нештата со ред, за се обидат да го сфатат говорот на омраза на интернет, но и да одговорат на него. Потребно е да го видиме овој проблем поврзан со низа други проблеми, но и со реалниот свет. На пример, доколку сакаме да се справиме со говорот на омраза, потребно е да ги погледнеме причините. Тоа често е поефективно од обидот да се утврди говорот на омраза, сам по себе.
3. Покажете им го на учесниците „Дрвото на говор на омраза“ и објаснете им дека ќе работат во групи за да ги идентификуваат причините кои предизвикуваат говор на омраза (корените на дрвото) и некои од ефектите од говорот на омраза (гранките).

4. Објаснете им како функционира дрвото. Секоја кутија која го води дрвото до друга кутија е одговор на прашањето „зошто?“ Тоа се однесува и на гранките , но и на корењата. Можете да употребите пример на говор на омраза да го илустрирате начинот на водење на играта, со повеќе детали.
5. **За корењата** : кога учесниците работат надолу по дрвото, тие  тргнуваат од говорот на омраза како таков, односно даваат одговор на прашањата „зошто тоа се случува?“ Тие треба да ги исполнат корењата со што е можно повеќе причини. Дајте им илустрација како една причина, има свои други причини. На пример, прашајте ги зошто некој кажува лоши нешта за одредена група. Започнете го прашањето каде ги учиме негативните нешта за одредена група (примерите можат да вклучат медиуми, јавни личности, силни предрасуди или игнорирање).
6. **За гранките** : учесниците треба да ги разгледаат можните последици од спуштањето на одредени делови, надолу на гранките. Прашајте ги што се случува кога одреден поединец или група се цел на говор на омраза. Поставете прашање што може да се случи како резултат на тоа.
7. Поделете ги учесниците во групи  и дајте им хартија на која ќе нацртаат дрво. Кажете им да го напишат следниот текст, или пак ваш пример на стеблото на дрвото, а потоа да пополнат што е можно повеќе гранки и корења. Треба да замислат дека тесктот е постиран на интернет:
   ***„[Група x] се валкани криминалци. Тие крадат и не припаѓаат овде. Да ги избркаме!***
8. Дајте и на групата 15 минути за да ја заврши задачата. Потоа побарајте од нив да ги претстават резултатите или пак да ги покажат дрвјата на присутните.

**ИСПИТУВАЊЕ**

- Дали забележувате значајни разлики меѓу дрвата на различните групи? Дали имате прашања за другите групи?
- Колку лесно беше да се најдат „корењата“ на говорот на омраза? Објаснете ги тешкотиите или разликите кои се јавија во групите во текот на вежбата?
- Дали некои од корењата или гранките преминуваат и во реалноста? Што ни кажува тоа за говорот на омраза?
- Дали активноста ви овозможи подлабоко разбирање на овој проблем? Колку е важно да најдеме начини за спречување на ширењето на говорот на омраза на интернет?
- Дали оваа активност може да ни помогне во тоа? Како можеме да го искористиме овој проблем за да го намалиме говорот на омраза упатен кон одредени групи?

За да биде попрактична вежбата, можете да ги разгледате корењата кои се наведени од секоја од групите и да поразговарате за тоа. На пример, ако тие ги навеле „предрасудите“ или „игнорирањето“ како причина, прашајте ги како може да се реши овој проблем. Објаснете им дека планирањето на одредена кампања често го користи овој пристап за да ги идентификува начините за решавање на проблемот, односно начините да му се пристапи на истиот.

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Овој пристап се користи често за разбирање на одреден проблем, на подлабоко ниво. Полесно е да се објасни преку примери, така што можете да користите

различни изјави за дрвото, на пример: *Младите луѓе се пасивни и себични. Тие треба да се скријат од општеството додека не пораснат во нормални човечки суштества.*

- Кога учесниците работат на вежбата, можете да им дадете копија од овој прирачник или пак хартија на која ќе можат да нацртаат дрво, самите. Вториот метод им дава повеќе можност да ги продолжат корењата и гранките , но можеби ќе им биде потешко да одредат број на полиња. Обидете се да обрнете внимание на тоа групите да обрнат внимание и на ефектите на поединците, но и ефектите на општеството, во целина.
- За да се дискутира изјавата меѓу учесниците, треба да ја замените „групата X" со група која е најчесто таргетирана со говор на омраза. Можете да го употребите случајот и со сајбер насилството со измислени (имагинарни) имиња.
- Ако сметате дека на учесниците им недостигаат најважните причини или ефекти, можете да ги насочите со одредени примери. Спомenете ја и оваа листа, така што тие самите ќе размислат каде на дрвото ќе се најдат следните фактори:

- Медиуми
- Политичари/јавни личности
- Говор на омраза во реалноста
- Мала интеракција меѓу Групата X со остатокот од општеството
- Притисок од врсниците
- Дискриминација на работното место
- Економски фактори
- Училиште/образование

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Учесниците можат да употребат една од причините кои ја идентификувале и да развијат стратегија за решавање на овој проблем. Тие можат да размислат за 2 активности (онлајн и офлајн) за да ги спроведат како група.

Повеќе информации за тоа можат да се најдат со посета на вебстраната на Движењето против говор на омраза или со контактирањето на Националниот Комитет против говор на омраза.

Доколку ви се потребни дополнителни информации како да преземете активност за човековите права, погледнете го *Прирачникот за образование за човекови права на младите* на Советот на Европа, www.coe.int/compass, каде е посветено цело поглавје на чекорите за преземање акција.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

## ДРВО НА ПРОБЛЕМИ






# КАЖУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ПОЛОШ НАЧИН

***Ова е воведна активност во темата „говор на омраза на интернет“. Учесниците ќе извршат рангирање на различни примери на говор на омраза против хомосексуалците според тоа кои коментари се „полоши“, според нивно мислење.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Расизам и дискриминација, демократија и учество |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 1 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 – 25 |
| ВРЕМЕ | минути |
| ЦЕЛИ | Да се разберат различните форми на говор на омраза на интернет и да се оценат последиците од истите;<br>Да се фатиме во костец со стереотипите и предрасудите за хомосексуалците;<br>Да се размисли што би било соодветна реакција на различни примери на говор на омраза на интернет. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Картите на стр.111<br>Маса или простор на подот на кој ќе се поставаат картите во групи |
| ПОДГОТОВКА | Да се направи по една копија од картите за секоја мала група (4-5 луѓе).<br>Да се исечат картите од листот и да се одберат 11 карти за кои ќе дискутираат групите (тргнете една карта). |

**УПАТСТВА**

1. Прашајте ги учесниците што разбираат под поимот „говор на омраза на интернет“. Прашајте дали некој има сретнато говор на омраза на интернет, било тој да бил против поединец или против претставници на определени групи (како на пример хомосексуалци, црнци, Муслимани, Евреи, жени, итн.). Што чувствуваат луѓето кога ќе сретнат говор на омраза? Што мислат учесниците за тоа како жртвите се чувствуваат во такви случаи?
2. Објаснете дека поимот „говор на омраза“ се користи за да покрие широк спектар на содржини:

- Прво, овој поим покрива повеќе одошто само „говор“ во неговото најчесто значење и може да се употреби и за други форми на комуникација како што се видео материјал, слики, мизика итн.
- Второ, поимот може да се употреби за опишување на однесување кое е малтретирачко па дури и заканувачко но и за коментари кои се „само“ навредливи. Можеби не постои универзална согласност околу тоа што

претставува говорот на омраза, но нема сомневање дека тој е поврзан со злоупотреба и повреда на човековите права.

3. Запознајте ги учесниците со Движењето против говорот на омраза - кампања на Советот на Европа против говорот на омраза на интернет. Кажете им дека оваа кампања има намера да се фати во костец со сите форми на говор на омраза – од најблагиот до најжестокиот. Објаснете дека за да знаеме како да реагираме на говор на омраза, треба да знаеме да процениме за колку „лош“ говор на омраза станува збор: иако секој говор на омраза е лош, некои примери можат да бидат *полоши* од други.
4. Ако учесниците не се запознати со ромбовидниот систем за рангирање познат како дијамант, покажете им како истиот функционира (погледнете го дијаграмот и објаснувањето во делот „Совети за обучувачите“). Кажете им на учесниците дека ќе им бидат дадени одреден број примери на објави на интернет против хомосексуалците и дека ќе имаат задача да ги рангираат истите од „најмалку лош“ до „најлош“. „Најлошите“ примери треба да бидат оние што учесниците најмногу би сакале воопшто да ги нема на интернет во иднина.
5. Поделете ги учесниците во групи и дадете ѝ на секоја група копија од картите. Има 12 карти, а на системот налик на ромб потребни му се само 11, така што ќе треба да отстраните една карта пред да им ги поделите картите. Тргнете ја онаа карта за која сметате дека е најмалку корисна или најмалку соодветна.
6. Кажете им дека имаат 20 минути да дискутираат за картите и да се обидат да постигнат согласност за ранг листата на која ќе ги подредат примерите според тоа колку се лоши. Откако ќе поминат 20 минути, речете им на учесниците да ги погледнат „ромбовите“ на другите групи. Потоа поканете ги да се соберат повторно како една група за анализата на активноста.

**ИСТИТУВАЊЕ**

**ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО АКТИВНОСТА:**

- Што мислите за активноста? Дали беше лесно да се оценат различните примери?
- Имаше ли силни несогласувања во вашата група, односно дали приметивте значителни разлики меѓу вашиот ромб и ромбовите на другите групи?
- Дали користевте некакви критериуми при одредувањето кои случаи се „полоши“? На пример, дали го зедовте предвид факторот *кој ја дава изјавата* или бројката на луѓе кои веројатно ќе ја видат таквата изјава?

**ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ТОА КАКО ТРЕБА ДА СЕ ПОСТАПИ СО СЛУЧАИТЕ НА ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ:**

- Дали сметате дека вакви изјави треба да се дозволат на интернет? Кои се аргументите за и против?
- Дали сметате дека треба да постојат различни правила за „полошите“ изрази на омраза? Дали некои од нив треба да бидат во целост забранети?
- Доколку мислите дека некои треба да бидат забранети, каде би ја повлекле линијата?

- Какви други методи за постапување против говорот на омраза на интернет ви доаѓаат на памет?
- Како би реагирале ако наидете на вакви примери на говор на омраза на интернет?

**ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ХОМОФОБИЈАТА**

- Зошто хомосексуалците се честа мета на говорот на омраза? Можете ли да смислите начини за справување со предрасудата?
- Дали мислите дека е фер со *некого (кој и да било)* да се постапува на ваков начин, без оглед на тоа каков е вашиот личен став за хомосексуалците?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Вие треба да знаете дали во групата евентуално постојат силни антипатии кон хомосексуалците и дали има учесници кои би можеле да се вознемират од активноста (или да бидат вознемирувани од страна на други учесници). Ако мислите дека постои ризик за вакво нешто, обидете се прво со активноста „проверка на фактите“ од овој прирачник, или погледнете некои од активностите во публикацијата „Родови прашања“ (www.eycb.coe.int/gendermatters) или во публикацијата „Сите различни – сите еднакви“ (http://eycb.coe.int/edupack).
- Повеќе информации за кампањата против говорот на омраза на интернет можете да најдете во поглавјето 2 или на веб-локацијата на кампањата (www.nohatespeechmovement.org). Основни информации за говорот на омраза на интернет може да се најдат во поглавјето 5.
- Ромбовидниот систем за рангирање е метода која се користи за споредба на различни случаи според факторот „најдобар“ и „најлош“ (или „најмалку лош“ од едната страна и „најлош“ од другата). Картите треба да бидат поставени како дијаграмот подолу, според следнава шема:

- Најмалку лошиот пример треба да се стави најдолу во дијаграмот (позиција 1) а најлошиот пример треба да се стави најгоре (позиција 7 во првиот дијаграм, позиција 5 во вториот). Преостанатите карти треба да се поставаат во другите редови така што картите во повисок ред да се полоши од картите во редот под него (картите во редот 4 се полоши од картите во редот 3).

**Нормален ромб (со помош на 9 карти)**




**„Дебел“ ромб (со помош на 12 карти)**



- Информациите за говорот на омраза на интернет во поглавјето 5 содржат одредени „критериуми“ за оценување на случаите на говор на омраза. Тие критериуми се следниве:
- **Содржината** или **тонот** на изјавата; ова се однесува на тоа каков јазик (терминологија) се користи;
- **Намерата** на лицето кое ја дава изјавата, односно со други зборови дали лицето сакало да повреди некого;
- **Целната група**. Овој фактор е помалку релевантен за оваа активност затоа што целната група е иста (хомосексуалците);
- **Контекстот** во кој е дадена изјавата. Во овој случај станува збор за фактот дека се предлага законодавство кое е непријателско кон хомосексуалците (карта 6) или фактот дека во земјата постои силно антихомосексуално чувство.
- **Влијанието,** со други зборови, каков ефект изјавата би можела да има врз поединци или врз општеството како целина.
- Можете да им дадете на учесниците неколку информации за слободата на изразување кога ќе дискутирате за тоа што треба да се направи во врска со примерите. Повеќе материјал за ова можете да најдете во поглавјето 5.

**ВАРИЈАЦИИ**

Рангирањето би можело да се направи во права линија наместо во форма на ромб. Со други зборови, само по една карта ќе биде дозволена во секој ред. Ова е малку потешко и може да трае подолго.

Можете да ги употребите сите 16 карти, но за тоа ќе треба повеќе време а освен тоа ромбот ќе биде малку изобличен! Како алтернатива можете да изберете 9 карти и да ги отстраните оние што ги сметате за најмалку соодветни или најмалку корисни за вашата група. Двата дијаграма погоре покажуваат како изгледа ромбовидното рангирање за различен број карти.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Во рамките на дискусијата околу методите за постапување против говорот на омраза на интернет, на учесниците можете да им ја покажете веб-локацијата под наслов „Да ја збришеме хомофобијата на Фејсбук“ (https://en-gb.facebook.com/WOH247), која користи хумор како одговор на говорот на омраза. Оваа веб-локација создаде едно силно „онлајн“ движење за солидарност со хомосексуалците.

Приклучете му се на Движењето против говорот на омраза и пријавувајте примери на говор на омраза на интернет до истото. За таа цел можете да го користите интернет сервисот за надзор над говорот на омраза „Хејт спич воч“, www.nohatespeechmovement.org

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

| | |
|---|---|
| 1. Кажано во приватен e-mail до пријател – како „шега“.<br><br>**Едноставно треба да ги сотреме хомосексуалците!** | 2. Петиција објавена на страница на Фејсбук со над 1000 „пријатели“<br><br>**Да им забраниме на хомосексуалците учество во јавниот живот. Потпишете се овде за да им кажеме на нашите политичари што** |
| 3. Коментар објавен на една неонацистичка веб-локација, за кој гласале 576 луѓе<br><br>**Хитлер беше во право што ги испраќаше хомосексуалците во гасна комора.** | 4. Рефрен во една антихомосексуална песна. Видеото било видено 25000 пати.<br><br>**Да ги сотреме хомосексуалците!** |
| 5. Воведник во „онлајн“ весник кој се жали на одлука на Европскиот суд за човековите права<br><br>**Болно е тоа општество кое хомосексуалноста ја смета за нешто „природно“.** | 6. Интервју со министерот за внатрешни работи во врска со предлог на нов закон<br><br>**Треба да се концентрираме на тоа да ги излечиме хомосексуалците, а не да ги толерираме.** |
| 7. Коментар под статија напишана од новинар за кој е познато дека е хомосексуалец<br><br>**Е** се мајку ти е**м. Ти си едно болно к****е** | 8. Коментар на слика на позната личност за која е хомосексуалец; е напишан на личен блог со мал број читатели.<br><br>**Хомосексуалец или ретардиран? Повеќето хомосексуалци се ретардирани.** |
| 9. Популарна веб-локација која „ги множи со нула“ хомосексуалците; проследено со фотографија и името на училиштето.<br><br>**Ова лице е ХОМОСЕКСУАЛЕЦ. И тој држи настава на деца! <u>Пожалете се овде</u>** | 10. Антихомосексуален видео клип каде се вели дека да се биде хомосексуалец е поопасно од пушењето (поради СИДАта)<br><br>**Ќе умрете порано!** |
| 11. Порака на Твитер испратена од еден политичар до 350000 следбеници<br><br>**Ниту еден хомосексуалец од моето старо училиште не успеа во животот.** | 12. Карикатура која прикажува стереотипен „хомосексуалец“ со рогови и<br><br>**Хомосексуалците се обземени од демони.** |




# ДИСКУСИЈА ОКОЛУ ТЕМАТА

***Активноста користи метод на т.н. „аквариум* дискусија“ со цел да се истражат најчестите предрасуди за одредени групи во општеството и ги поттикнува учесниците критички да размислуваат за најчестите предубедувања и да осмислат аргументи против говорот на омраза.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Стратегии за водење кампања, расизам и дискриминација, интернет познавања |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 1 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 12 и повеќе |
| ВРЕМЕ | 45 минути |
| ЦЕЛИ | Да се размисли за личните предрасуди и негативни стереотипи кон одредени групи;<br>Да се осмислат аргументи и истражат можни одговори на изразите на омраза „онлајн“;<br>Да се пополнат празнините во разбирањето и да се развие емпатија кон групи што се често неразбрани од општеството. |
| МАТЕРИЈАЛИ | 3 столици;<br>Простор за учесниците да седат во круг и да се движат наоколу;<br>Мали ливчиња хартија и пенкала;<br>Шешир (или мал сад) |
| ПОДГОТОВКА | Исечете неколку мали ливчиња хартија – по 2 за секого во групата (со неколку во резерва).<br>Водете сметка за евентуалните членови на групата кои би можеле да потпаднат под категоријата „целна група“. Доколку мислите дека е можно да се јават потешкотии поради ова, повикајте ги настрана тие поединци пред да започне активноста и објаснете им ја истата. Посочете им дека тие би можеле да бидат корисен ресурс за групата и погрижете се да не се чувствуваат нелагодно поради активноста.<br>Би можеле да си подготвите одговори на некои од најчестите грижи или заблуди што групата најверојатно ќе ги посочи. |

## УПАТСТВА

### ФАКУЛТАТИВНА ПОЧЕТНА ВЕЖБА

1. Ставете ги следниве измислени искази под категоријата „Вистинити факти“ на подвижната табла или на слајд така што сите учесници да можат да ги прочитаат. Можете и самите да измислите слични изјави и да ги додадете на листата.

* 3 до 5 столици се поставуваат во форма на внатрешен круг. Тоа е „аквариумот“. Преостанатите столици се поставуваат во концентрични кругови надвор од аквариумот. Се избираат неколку учесници да го пополнат аквариумот додека остатокот од групата седат на столиците надвор од аквариумот – заб. на прев.

**Вистинити факти:**

- Кога сите имигранти би се вратиле во својата земја, би имало работни места за секого.
- Девојките не се толку добри во играњето игри на интернет како момчињата.
- Научни истражувања покажуваат дека Европејците имаат помал мозок од Азијците.
- Хомосексуалноста е хендикеп кој може да се излечи.

2. Побарајте да чуете реакции од учесниците во врска со овие изјави. Откако ќе чуете неколку одговори, кажете им дека изјавите се целосна измислица! Поточно, исказите се неточни. Повторно побарајте да ги чуете нивните реакции и накратко истражете зошто учесниците поверувале во овие искази (ако воопшто поверувале!).
3. Прашајте ги учесниците дали некогаш прочитале нешто на интернет за кое или знаеле дека е неточно или си го поставиле прашањето дали прочитаното е неточно. Дали презеле нешто во врска со тоа?

**ГЛАВНА АКТИВНОСТ**

4. Објаснете дека голем дел од говорот на омраза и голем број расистички ставови се должат на незнаење. Луѓето веруваат или некој прави да веруваат во работи за групи со кои можеби никогаш во животот не се ни сретнале! Или веруваат во работи за цели заедници врз основа на информации за само едно лице од таа заедница! Кога ваквите предубедувања се предмет на широка дискусија и притоа никој не ги оспорува, истите биваат прифатени како „факти“. Може да се случи да заборавиме каде сме чуле нешто и да заборавиме дека тоа што сме го чуле можеби е невистинито или можеби е само нечие мислење, но да започнеме да веруваме во тоа и самите.
5. Кажете им на учесниците дека секој еден на интернет може да одигра важна улога во оспорувањето на „фактите“ или мислењата на кои ќе наиде. Со самото поставување од наша страна на прашањето *зошто* или со давање објаснување *зошто не е така како што некој (лажно) тврди* ние сме направиле една многу важна работа - сме придонеле кон запирање на ширењето на лажни или злобни идеи. Тоа е истовремено најдобриот начин да дојдеме до веродостојни мислења кои нам лично ни се потребни!
6. Објаснете дека активноста ќе истражи некои негативни „факти“ или мислења за одредени групи кои денес се нашироко прифатени. Учесниците ќе се обидат да смислат аргументи и да ги „разбијат“ воспоставените митови користејќи ги знаењето и стручноста со кои располага групата. Тие на ова треба да гледаат како на можност за стекнување подобар увид во работите и можност за споделување на своето знаење и искуство.
7. Подадете им ги парчињата хартија – по две за секој учесник – а преостанатите ливчиња ставете ги на куп и објаснете им дека можат да земат додатни ливчиња доколку им се потребни. Речете им на учесниците да запишат негативни мислења или „факти“ што ги чуле или виделе за определени групи и за кои би сакале да дискутираат. Дадете неколку примери:

- Луѓето треба да си останат во нивните земји и да не се преселуваат во други земји низ светот!
- Местото на жената е дома: жените треба да престанат да им ја земаат работата на мажите.
- Ромите треба да почнат да живеат според обичаите во земјата во која се наоѓаат.

8. Кажете им на учесниците дека не мора самите да веруваат во исказот, туку едноставно да ги истражат можните одговори на најчестите „предубедувања". Ливчињата не треба да бидат потпишани и сите треба да се стават во шешир или друг сад кога сите ќе бидат готови.
9. Ставете ги трите столици во еден полукруг пред групата. Единствено оние кои седат на столиците треба да учествуваат во дискусијата, додека остатокот од групата се набљудувачи.
10. Објаснете им дека прво ќе поканите тројца доброволци да водат разговор. Доколку во одреден момент и некој друг посака да се приклучи во разговорот тоа секако ќе му биде овозможено, но со оглед дека може да има само тројца учесници во разговорот во даден момент, некој од учесниците ќе мора да си го замени местото со новиот кандидат. Секој оној кој сака да учествува во разговорот треба да истапи и нежно да допре по рамото еден од тројцата учесници во дискусијата. Овие двајца потоа ќе ги разменат своите места така што оној кој дотогаш учествувал во дискусијата сега станува набљудувач.
11. Охрабрете ги учесниците да бидат слободни и да ги изразуваат своите мислења, но и да изразуваат други мислења со кои и не мора да се согласуваат. На овој начин може да се слушнат одредени ставови кои се контроверзни, „политички некоректни" или незамисливи и на тој начин темата да биде детално продискутирана од голем број различни агли на гледање. Не се дозволени навредливи или злобни коментари насочени кон поединци во групата.
12. Речете му на некој доброволец да извлече прашање од шеширот и да почне да дискутира за прашањето. Дозволете дискусијата да тече сè до моментот кога учесниците ќе ја исцрпат темата и кога ќе почнат да се повторуваат одредени работи. Потоа побарајте тројцата доброволци да дискутираат друго прашање и започнете нов круг разговори според истите правила како и претходно.
13. Продискутирајте онолку прашања колку што ви дозволува времето. Оставете малку време на крајот за „релаксација" по дискусијата и за размислување за активноста како целина.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Искористете ги следниве прашања за да им овозможите на учесниците да размислат околу тоа дали активноста ги променила нивните погледи или дали ги „наоружала" со аргументи за да им се спротивстават на примерите на предрасуди:

- Дали некој дозна нешто што не го знаел претходно?
- Дали нечие мислење се промени во врска со одредена група или проблем?
- Дали сега се чувствувате поспособни за впуштање во дискусија со ставови кои се полни со предрасуди? Дали сметате дека постои можност такво нешто да ви се случи било „онлајн" било во „реалниот" свет? Зошто или зошто не?

- Како би изгледало едно ваше впуштање во некоја слична дискусија „онлајн“? Што би било слично? Што би било различно?
- Што може човек да направи кога се сомнева во вистинитоста на одредено предубедување?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Треба да бидете свесни за евентуалните чувствителности или припадности во рамките на групата и треба да ги потсетувате учесниците да го имаат предвид тој момент при нивните дискусии.
- Можно е да има неколку прашања или изјави што учесниците или вие не сте во можност да ги одговорите или анализирате директно. Напишете ги таквите прашања или изјави на подвижната табла или вие самите анализирајте ги па подоцна кажете го вашето мислење, или дадете им на учесниците задача да направат истражување и подоцна да ѝ пренесат на групата што заклучиле.
- Доколку на тројцата учесници во дискусијата не им оди со изнаоѓањето аргументи против изјавите полни со предрасуди, тогаш вклучете се во разговорот. Сепак, гледајте да не го правите тоа премногу често. Би било добро, одвреме навреме, да ја запрете дискусијата и да прашате дали другите во групата сакаат да понудат алтернативно мислење.
- Она што е важно е дискусијата да биде отворена и учесниците да чувствуваат слобода да изразуваат мислења кои се лично нивни или мислења кои се сметаат за контроверзни но често се слушаат во медиумите или во општеството. Од друга страна, разговорот не треба да прерасне во низа од нељубезни и неиздржани повторувања на негативни стереотипи. Охрабрете ги учесниците да користат прашален тон и да ги формулираат своите коментари на што е можно почувствителен начин при изразувањето негативно мислење за одредени групи. Понудете им, доколку има потреба, неколку такви формулации како пример:

- „Сум чул како велат дека...“
- „Некои луѓе изгледа мислат дека...“
- „Можеш ли да ми помогнеш да разберам...?“
- „Зошто ова мислење би можело да биде погрешно?”

- Охрабрете ги сите да земат учество во разговорот во одреден момент!

**ВАРИЈАЦИИ**

Откако ќе ги соберете прашањата од учесниците, можете да им оставите одредено време за да направат истражување за некои од коментарите пред да се впуштат во дискусија. Можете да ги дистрибуирате прашањата/изјавите и да им речете на учесниците да подготват кратки аргументи во врска со проблемот. Дискусијата што ќе следува ќе се одвива во амбиент на повисока општа свест во групата за вакви проблеми.

Оваа активност може да се организира како серија активности при што во секоја од нив ќе се анализира некоја предрасуда против одредена група во општеството. За секоја од активностите можете да подготвите или да побарате од неколку волонтери во групата да подготват информации за состојбата на конкретната група во вашата земја.

Учесниците можат да направат информативни видео клипови кои ќе понудат алтернативни информации на распространетите предубедувања. Искористете ја веб-

локацијата на Движењето против говорот на омраза за таму да ги споделите овие видео пораки и за да ги информирате и другите луѓе каква е реалноста наспроти предрасудите.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Можете да ги поттикнете учесниците да направат истражување за одредени прашања што не биле во целост изанализирани во дискусијата и потоа да ја информираат целата група.

Учесниците можат да почнат да составуваат листа на „срушени митови". Листата би се состоела од неколку чести предубедувања за одредени групи кои се мета на омраза, а заедно со предрасудите нека бидат изнесени аргументи, информации или статистика кои ги демантираат истите. Листата потоа можете да ја објавите на веб-локацијата на Движењето против говорот на омраза и на тој начин да им помогнете на други „онлајн" активисти.

Можете исто така да започнете да изготвувате заедно со групата една друга листа на контра-аргументи што учесниците ќе можат да ги искористат кога ќе видат предрасуди или расистички говор на интернет. Важно е да се поразговара и за тоа како/на кој начин учесниците би ги презентирале овие аргументи „онлајн", односно дали преку хумор, споделување информации или линкови и слично.




# ПРИКАЗНИТЕ ШТО ГИ РАСКАЖУВААТ

***Учесниците работат во мали групи и анализираат објавени вести, при што се фокусираат на тоа како во веста се претставени имигрантите и имиграцијата. Резултатите се претставени во форма на колаж.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Расизам и дискриминација, човекови права, слобода на изразување |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 2 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 20 – 25 |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Да се види како печатените медиуми ги претставуваат имигрантите и да се продискутира како таквиот начин на претставување може да влијае врз односот на општеството кон нив;<br>Да се идентификуваат не толку очигледните форми на расизам, како што се „скриените пораки“, селективното известување или употребата на слики, и како истите го „хранат“ говорот на омраза;<br>Да се продискутираат / истражат „позитивни“ стории во врска со имигрантите и имиграцијата. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Отприлика по 3 копии од 5 различни весници/списанија (во зависност од големината на групата);<br>Неколку хамери (т.е. хартија за подвижна табла);<br>Дебели фломастери, лепак, ножици;<br>Доволно простор за да можат 4 или 5 групи да работат на изработка на голем колаж;<br>Пристап до интернет (не е задолжително) |
| ПОДГОТОВКА | Залепете 4 хамери така што да претставуваат една целина за секоја работна група.<br>Дадете ѝ на секоја група дебели фломастери, лепак, ножици и копии од една од одбраните објавени вести.<br>Направете копии од контролниот список („чек листата“) на стр. 121 за секоја група. |

**УПАТСТВА**

1. Прашајте ги учесниците што подразбираат под следниве поими:
   **Стереотип, расизам, дискриминација**
2. Објаснете ги накратко поимите (послужете се со информациите на стр. 163-167 доколку имате потреба), појаснувајќи дека:

- Широките генерализации за цели групи луѓе („стереотипи“) многу ретко се вистинити баш за секој припадник на соодветната група!

-Кога таквите генерализации ќе станат општоприфатени, тие често бидуваат искористени за оправдување на дискриминација, виктимизација, злоупотреба па дури и полоши работи.

3. Прашајте ги учесниците дали можат конкретно да посочат одредени групи кои се неправедно стереотипизирани и се често мета на дискриминација, вознемирување или говор на омраза. Објаснете дека активноста што ја работите ќе се позанимава со начинот на кој медиумите најчесто претставуваат една таква група - имигрантите.
4. Покажете им ги на учесниците објавените вести што сте ги избрале и објаснете им дека треба да работат во групи и да го анализираат начинот на кој овие медиуми ги претставиле имигрантите. Кажете им дека ќе треба да размислат за тоа дали различните објавени вести ги портретираат имигрантите ...

- во генерално позитивна светлина;
- во генерално негативна светлина, или

  - на неутрален начин.

5. Прегледајте го контролниот список (стр. 121) и проверете дали учесниците разбираат на што треба да внимаваат кога ќе ја прават анализата. Охрабрете ги да додадат и други информации што ги сметаат за релевантни!
6. Поделете ги учесниците во групи од по 5 или 6 лица и дадете ѝ на секоја група по 2 или 3 копии од истиот весник, големите листови хартија за подвижна табла, пенкала, лепак, ножици итн. Објаснете им дека од нив се бара да го искористат контролниот список во функција на откривање евентуални пристрасности во статиите и потоа да ги презентираат резултатите од направената анализа во форма на колаж. Учесниците треба да ги исечат соодветните новински статии, да запишат за што се работи во статијата со помош на краток наслов или коментар и да ставаат свои слики или текст. Објаснете им дека сите колажи ќе бидат изложени на увид на крајот од активноста.
7. Кога ќе завршат групите со работа, изложете ги постерите и дадете им време на учесниците да се прошетаат низ просторијата за да видат што сработиле групите. Потоа соберете ги сите учесници за пленарна Појаснувања за учесницитеа.

**ИСПИТУВАЊЕ**

- Прашајте ги учесниците какви се нивните општи впечатоци во врска со активноста: дали активноста им се чини корисна/изненадувачка? Кој е нивниот општ впечаток околу тоа како медиумите ги претставуваат т.е. портретираат имигрантите, и дали учесниците мислат дека ваквиот начин на претставување е „фер“?
- Доколку групи не го опфатиле тоа во нивните колажи, прашајте каков вид „позитивни стории“ би можеле да се додадат за да се обезбеди алтернативен поглед на работите. Имаше ли, на пример, позитивни стории за „неимигрантите“?
- Зошто - според мислењето на учесниците - имигрантите станаа мета за дискриминација, вознемирување и говор на омраза во разни земји ширум светот? Колкава улога играат медиумите во зацврстувањето на негативните стереотипи?

- Дали учесниците имаат сретнато слични пристрасности или нетолерантни ставови на веб-локациите што ги посетуваат? Побарајте да дадат примери.
- Кои се најверојатните последици врз самите имигранти, нивните семејства и нивните деца, како и врз општеството како целина од културата во која имигрантите ги „обвинуваат“ за голем дел од проблемите што ги има општеството? Како ова се рефлектира врз говорот на омраза насочен кон имигрантите?
- Постои ли нешто што младите можат да го направат за да се испрати попозитивна слика за имигрантите? Дали имаат сретнато интернет локации и страници со позитивни вести за имигрантите?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Потрудете се да изберете весници или списанија каде се изнесува широк опсег на политички/културолошки ставови и мислења. Голема е веројатноста дека дури и оние весници или списанија кои најмногу сочувствуваат со имигрантите нема да се обидат да се спротивстават или да играат улога на еден вид контратежа на силните негативни чувства во општеството против имигрантите, правејќи го тоа на пример преку објавување „добри вести“ за имигрантските заедници или за имигранти-поединци.
- Постои голема веројатност дека многумина во групата ќе ги застапуваат истите негативни ставови кон имигрантите како оние присутни во објавените вести во весниците или списанијата, притоа верувајќи дека таквите негативни ставови се оправдани. Охрабрете ги учесниците јасно и гласно да си го кажат мислењето така што негативните ставови потоа да бидат разгледани од целата група. Можеби би било корисно однапред да истражите неколку „позитивни стории“ кои иако *можеле* сепак не нашле свое место во објавените вести, или да направите осврт на состојбите и условите во земјите од каде дошле имигрантите. Побарајте од учесниците, на пример, да замислат дека се млади луѓе кои живеат во Ирак или Авганистан - земји кои во голема мера се уништени од војните кои беснееја во нив.

**ВАРИЈАЦИИ**

Учесниците би можеле да направат истражување за интернет порталите за вести наместо за вестите објавени во печатени медиуми. Можеби ќе треба да им предложите конкретни страници што ќе треба да ги надгледуваат, како на пример насловната страна во период од 5 дена, со цел да се ограничи количеството на можни материјали за истражување. Сличен пристап би можел да се примени и за телевизиските вести.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Помогнете им на учесниците да постават веб-локација или профил на социјалните медиуми каде ќе бидат прикажани позитивни стории за имигрантите. Учесниците би можеле да направат истражување за некои имигрантски заедници во нивното место на живеење и притоа би се осврнале на условите и состојбите во родните земји или региони на имигрантите, на најважните причини за преселбата и на некои стории од секојдневниот живот на имигрантите во новата татковина. Испратете им линк до вашата веб-локација на новинарите во весниците кои биле автори на спорната статија и кажете

им дека веб-локацијата била инспирирана токму од негативната слика за имигрантите претставена во нивниот медиум!
Доколку имате пристап до интернет можете да ги разгледате главните интернет портали за вести и да ја спроведете вежбата директно „онлајн". Во таков случај, можете да покренете прашање во врска со улогата на „онлајн" форумите поврзани со „онлајн" статии каде корисниците можат да пишуваат коментари. Понекогаш таквите коментари се со расистички карактер. Со групата можете да продискутирате дали ваквите форуми треба да бидат прифатливи и под какви услови.

Можете да направите варијации на оваа вежба така што ќе ја промените групата на која се однесува вежбата согласно со вашите специфики и состојби.

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

## ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ЗА ГРУПИ

Има ли фотографии/слики кои претставуваат имигранти?
Дали некои од нив се „позитивни“?
Дали некои се „негативни“?

---

Колку стории кои се однесуваат на имигранти има во весникот?
Дали има „позитивни“ стории каде имигрантите се прикажани во позитивно светло?
Дали има „негативни“ стории?

---

Какви зборови се употребени за да се опишат имигрантите во вашиот весник?
Дали зборовите се главно позитивни, главно негативни или главно неутрални?

---

Дали има отворени расистички изјави?
Ако има, дали таквите изјави се дадени од јавни личности или истите се „мислење“ на новинарите?

---

*Како би се чувствувале ако сте имигрант и го читате овој весник? Има ли нешто што сакате да додадете или промените?*




# РАЗБИРАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

***Учесниците разгледуваат примери на говор на омраза и дискутираат за можните последици од истиот за поединците и општеството.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Човекови права, расизам и дискриминација |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 2 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 – 25 |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разберат различните форми на говор на омраза на интернет и нивните последици врз жртвите и општеството.<br>Да се истражат можните одговори/реакции на говорот на омраза на интернет. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Фотокопии од примерите на говор на омраза;<br>Листови хартија и пенкала;<br>Хамери (листови хартија за подвижна табла). |
| ПОДГОТОВКА | Направете копии од примерите на говор на омраза.<br>Подгответе два хамера - едниот со наслов „Последици врз жртвите“, а другиот со наслов „Последици врз општеството“. |

**УПАТСТВА**

1. Прашајте ги учесниците што подразбираат под терминот *говор на омраза на интернет*. Прашајте дали некој некогаш видел говор на омраза на интернет насочен кон некој поединец или кон претставници на одредени групи (на пример хомосексуалци, црнци, Муслимани, Евреи, жени, итн.). Што чувствуваат учесниците кога се среќаваат со говор на омраза на интернет? Што мислат за тоа како жртвите се чувствуваат?
   Објаснете дека терминот *говор на омраза* покрива широк спектар од содржини:
- Прво, овој термин покрива повеќе отколку само „говор“ во вообичаеното значење на овој збор, односно може да се употребува и за други форми на комуникација како што се видео материјал, слики, музика итн.
- Второ, овој термин може да се употреби за опишување на мошне грубо па дури и заканувачко однесување, како и за коментари кои се „само“ навредливи.
2. Објаснете им на учесниците дека ќе треба да анализираат неколку вистински примери на говор на омраза на интернет, при што особено треба да се осврнат на последиците врз жртвите и врз општеството.
3. Поделете ги учесниците во групи и дадете ѝ на секоја група еден пример на говор на омраза на интернет од студиите на случаи (стр.124-126).

4. Речете им да го продискутираат нивниот случај и да одговорат на прашањата. За задачата имаат на располагање 15 минути.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Поминете ги сите зададени примери и побарајте да ги чуете реакциите на групите. Запишете ги нивните одговори на прашањата на подвижната табла. Доколку групите даваат слични одговори, означете го тоа со подвлекување на првиот пример или ставете број веднаш до него со кој означувате дека повеќе од една група го дала истиот одговор. Откако сите групи ќе ги презентираат нивните резултати, прегледајте ги двата хамера и со помош на следниве прашања анализирајте ја активноста заедно со целата група:

- Што мислите за активноста? Какви беа вашите чувства во врска со примерот што го анализиравте?
- Кои беа најчестите „последици" од говорот на омраза посочени од групите?
- Дали групите кои биле мета на говор на омраза во примерите имаат нешто заедничко?
- Дали имаше некакви сличности кај последиците, без разлика на целната група засегната од говорот на омраза?
- Какви последици би можело да има доколку ова однесување се прошири „онлајн" и никој не направи ништо за решавање на проблемот?
- Какви алатки или методи би предложиле за решавање на проблемот со говорот на омраза на интернет?
- Што можеме да сториме ако наидеме на примери како овие кога сме „онлајн"?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Повеќе информации за кампањата против говорот на омраза на интернет можете да најдете во поглавјето 2 или на веб локацијата на кампањата: (www.nohatespeechmovement.org). Основни информации за говорот на омраза на интернет може да се најдат во поглавјето 5.

**ВАРИЈАЦИИ**

Ако дозволува времето, од учесниците може да се побара да изготват пораки на солидарност со жртвите на говорот на омраза во секој од примерите.
Овие студии на случаи можете да ги искористите и за да ги анализирате врските меѓу говорот на омраза и слободата на изразување. Во тој случај, продискутирајте ги со учесниците ограничувањата на слободата на изразување (или отсуството на ограничувања) што би можеле да се применат во секој од случаите.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Поканете ги учесниците да го откријат Движењето против говорот на омраза и да му се придружат како би покажале дека се против говорот на омраза на интернет. Тие може да ја искористат веб-локацијата на кампањата за да споделат констатации во врска со последиците од говорот на омраза и важноста да му се застане на патот на говорот на омраза покажувајќи солидарност со жртвите .
Доколку учесниците имаат сретнато примери на говор на омраза на интернет, нека ги пријават до интернет сервисот „Хејт спич воч" на веб-локацијата на кампањата и нека ги продискутираат овие примери со други корисници. Заедно со учесниците можете да прочитате што е објавено на страницата на „ Хејт спич воч" и да ги продискутирате примерите објавени од други корисници. Учесниците би можеле да изготват „Повелба" против говорот на омраза на интернет за нивното училиште или младински центар. Тие

исто така би можеле да организираат и училишен ден против говорот на омраза и да ги искористат постоечките денови за одбележување на човековите права за да ја подигнат свеста за проблемот. На пример, можат да го искористат 21 март – Меѓународниот ден против расизмот и дискриминацијата - за организирање настани против говорот на омраза на интернет.

## РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ПРИМЕР 1:**
Еден млад човек поставува огромно знаме на една националистичка партија на неговиот профил на социјалните медиуми заедно со коментари од типот: „Исламот надвор од мојата земја – да го заштитиме нашиот народ“. Тој објавува и фотографии со симболот на исламот - полумесечина и ѕвезда - ставени во сообраќаен знак кој означува забрана. Овие информации ги шири преку социјалните медиуми и неговата лична веб-локација.
- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 2**:
А. пишува публикација во која не само што вели дека Холокаустот „никогаш не се случил“, туку дава и навредливи и расистички забелешки за Евреите. А. ја објавува оваа публикација на неговиот личен блог и на неколку антиеврејски веб-локации. А. исто така внесува содржини од публикацијата во „онлајн“ енциклопедии, претставувајќи ги како „научни информации“ за Холокаустот.
- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 3**:
Во една статија напишана од водечкиот новинар од еден весник близок до водечката политичка партија, Ромите се наречени „животни“ и упатен е повик за нивно елиминирање со секакви средства. На форумот поврзан со интернет изданието на весникот пристигнуваат голем број коментари кои се на иста линија со ставовите на новинарот.
Весникот не дава никакво објаснување ниту извинување за изречените ставови на нивниот новинар. На интернет се појавуваат и други статии кои настапуваат со истиот став и користат сличен тон; сè поголем број луѓе испраќаат коментари на форумот.
- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 4**:
Се организира „онлајн“ кампања која вели дека виновни за економската криза во земјата се имигрантите и бегалците. На платформите на социјалните медиуми почнуваат да „фрчат“ објави од типот на фотографии каде бегалците се прикажани како агресивни, слики со бегалци во понижувачки ситуации, како и коментари од типот дека тие му ги крадат работните места на локалното население. Преку социјалните мрежи почнуваат да

се шират огромен број дезинформации, вклучувајќи и лажна статистика која покажува дека имигрантите се насилни и предизвикуваат проблеми.

- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 5**:

На неколку интернет портали за вести се објавени навредливи коментари во кои се тврди дека странците немаат право да бидат во земјата. Некои од коментарите повикуваат на насилство против странците кои не се со бела боја на кожата.

- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 6**:

На интернет се појавуваат видео снимки каде се вели дека ЛГБТ популацијата се „настрани“ и „болни“ и дека треба да се држат надвор од општеството затоа што ги уништуваат традициите и континуитетот на нацијата. Во видео материјалите се упатува на „научни истражувања“ но притоа изворите на такви информации во многу случаи се погрешно или селективно цитирани. На некои од видеата се прикажани слики на ЛГБТ семејства со нивните деца.

- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 7**:

Фудбалски натпревар бива прекинат поради навредливите скандирања од страна на навивачите против еден од играчите кого го доживуваат како „црнец“. Видео снимка со скандирањата и со прекинот на натпреварот се појавува на интернет и широко се распространува. На неколку веб-локации пристигнуваат расистички коментари. Кога луѓето почнуваат да поднесуваат жалби поради таквите коментари, одреден број луѓе кои инаку ги поддржуваат спорните коментари тврдат дека се жртви на цензура.

- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 8**:

Реклама за сини фармерки се врти на интернет одредено време. Во рекламата е прикажана сцена каде една жена е опкружена од мажи. Сцената има сексуални импликации, но општиот впечаток што се добива е поврзан со сексуално насилство и силување. Неколку организации во една земја поднесуваат жалби. Веста за ваквиот случај на интернет  привлекува голем број коментари, а многу од нив ја поддржуваат идејата дека жените се нешто со што мажите можат да си играат и кон што може да бидат насилни.

- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 9**:
Еден политичар ги обвинува Муслиманите дека се главната причина за кривичните дела против бели девојки. Како поткрепа на овие свои обвинувања тој истакнува дека тоа што го тврди е „општопознатата работа“ а згора на тоа нуди и неколку „уверливи примери“. Видеото поврзано со статијата привлекува голем број коментари, а дел од нив се со расистички и насилен карактер. Говорот на политичарот бива цитиран од други луѓе кои го поддржуваат истиот став; овој говор понатаму се презентира како респектибилно мислење базирано на информираност.
- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 10**:
Видео материјали за насилните конфликти од минатото меѓу две земји се прикажани на еден „онлајн“ видео канал. Објавени се голем број коментари кои користат расистички вокабулар за народот во една од земјите. Расизмот и навредите меѓу припадниците на двете заедници траат во континуитет низ еден подолг временски период.
- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*

**ПРИМЕР 11**:
Музика со националистичка содржина се шири преку еден „онлајн“ музички канал. Одредени песни се објавуваат од припадници на две етнички заедници меѓу кои имало насилен конфликт во минатото. Песните често повикуваат на насилство против луѓето од другата етничка група.
- *Кои се жртвите на говорот на омраза во овој пример? Какви последици говорот на омраза остава врз нив?*
- *Какви последици може да има овој пример на говор на омраза врз луѓето кои се идентификуваат со заедниците каде ова се случува, и генерално врз општеството?*




# ВИРТУЕЛНА АКЦИЈА

***Ова е активност за време на која учесниците ќе бидат инспирирани од антирасистички акции и заеднички ќе размислуваат за тоа како да осмислат слични акции „онлајн“.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Стратегии за водење кампања, расизам и дискриминација, човекови права |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 3 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | Минимум 12 |
| ВРЕМЕ | 60 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разбере улогата на интернетот како простор каде младите луѓе можат да дејствуваат за почит и слобода;<br>Да се биде свесен за ограничеsoučasностите на интернетот и за неговите врски со „офлајн“ просторите во однос на мобилизирањето млади луѓе за дејствување во корист на вредностите и принципите на човековите права. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Хартија и пенкала<br>(Факултативно) Пристап до интернет |
| ПОДГОТОВКА | Посетете ги веб-локациите на организациите кои ги спроведуваат иницијативите што учесниците ќе ги разгледуваат за време на активноста. Целта е да се запознаете со работата на младите во полето на борбата против расизмот.<br>Фотокопирајте ги работните материјали за учесниците. |

**УПАТСТВА**

1. Прашајте ги учесниците дали знаат за некоја иницијатива или акција каде луѓето презеле дејствија против расизмот и другите форми на дискриминација. Продискутирајте ги накратко нивните примери.
2. Кажете им на учесниците дека ќе разгледаат неколку примери на анти-расистички акции и ќе треба да размислат за тоа како овие акции да се преточат во „онлајн“ активности.
3. Поделете ги учесниците во мали групи (до 5 учесника во група) и дадете ѝ на секоја група еден случај од работните материјали. Секоја група нека си ја прочита својата обработка на случај и нека продискутира околу следниве прашања:

- Со каков проблем се занимава проектот?
- Која е целта на проектот?
- Какви методи користи проектот за да ја оствари својата цел?

4. Дадете им на групите околу 10 минути за да продискутираат за прашањата. По 10 минути дадете им нова задача: нека продискутираат како би се справиле со сличен проблем користејќи го интернетот како средство за борба, а не работењето „офлајн“. Побарајте од нив да размислат за видовите акции што би можеле да ги преземат„онлајн“ а кои би ги отсликале „офлајн“ активностите опишани во случаите од работните материјали. Групите ќе треба да одговорат на следниве прашања:
- Кои „онлајн“ методи би можеле да ги употребат за да ја постигнат својата цел?
- Кои се ограниченостите на користењето интернет во контекстот на остварувањето на резултатите?
5. Дадете им на учесниците околу 20 минути за задачата и потоа поканете ги да ги споделат нивните идеи со другите групи во пленарен состав.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Искористете ја анализата за да ги разгледате резултатите на работните групи заедно со учесниците и да размислите за предностите и негативностите на користењето интернет како средство за борба против расизмот и дискриминацијата. Послужете се со некои од следниве прашања:

- Дали мислите дека предлозите на групите би можеле успешно да се реализираат?
- Дали мислите дека овие предлози би можеле да помогнат во остварувањето на целта?
- Кои се предностите на користењето интернет како алатка за водење кампања?
- Кои се негативностите или ограниченостите на водењето кампања „онлајн“?
- Дали знаете за некои други „онлајн“ алатки или иницијативи кои би можеле да бидат поддршка на кампањи слични на кампањите во случаите од работните материјали?
- Дали знаете за некои „онлајн“кампањи против расизмот и дискриминацијата?
- Како би можеле да го искористите интернетот за водење кампања против расизмот и дискриминацијата?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Доколку учесниците поседуваат само базично разбирање на она што значи говор на омраза и расизам/дискриминација, активноста би можеле да ја започнете со „бура на идеи“ во врска со овие поими.
- Доколку тешко им оди на учесниците со замислувањето на вакви „онлајн“ иницијативи, дадете им неколку примери за тоа како интернетот може да се искористи за преземање акција.

**ВАРИЈАЦИИ**

Можете да ги адаптирате случаите од работните материјали така што да ги одразуваат вашите локални или национални специфики, а можете и да изберете други примери на акции кои би биле посоодветни за вашата група. Гледајте да селектирате лепеза од иницијативи така што учесниците да се уверат дека постојат голем број начини за преземање акција.

Активноста можете да ја изведете и обратно, односно да се селектираат „онлајн“акции кои групите би ги разгледувале. Задачата на групите тогаш би била да ги трансформираат овие „онлајн“ акции во „офлајн“ активности.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Стапете во контакт со локални организации кои спроведуваат активности за борба против расизмот и поканете ги да дојдат и да им говорат на учесниците околу тоа што и како работат.

Поразговарајте со учесниците во врска со тоа дали некои од идеите што ги предлагаат може да се спроведат во праксата и охрабрете ги да го сторат истото! Исто така, би можеле да основате блог за вашата група и да ги поканите учесниците да објавуваат информации за групи кои се честа мета на расизмот со цел да се надминат некои општоприфатени предрасуди и да се подигне свеста за штетните влијанија од истите.

Поттикнете ја групата да стане дел од Движењето против говорот на омраза за да покажат солидарност со жртвите на говорот на омраза на интернет! Тоа може да се направи на веб-локацијата на кампањата: www.nohatespeechmovement.org. Учесниците можат да достават примери за говор на омраза и да споделат примери на добра пракса со активисти од други земји.

## РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ПРИМЕР 1. РАСИЗАМ ВО СПОРТОТ**

„Тоа беше вистински кошмар. Пред да отидам таму, не можев ни да замислам дека ќе бидам толку емоционално погоден“.

*22-годишен фудбалски навивач*

Германските фудбалски навивачи редовно пеат антисемитски слогани и песни за време на фудбалските натпревари. Иницијативата „Dem Ball Ist Egal Wer Ihn Tritt“ (На топката не ѝ е гајле кој ја шутира) има за цел да се бори против ваквите појави и во рамките на истата се организираат посети на поранешниот концентрационен камп Аушвиц за навивачи на фудбалски клубови.

Зошто токму Аушвиц? Иницијативата беше предизвикана од навивачи кои ја пееја песната „Ќе изградиме метро од Менхенгладбах до Аушвиц“. „Песната за Аушвиц“ денес е позната во целата земја и може да се чуе на сите фудбалски стадиони низ цела Германија.

Организацијата започна еден пилот проект каде навивачи на различни клубови на возраст од 18 до 28 години одат на тридневна екскурзија до камповите на смртта од Втората светска војна, со цел да се поведе една продлабочена дискусија за антисемитизмот и расизмот во фудбалот. Навивачите кои биле на ваквите екскурзии биле силно погодени од ова искуство и многу од нив ги споделиле своите впечатоци со поширок аудиториум. Биле изготвени и летоци кои потоа биле објавени на веб-локациите на клубовите, а целата иницијатива била пропратена со широка медиумска кампања.

*((Белешка)) (Инспирирано од* иницијативата *на организацијата „Амадеу Антонио“)* www.amadeu-antonio-stiftung.de/eng/we-are-active/topics/against-anti-semitism/football

**ПРИМЕР 2. БРИШЕЊЕ НА РАСИСТИЧКИ ГРАФИТИ**

Антирасистичката организација „Никогаш повеќе“, со седиште во Краков, организираше локални акции под мотото на кампањата „Ајде да ги обоиме ѕидовите на Краков!“ против графитите кои содржат омраза. Во текот на цела една година „Никогаш повеќе“ работеше заедно со локални партнерски организации на вклучување на што е можно повеќе млади активисти и граѓани:

Младите луѓе се собираа за да ги отстранат и префарбаат расистичките налепници и графити.

Сопствениците на куќи и станови беа поканети да учествуваат во акцијата за обелување на надворешните ѕидови и фасадите.
Во внатрешноста на училиштата беа испишувани со спреј антирасистички графити со помош на наставниците и учениците.
Беше упатена покана до новинарите да известуваат за кампањата по што беа објавени соодветни статии во локалните весници и списанија.
Многубројните единечни активности на овој начин станаа една голема акција која успеа да испрати силна порака: „Да го ослободиме Краков од графитите на омразата".
www.unitedagainstracism.org/pages/thema05.htm, www.nigdywiecej.org

**ПРИМЕР 3. ЖИВА БИБЛИОТЕКА**
„Жива библиотека" е идеја смислена од Советот на Европа со намера да се бори против предрасудите и дискриминацијата. Една *жива библиотека* функционира на ист начин како и обичната библиотека: посетителите можат да го истражуваат каталогот со достапни наслови, да ја изберат книгата која сакаат да ја читаат и потоа да ја позајмат на определено време. Откако ќе ја прочитаат, тие ја враќаат книгата во библиотеката така што и други луѓе да можат да ја читаат. Доколку сакаат, тие потоа можат да позајмат друга книга.
Единствената разлика е тоа што во *живата библиотека* „книгите" се луѓе, а читањето се состои од разговор со „книгата".
*Живата библиотека* прави обид за надминување на предрасудите преку овозможување разговор меѓу двајца луѓе: книгите и читателите. Книгите се волонтери кои или самите биле подложени на дискриминација или претставуваат групи или поединци во општеството кои се под ризик од злоупотреби, стигма, предрасуди или дискриминација. „Книгите" често имаат лично искуство со дискриминација или социјална исклученост кое сакаат да го споделат со читателите. Она што е најважно е дека книгите им даваат на читателите дозвола да влезат во дијалог со нив, во надеж дека нивните размислувања и искуства ќе ги оспорат општоприфатените перцепции и стереотипи и дека на тој начин ќе влијаат врз ставовите и однесувањата во поширокото општество. *„Не суди за книгата според нејзината корица"* - достапно на http://eycb.coe.int

**ПРИМЕР 4. САКАЈ ЈА МУЗИКАТА, МРАЗИ ГО РАСИЗМОТ**
„Нашата музика е живо сведоштво за фактот дека културите можат да се мешаат и дека тие навистина го прават тоа."
„Сакај ја музиката, мрази го расизмот" (LMHR) има за цел да создаде национално движење против расизмот и фашизмот преку музиката. Организацијата беше формирана во 2002 година како реакција на растечките нивоа на расизам и изборни успеси на екстремната десничарска партија БНП (Британска национална партија). Организацијата ја користи енергијата на музичката сцена за славење на различностите и за активирање на луѓето во антирасистички и антифашистички активности и апелира до граѓаните да гласаат против фашистички кандидати на изборите.
Оваа организација има организирано неколку стотици настани, и тоа од големи фестивали на отворено па сè до локални живи свирки и настани по ноќните клубови. На настаните организирани од оваа организација имаат настапувано врвни уметници меѓу кои: Мис Дајнамајт (Ms Dynamite), Хард-Фај (Hard-Fi), Бејбишемблс (Babyshambles), Акала (Akala), Гет Кејп Веар Кејп Флај (Get Cape Wear Cape Fly), Естел (Estelle), Д Вју (The View), Литал Бизл (Lethal Bizzle), Рол Дип (Roll Deep) и Бејсмент Џекс (Basement Jaxx). Голем број сè уште неафирмирани но надежни бендови, ди-џеи и рапери исто така имаат настапувано или самите организирале нивни локални LMHR ноќи.
http://lovemusichateracism.com/about




# НАПАД НА ИНТЕРНЕТ

***Учесниците редизајнираат една (фиктивна) веб-локација на кампања за да се справат со напливот од расистички коментари од локалната заедница.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Интернет познавања, стратегии за водење кампања, расизам и дискриминација |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 3 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 – 20 |
| ВРЕМЕ | 90 минути |
| ЦЕЛИ | Да се размисли за клучните пораки со кои ќе му се спротивставиме на расизмот;<br>Да се истражат начини за водење кампања против расизмот и говорот на омраза на интернет;<br>Да се развијат вештини за презентирање, убедување и „онлајн“ комуникација. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Хартија за подвижна табла (хамер) и пенкала/дебели фломастери во боја. |
| ПОДГОТОВКА | Фотокопирајте ги работните материјали (стр.134-135).<br>Побарајте од учесниците да посочат некои од нивните „најдобри“ и „најлоши“ веб-локации пред активноста (незадолжително).<br>Пристап до интернет (незадолжително). |

**УПАТСТВА**

1. Објаснете им дека активноста ќе се состои од редизајнирање на веб-локацијата за една училишна кампања. Дадете им ги на учесниците следниве воведни информации:

> Вашето училиште се наоѓа во место со голема имигрантска заедница. Училиштето е гордо на своите напори насочени кон создавање добри меѓуетнички односи, а бројот на примери на расизам меѓу учениците е многу мал. Сепак, односите надвор од оградата на училиштето и натаму се мошне проблематични. Етничките малцинства често се жртви на навреди и насилство од мнозинското „бело“ население, а неонацистичките групи се во пораст.
> Раководството на училиштето одлучи да се обиде да го надмине овој проблем преку започнување кампања на интернет со цел подигнување на свеста за тоа зошто е важно секој еден од зедницата да биде вклучен а не оставен настрана. За таа цел брзо била изработена веб-локација со форум за коментари и прашања од јавноста. За учество на форумот не било задолжително некој да се регистрира и истиот за брзо време бил преплавен со расистички коментари.

2. Покажете им ја на учесниците  страницата на кампањата и прашајте ги што мислат за истата. Поттикнете одговори со помош на неколку прашања:
- Дали е јасна пораката на кампањата?
- Што мислите за генералниот изглед на страницата и за начинот на кој се презентирани информациите?
- Дали страницата на кампањата е добра? Зошто мислите дека е добра или дека не е добра?
3. Објаснете дека активноста ќе се состои од редизајнирање на веб-локацијата и промена на политиката за „онлајн“ форумот доколку има потреба. Дадете им ја листата со задачи (стр. 136-137) и поделете ги учесниците во групи (максимум по шесторица во секоја група).
4. Дадете им на групите околу 20 минути да поразговараат за прашањата и потоа на секоја група дадете ѝ по еден хамер и неколку пенкала во боја.
5. По 20-те минути за дискусија, откако ќе им дадете по еден хамер и пенкала во боја на секоја група, кажете им дека имаат дополнителни 15 минути за да изработат макета на насловната страница. Предложете им да си ги поделат различните задачи така што некои членови на групата да работат на содржината, а други на дизајнот на страницата (погледнете го делот „Совети за олеснувачите“).
6. Кога ќе завршат групите, изложете ги „ веб-локациите“ низ просторијата и соберете ги учесниците заедно како една група за анализата на активноста.

**ИСПИТУВАЊЕ**

- Колку ви беше лесна или тешка задачата? Што одеше најтешко а што течеше мазно во рамките на групата?
- Бевте ли задоволни од крајниот производ?
- Во колкава мера ја зедовте предвид вашата целна публика при дизајнирањето на веб-локацијата, односно дали направивте нешто за да допрете до оваа посебна група? (на пример, преку користење на специфичен стил на пишување?)
- Дали најдовте нешто што посетителите на веб-локацијата би можеле да го прават за да се заангажираат во кампањата или да остварат интеракција со веб-локацијата? Колку е ова важно според вас?
- *Споредете ги различните политики за форумите меѓу групите.* Прашајте ги зошто ја одбрале токму таа политика. Од што најмногу се воделе при изборот на таквата политика?
- Дали мислите дека расизмот е проблем во вашата заедница? (побарајте да ги кажат причините за таквата појава)
- Дали некогаш сте сретнале расистички навреди на интернет? Дали би сториле нешто ако се сретнете со такви содржини?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Обидете се да ги запишете размислувањата на учесниците околу тоа што недостасува на страницата на кампањата на училиштето. Главните поенти можете да ги запишете на хамер, при што страницата би ја поделиле на два дела

со вертикална линија така што на едната страна би ги запишувале „плусевите“ а на другата „минусите“.

- Доколку постојат разлики во мислењето, истите ставете ги на хартија затоа што одредена веб-локација на некои луѓе може да им се допаѓа а на други не. Ова ќе важи и за моментите кога учесниците ќе размислуваат за нивната целна публика и кога ќе работат на креирање на својата веб-локација.
- Би било добро да има повеќе време на располагање за групната работа. Во фазата на дизајнирање на страницата можете да им дозволите на учесниците да погледнат „вистински “ веб-локации. Тоа ќе им даде идеја за тоа колкаво количество содржини можат да сместат на страницата и за различните начини на кои може да се презентираат информации.
- Кога групите ќе започнат да работат со хамерите, предложете им да ги поделат задачите меѓу членовите на групата. На пример, едни членови можат да работат на подобрување на пораката на кампањата, други на предлагање линкови до други веб-локации (или страници), а трети би можеле да работат на самиот дизајн. Потсетете ги дека содржината и стилот се во најмала рака исто онолку важни колку и дизајнот!

**ВАРИЈАЦИИ**

Кампањата би можеле да ја измените така што да се однесува на различни групи кои се мета на омраза како на пример жени, млади лица со инвалидитет, некое верско малцинство или Роми.

Доколку членовите на групата располагаат со добри вештини од областа на информатичката технологија, дизајнот на веб-локацијата може да се направи со помош на програма за обработка на текст или со бесплатен сервис за блогирање како што се „Wordpress“ или „Blogger“. За ова ќе биде потребно повеќе време.

Во зависност од тоа колку време имате на располагање, потоа можете да побарате од учесниците да именуваат некои омилени веб-локации и секако некои од најмалку омилените локации. На овој начин може да се изнесат на површина одредени работи кои тие ги сметаат за важни во дизајнирањето на страницата на кампањата.

Дискусијата за тоа каква ќе биде политиката на форумот би можела да ја започне целата група, доколку има време за такво нешто. Вие би можеле да составите листа со позитивни и негативни страни на една политика која дозволува секаков вид коментари и не бара коментаторите да се регистрираат.

Би можеле да ја користите веб-локацијата на кампањата на Движењето против говорот на омраза и да ја анализирате за време на активноста, замислувајќи дека вашата група е таа која ја води оваа кампања.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

По анализата на активноста, споделете некои информации за Движењето против говорот на омраза на Советот на Европа и охрабрете ги учесниците да ја „прочешлаат“веб-локацијата на Движењето и да се пријават за учество во кампањата во нивната земја.

Плановите на групите околу веб-локацијата може да се искористат како основа за веб-локација на една вистинска кампања. Идеите ќе треба да се соберат на едно место така што крајниот производ да претставува труд на целата група, а учесниците ќе треба да работат на изготвување на содржини за веб-локацијата. Ова би можело да биде подолгорочен проект и за истиот се потребни компетентни луѓе кои би ги поставиле содржините на интернет. Тие исто така би можеле да постават страница на групата на некој социјален медиум.

Учесниците би можеле да направат истражување за тоа каква е реалната состојба со

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**ЛИСТА НА ЗАДАЧИ**

Поразговарајте за следново во вашата група:

Која е вашата главна, целна публика? *На пр. младите, сите членови на локалната заедница, припадници на етнички малцинства, припадници на „белото“ мнозинство, ... светот?*

Која е целта на вашата кампања и како можат луѓето да се ангажираат околу или во кампањата?

Каква е вашата политика околу објавувањето коментари?

- Дали е потребна задолжителна регистрација пред да се испрати коментар?
- Каква е вашата „политика“ за форумот: дали секој може да напише што сака и да му биде објавен коментарот или одредени коментари се неприфатливи?

# Средно училиште „Сиделфилд“

## Кампања за негување на долгорочно меѓуетничко разбирање и човекови права

### Форум

*Можете да кажете баш сѐ што сакате на овој форум. Ние веруваме во слободата на говорот!*

**Најкоментирани дискусии:**

- Ви се допаѓа ли она што го работиме? *7,345 коментари*
- Да ги исчистиме нашите училишта (потпиши се овде) *3,231 коментари*
- Марш назад дома *3,123 коментари*
- Белците против мешано образование *2,898 коментари*
- Честитки, Сиделфилд! *1,002 коментари*
- Кршете глава! Не ве викнавме да ни дојдете.*976 коментари*
- Како може да се учи без мозок 535 *коментари*
- Петиција на родителите против расизмот *812 коментари*

Кликни овде за да се вклучиш во дискусијата

### Други поглавја

- Изјава на директорот
- Изјава на општината
- Службена документација
- Економски индикатори
- Статистика и факти

### За кампањата

Нашата кампања има за цел да го подобри меѓуетничкото разбирање во училиштето и во локалната заедница. Ние дејствуваме проактивно кон создавање на позитивна средина за учење за сите ученици без оглед на нивната раса, етничко потекло, верска припадност или културен идентитет. Прочитај повеќе

### Нашиот блог

Средното училиште „Сиделфилд“ посветува огромно внимание на меѓукултурното разбирање во рамките на една здрава средина за учење. Ш Прочитај повеќе

„Сиделфилд“ достави времен извештај во врска со најновата *Консултација за афирмативна акција во образовните институции* усвоена од страна на Комисијата за расна еднаквост. Прочитај повеќе






# ШТО МИСЛИШ ЗА МЕНЕ?

***Оваа активност се случува на замислен интернет форум. Од учесниците се бара да се поздравуваат едни со други според востановените стереотипи за одредени групи. Тие ја користат активноста за да изготват упатства за тоа како треба да се одвива интеракцијата „онлајн“.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Расизам и дискриминација, интернет познавања, демократија и учество |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 1 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | 10 – 20 учесници |
| ВРЕМЕ | Прв дел: 35 минути<br>Втор дел: 25 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разговара за предрасудите и говорот на омраза во врска со одредени групи;<br>Да се размисли за разликите помеѓу интеракцијата „онлајн“ (т.е. во „виртуелниот“ свет) и интеракцијата „офлајн“ (т.е. во „реалниот“ свет);<br>Да се воспостават упатства за интеракцијата „онлајн“. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Леплива лента;<br>Хартија и пенкала (и мала табла за пишување со држач за хартија или нешто друго на што може да се стави хартијата);<br>Подвижна табла и фломастери;<br>Простор за движење. |
| ПОДГОТОВКА | Направете доволно „профили“ за секого во групата (употребете ги профилите на страна140 или креирајте сопствени профили).<br>Напишете го секој профил на парче хартија (со формат А5) и подгответе парчиња леплива лента за да ги залепите хартиите на грбовите од луѓето.<br>Фотокопирајте ја дефиницијата на Советот на Европа за говор на омраза за секој учесник.<br>Ќе треба да има доволно простор за учесниците да можат да се движат наоколу. |

## УПАТСТВА

### ПРВ ДЕЛ: ВО ФОРУМОТ (15 МИНУТИ)

1. Речете им на учесниците да замислат дека се учесници во некој интернет форум на тема фудбал (или хокеј на мраз или друг спорт). Објаснете им дека секој од нив ќе добие нов „профил“ и дека ќе треба да ја претставуваат таа личност. Она што е битно е дека никој не треба да знае што е напишано на неговиот профил!

2. Кажете им на учесниците дека активноста се состои од тоа тие да се претставаат кои се и да ги поздрават другите. Дискусиите треба да бидат кратки, при што учесниците треба да се обидат да поздрават што е можно повеќе посетители на форумот во рамките на доделеното време.
3. Објаснете дека целта на активноста е да се истражат воспоставените перцепции и предрасуди за различни групи во општеството. При средбата со други лица, учесниците треба да помислат на сите оние работи што луѓето *би можеле* да му ги кажат („онлајн“) на некого со нивниот идентитет, како на пример, на инвалидизирано лице во некаква спортска група или екипа, на црнец од Африка, на постара жена и слично. Луѓето не мора да комуницираат со другите на начин како што тоа би го правеле во ситуација на својот вистински идентитет, туку да размислат за сите оние мислења кои може да се сретнат „онлајн“ и да се обидат да ги претставаат истите. Дозволени се и безобразни и некултурни коментари; никој подоцна нема да биде повикан на одговорност за коментар што го дал во текот на активноста.
4. Речете им на учесниците да запишуваат, додека се движат наоколу, некои од зборовите што другите ги користат кога ги поздравуваат нив лично.
5. Залепете одреден идентитет на грбот на секој учесник без тој или таа да види за каков идентитет станува збор. Дадете им на сите парче хартија и молив за да ги запишат зборовите што другите ги користат во врска со нивниот идентитет.
6. Речете им да се движат наоколу низ просторијата. Дадете им околу 10 минути за средбите и поздравувањата. Откако ќе поминат 10 минути, објавете крај на активноста, отстранете им го зададениот идентитет и преминете на анализа на активноста.

**ИСПИТУВАЊЕ (20 МИНУТИ)**

Пред да започнете со анализа на активноста, „извадете“ ги учесниците од претходната улога така што секој нека си го каже вистинското име и по една работа за себе. Потоа можете да употребите некои од следниве прашања.

- Дали некој успеа да погоди одредени аспекти од својот профил? Побарајте од нив да образложат зошто така мислат и да наведат некои од зборовите употребени од другите учесници кога ги поздравувале.
- Дали некој уживаше во активноста? Дали некому не му се допадна активноста? Зошто?
- Речете им на учесниците да го погледнат профилот што им беше зададен.
- Дали некој беше изненаден од некои од зборовите што биле користени кога им бил упатен поздрав?
- Дали мислите дека профилите одговараа на „реалноста“? Дали луѓето би ставиле ваков вид информации на еден јавен профил?
- Колку беше лесно или тешко да им се кажуваат навредливи работи на другите? Дали беше полесно да се најдат навредливи работи за одредени профили (отколку за други)?
- Дали мислите дека ќе ви беше полесно да кажувате навредливи работи доколку бевте „онлајн“ т.е. доколку „лицето“ не беше пред вас? Зошто овој момент би можел да прави разлика?

**ВТОР ДЕЛ: УПАТСТВА (25 МИНУТИ)**

1. Кажете им на учесниците за кампањата на Советот на Европа против говорот на омраза на интернет и дадете им ја дефиницијата на говор на омраза од рамката подолу.

| |
|---|
| Говорот на омраза ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува на, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани на нетолеранција, вклучувајќи ги и нетолеранцијата изразена преку агресивен национализам и етноцентризам и дискриминацијата и непријателскиот однос кон малцинствата, мигрантите и луѓето со имигрантско потекло.<br>(Комитет на министри, Совет на Европа) |

2. Побарајте неколку мислења во врска со следниве прашања и објаснете им дека истите ќе бидат дополнително продискутирани во групи:

- Дали сметате дека говорот на омраза треба да биде дозволен „онлајн“?
- Зошто луѓето објавуваат на интернет говор на омраза за други луѓе?
- Што *вие* можете да предложите како начини за надзор над вашите објави на интернет така што истите да не бидат навредливи кон другите?

3. Објаснете дека учесниците ќе работат во мали групи (4 – 5 луѓе) на изготвување на упатства за активностите кои се одвиваат „онлајн“. Дадете им околу 10 минути за оваа задача и потоа соберете ги сите групи заедно за да ги слушнете различните предлози.

**ИСПИТУВАЊЕ**

- Дали имате било каков коментар во врска со различните предлози? Дали луѓето се сетија на одредени работи што вие можеби сте ги заборавиле?
- Дали мислите дека е можно човек да се држи до вашите упатства?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Изборот на идентитети е важен во оваа вежба; можеби треба да адаптирате имиња или некои од профилите така што истите повеќе да одговараат за вашата група. При доделување на определен профил на луѓето, гледајте тоа да не биде профил што е близок до неговиот или нејзиниот вистински идентитет.
- На луѓето можете да им го кажете името кога ќе им го дадете профилот. Не им давајте никакви други информации и особено поучете ги да не бараат од другите да им кажат што е напишано на нивната налепница.
- Кога ќе ги подготвувате учесниците за форумот, охрабрете ги да искомбинираат неколку позитивни или неутрални поздрави со неколку негативни поздрави. Особено нагласете им дека коментарите што ќе ги даваат мора да се водат исклучиво од она што е напишано на профилот, а не од нешто што тие го знаат за човекот кој ја носи налепницата. Можете да им дадете и неколку примери пред да започне активноста. На пример:

- *„Здраво, спортисту!“*
- *„Ти си премногу деформиран за да играш фудбал!“*
- *„Ти странецу – што бараш овде?“*

- По активноста, проверете да не некој евентуално е повреден или навреден во својот „вистински“ идентитет од нешто што му било кажано за време на активноста. Би било добро директно да „нападнеме“ некои од негативните коментари така што ќе го прашаме оној кој користел навредливи поздрави дали тоа навистина го мисли за лицето.
- Би можело да биде од корист да имаме неколку маси на различни места во просторијата доколку на учесниците им е тешко да пишуваат забелешки додека се во движење. Алтернатива на ова е да имате неколку набљудувачи кои нема да учествуваат во активноста туку само ќе запишуваат на хартија што кажуваат луѓето (како и реакциите на луѓето).
- Кога групите ќе завршат со пишување на упатствата, истите можат да се постават низ просторијата така што другите да можат да ги погледнат додека се движат низ просторијата.

**ВАРИЈАЦИИ**

Активноста би можела да се изведе и во форма на пишување. За таа цел ќе треба да направите 3 или 4 фотокопии од профилите на стр.140 и да ги исечете во форма на карти. Откако ќе им го зададете на луѓето нивниот профил (на грбот), дадете им по 3 или 4 карти по случаен избор. Тие треба да ги запишат нивните поздрави на задната страна од картата. Картите потоа ќе им бидат дадени на лицата со соодветниот профил.
Овој метод може поверно да ја отслика релативната анонимност што луѓето ја имаат „онлајн“, но за ова ќе треба малку повеќе време.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**

Учесниците може дополнително да поработат на упатствата и да изготват единствен пакет со упатства за целата група. На упатствата можете да се навратите некој ден подоцна и да прашате дали и како луѓето успеале да ги испочитуваат. Упатствата можете да ги споделите со други посетители на веб-локацијата на Движењето против говорот на омраза. Упатствата исто така можете да ги продискутирате „онлајн“со други млади луѓе на страницата на кампањата под наслов „Приклучи се во дискусијата“ (www.nohatespeechmovement.org).
Доколку забележите силни предрасуди против определени групи, за истите ќе треба да смислите конкретни фокусирани активности. За таа цел погледнете ги *„Образовниот пакет“* и *„Компас“* за да најдете активности што се борат со предрасудите и дискриминацијата. Повеќе информации на: www.coe.int/compass

# РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

| | | |
|---|---|---|
| Ала (Ж)<br>Возраст: 19 години<br>Лезбејка | Пјер (М)<br>Возраст: 9 години<br>Сака да игра игри на интернет | Мигел (М)<br>Возраст: 16 години<br>Државен првак по математика |
| Стивен (М)<br>Возраст: 33 години<br>Фудбалски тренер | Хуго (М)<br>Возраст: 21 години<br>Од Венецуела | Крис (М)<br>Возраст: 43 години<br>Контролор за паркирање |
| Дафне (Ж)<br>Возраст: 65 години<br>Има сопствен бизнис | Амлин (М)<br>Возраст: 27 години<br>Од Сомалија | Соња (Ж)<br>Возраст: 33 години<br>Невработена |
| Ханзи (М)<br>Возраст 23 години<br>Ром | Слава (М)<br>Возраст: 26 години<br>Фризер | Лиза (Ж)<br>Возраст: 30 години<br>Готвачка |
| Ребека (Ж)<br>Возраст: 28 години<br>Има потешкотии во учењето | Јохан (М)<br>Возраст: 31 години<br>Јеховин сведок | Штефи (Ж)<br>Возраст: 12 години<br>Глува |
| Лијана (Ж)<br>Возраст: 13 години<br>Игра за училишната фудбалска екипа | Рикардо (М)<br>Возраст: 72 години<br>Хомосексуалец | Сем (М)<br>Возраст: 21 години<br>Професионален тенисер |
| Дејвид (М)<br>Возраст: 26 години<br>Воен ветеран (инвалид) | Леон (М)<br>Возраст: 29 години<br>Оџа (муслимански свештеник) | Џо (М)<br>Возраст: 37 години<br>Хуманитарен работник |




# ВО ШТО СТЕ ОБЛЕЧЕНИ НА ИНТЕРНЕТ?

***Учесниците пополнуваат дијаграм на кој ќе ги прикажат своите склоности во контекстот на споделување одредени информации на интернет и ќе дискутираат за начините како да се биде попретпазлив при споделувањето лични информации на интернет.***

| | |
|---|---|
| ТЕМИ | Приватност и безбедност, интернет познавања, насилство преку интернет |
| СЛОЖЕНОСТ | Ниво 1 |
| ГОЛЕМИНА НА ГРУПА | Било која големина |
| ВРЕМЕ | 40 минути |
| ЦЕЛИ | Да се разгледаат различни „односи“ на интернет;<br>Да се дојде до лични „репери“во врска со споделувањето и комуникацијата на интернет;<br>Да се подигне свеста за приватноста на интернет и да се научи какви мерки на претпазливост можеме да преземеме за да ги заштитиме нашите човекови права и приватност на интернет. |
| МАТЕРИЈАЛИ | Копии од дијаграмот на стр.143<br>Подвижна табла („флипчарт“) и дебели фломастери |
| ПОДГОТОВКА | Да се направат доволно копии од дијаграмот така што секој учесник да добие копија. |

**УПАТСТВА**

1. Прашајте ги учесниците какви мерки на претпазливост преземаат за да ја заштитат нивната приватност со луѓе кои не ги познаваат, како на пример додека се во некој трговски центар. Помогнете им со ваши прашања доколку тоа биде потребно:
- Дали ги носите истите алишта што ги носите на плажа?
- Дали си го запишувате бројот на вашиот мобилен телефон на лицето?
- Дали им ја кажувате на луѓето вашата лозинка за активностите на интернет?
2. Објаснете дека овие работи можеби изгледаат очигледни во „реалниот“ живот, но ние не секогаш ги преземаме истите мерки на претпазливост кога сме на интернет. Прашајте ги учесниците дали сметаат дека се исто онолку внимателни на интернет како кога не се на интернет во врска со заштитата на личните информации. Објаснете дека активноста ќе се позанимава со видовите информации за кои сме подготвени да ги споделиме со различни луѓе на интернет.
3. Ставете копија од дијаграмот на стр.143 (или нацртајте на таблата) и набрзина поминете неколку примери со учесниците со што ќе им се покаже како треба да ѝ пријдат на задачата. Објаснете дека одговорите треба да бидат индивидуални

бидејќи различни луѓе може да имаат различни нешта во врска со нив самите за кои се чувствуваат подготвени да ги споделат со други.

4. Дадете им отприлика 15 минути за завршување на задачата, а потоа замолете ги да го споделат нивниот дијаграм со двајца или тројца други учесници. Учесниците можат или да шетаат наоколу покажувајќи им го својот дијаграм на други учесници или можете да ги поделите во мали групи во зависност од времето / просторот и големината на групата.
5. Откако учесниците ќе ги споредат своите дијаграми со неколку други, повторно вратете ги сите заедно како една група за општа дискусија.

**ИСПИТУВАЊЕ**

Најпрво поставете неколку општи прашања:

- Дали постоеја информации за кои не бевте подготвени да ги споделите со никого? Прашајте ги кои биле причините за тоа.
- Имаше ли информации за кои бевте подготвени да ги споделите со секого? Видете дали има разлики во мислењата во рамките на групата.
- Дали забележавте разлики кога го споредувавте вашиот дијаграм со дијаграмите на другите луѓе, и можете ли да ги објасните овие разлики?
- Зошто мислите дека би можело да биде важно да бидете претпазливи во врска со споделувањето информации за вас со непознати лица? Какви последици би можеле да настанат?
- Зошто сметате дека би можело да биде важно човек да е внимателен во врска со споделувањето информации за други луѓе?
- Дали некогаш некој споделил со други информации за вас коишто вие не сте сакале да бидат споделени? Дали тоа може да се смета за кршење на вашите човекови права? Дали тоа би можело да се искористи за говор на омраза на интернет?

Завршете ја активноста така што ќе ги прашате учесниците дали оваа активност ги направила посвесни за начинот на кој се однесуваат со другите на интернет. Дали некој има намера да промени нешто во врска со тоа? Што би можеле да посочат учесниците како работи што секогаш треба да се земат предвид пред да се споделуваат лични информации на интернет?

**СОВЕТИ ЗА МОДЕРАТОРИТЕ**

- Можно е да нема „точен“ одговор за голем дел од врските во дијаграмот; ова делумно ќе зависи и од индивидуалните склоности. Сепак, важно е да ги направиме свесни учесниците за одредени опасности од непреземањето мерки на претпазливост за заштита на приватноста на интернет. Доколку учесниците сами не ги посочат потенцијалните проблеми, спомнете им ги ризиците од сајбер насилство и финансиско искористување. Недоволно внимавање на личната приватност и безбедност во огромна мера може да ги зголеми овие ризици. Во поглавјето 5 може да се најдат повеќе информации за сајбер насилството и приватноста / безбедноста.
- Во рамките на анализата на активноста, можете да напомените дека заштитатата на нашата приватност на интернет е важна делумно од безбедносни причини и делумно од причини поврзани со личниот интегритет / достоинство. Можеби

нема да се загрозиме себеси (ако имаме среќа) со тоа што сме се шетале полуголи или сме кажале глупави/злобни коментари за други луѓе; меѓутоа, можно е за истото да зажалиме подоцна! Содржините што ги поставуваме на интернет се многу „потрајни“ од работите што ги правиме во невиртуелниот свет и истите често не сме во состојба да ги отстраниме.

**ВАРИЈАЦИИ**
И покрај тоа што во фокусот на активноста е заштитата на нашата сопствена приватност, активноста можете да ја искористите и за анализа на проблематиката околу почитувањето на приватноста на другите. На пример, би можеле да прашате дали учесниците бараат дозвола пред да споделат информации за други луѓе и зошто барањето на таква дозвола би можело да биде важно. Искористете некои од информациите за приватноста и безбедноста во поглавјето 5 за да разговарате за аспектите на човековите права во овој контекст.

**ИДЕИ ЗА АКТИВНОСТИ**
Учесниците би можеле да водат дневник или записник за нивното „споделување“ во текот на една седмица: какви видови информации споделиле и со колку широк аудиториум? Тие не мораат да изнесуваат прецизни детаљи за содржината на споделувањето, но би можеле да следат какви сè работи им кажале или покажале (т.е. им ги направиле достапни) на групите наведени на дијаграмот (родители, пријатели, наставници, итн). Учесниците би можеле да ги запишат информациите што ги споделиле за самите нив и информациите за други лица што ги споделиле со некого.

## РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

**СПОДЕЛУВАЊЕ НА ВРСКИ: ПРИМЕР**



ПОГЛАВЈЕ 5

# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ


Говорот на омраза на интернет ....................146

Човекови права ....................152

Слобода на изразување ....................157

Расизам и дискриминација ....................163

Приватност и безбедност ....................168

Демократија и учество ....................172

Стратегии во водење на кампањата ....................177

Интернет познавања ....................181

Насилство преку интернет ....................190

Советот на Европа и говорот на омраза на интернет ....................194

## 5.1 ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

(...) терминот „говор на омраза“ ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува на, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани на нетолеранција, вклучувајќи ги и нетолеранцијата изразена преку агресивен национализам и етноцентризам и дискриминацијата и непријателскиот однос кон малцинствата, мигрантите и луѓето со имигрантско потекло.
*Совет на Европа, Комитет на министри, Препорака бр. (97) 20*

### ДЕФИНИРАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Говорот на омраза ретко е црно-бела или да-не проблематика. Мислењата околу тоа како истиот да се класифицира и што треба да направиме во врска со овој проблем се различни. Дел од причината за различните мислења лежи во тоа што повеќето луѓе овие прашања ги сметаат за меѓусебно поврзани: ако нешто се класифицира како говор на омраза, тоа нешто бара преземање на некаква акција. Доколку говорот не се класифицира како говор на омраза, претпоставуваме дека истиот е прифатлив или дека може да се толерира. Ова значи дека дефиницијата која ја користиме ни кажува и кога треба да дејствуваме.

Некои луѓе не сакаат да „дејствуваат“ против говорот на омраза затоа што тоа го сметаат за неприфатливо ограничување на слободата на изразување. Од тие причини, тие го користат терминот „говор на омраза“ само за оние најеклатантни случаи кога, на пример, се испратени директни закани по нечиј живот или безбедност.

Овој прирачник се заснова на дефиницијата на Советот на Европа, која опфаќа еден многу поширок видик кон проблемот на говорот на омраза. Пристапот со кој настапуваме на овие страници е согласен со идејата дека „нешто мора да се направи“ во врска со сè она што потпаѓа под оваа дефиниција. Важно е да се запомни дека потребата „нешто да се направи“ не мора да значи дека говорот треба да се ограничува или забранува! Постојат многу други начини како можеме да реагираме! Информациите во прирачникот што се однесуваат на стратегиите за водење кампања го обработуваат ова прашање подетално.

Последниот сегмент од ова поглавје зборува за начините како може да се класифицираат и оценат примерите на говор на омраза. Пред тоа доаѓа прашањето зошто или дали воопшто е потребно да преземеме нешто против говорот на омраза на интернет. Некои луѓе веруваат дека „интернетот сам ќе си се среди“ и дека треба да оставиме говорот слободно да си патува барем низ овој (виртуелен) простор!

Дефиницијата на Советот на Европа за говорот на омразата ги покрива „сите форми на изразување“; со други зборови, не само изразувањето преку говор туку и изразувањето преку слики, видео снимки или каква било форма на „онлајн“ активност. Токму затоа сајбер омразата е исто така говор на омраза.

# ЗОШТО ТРЕБА ДА СЕ ДЕЛУВА РПОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ?

## ГОВОРОТ НА ОМРАЗА БОЛИ

Зборовите болат и омразата боли! Говорот на омраза е сериозен проблем и може да доведе до повреда на човековите права. Говорот на омраза на интернет не е ништо помалку сериозен од говорот на омраза во „реалниот“ свет, но најчесто е потешко да го идентификуваме и да му се спротивставиме.

## СТАВОВИТЕ ГИ „ХРАНАТ“ ДЕЈСТВАТА

Говорот на омраза е опасен не само затоа што е штетен сам по себе, туку и затоа што може да доведе до посериозни кршења на човековите права, вклучувајќи и физичко насилство. Доколку не се контролира, говорот на омраза на интернет се префрла и во „реалниот“ живот при што предизвикува ескалација на расните тензии и други форми на дискриминација и злоупотреба. Потенцијалот што го има омразата брзо да се шири низ виртуелниот свет ја зголемува потенцијалната штета од истата.

## ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ Е ПОВЕЌЕ ОД САМО „ЗБОРОВИ“

Интернетот ни овозможува брзо да комуницираме и во бројни случаи тоа да го правиме анонимно, како на пример преку социјалните медиуми и „онлајн“ игрите. Омразата „онлајн“ може да се изрази и преку видео материјали и фотографии, како и во нејзината попрепознатлива „текстуална“ форма. Визуелните или мултимедијалните форми често можат да имаат дури и поголем ефект врз свесните и потсвесните ставови.

*На колку начини луѓето можат да мразат „онлајн“?*

*Песна, видео, твит, карикатура, манипулирана слика ...*

## ОМРАЗАТА Е НАСОЧЕНА И КОН ПОЕДИНЦИ И КОН ГРУПИ

„Онлајн“ омразата може да биде насочена кон групи, при што мета се обично оние групи кои и онака се ранливи на некој начин, било да се тоа азиланти, верски малцинства или лица со инвалидитет. Сепак, сè повеќе мета на „онлајн“ омраза се поединците. Последиците понекогаш се дури и фатални како во примерите со сајбер насилството, каде имаше неколку пријавени случаи на самоубиства. Говорот на омраза е закана и за безбедноста и самодовербата на секој оној кој се идентификува со групите кои се мета на говорот на омраза.

## ИНТЕРНЕТОТ НЕ Е ЛЕСНО ДА СЕ НАДГЛЕДУВА

Говорот на омраза на интернет се толерира повеќе отколку говорот на омраза во „реалниот“ свет и истиот е помалку подложен на контрола. Исто така, на „хејтерите“ им е полесно (и помалку ризично) да навредуваат на интернет отколку во „реалниот“ свет, ако заради ништо друго тогаш поради тоа што луѓето на интернет можат да се скријат зад маската на анонимноста.

*Дали некогаш сте кажале работи на интернет што не би ги кажале во живо? Дали тоа би го направиле доколку си мислите дека не е можно да ве идентификуваат?*

## КОРЕНИТЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ СЕ ДЛАБОКИ

Ставовите и социјалните тензии кои го поттикнуваат говорот на омраза на интернет се длабоко вкоренети во општеството, и генерално тоа се истите ставови и социјални тензии кои доведуваат и до говорот на омраза во „реалниот“ свет. Ако преземеме нешто против омразата на интернет, со тоа истовремено делуваме и кон намалување на случаите на омраза во „реалниот“ свет.

## ИНТЕРНЕТОТ НЕ Е ОСТРОВ

Активноста на интернет е една од најсилните одлики на модерното општество, која со секој ден добива на тежина сè повеќе, но истата не треба да се гледа како област во која вообичаените правила за однесување на луѓето не мора да се применуваат. Виртуелното битисување на луѓето е силно поврзано со нивното „реално" битисување. Овие две области од нашиот живот не се раздвоени затоа што виртуелниот свет едноставно стана важен дел од „реалниот" свет. Говорот на омраза на интернет често остава последици во секојдневниот живот затоа што луѓето, чувствата, искуствата и динамиката се истите - и „онлајн" и „офлајн".

## ИНТЕРНЕТОТ СЕУШТЕ Е МЛАД!

Нашето разбирање на виртуелниот свет е на многу начини помалку напредно од нашето разбирање на невиртуелниот свет. Истото важи и за законите и прописите кои се однесуваат на она што генерално се смета за прифатливо и неприфатливо. Активноста „онлајн" треба да се посматра низ истата призма на општи вредности кои нè водат во нашата „офлајн" активност. Активноста „онлајн" треба да биде предмет и на истото законодавство, односно таа треба да биде уредена со постоечките закони за човековите права.

## ИНТЕРНЕТОТ *МОЖЕ* ДА БИДЕ ПОДОБАР!

Интернетот ќе биде онаков каков што луѓето ќе го направат - ништо повеќе и ништо помалку од тоа. Исто како што е во реалното општество така е и овде: ако одредени начини на однесување станат „прифатливи" односно станат норма, тие најверојатно и ќе преовладеат. Нам ни треба визија за тоа какви би сакале да бидат прифатените начини на однесување „онлајн". Ние всушност треба да работиме кон тоа да ги направиме токму *таквите начини* прифатени за сметка на некои други начини на однесување. Ова значи дека ние како граѓани и млади луѓе од сите возрасти треба да се заинтересираме за тоа како се управува со интернетот и зошто одредени работи се дозволени, а други не се.

*Некои форуми или веб-локации имаат сопствена „култура". Како можат младите да помогнат за создавање на нивната преферирана „интернет култура"?*

## МИТОВИТЕ ЗА АНОНИМНОСТ И КАЗНИВОСТ

Говорот на омраза на интернет се распространува и засилува поради тоа што неговите разорни влијанија врз луѓето се потценети и поради следниве два мита околу социјалната интеракција на интернет: неказнивоста и анонимноста. На сè она што ќе се направи „онлајн" може да му се влезе во трагата сè до самиот автор или причинител; тоа единствено зависи само од тоа колку длабоко се волни да „копаат" органите за спроведување на законот. Впечатокот дека може да се објавуваат или преобјавуваат содржини на говор на омраза без да се остави трага придонесува кон тоа луѓето полесно да изразуваат говор на омраза отколку во случаите кога сторителот знае дека неговото име ќе му биде достапно секому.

Заедно со анонимноста доаѓа и чувството на неказнивост: оние кои настапуваат со говор на омраза можеби се свесни дека тоа што го прават е противзаконско, неправедно или неморално, но убедени се дека ништо нема да им се случи. И неказнивоста е исто така мит затоа што говорот на омраза може да биде причина за кривично гонење во голем број земји членки на Советот на Европа.
Потребно е и двата мита - за анонимноста и неказнивоста - да бидат елаборирани и демистифицирани.

# КАТЕГОРИЗИРАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

## ЛОША ОМРАЗА, ПОЛОША ОМРАЗА

Каков и одговор да се даде на говорот на омраза, потребно е да се има предвид дека кај омразата постои една градација: иако сите изрази на омраза се лоши до одреден степен, сепак одредени случаи можат да бидат *полоши* од други. На пример, одреден говор на омраза може да биде поагресивен и понавредлив, може негативно да влијае врз поголем број луѓе, да биде позапаллив, да има потенцијал за предизвикување поголема штета итн.

Секој обид да се одговори на говорот на омраза треба да го земе предвид ова затоа што разликите во степенот на изразена омраза ќе направат разлика и кај нашиот одговор односно реакција. Соодветна реакција на говор на омраза е онаа која нема да биде премногу рестриктивна во однос на слободата на изразување, но ќе ја признае и ќе се обиде да ја поправи штетата која говорот на омраза ја предизвикува (или веројатно ќе ја предизвика). Следнава листа нуди неколку корисни работи што треба да се земат предвид при оценување на индивидуални случаи.

## СОДРЖИНАТА И ТОНОТ НА ОМРАЗА

Одредени изрази на омраза се поекстремни, користат понавредливи зборови, па дури и повикуваат други лица да дејствуваат. На другиот крај од спектарот се благите навреди или широките генерализации кои прикажуваат одредени групи или поединци во лошо светло (и може да се неточни).

*Повеќе информации за слободата на изразување, вклучително и за легитимните ограничувања на истата, можете да најдете на стр. 157*

Една *првична* категоризација, која се базира само на содржината и тонот, вака би ги рангирала следниве изјави на скалата од лошо кон полошо:

Имигрантите низ историјата лошо влијаеле врз состојбите во земјите каде се доселиле.

Лицата со инвалидитет живеат на грбот

Црнчиштата не се луѓе, тие се животни.

Ти си е ***а курва. Утре ќе те силувам.

**Сè понавредливо или заканувачко**

Во праксата, многу е тешко содржината или тонот да се изолираат од општиот *контекст*. Земањето предвид и на други фактори (дадени подолу) би можело да го измени начинот како се подредени овие изјави, па на пример влијанието на коментарот за имигрантите би можел да биде многу поштетен токму затоа што користи еден поодмерен вокабулар.

## НАМЕРАТА НА ЛИЦЕТО ОДГОВОРНО ЗА ИЗЈАВАТА

Луѓето кажуваат работи, особено „онлајн“, без соодветно да ги одмерат зборовите. Често се случува да навредиме некого без да имаме намера и потоа да жалиме што сме изговориле такви работи, па на крајот дури и да си ја повлечеме изјавата. Во следниве два примера, ќе видиме дека и двете изјави се нетолерантни и безобзирни, но една од нив е кажана со намера да повреди. Најмалку што може да се направи е да се реагира различно на двата случаја.

**Смрт за педерите!**

Напишано во приватна е-маил порака до пријател како „шега“.

Објавено на Фејсбук страната на лице за кое се знае дека е хомосексуалец

**Лошо** → **Полошо**

## МЕТИ ИЛИ ПОТЕНЦИЈАЛНИ МЕТИ

Одредени групи или поединци може да се поранливи од други во однос на одредени критики. Тоа може да е резултат на начинот како на нив генерално гледа општеството, или начинот како се прикажани од страна на медиумите, или поради тоа што околностите во кои живеат ги прават помалку способни да се одбранат. Некаква навреда против Муслимани, на пример, најверојатно би предизвикала далеку поголеми штети во земја каде далеку најбројни се немуслиманите; исто така, Христијаните може да се чувствуваат позагрозени таму каде се малцинство. Што се однесува до децата, за нив се смета дека имаат потреба од посебно внимание и заштита во скоро сите општества.
Групите кои се најчеста мета на говорот на омраза се идентификувани во дефиницијата дадена на почетокот од ова поглавје, но она што треба да се знае е дека *секој* може да биде цел на говорот на омраза дури и ако не потпаѓа под ниту една од наведените форми на нетолеранција.
Следниов пример покажува како една иста изјава насочена кон различни групи може да има доста поразлични ефекти. Втората изјава најверојатно би предизвикала далеку поголеми штети.

Политичарите се лакоми, алчни за пари, злосторници.

Сите Евреи се лакоми, алчни за пари, злосторници.

## КОНТЕКСТ

Контекстот во кој е дадена одредена изјава ги опфаќа историските и културните околности во кои се случило изразувањето на омразата. Контекстот може да опфаќа и други фактори како, на пример, медиумот и веројатната целна публика, постоечките тензии или предрасуди, авторитетот на лицето одговорно за изјавата итн.

*Објавено од 16-годишно момче на неговиот личен блог, а прочитано од многу мал број луѓе.*

*Подкаст на премиерот објавен на сите поважни портали за вести.*

Имигрантите низ историјата лошо влијаеле врз состојбите во земјите каде се доселиле

Имигрантите низ историјата лошо влијаеле врз состојбите во земјите каде се доселиле

**Лошо** → **Полошо**

## ЕФЕКТИТЕ ИЛИ ПОТЕЦИЈАЛНИТЕ ЕФЕКТИ

Сегашниот реален или потенцијалниот иден ефект врз поединците, групите или општеството како целина е еден од најважните аспекти што треба да се земат предвид при оценување на одредено изразување на омраза како и при одмерување на нашата реакција/одговор. Како едно лице или група биле навистина оштетени од говор на омраза е честопати поважно од тоа како некој од страна гледа на штетата. На пример, ако некое дете тешко ги доживува коментарите за кои оние кои ги кажуваат тврдат дека се кажани на „пријателски“ начин, вистинската болка на детето ќе треба да добие приоритет во однос на давањето дозвола на оние другите да ги „изразат нивните мислења“.

**ОМРАЗА, ОМРАЗА ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ И МЕЃУНАРОДНО ПРАВО**

Иако акцентот во овој прирачник не секогаш е на употребата на правни средства, сепак треба да се споменат одредени забрани на говорот на омраза во правните акти.

*Дополнителни информации за човековите права и за правните акти кои ги уредуваат човековите права може да се најдат во поглавјето xx.*

Членот 20 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права предвидува дека „секое пропагирање на национална, расна или верска омраза кое претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство се забранува со закон“.

Членот 4 од Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација ги прогласува за незаконски сите пропагандни активности кои промовираат и поттикнуваат расна дискриминација.

Членот 10 од Европската конвенција за човековите права ја штити слободата на изразување, но исто така дозволува истата да биде ограничена „заради заштита на угледот или правата на другите", како и за други цели. Овој член им овозможува на државите-членки на Советот на Европа да забранат одредени случаи/примери на говор на омраза кај себе.

Членот 17 од ЕКЧП забранува какви било дејства „насочени кон загрозување на кое било од правата и слободите [содржани во Конвенцијата]“. И овој член бил искористен за оправдување на ограничувањата наметнати од владите на одредени форми на говор на омраза.

*Дали знаете кои форми на говор на омраза се забранети во вашата земја?*

Друг релевантен меѓународен правен акт на Советот на Европа е Конвенцијата за сајбер криминал (позната и под името Конвенцијата од Будимпешта, 2001 год.). Конвенцијата за сајбер криминал на Советот на Европа е единствениот обврзувачки меѓународен инструмент за ова прашање. Таа служи како водилка за земјите кои изготвуваат сеопфатно национално законодавство против сајбер криминалот и како рамка за меѓународна соработка меѓу државите-страни во овој договор.

Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за сајбер криминал кој се однесува на инкриминацијата на актите со расистички и ксенофобичен карактер извршени преку компјутерски системи (2003 год.) претставува незадолжителен протокол кој може да го потпишат државите-страни во Конвенцијата. Во него изразот „расистички и ксенофобичен материјал“ е дефиниран како „пишан материјал, слика или друг вид претставеност на идеи или теории кои пропагираат, промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство против некој поединец или група на лица врз основа на расата, бојата на кожата, социјалното, националното или етничкото потекло и религијата доколку овие карактеристики се користат како изговор за пропагирање, промовирање или поттикнување на омраза, дискриминација или насилство“. Протоколот бара од земјите-членки на Советот на Европа да преземат мерки за забрана и инкриминација на акти на расизам и ксенофобија. Комитетот за сајбер криминал е местото каде се состануваат претставниците на страните во Конвенцијата заради обавување консултации во врска со спроведувањето на Конвенцијата во земјите-членки и во врска со мерките на поддршка што треба да се преземат.

# 5.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата.**
*Член 1, Универзална декларација за човековите права*

Човековите права се релевантни за говорот на омраза на неколку начини. Од правна гледна точка, одредени човекови права може да бидат во игра и кога станува збор за примери на говор на омраза, но и во случаи на обиди за забрана или ограничување на говорот на омраза. Од гледна точка на ставовите или вредностите, речиси целокупниот говор на омраза произлегува од ставови кои се расистички или дискриминаторски при што и двата вида ставови предизвикуваат загриженост во однос на човековите права. Од гледна точка на едукација во нејзината најширока смисла, човековите права нудат една од најделотворните рамки за разбирање и справување со говорот на омраза на интернет.

Ова поглавје содржи основни информации за принципите во врска со човековите права, законодавството за човековите права и за тоа како човековите права важат во контекстот на говорот на омраза на интернет. Одредени права кои се најнепосредно релевантни за говорот на омраза на интернет се обработени во други поглавја.

## ШТО ПРЕТСТАВУВААТ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА?

**Клучни факти**

Човековите права се стандарди договорени на меѓународно ниво и се засноваат на една група универзални вредности за кои согласност дале сите влади во светот.

Човековите права се засноваат на идејата дека сите човечки суштества заслужуваат почит и дека никој не би смеел да страда до степен толкав што да се почувствува *помалку од човек*. Сите човечки суштества се еднакви во тој поглед; нивното достоинство треба да се третира како фундаментална вредност.

Човековите права се инкорпорирани во меѓународното право и тие создаваат обврски за владите ширум светот. Владите имаат должност да обезбедат задоволување на основните права на секој човек, вклучувајќи ја и потребата од лично достоинство.

Човековите права не се нешто што обезбедува луксузен живот без каква било штета или повреда. Човековите права ја обезбедуваат основната линија, односно пакетот минимални стандарди кој дефинира што е потребно за луѓето да имаат достоинствен живот.

Поголемиот дел човекови права може да се ограничат под одредени услови доколку тоа е неопходно за заштита на правата на другите или му е неопходно на општеството како целина. Некои човекови права, како на пример правото на живот и правото на слобода од нечовечко и понижувачко постапување, никогаш не може да се ограничат.

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ПРАВОТО

Човековите права се инкорпорирани во различни правни системи и тие генерираат обврски за владите на неколку нивоа. Клучните инструменти за човековите права, заедно со некои од правата што тие ги покриваат, се прикажани во дијаграмот на стр. 153.

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

Обединетите нации (ОН) имаат донесено неколку договори за човекови права кои ги дефинираат обврските на владите во однос на поединците. Најважни меѓу нив се:

Универзалната декларација за човековите права на Обединетите Нации (УДЧП). Оваа декларација беше изготвена во 1948 година, непосредно по Втората светска војна. Истата беше прифатена од сите влади во светот. Таа ги содржи основните права и темелните принципи кои може да се најдат во сите последователни договори за човековите права.

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП) беше усвоен од Генералното собрание на Обединетите нации во 1966 година. Овој пакт врши проширување на голем број од правата утврдени во УДЧП како што е прикажано на дијаграмот на стр.153.
Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП) беше усвоен од Генералното собрание на Обединетите нации истовремено со МПГПП. Тој ги покрива преостанатите права во УДЧП, како што е прикажано на дијаграмот.
Сите европски влади се согласија да ги почитуваат, штитат и овозможуваат правата содржани во Меѓународната повелба на правата. Тие исто така го ставија својот потпис и на други меѓународни договори за човековите права, како што е на пример Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации.

**ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО**
Европската рамка за човекови права беше создадена и врз неа врши надзор Советот на Европа, а во помала мера и Европската унија.
Двата клучни договора на европско ниво вршат поделба на правата во УДЧП на сличен начин како и двата меѓународни пакта спомнати погоре, иако европските договори беа усвоени порано.
Европската конвенција за човековите права беше усвоена во 1953 год. и ги содржи речиси истите права како оние во МПГПП. Европскиот суд за човековите права беше основан во 1959 година со цел да го надгледува почитувањето на Конвенцијата од страна на земјите-членки на Советот на Европа.
Европската социјална повелба беше усвоена во 1961 година и ги содржи речиси истите права како оние што се содржани во МПЕСКП. Врз остварувањето на овие права надзор врши Европскиот комитет за социјални права кој ги разгледува извештаите доставени од владите (а понекогаш и од други чинители, како на пример синдикатите и други невладини организации).

**ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА НАЦИОНАЛНО НИВО**
Многу земји во своето национално законодавство имаат вградено мерки за заштита на човековите права. Таму каде е тоа така, случаите со потенцијални повреди на човековите права може да се судат во националните судови.

**КАКВИ ПРАВА ИМАМЕ?**



## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Човековите права се релевантни за говорот на омраза на неколку различни нивоа:

### ПРИЧИНИТЕ ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Говорот на омраза го предизвикуваат негативни стереотипи според кои одредени групи или поединци се сметаат за инфериорни, различни и помалку вредни за почит. Човековите права ги сметаат човечките суштества за *еднакви* од аспект на човековите права и подеднакво вредни за почит. Основното начело во овој контекст е недискриминацијата.

Градењето почит за човековите права е начин преку кој нема да им се дозволи на ставовите кои го предизвикуваат говорот на омразата да виреат.

### НЕПОСРЕДЕН ЕФЕКТ

Најлошите изјави на говор на омраза се самите по себе една форма на дискриминација и на злоупотреба на човековите права. Говорот на омраза отуѓува, маргинализира и го поткопува личното достоинство, честопати и на оние кои се и онака ранливи на одредени начини. Таму каде метата на говорот на омраза е индивидуализирана, на пример во случаите на сајбер насилство, говорот на омраза може да го наруши правото на приватен живот па дури и да претставува нечовечко и понижувачко постапување. Исто така, говорот на омраза ги нарушува довербата, достоинството и сигурноста на *секој оној* кој се идентификува со групите што се мета на говорот на омраза.

### ПОСЛЕДИЦИ ОД ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Доколку не му се спротивставиме на говорот на омраза, тој доведува до натамошна ескалација на повредите на човековите права при што негативните стереотипи се распространуваат низ целото општество, групите стануваат сè помаргинализирани и поизолирани, растат конфликтите и поделбите, а во пораст се и злоупотребите или заканите паралелно со тестирањето на нови граници односно црвени линии. Во најлошите случаи, одредени изјави преминуваат во физичко насилство. Говорот на омраза може да доведе до криминал од омраза каде во игра влегуваат човековите права што се однесуваат на личната безбедност и сигурност. Кривичните дела мотивирани од омраза, вклучувајќи го тука и геноцидот, секогаш го имаат говорот на омраза како придружба. Не секој говор на омраза доведува до кривични дела од омраза, но кривичните дела од омраза секогаш го содржат елементот говор на омраза.

### СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ?

Дејствата што се преземаат за борба против говорот на омраза може да тангираат и одредени човекови права од причина што слободата на изразување е основно човеково право, а такво е и правото на слобода на мисла, совест или религија. Лицата кои ги обвинуваат за промовирање „омраза“ често се повикуваат на *овие* права.

Правилното разбирање на човековите права е нешто што може да помогне да се реши овој очигледен конфликт. Еден од нашите клучни предизвици во борбата против говорот на омраза е како да успееме да ја идентификуваме точката на рамнотежа меѓу дозволувањето слободно изразување, од една страна, и заштитата на другите права кои може да бидат загрозени од понасилните форми на слободата на изразување.

### ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА КАКО АЛАТКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Едукацијата за човековите права обезбедува моќна алатка за борба против говорот на омраза на интернет преку стекнување на знаење, вештини и ставови кај младите луѓе за да му се спротивстават на говорот на омраза од позиција на пристапот заснован на човековите права. Ваквиот пристап помага не само да се развие емпатија и почит за другите туку и поттикнува на активно учество и на индивудуална акција.

Повеќе информации за човековите права можете да најдете во поглавјето 4 од прирачникот „*Компас*“: www.coe.int/compass

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ИНТЕРНЕТОТ

Интернетот е во најголем дел во „сопственост“ и под контрола на приватни компании. Овој факт ја усложнува заштитата на човековите права бидејќи тие се всушност „правила за владите“, а не за приватни компании. Доколку еден трговски центар или приватен ноќен клуб сака да им забрани на посетителите носење фармерки, протестирање или дистрибуција на информации за друга компанија, а сите три работи се форми на „изразување“, никој не може да се повика на слободата на изразување и да го тужи трговскиот центар или ноќниот клуб пред Европскиот суд за човекови права! На ист начин, приватните компании можат, во најголем дел, да постават правила што луѓето мора да ги почитуваат кога користат делови од интернетот што се во нивна сопственост. Доколку на луѓето не им се допаѓаат правилата тие може да се жалат, но најголема казна за приватната компанија ќе биде луѓето да се откажат од користење на нејзините услуги.

Сепак, ова не значи дека оние делови од светот кои се во сопственост на приватни компании, вклучувајќи го и интернетот, не потпаѓаат под законите за човековите права!

Човековите права наметнуваат (најмалку) два различни вида обврски за владите:

1. Тие поставуваат граници за тоа што владите смеат да прават; на пример, владите не смеат да ги забранат своите политички опоненти (опозицијата), не смеат да вршат тортура ниту да лишат некого од слобода без издржана причина.
2. Тие ги обврзуваат владите да преземат позитивна акција со која ќе обезбедат соодветна заштита на правата. Тоа може да се направи преку носење закони кои забрануваат дискриминација, преку кривичен прогон (и казна) за актите на насилство или преку обезбедување услови за жртвите да добијат соодветна заштита.




Со други зборови, владите мора да обезбедат „приватниот“ простор да не доведува до кршења на човековите права. Во теорија, за безбедноста на поединците во „приватниот“ простор на интернетот владата е исто онолку одговорна колку и за нивната безбедност на било кое место во „реалниот“ свет. Во праксата, меѓутоа, владите многу помалку интервенираат во „виртуелниот“ свет во споредба со „реалниот“ свет.

Од друга страна, линијата на разграничување меѓу приватниот и јавниот простор е тешко воочлива и ова прашање навистина заслужува дискусија. Не сите веб-локации се во приватна сопственост, но дури и да се - останува релевантно прашањето на јавната одговорност. Дали една социјална мрежа која обединува 500 милиони луѓе е само приватно претпријатие?
Претставниците на младите во Советот на Европа упатија повик до Движењето против говорот на омраза да оди со тезата дека интернетот е јавен простор каде постојат интереси што далеку ги надминуваат интересите на фирмите кои го обезбедуваат интернетот.

**Запомнете:** само поради тоа што има релативно малку „закони" кои го уредуваат прашањето на изразување на интернет, тоа не значи дека секој може да каже и прави што сака! Интернетот ќе стане она што неговите корисници ќе одлучат тој да биде, а младите луѓе имаат исто толкава можност да влијаат врз ова прашање како и сите други!

## 5.3 СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.
*Член 19, Универзална декларација за човековите права*

**СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОР НА ОМРАЗА**

Слободата на изразување е од фундаментална важност за напорите што се вложуваат за заштита на човековите права и против говорот на омраза. Иако сите форми на навреди или омраза се непријатни, а многу од нив можат да бидат и расистички, обидите за ограничување или елиминирање на изразувањата на омраза мора да ги земат предвид правата и на двете страни. Ова ги опфаќа и правата на оние кои ја изразуваат омразата.

Ова може некому да му изгледа чудно, но почитувањето на човековите права е скоро секогаш прашање на балансирање на *различните* претензии кон правата. Колку и да не ни се допаѓаат злоупотребувачите, криминалците или оние кои навредуваат други луѓе само со зборови, и за нив важат одредени заштити на човековите права.

Слободниот говор или правото на слободно изразување се смета за основно човеково право поради две причини: прво, затоа што ова право им е важно на поединците, а второ, затоа што му е важно и на општеството. Слободата на изразување е една од оние „базични потреби“ кои се суштествени за човековото достоинство, и игра клучна улога во едно демократско општество.

Без слобода на изразување не може да функционира демократијата, а без демократија човековите права се незаштитени.

Слободата на изразување „претставува една од суштинските основи на демократското општество, како и еден од основните предуслови за негов напредок и за развојот на секој човек“.
*Европски суд за човековите права:* Случај *Хендисајд против Обединето Кралство*

**ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ**

Во секојдневниот вокабулар, луѓето обично го нарекуваат ова право „право на слободен говор“. Во суштина, слободата на изразување ги опфаќа сите форми на човечко изразување каде спаѓаат: пишаниот збор, визуелните слики, драмата, видео материјалите, музиката, итн. Затоа, слободата на изразување е особено релевантна за активностите „онлајн“ бидејќи сѐ што е „онлајн“ претставува „изразување“ и е потенцијално покриено со ова право.

**ЗОШТО Е ВАЖНА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ?**

**ТОА ТЕ ПРАВИ ЧОВЕК!**

Мислите, мислењата и убедувањата на луѓето се важен дел од нивниот идентитет. Ако некого спречиш да се „изрази“, со тоа си му одзел дел од неговата личност и си го осиромашил неговиот идентитет. Една од најважните работи кај човековите права е задржувањето лична контрола т.е. автономија врз нашите животи.

Ограничувањето на слободата на изразување на луѓето им ја ограничува и можноста да учествуваат во општеството. Учеството е само по себе едно од клучните човекови права - и како форма на социјална интеракција и како начин за влијаење врз одлуките кои се носат во наше име. Учеството е суштински важно за демократијата и граѓанскиот концепт.

## ВАЖНО Е ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА

Дебатите и дискусиите се суштински дел од секое демократско општество. Идеите се раѓаат така што ги споделуваме нашите размислувања со други луѓе, ги подобруваме, ги обединуваме нашите и нивните размислувања и ги споредуваме со некакви толкувања. Креативноста и „вистината“ зависат од меѓусебната размена на идеи, а „слободната“ размена на идеи дополнително го збогатува општеството.

Дебатите и дискусиите се исто така начини за овозможување подобра интеракција меѓу луѓето. Другите луѓе ги разбираме така што ги слушаме нивните размислувања со кои можеби и нема да се согласиме, но ќе се трудиме да најдеме заеднички начин за заедничко живеење кој ќе им овозможи и на двете страни да коегзистираат, што секако е важен предуслов за постоење на кохезивно општество.

Ќе заклучиме дека слободата на изразување е важна затоа што му овозможува на општеството да се развива и напредува и затоа што им овозможува и на единките да се развиваат и напредуваат. Елиминирање на изразувањето е нешто за што е потребна многу силна причина.

## ШТО ВЕЛИ ПРАВОТО

### ОГРАНИЧУВАЊА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ




Дијаграмот ги прикажува широките форми на изразување кои може да се ограничат или *мора* да се ограничат согласно со меѓународните правни акти за човекови права. Дали се согласувате со ваквите граници и ограничувања? Дали сметате дека говорот треба да претрпи поголемо (или помало) ограничување?

И покрај силните причини за заштита на слободниот говор, договорите за човековите права исто така признаваат дека говорот претставува „акт“ кој поседува потенцијал да им наштети на другите, па дури и да го загрози општеството како целина. Затоа, слободата на изразување е едно од правата кои може да бидат ограничени во одредени околности и кое повремено *треба* да биде ограничувано. Потребно е да постои рамнотежа меѓу, од една страна, давањето дозвола на луѓето да ги изразат своите

внатрешни мисли, но од друга страна тоа не смее да ги наруши правата на другите или да предизвика поголеми штети врз општеството.
И членот 19 во Универзална декларација за човековите права и членот 10 во Европската конвенција за човековите права (ЕКЧП) ја штитат слободата на изразување. Членот 10 од ЕКЧП ги наведува условите кои мора да бидат исполнети за една влада да може да наметне ограничувања на слободниот говор или да казни неприфатливо изразување. Овие услови мора да бидат задоволени затоа што ако тоа не е така тогаш секое ограничување ќе се смета за повреда на правото на слободно изразување. Сепак, постои одредена флексибилност за широко толкување на условите за да можат различните земји најсоодветно да одговорат на специфичните ситуации кои постојат кај нив.

**ШТО ВЕЛИ ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА?**

Секој човек има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите…
*ЕКЧП. Член 10, став* 1

Пред сѐ, Конвенцијата вели дека слободата на изразување е важна и мора да се заштити.
Второ, Конвенцијата го подразбира следното во рамките на слободата на изразување:

- Слобода да се има мислење;
- Слобода на примање информации „без мешање на јавната власт“;
- Слобода на пренесување информации „без мешање на јавната власт“.

Трето, во одредени околности, кога постои „општествено итна потреба“, членот 10 дозволува одредени ограничувања на слободата на изразување. Меѓутоа, секое ограничување мора да биде *неопходно* за да се задоволи одредена општествена потреба и мора да биде пропорционално на потребата, со други зборови не смее да биде прекумерно.

**ЧЛЕН 10**

*Фере против Белгија*
За време на изборната кампања биле дистрибуирани, меѓу другите, и летоци кои содржеле пораки од типот: „Да се спротивставиме на исламизацијата на Белгија“, „Да ѝ ставиме крај на фарсата наречена политика за интегрирање“ или „Да ги испратиме неевропските баратели на работа дома“. Поради ваквите слогани, пратеникот во белгискиот парламент и претседател на политичката партија „Национален фронт од Белгија“ бил осуден за поттикнување на расна дискриминација.
Тој се жалел до Европскиот суд за човековите права повикувајќи се на повреда на неговото право на слобода на изразување. Судот не нашол повреда на слободата на изразување, туку оценил дека неговите пораки, испратени во еден изборен контекст, претставуваат очигледно поттикнување на расна омраза.

Условот да постои „пропорционалност“ значи дека цензурата, како *општо* ограничување, не се смета за компатибилна со човековото право на слободно изразување. Предметите мора да се оценуваат според суштинските прашања во случајот (меритумот) и секаде каде што е можно треба да се дозволи изразување. Потребно е да се изнајдат алтернативни методи за заштита на лицата кои би можеле да бидат погодени од одредени ситуации на ограничување на слободното изразување.

Член 17 на ЕКЧП
Освен правото на слобода на изразување, во ЕКЧП исто така има член кој забранува секаков акт „насочен кон загрозување на кое било од правата во Конвенцијата". Оваа одредба може да опфати екстремни случаи на говор на омраза (и говор на омраза на интернет).
Членот 17 значи дека секој еден кој повикува на насилно дејствување против одредени групи нема да може да се повикува на правото на слобода на изразување. Не постои право кое дозволува некој да повикува да бидат напаѓани или убивани луѓе.

ЧЛЕН 17
*Норвуд против Обединетото Кралство*
Еден британски државјанин бил осуден во Обединетото Кралство за непријателство кон една религиозна група. Тој на својот прозорец имал закачено голем постер на Британската национална партија (БНП) на кој била прикажана фотографија на њујоршките кули близначки во пламен, пропратена со зборовите „Исламот надвор од Британија – да го заштитиме британскиот народ", и уште симболот на исламот – полумесечина и ѕвезда - ставени во сообраќаен знак што означува забрана. Тој се пожалил до Европскиот суд за човекови права дека му било повредено правото на слобода на изразување. Европскиот суд го прогласил неговото барање за недопуштено и оценил дека еден таков општ и жесток напад против една религиозна група, при што целата група се поврзува со еден тежок терористички чин, е некомпатибилен со вредностите што ги прокламира и гарантира Конвенцијата (тоа се вредностите толеранција, социјален мир и недискриминација) и дека тужителот не може да се повикува на заштита на членот 10 (слобода на изразување).

*Гароди против Франција*
Авторот на книгата под наслов „*Митовите врз кои почива модерен Израел*" беше осуден во Франција за делата: спорење на постоењето на злосторства против човештвото, клеветење во јавност на една група луѓе – во овој случај еврејската заедница, и повикување на расна омраза. Тој се жалел дека му е повредено правото на слобода на изразување. Европскиот суд за човекови права ја прогласил неговата тужба за недопуштена и оценил дека содржината на забелешките од тужителот всушност значат негирање на Холокаустот; Судот притоа истакнал дека оспорувањето на постоењето на јасно утврдени историски настани не претставува научно или историско истражување туку вистинската цел е да се рехабилитира национал-социјалистичкиот режим и да се обвинат жртвите за фалсификување на историјата. Со оглед дека таквите акти се очигледно некомпатибилни со основните вредности за кои се залага ЕКЧП, Судот го применил членот 17 (забрана за злоупотреба на правата) и пресудил дека тужителот нема право да се повикува на членот 10 (слобода на изразување).

**КОЈ ГО КОРИСТИ ЧЛЕНОТ 10?**
Иако е можно да се случи владите да имаат обврска да ја ограничат слободата на изразување во случаите кога изразувањето може да предизвика штета, кај предметите пред Европскиот суд за човекови права кои се однесуваат на членот 10 најчесто не се работи за тужба поради *пропуст* на владите да дејствуваат. Таквите предмети во најголем дел се однесуваат на обратното, т.е. ситуациите каде одредена влада презела дејствија за ограничување на слободата на изразувањето веројатно со цел да заштити одредени групи или единки, но ова ограничување некој го смета за прекумерно. Правото на слобода на изразување е важно за говорот на омраза затоа што ни помага да согледаме зошто одредени (благи) форми на нетолеранција ќе треба или ќе мора да се „толерираат" во едно демократско општество, а исто така ова право поставува и граници на тоа што луѓето смеат да го кажат.

Жртвите на говорот на омраза најчесто треба да се повикаат на повреда на нивните права според некој друг член од Конвенцијата, како на пример правото да не бидеме дискриминирани или правото на приватен живот.

## СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ИНТЕРНЕТОТ

Напорите во насока на тоа човековите права да се почитуваат во виртуелниот свет е област во развој, а проблемот со говорот на омраза на интернет ѝ дава посебен карактер на итност на дебатата. Дополнителни информации за тоа како законодавството за човекови права важи за виртуелниот свет можете да најдете во поглавјето за човековите права и интернетот (стр. 157). Што се однесува до слободата на изразување, во следниве точки се објаснети некои од клучните работи:

### „НЕГЕОГРАФСКАТА“ ПРИРОДА НА ИНТЕРНЕТОТ

Голем број интернет сервис провајдери и најпопуларните социјални мрежи и машини за пребарување се лоцирани во САД или во други земји, што подразбира ограничени можности за кривичен прогон. Ставовите на САД по прашањето на слободата на изразување се разликуваат од одредбите содржани во европските акти за човековите права, а особено од толкувањата на Европскиот суд за човековите права. Разликата е во тоа што е далеку потешко да се ограничи слободата на изразување според правото на САД, дури и кога изразувањето е очигледно расистичко или повикува на насилство. Ова значи дека веб-локациите каде има омраза а се наоѓаат на сервери во САД не може лесно да се отстранат, односно лицата кои заговараат омраза не може секогаш да се процесуираат.

### ТЕШКОТИЈАТА ДА СЕ КОНТОЛИРА ИНТЕРНЕТ ПРОСТОРОТ

Интернетот е еден огромен простор каде голем дел од тој простор е моделиран од корисниците и не подлежи на надворешен надзор или управување. Дури и кога има добра причина за елиминирање на некоја веб-локација, да речеме поради тоа што заговара насилство против определена заедница, на сопствениците или управителите со веб-локацијата би им било релативно лесно да отворат нова локација и таму повторно да ги објават спорните содржини.

### ПОТРЕБАДА ОД ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИДОБИВКИТЕ ОД ИНТЕРНЕТОТ

Многу луѓе сметаат дека овој аспект на интернетот – леснотијата со која луѓето можат да го користат за да комуницираат како што сакаат – е една од неговите најсилни страни. Построг надзор и цензура би можеле да вродат со плод за намалување на количеството на говор на омраза во виртуелниот свет, но воспоставувањето на таков систем би имало значителни реперкусии по начинот на кој луѓето се навикнати да го користат интернетот. Тоа би ја намалило неговата важна улога како форум за слободна дискусија и дебата.

### СОПСТВЕНОСТ: УЛОГАТА НА ПРИВАТНИТЕ КОМПАНИИ

Фактот дека повеќето веб-локации се во сопственост на „приватни“ лица или компании значи дека доколку не постојат закони кои ќе определуваат како сопствениците треба да реагираат на омразата или на повиците за насилство, во таков случај тие би биле релативно „слободни“ да дозволат објавување на било каква содржина. Човековите права се закони што владите треба да ги почитуваат, а приватните компании, од друга страна, треба да ги почитуваат законите за кои владите одлучиле дека се неопходни!
Секако, приватните компании исто така го почитуваат и „законот на пазарот“; многу често токму притисокот од оние кои ги користат нивните услуги доведува до промена во нивните политики. Затоа е особено важно младите да им ги соопштат своите мислења во врска со говорот на омраза на интернет на оние кои се одговорни за веб-локациите што

младите ги користат. Успешните „онлајн“ кампањи, како на пример кампањата спроведена во 2013 година од голем број невладини организации за отстранување на содржините од Фејсбук кои го оправдуваат насилството против жените, покажуваат дека границите меѓу приватниот и јавниот простор „онлајн“ се сѐ потенки. Исто така, ваквите кампањи истакнуваат дека државите не може да се ослонуваат единствено на саморегулација. „Онлајн“ просторот е јавен простор.

## 5.4 РАСИЗАМ И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Изразот „расна дискриминација" се однесува на секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се засноваат врз расата, бојата , претците, националното или етничкото потекло што имаат за цел или за резултат да го нарушат или да го компромитираат признавањето, уживањето или вршењето, под еднакви услови, на правата на човекот и основните слободи на политичко, економско, социјално и културно поле или во секоја друга област на јавниот живот.
*Член 1 од Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација*

### ПОВРЗАНОСТ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Говорот на омраза е скоро секогаш резултат на расистички или дискриминаторски ставови. Тој скоро секогаш е дискриминаторски сам по себе.
На дискриминацијата се гледа како на нешто што е „спротивно" на еднаквоста. Според законодавството за човековите права, луѓето имаат еднакви права. Дискриминација е кога нечии права се нарушени само поради начинот на кој на нив гледаат други луѓе или начинот на кој тие се гледаат самите себеси. За дискриминација се смета кога некој бива навредуван и напаѓан било на интернет било надвор од него затоа што го гледаат како „странец", инвалид, хомосексуалец, жена или поради некоја друга причина.
Дискриминацијата е честопати расистичка по својата природа. Кога некој е мета на говор на омраза поради неговата „раса", националното или етничкото потекло - во таков случај станува збор за дискриминација и расизам заедно.

### СТАВОВИ И АКТИВНОСТИ

Со проблемот на говорот на омраза треба да се позанимаваме не само кога истиот ќе го покаже своето лице туку уште во коренот на проблемот. Со други зборови, треба да се делува уште на ниво на ставови. Говорот на омраза се „храни" од расистички ставови и негативни стереотипи, а и самиот помага за нивно зајакнување. Ако не му се застане на пат, говорот на омраза може да заживее во општеството, зајакнувајќи ги стереотипите и зголемувајќи ја веројатноста од натамошни злоупотреби вклучително и физичко насилство во одредени случаи. Забележливо е дека на масовните кршења на човековите права од типот на геноцид или етничко чистење секогаш им претходи говор на омраза или се придружени од говор на омраза.

### ДЕФИНИЦИИ

### СТЕРЕОТИПИ

Стереотипите се споделени убедувања или мислења за одредени групи и истите можат да бидат позитивни или негативни (или неутрални). Иако некогаш можат да бидат и корисни, стереотипите стануваат штетни тогаш кога се применуваат ригидно на ниво на поединци и кога се користат како причина за различно постапување или однесување кон некого. Стереотипите се генерализации и не секогаш се вистинити за секој поединечен случај!
Примери за стереотипи се следниве: „мажите се посилни од жените", „фудбалерите можат да трчаат побрзо од другите луѓе"; „сите лебеди се бели" итн.

### ПРЕДРАСУДИ

Предрасуда е посебна категорија на стереотип која содржи проценка или суд. Голем број стереотипи што се навидум неутрални всушност содржат елемент на суд. На пример: „жените не ги бива за компјутерски игри" навидум претставува искажување на факт, но овде всушност се работи за изнесување суд во врска со техничката способност на жените.

Дури и кога стереотипите или предрасудите изгледаат позитивни тие скоро секогаш содржат некој негативен аспект. Изјавата „Австралијците се највеликодушниот народ на светот" е позитивна за Австралијците, но содржи суд дека луѓето во други земји се помалку великодушни! Изјавата „Африканците ги бива за спорт" може да се протолкува на следниов начин: „Африканците ги бива **<u>само</u>** за спорт". Национализмот и патриотизмот навидум се позитивни по својата природа, но лесно може да преминат во расизам.



## РАСИЗАМ

Кога одреден стереотип или предрасуда се заснова на нечија боја на кожата или национално или етничко потекло, постои голема веројатност тој да е расистички без оглед дали е позитивен или негативен. Расизмот претставува идеологија која содржи дискриминаторско или навредливо однесување кон одредени луѓе поради нивната замислена „инфериорност“. Важно е да се напомене дека во денешно време „расата“ се смета за социјална, а не за биолошка категорија. Не се пронајдени физички или генотипни карактеристики што се заеднички само за една „раса“, односно такви што ниедна друга раса (освен таа) не ги поседува.

## ДИСКРИМИНАЦИЈА

Кога негативните ставови кон одредена група доведуваат до тоа членовите на групата воопшто да не можат да ги уживаат нивните човекови права или тоа да го прават во помала мерка од другите, во таков случај станува збор за дискриминација. Дискриминацијата претставува кршење на човековите права и може да се јави како резултат на расистички ставови или други предрасуди кои не се расистички по својата природа но се исто онолку негативни според последиците што ги оставаат врз директните жртви и врз општеството како целина.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ

**Криминал од омраза** претставува незаконски акт против одредена група или поединец врз основа на одредена предрасуда за нивниот перципиран

↑

**Говор на омраза** претставува негативно *изразување* за одреден поединец или група - често врз основа на предрасуда, односно ширење, поттикнување, промоција или оправдување на расна омраза и нетолеранција. Одредени конкретни примери може но и не мора да бидат кривично дело во зависност од законите во државата и контекстот во кој се случил говорот на омраза.

↑

**Дискриминација** претставува неправедно постапување кое се јавува како резултат на *каква било* предрасуда, вклучувајќи и нерасистички предрасуди**.**

↑

**Расизмот** претставува предрасуда заснована на идејата на „раса“ или етничка припадност или некоја друга карактеристика поврзана со овие две, што често доведува до тоа со некого да се

↑

**Предрасуда** претставува генерализација која содржи суд кој вообичаено е негативен за други луѓе или социјални групи.

↑

**Стереотипи** се генерализации за други групи луѓе коишто може но не мора да содржат судови**.**




## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Признавањето на вроденото достоинство и еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човековата заедница ја формира основата на слободата, правичноста и мирот во светот.
Преамбула на Универзалната декларација за човековите права

Секој има право на правата и слободите објавени во оваа Декларација без разлика на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, религијата, политичкото или друг вид на убедување, националното или социјалното потекло, имотот, раѓањето или друг статус...
*Член 2 од* Универзалната декларација за човековите права

Дискриминација претставува повреда на човековите права и истата е забранета со речиси сите позначајни инструменти за човековите права, како што е забранет и расизмот. Одредени групи може да бидат заштитени од дискриминација и со помош на посебни национални закони или меѓународни акти.

- Член 13 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) забранува дискриминација во однос на уживањето на кое било друго право; сите земји-членки на Советот на Европа се должни да го почитуваат овој член.
- Многу од земјите-членки на Советот на Европа го имаат ставено својот потпис за една поширока забрана на дискриминација предвидена во еден (факултативен) протокол кон ЕКЧП (Протокол 12). Со овој Протокол се забранува дискриминација во однос на *сите* закони, а не само во однос на законите што се однесуваат на правата содржани во Конвенцијата.
- Постојат и други договори за човековите права како на европско така и на ниво на Обединетите нации, кои се занимаваат со дискриминацијата против одредени групи кои се дискриминирани заради нивната ранливост како што се на пример жените,

Кои закони против дискриминацијата постојат во вашата земја? Дали вашата влада го има потпишано Протоколот 12 кон ЕКЧП?

децата, луѓето со инвалидитет и претставниците на разни национални или етнички групи.

- Голем број земји имаат посебни национални закони со кое се штитат одредени групи од дискриминација или се штитат сите групи од дискриминација.

# 5.5 ПРИВАТНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ

## ПОВРЗАНОСТ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Говор на омраза се случува само тогаш кога луѓето мислат дека знаат нешто за одредена целна група или поединец. Целосно анонимните идентитети не стануваат мета на говорот на омраза, освен можеби кога статусот „анонимен“ ќе се идентификува со одредени „лични“ карактеристики! За голем број групи важи тоа дека откривањето на суштинските аспекти на нивниот идентитет лесно може да доведе до тоа тие да станат мета на говор на омраза. Таков случај честопати имаме со жените, лицата со инвалидитет, етничките малцинства итн. Доколку некој потпаѓа под одредена целна група, откривањето информации за себе на интернет и дозволувањето некому да ги поврзе тие информации со неговиот идентитет *„офлајн“* (т.е. надвор од сферата на интернетот) може да донесе дури и ризик по неговата безбедност.

Приватните односно личните информации можат да претставуваат посебен ризик во случаите на сајбер насилство и говор на омраза на интернет. Многумина ставаат свои лични информации на интернет, вклучувајќи лични фотографии, информации за врските што ги имаат или детаљи за тоа каде живеет или студираат. Доколку овие луѓе станат мета на сајбер насилство, некој може да ги употреби ваквите информации за да им наштети.

## ПРИВАТНОСТ ВО ВИРТУЕЛНИОТ СВЕТ

Интернетот е јавен простор. Тој е јавен во истата смисла како и улицата или некој трговски центар: други луѓе се „наоколу“ и можат да видат што правиме. Постојат одредени карактеристики на животот во виртуелниот свет кои, сепак, прават приватноста во тој свет да предизвикува поголема загриженост отколку приватноста на улица.

Кога сме на улица, воглавно знаеме дали други луѓе гледаат во нас или дали би можеле да нѐ видат доколку одлучат да нѐ гледаат. Од друга страна, на интернет сме многу малку свесни за тоа што значи други луѓе да нѐ „гледаат“, а уште помалку знаеме како можеме да се заштитите од нивниот поглед. Ваквиот недостиг на свесност/знаење може да ги остави луѓето во незаштитена позиција во однос на некакви закани или експлоатација, која може да биде физичка или психичка. Оние кои сакаат некого да злоставуваат, малтретираат, да му се закануваат или експлоатираат многу полесно ќе можат тоа да го сторат доколку имаат информации за своите „жртви“. Оттаму, прашањето на приватноста е исклучително важно за феноменот наречен сајбер насилство.

КЛУЧНИ ПОРАКИ

- Младите треба да запомнат дека интернетот е јавен простор каде луѓето можат да видат што правите и какви сте, дури и кога мислите дека не можат да го видат тоа.
- Интернетот крие одредени опасности: постојат луѓе кои би можеле да искористат лични факти или информации за да упатат некому навреда или да му предизвикаат штета. Младите треба да се обидат да ја намалат таквата можност преку преземање одредени мерки на претпазливост.
- Сè што ќе се објави на интернет останува таму засекогаш! Младите луѓе треба да бидат свесни за ова и да размислуваат на следниов начин: дали личните податоци што ги откриваат денес би можеле да бидат нешто за што подоцна ќе зажалат.
- Младите луѓе треба да запомнат дека треба да го почитуваат приватниот живот и безбедноста на *другите*. Ова не значи само дека не треба да се впуштаат во штетно

или злоставувачко поведение кон други, туку и дека треба да бидат внимателни во врска со споделувањето информации за други луѓе кои би можеле да бидат искористени за да им се наштети на тие луѓе.

- Предвидена е заштита на човековите права кај случаи каде други лица остваруваат пристап до информации за нас за што не сме им дале дозвола, како и кај случаи кога за нас ќе се објават работи на интернет кои му штетат на нашето чувство за личниот интегритет.
- Постојат многу организации и јавни институции кои можат да помогнат во такви случаи, особено кога се засегнати млади луѓе. Младите треба да чувствуваат дека имаат силна подлога и поддршка зад себе за да слободно пријавуваат случаи кога се мета на злоупотреба или експлоатација на интернет.
- Не постои анонимност. На сè што ќе се направи или напише на интернет може да му се влезе во трагата до самото лице кое тоа го напишало и објавило. Исто така, не постои неказнивост - многу форми на говор на омраза на интернет и сајбер насилство се казниви со закон.

## ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Секој има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.
*Член 8, оддел 1, Европска конвенција за човековите права*
1. Ниедно дете не смее да биде изложено на самоволно или незаконско мешање во неговиот приватен или семеен живот, домот или личната преписка, како ни на незаконски напади на неговата чест и углед.
2. Детето има право на заштита со закон од такво мешање или напади.
*Член 16, Конвенција за правата на детето на Обединетите нации*

### ПРАВОТО НА ПРИВАТЕН ЖИВОТ

Правото на приватен живот е заштитено со различни договори за човековите права. Терминот „приватен живот" согласно со законодавството за човекови права покрива многу повеќе одошто само *приватност* и ги вклучува оние аспекти од личниот живот на едно лице кои се најважни за неговиот идентитет и чувство на достоинство. Овие области од нашиот живот би требало да се ослободени од секаков вид мешање од страна на државните органи, а освен тоа државата би требало да нè штити и од мешање од страна на други луѓе.
Европскиот суд за човекови права ја користи идејата за „физички и психички интегритет" на човекот при оценување на голем дел од тужбите поднесени во врска со членот 8 од ЕКЧП.
Владите би требало да обезбедат луѓето да можат да си го живеат својот вообичаен живот според сопствените афинитети, без притоа другите да ги принудуваат да влезат во некаков „универзален калап кој им одговара на сите" или да ги прогонуваат затоа што имаат различни потреби од другите. Битното прашање е како нешто што државата го направила или не го направила влијае врз поединецот: нашиот приватен живот е наша лична работа!

Сепак, правото на приватен живот не е „апсолутно" право. Со други зборови, државните органи треба да постигнат рамнотежа меѓу приватниот живот на едно лице и другите побарувања од општеството или од други лица. Во многу ретки случаи може да биде оправдано државата да оствари увид во нечии лични податоци, можеби со цел да заштити

други луѓе, но понекогаш државата може да одлучи и да не ја штити нечија приватност затоа што ризикот за тој поединец не е доволно сериозен или затоа што цената на чинење на таквата заштита која други ќе треба да ја платат е превисока.

Постигнувањето на вистинската рамнотежа не е секогаш лесно. Во случајот *Копланд против Обединетото Кралство*, Европскиот суд за човекови права оценувал дали има повреда на членот 8 во ситуација кога еден факултет ги следел сите e-mail пораки и телефонски разговори на вработените. Судот одлучил дека во тој случај имало повреда на правото на приватност.
Во случајот *К.У. против Финска*, Судот одлучил дека заштитата на приватниот живот и безбедноста на еден малолетник се поважни од заштитата на приватниот живот на некого кој објавил на интернет лажен оглас во негово име.

Генерално, како и со сите човекови права, и тука обврската лежи кај државните органи да обезбедат немешање во приватниот живот и личното достоинство на луѓето од страна на државата или од други субјекти. Ова важи и за реалниот и за виртуелниот свет (и „онлајн“ и „офлајн“).

## ПРИВАТНОСТА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Приватноста е посебен аспект од „приватниот живот“ и таа исто така ужива заштита од членот 8 од ЕКЧП. Приватноста се однесува на оние области од нашиот физички, социјален или емоционален живот кои не сакаме да ги споделуваме јавно. Освен ако дадеме експлицитна дозвола или доколку постојат многу силни причини кои имаат врска со заштитата на правата на други луѓе, работите кои сакаме да ги држиме во тајност треба да си *останат тајни!* Ниеден човек ниту организација нема право да знае работи за нашиот приватен живот кои не сакаме да ги знаат.
Сепак, зададените опции на голем број интернет форуми или веб-локации не се секогаш лесни за разбирање и не се секогаш осмислени така што првенствено да ја штитат приватноста на корисниците. Потребни се грижа и внимание за да се обезбеди интимните детали навистина да останат интимни, а потребна е и општа свесност за потенцијалните опасности.
Прашањата поврзани со приватноста можат да бидат важни и во однос на споделувањето содржини на интернет. Младите луѓе треба да бидат свесни дека исто како што е важна нивната лична приватност, важна е и приватноста на другите. Леснотијата со која се споделуваат фотографии, видео материјали, пораки или други информации може да доведе до невнимателност која понекогаш може да им наштети на другите. Клучната порака за младите луѓе е дека материјалот кој се однесува директно на некој друг човек треба да се сподели само доколку истиот веќе се наоѓа во јавниот домен (и не е штетен или навредлив) или доколку лицето дало дозвола за негово споделување.
Треба да се напомене дека во повеќето случаи на комуникација на интернет материјалот никогаш не е навистина приватен. E-mail пораките и сè друго што било објавено на интернет скоро секогаш може да станат предмет на увид од страна на други лица. Тој материјал скоро никогаш не може целосно да биде отстранет од виртуелниот простор.
Слабите лозинки или несоодветните мерки на претпазливост и безбедност може да овозможат други луѓе да стекнат увид во информациите зачувани во „приватните“ катчиња од корисничките профили или во e-mail сметките. Дури и силна лозинка не може да обезбеди целосна гаранција против хакерски упад или упад од страна на државни безбедносни агенции!

Младите луѓе треба да бидат свесни за ваквите ризици и грижливо и одговорно да ги штитат деталите од нивните животи кои не сакаат другите да ги знаат. Тие исто така треба да бидат свесни дека доколку *презеле* соодветни мерки на претпазливост но некој сепак успеал да стекне увид во нивните приватни информации – во таков случај мошне веројатно станува збор за незаконски акт и за повреда на нивното право на приватност.
*Делот за сајбер насилство се осврнува на некои мерки на претпазливост што младите можат да ги преземат со цел нивните приватни детали да не влезат во она што се нарекува јавен домен.*

# 5.6 ДЕМОКРАТИЈА И УЧЕСТВО

## ПОВРЗАНОСТ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

### СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ДЕМОКРАТСКИ ДИЈАЛОГ

На врската меѓу демократијата и говорот на омраза може да се гледа од две различни позиции. Од една гледна точка, демократијата може да се смета за систем каде појавата на говор на омраза е поверојатна, или систем каде е потешка борбата со овој феномен. Најдобар начин ова да се објасни е ако замислиме, на пример, едно недемократско општество со ригорозна цензура; теоретски, во едно такво општество би било можно да се елиминира говорот на омраза и секако говорот на омраза на интернет. Во таквото општество сè што се смета за навредливо за другите би можело да биде забрането, а евентуалните кршења на прописите би биле жестоко казнети. Од друга страна, таквото општество има голем број слабости поради недостигот на слобода на изразување.

Во една демократија, каде луѓето слободно можат да го кажат своето мислење, голема е веројатноста дека ќе мора да слушаме и ставови со кои лично не се согласуваме. Некои од тие ставови ќе бидат иритантни за нас, други ќе ни изгледаат груби или вознемирувачки, а трети можеби ќе ја преминат црвената линија и ќе бидат длабоко навредливи па дури и опасни. Една мала количина на говор на омраза е сосема можно да биде неизбежна последица од состојбата каде човек може слободно да си го искаже мислењето и каде мислењата на луѓето се земаат предвид. Ниедна демократија не е совршена!

### АКТИВНОСТ И ВКЛУЧЕНОСТ

Сепак, една од предностите на демократијата и слободниот говор е што таа ни ги обезбедува инструментите со кои можеме да се бориме против говорот на омраза на еден поделотворен начин и секако начин кој подобро ги штити другите слободи покрај слободата на говорот. Така, од една друга гледна точка, демократијата ја нуди најветувачката надеж за борба против говорот на омраза паралелно со заштитата на човековите права.

Во една функционална демократија, каде луѓето играат активна улога во заштитата на правата и слободите што секој поединец ги цени, одбраната на општеството од говорот на омраза може да биде многу пософистицирана и потенцијално многу посеопфатна отколку што би била во услови на строга форма на цензура. Доколку задачата да се „надгледува“ говорот на омраза и да се постапи кога имаме најлоши примери на манифестирање на говорот на омраза не се смета само за задача на владата или на некаква интернетска „полиција“, и доколку „мониторингот“опфаќа и надзор над нашето однесување како и надзор над другите, би требало да биде можно да се заштити правото на слобода на изразување, а притоа да се обезбеди и заштита на поединците од злоупотреби.

Дали ќе се реагира на ефективен начин на говорот на омраза зависи од тоа дали во целост сме ги разбрале придобивките, предизвиците и барањата на едно демократско општество, и секако зависи од активното учество на поединците кои го сочинуваат тоа општество. Голем дел од вештините неопходни за ефективно функционирање на демократијата се и вештини потребни за борба против говорот на омраза; постоењето на свест за вредноста на различностите и демократската дискусија можат да помогнат во насока на подготвување на учесниците да реагираат на конкретни манифестации на нетолеранција или омраза.

## ДЕМОКРАТИЈА, УЧЕСТВО И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

> *(1) Секој има право да учествува во управувањето со неговата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници.*
> *(3) Волјата на народот ќе биде основата на власта...*
> Член 21 од Универзалната декларација за човекови права
> *Високите договорни страин се обврзуваат да организираат слободни избори во разумни интервали, под услови со кои ќе се обезбеди гласачите да можат слободно да го изразат своето мислење при изборот на законодавното тело.*
> Член 3, Протокол 1, ЕКЧП

И покрај тоа што човековите права генерираат слични обврски за сите влади во светот, ова не значи дека законите и формата на владеење во секоја земја мора да бидат исти. Човековите права дозволуваат постоење на различни системи и различни начини за гарантирање на почитувањето на основните човекови права.

Сепак, членот 21 од Универзалната декларација за човековите права (и Факултативниот протокол 1 кон ЕКЧП) вели дека не *секоја* форма на владеење е прифатлива. Државите имаат обврска да обезбедат состојба каде оние кои ги носат законите се претставници на „волјата на народот". Со други зборови, единствено демократскиот систем е компатибилен со човековите права.

Една од причините зошто е тоа така е поврзана и со важноста на самостојноста (автономијата) и учеството на луѓето како темелни вредности на човековите права.

## ДОЛЖНОСТИТЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА

Демократската форма на владеење им дозволува на оние кои не се на власт да задржат одредена контрола врз законите според кои би требало да се водат во животот. Лесно е да се согледа врската со човековите права, затоа што човековите права се во голем дел состојба каде човек може да ја задржи личната самостојност во своето делување, со други зборови - да не биде предмет на нечии произволни мешања во неговиот живот или да мора да живее во систем кој е штетен по неговите основни потреби.

Сепак, и покрај нејзините бројни предности, демократијата е форма на владеење која во споредба со нејзините алтернативи бара од луѓето повеќе. Демократијата испорачува барања во врска со тоа што треба да правиме но и во однос на тоа што треба да толерираме, односно како треба да се однесуваме кога не се согласуваме со одредени одлуки или мислења. Ова подеднакво се однесува и на одлуките или дејствијата на оние кои се на власт и на однесувањето на други поединци. Во една демократија, сите сме „одговорни" до одреден степен за начинот на кој ќе функционира системот.

Следнава листа ги содржи главните вештини или предуслови кои се потребни за една демократија да функционира ефективно. Секоја од работите на листата е важна и за борбата против говорот на омраза.

## АКТИВНО УЧЕСТВО

Една влада не може да ја претставува волјата на народот доколку луѓето не ја изразат својата волја! Претставничка (репрезентативна) влада е можна само ако секој ги обзнани своите желби. Ова секако не се сведува само на гласање кога има избори, туку значи дека граѓаните можат да се произнесат во однос на нови иницијативи, да се обратат до пратеници во парламентот или до други органи на управата кога состојбите се незадоволителни, да предлагаат промени, да лобираат за подобра заштита на човековите права, да бараат поголема отвореност итн.

Доколку прифатиме дека учеството на граѓаните е од суштинска важност за демократијата, владата има обврска да се погрижи мислењата на граѓаните да *можат* да бидат слушнати. Од таа причина мора да се гарантира слободата на изразување сè додека формите на изразувањето не ги нарушуваат другите основни вредности или не загрозуваат групи или поединци.

**ДА СЕ БИДЕ ИНФОРМИРАН**

За да можат да реагираат и одговорат на одлуки донесени во нивно име, луѓето мора да бидат информирани за тие одлуки, како и за начините преку кои нивниот глас може да биде чуен. Ова создава барања и кон поединците и кон владите: владите треба да обезбедат информациите да бидат достапни, и токму затоа правото на информирање претставува важен дел од слободата на изразување. Од друга страна, поединците треба да се погрижат за тоа да се информираат за случувањата (односно да бидат постојано информирани), и да вршат притисок врз оние на власт да ги објават сите работи и податоци кои сè уште не се достапни на јавноста.

Една област каде од суштинска важност е да постои информирана јавност е свесноста за човековите права. Почитувањето на човековите права не е нешто што може да им се остави на „професионални" активисти за човекови права, ниту е нешто за што би им дале на владите бланко доверба дека ќе ги почитуваат тие права! Секој човек треба да биде свесен за основните стандарди во врска со човековите права и да дејствува во насока на обезбедување состојба во која човековите права се секогаш почитувани.

**ТОЛЕРАНЦИЈА**

Претставничка (репрезентативна) влада не значи дека сите желби или барања на секој поединец ќе бидат задоволени! Човековите права би требало да обезбедат *основните* потреби на секој поединец да бидат задоволени, но секако дека ќе постои мноштво на различни мислења не само во врска со другите потреби туку и во врска со тоа кој би бил најдобриот начин да се задоволи пакетот со основни потреби. Она што е сигурно во едно демократско општество е дека ќе има несогласувања.

Не е лесно да се дефинира степенот до кој треба да ги „толерираме" одлуките со кои не се согласуваме. Кога човековите права на луѓето се загрозени, „толеранцијата" е непожелна и од огромна важност е одговорните за постоењето на таквиот ризик по човековите права да бидат повикани на одговорност. Меѓутоа, сигурно е дека ќе има бројни ситуации и бројни јавно искажани мислења со кои воопшто не се согласуваме, но, на крајот на краиштата, ќе мора истите да ги толерираме и да живееме со нив. Оваа рамнотежа е дополнително разгледувана и во поглавјето за слободата на изразување.

**УПРАВУВАЊЕ СО ИНТЕРНЕТ**

Нашето битисување во „реалниот" свет е раководено од правила или закони на различни нивоа. На работното место или во „просторот" кој е во сопственост на приватни компании постојат едни правила; локалните и националните власти имаат воспоставено други правила во форма на закони и подзаконски акти; меѓународните или регионалните организации, како што се Обединетите нации или Советот на Европа, имаат воспоставено трети правила што националните влади мора да ги почитуваат.

Како што различните форми на човечка активност сè повеќе и повеќе се случуваат на интернет, така почнуваат да се поставуваат прашања за „правилата" кои ја уредуваат оваа активност. Секоја веб-локација има сопствени правила или кодекс на однесување, а истото го имаат и давателите на услугата хостирање; овие правила се споредливи со законите кои

го уредуваат приватниот простор „офлајн“ односно во „реалниот“ свет. Некои влади имаат закони кои се однесуваат на активноста на интернет (т.е. „онлајн“), а одредени меѓународни правни акти, особено оние кои се занимаваат со заштита на човековите права, ја опфаќаат и сферата на интернетот. Сепак, денес сè повеќе преовладува мислењето дека има потреба од општи принципи и прописи со кои ќе се обезбеди корисниците на интернет да бидат соодветно заштитени при нивните активности „онлајн“. Прашањето за тоа какви треба да бидат овие принципи и како истите да се спроведат во праксата се нарекува „управување со интернет“.

Управувањето со интернет е особено важно за прашањето на говорот на омраза на интернет затоа што во одредени земји, особено во САД, постои силна заштита на слободата на изразување. Со оглед на фактот дека голем број интернет локации се со седиште во САД, спротивставувањето дури и на најнасилните и најнавредливи примери на говор на омраза на интернет може да оди исклучително тешко.

## РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО ОБЛАСТА НА УПРАВУВАЊЕ СО ИНТЕРНЕТ

*Заштитата и зачувувањето на интернетот преку „ненанесување штета“ на неговото функционирање е од ... витална важност за да се осигури остварувањето на правата од членовите 10 и 11 на Европската конвенција за човековите права во „онлајн“ сферата. Истовремено, заедно со слободата доаѓа и потребата граѓаните да бидат соодветно информирани, што би им овозможило да постапат на одговорен начин со услугите што се нудат преку интернет. За луѓето да му веруваат на интернетот, неопходно е да има заштита на личните податоци и почитување на приватноста на интернет ...*

Извадок од Стратегијата за управување со интернетот на Советот на Европа.

Советот на Европа започна да работи на прашањето на управувањето со интернетот. Во 2007 година, Комитетот на министрите на Советот на Европа донесе Препорака која се однесуваше на „луѓето кои имаат легитимно очекување дека интернет услугите ќе бидат достапни и пристапни од финансиска гледна точка, сигурни, доверливи и континуирани“ (CM/Rec (2007)16In). Во 2012 година, 47-те земји членки на Советот на Европа усвоија Стратегија за управување со интернетот „со цел заштита и промоција на човековите права, на владеењето на правото и на демократијата онлајн“. Стратегијата предлага рамка за соработка преку која земјите-членки ќе зачуваат еден глобален, стабилен и отворен интернет како инструмент за заштита на слободата на изразување и пристапот до информации.

Посебно поглавје во Стратегијата е посветено на заштитата и зајакнувањето на децата и младите. Стратегијата понатаму вели дека сигурноста, достоинството и приватноста на децата и младите на интернет се „од најголемо значење“.

Во моментот на пишување на ова четиво, Советот на Европа изготвува Компендиум за правата на корисниците на интернет. Оваа публикација се осврнува, меѓу другото, на очекувањата за пристапност, достапност од финансиска гледна точка, сигурност, доверливост и континуитет на интернет услугите. Тука спаѓа и подоброто разбирање од страна на корисниците на човековите права и ефективното уживање на истите „онлајн“, вклучувајќи и пристап до ефективни правни лекови.

## УЛОГАТА НА КОРИСНИЦИТЕ

Улогата на самите корисници има најголема важност во обликувањето на начинот на кој ќе функционира интернетот. На еден „демократски“ интернет му е потребна заедница од интернет корисници кои се „онлајн граѓани“ и кои учествуваат во поставувањето на нормите и правилата за комуникација и имаат влијание врз тоа како треба да функционира

интернетот. Пример дека сето ова би можело да функционира е улогата што невладините организации и граѓанските движења ја одиграа со стопирањето на усвојувањето на ACTA во Европскиот парламент (меѓународен договор со кој требаше да се зајакнат правата од интелектуална сопственост). На овој договор му се спротивставија со образложение дека тој загрозува голем број граѓански слободи и човекови права.

**ПОРАКИ ЗА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ**

Следниве принципи се важни за да се обезбеди активна улога од страна на младите луѓе во моделирањето на начинот на кој ќе функционира интернетот:

- Интернет корисниците се повеќе од потрошувачи! Тие поседуваат влијание и можат да го активираат ова влијание преку нивна поактивна улога во обликувањето на начинот на кој интернетот треба да ги штити човековите права. Ова може да се направи преку водење кампања и секако преку начинот на кој младите луѓе како корисници на интернетот ќе се однесуваат едни кон други додека се „онлајн“.
- Интернет корисниците имаат потреба нивните човекови права да бидат заштитени „онлајн“. За ова да се случи важно е тие да ги знаат своите права и да се спротивстават на какви било злоупотреби.
- Интернетот е простор чија динамична архитектура сè уште претставува не до крај уреден терен за игра. Интернетот е таков простор каде се можни повреди на човековите права, но истовремено тој може да претставува инструмент за мобилизирање на заедниците во насока на обезбедување подобра заштита на човековите права.
- На децата и младите како и на други корисници им е потребна поддршка преку образовни програми кои ќе им помогнат да ги развијат потребните вештини и разбирање за делотворно користење на интернетот.
- И покрај тоа што постојат моќни економски и политички сили кои играат значајна улога во обликувањето на интернетот, оние кои го користат интернетот треба да го искористат своето право да го направат „онлајн“ светот јавен простор каде ќе се применуваат принципите, вредностите и практиките поврзани со човековите права.
- Децата и младите луѓе треба да осознаат и научат како и кој управува со интернетот како дел од нивното учење на областа што се нарекува демократско граѓанство. Затоа се важни транспарентноста и отчетноста во управувањето со интернетот, вклучувајќи ги и начините на кои младите можат делотворно да влијаат врз управувањето со интернетот, односно барем со јавниот простор кој е дел од интернетот.

## 5.7 СТРАТЕГИИ ЗА ВОДЕЊЕ КАПМАЊА

Успехот на кампањата на Советот на Европа против говорот на омраза на интернет зависи од активниот ангажман на што е можно повеќе млади луѓе. Постојат бројни начини на кои Вие и вашите групи на пријатели можете да се борите против говорот на омраза и да станете дел од кампањата. Некои од тие начини се наведени токму во ова поглавје.
Листата може да се подели на следниве категории:

1. Едукација и подигнување на свеста;
2. Зафаќање со решавање на проблемот на говорот на омраза кој веќе постои на интернет;
3. Мобилизирање на други лица;
4. Изразување солидарност со жртвите или со групите кои се најчеста мета на говорот на омраза;
5. Подолгорочни стратегии.

Овие категории често се преклопуваат, а таму каде не се преклопуваат во многу случаи е можно одредена активност да се зајакне така што ќе се додадат работи од друга категорија.
*На пример:*

- Директното фаќање во костец со говорот на омраза преку обезбедување на алтернативен наратив ќе има и едукативен ефект. Доколку алтернативниот наратив или дијалог добие публицитет преку социјалните медиуми, тоа може да се искористи и за мобилизирање на други лица;
- Една акција за подигнување на свеста осмислена така што да ги информира другите за проблемите што ги предизвикува говорот на омраза на интернет претставува моќен израз на солидарност со жртвите на говорот на омраза. Ваквата акција би можела да се искористи за придобивање нови потписи на петицијата со која се бара од политичарите да се зафатат со решавање на проблемот;
- Пријавувањето на пример на говор на омраза и пишувањето блог за реакцијата на управителот на веб-локацијата може да мотивира и други да бидат будни во однос на слични примери а потоа и самите да достават жалби/приговори.

Долнава листа не е сеопфатна и треба да се користи само како извор на можни идеи. Вашата група сигурно ќе може да предложи и други идеи!
Некои предлози може да не бидат соодветни за сите случаи. На пример, пријавувањето на дискутабилен коментар или објава понекогаш може да биде претерана реакција. Наместо тоа, полесно би било да се испрати прашање до авторот на оригиналната објава и да се почека за да се види дали тој или таа ќе го промени својот начин на изразување или ќе го повлече коментарот. Со други зборови, често може да биде несоодветно да се влезе во директен конфликт со некој кој објавил злонамерен коментар на интернет. Секогаш треба убаво да се размисли при изборот на најсоодветната или најделотворната реакција.
Предлозите можете да ги искористите како дополнение на активностите во прирачникот и за поттикнување на вашите пријатели или група да се заангажираат во Движењето против говорот на омраза.

- Гледајте да ја вклучите вашата група или пријатели во изборот и планирањето на дејствијата што ќе се преземат. Поголема е веројатноста дека ќе се заангажираат доколку самите ги избрале фокусот и методите на дејствување!
- Потсетете ги дека креативните акции повеќе привлекуваат внимание: придобивањето на вниманието од луѓето „онлајн“ е еден вид обид да се истакнете индивидуално наспроти толпата!
- Потсетете ги дека информациите може да се распространуваат преку слики, видео материјали и музика, но и само со зборови. Медиумот преку кој се пренесуваат информациите може да биде исто онолку важен колку и пораката.
- На интернет страницата на Движењето против говорот на омраза (www.nohatespeechmovement.org) побарајте и други начини за ангажман околу Кампањата!

## ЛИСТА НА МОЖНИ АКТИВНОСТИ

### ОБРАЗОВАНИЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА

- Користете блогови и локации на социјални медиуми за да ја подигнете свеста за тоа што сè луѓето можат да направат доколку се жртви на говор на омраза или доколку се сведоци на такви примери;
- Користете го јазикот на човековите права: подигнете ја свеста за правата кои нè штитат на интернет и за корелацијата меѓу човековите права и говорот на омраза на интернет.
- Изработете листа за „разбивање митови“ за групите кои се најчеста мета на говорот на омраза. Објавете ја таа листа на социјалните медиуми или испечатете брошури кои потоа ќе ги дистрибуирате.
- Споделете локации или објави на интернет каде се истакнуваат позитивните карактеристики на групите кои се најчеста мета на говорот на омраза.
- Раскажете стории за лица кои биле жртви на говорот на омраза на интернет. Употребете го тоа за распространување информации за проблемот и за привлекување емпатија за оние кои се мета на говорот на омраза.
- Поставете своја интернет страница или профил на социјален медиум. Искористете ги така што таму ќе поставите алтернативни информации за групите кои се најчеста мета на говорот на омраза и ќе ги наведете соодветните извори на информациите.
- Организирајте акции, обуки или настани за подигнување на свеста „офлајн“ (т.е. во „реалниот“ свет). Сите вакви случувања би се осврнале на:

- Општиот проблем на говорот на омраза на интернет;
- Предрасудите кои се однесуваат на конкретна целна група;
- Методите за справување со говорот на омраза;
- Последиците од говорот на омраза;
- Потребата луѓето да преземат одговорност за сопствените дејства и за дејствата на другите;

- Иницијативи кои во актуелниов момент ги водат некои други младински групи вклучувајќи го и Движењето против говорот на омраза на Советот на Европа;
- Нешто друго!

**СПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДРАСУДИТЕ ИЛИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВЕЌЕ ПРИСУТНИ НА ИНТЕРНЕТ**

- Да се коригираат одредниците во енциклопедијата Википедија или други локации со слободни содржини каде се понудени несоодветни или лажни информации за групите кои се најчеста мета на говорот на омраза;
- Да се објават коментари на веб-локации кои содржат неточни, пристрасни или расистички содржини. Да се испратат прашања или приговори до авторите на објавените коментари кои промовираат нетолеранција или расизам;
- Да се влезе во комуникација со лицата кои користат навредлив говор и да се направи обид да им се предочат последиците од таквото нивно однесување врз други лица;
- Да се охрабрат другите да ги игнорираат „троловите“доколку тие се однесуваат навредливо кон другите;
- Да се користат „онлајн“ механизмите за пријавување или процедурите за поднесување жалба/приговор со цел да се алармираат сопствениците на веб-локациите за примерите на говор на омраза;
- Да се пријават примери на говор на омраза до организации кои работат на овој проблем или до интернет сервисот за надзор над говорот на омраза „Хејт спич воч“ (Hate Speech Watch);
- Да се бојкотираат веб-локациите каде има омраза и да се повикаат и другите да го следат примерот. Да се пријават таквите локации преку законските механизми кои постојат во вашата земја или со помош на организации како што е „INACH“.
- Соберете информации за веб-локациите каде има омраза кои се регистрирани во вашата земја. Потоа таквите информации испратете ги до пратеникот во парламентот од вашиот град или област.

**МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ДРУГИ ЛИЦА**

- Апелирајте до другите да осудат или пријават говор на омраза, да изразат солидарност со жртвите или да се вклучат во други активности;
- Користете социјални медиуми за да привлечете следбеници/пријатели на веб-локации корисни за каузата или на одредени возбудливи иницијативи за кампањи;
- Објавете успешни случаи на отстранување говор на омраза од одредени веб-локации;
- Подигнете ја свеста за Движењето против говорот на омраза. Обезбедете линк до Движењето на вашиот профил на социјалните медиуми или додадете го логото на Движењето на вашиот потпис;
- Организирајте обука или активности за подигнување на свеста со претставници на групите кои се најчеста мета на говорот на омраза. Покажете им како можат да се заштитат себеси и другите преку нивен ангажман околу Кампањата;

- Спроведете „онлајн“ и „офлајн“ активности за обезбедување публицитет за активностите што ќе ги спроведете во рамките на другите категории!

**ПОДДРШКА ИЛИ СОЛИДАРНОСТ СО ЖРТВИТЕ ИЛИ НАЈЧЕСТИТЕ ЦЕЛНИ ГРУПИ**

- Испратете приватни пораки до лица кои јавно се мета на говорот на омраза: изразете ја вашата солидарност со нив и кажете им што можат да направат;
- Помогнете да се отфлат предрасудите или невистинитите мислења во врска со групите кои се најчеста мета на говорот на омраза. Составете алтернативен наратив и објавете го секаде каде можете;
- Информирајте ги младите за нивните права и за методите што може да ги користат за да се заштитат;
- Организирајте јавна акција во знак на солидарност со групите кои се мета на говорот на омраза;
- Објавете примери на расистички или дискриминаторски говор од страна на политичари, медиуми или јавни личности. Побарајте да сносат одговорност за истото!
- Работете со групи кои се најчеста мета на говорот на омраза: охрабрете ги да учествуваат во Кампањата.

**ПОДОЛГОРОЧНИ СТРАТЕГИИ**

- Организирајте ваша сопствена кампања на локално ниво или на интернет; направете видео материјал за кампањата, песна или некаква забавна креација и објавете ги на интернет;
- Поставете „онлајн“ петиција против говорот на омраза на интернет или против политиката на одредена веб-локација во врска со говорот на омраза на интернет;
- Контактирајте со организации базирани на интернет кои работат на проблемот; информирајте ги што работите и најдете начини за и вие да учествувате во тоа што тие го работат;
- Контактирајте со локални организации кои работат на проблемите на расизмот и дискриминацијата или други слични проблеми. Алармирајте ги за проблемот на говорот на омраза на интернет и охрабрете ги да се вклучат во Кампањата.
- Следете го развојот на настаните кај овој проблем, било на конкретна веб-локација било преку следење на начинот на кој проблемот влијае врз определени групи. Испратете ги резултатите од вашето истражување до интернет сервисот „Хејт спич воч“, до невладини организации кои работат на проблемот, до политичари или до други влијателни лица;
- Упатете повик до владините функционери да се зафатат со решавање на проблемот: контактирајте го пратеникот во парламентот од вашиот град или област.

## 5.8 ИНТЕРНЕТ ПОЗНАВАЊА

*Дигитална писменост [е] способноста за пристап до, разбирање, критички осврт и создавање информациски и комуникациски содржини онлајн*
Соња Ливингстоун, „Дигитална писменост: Користењето на новите можности онлајн од страна на младите“[9].

**ПОТРЕБАТА ОД ИНТЕРНЕТ ПОЗНАВАЊА**
Интернетот веројатно е главниот извор на информации за многумина млади во Европа. Понекогаш тој директно се користи како референца; во други случаи информациите се дознаваат во текот на „социјализација“ или други активности. Во двата случаи е важно корисниците да се во можност да пристапат и до експлицитната содржина и до имплицитните пораки, да ги разберат, анализираат и потврдат. Ова е уште поважно кога се работи за соочување со омраза.
Сетот вештини и познавања што им се потребни на младите за да можат да ги најдат и обработат информациите се еден аспект од медиумската писменост или, конкретно во однос на онлајн светот, интернетската писменост.
Меѓутоа, интернетската писменост опфаќа поширока сфера отколку само собирањето и обработката на информации, па постојат многу други вештини и алатки што се особено важни во подготовката на младите да се соочат со проблемот на омразата на интернет. Меѓу нив спаѓаат и оние што се однесуваат на техничките аспекти на интернетот и оние што се потребни за објавување и споделување содржини.

**УЧЕЊЕ ПРЕКУ ПРАКСА**
Начелно, секој што користи интернет преку својата активност ги учи потребните методи и правила: луѓето стануваат доволно „интернетски писмени“ за да можат да се снајдат и да си ги задоволат повеќето свои потреби. Меѓутоа, ако се цели кон тоа младите да не ги имитираат „лошите“ аспекти и лошите навики што резултираат со говор на омраза и ако, поконкретно, треба научат да оспоруваат одредени инстанции важно е да се има повисок степен на дигитална писменост. Листите вклучени во ова поглавје вклучуваат дел од најрелевантните вештини и познавања што се потребни за таа задача.

### РАЗЛИЧНИ АЛАТКИ ЗА РАЗЛИЧНИ УЛОГИ
Важно е да се каже дека младите може во различни моменти да преземаат различни улоги во однос на говорот на омраза. Секоја улога бара различни вештини, а образовната работа мора да го има тоа на ум.

**НАБЉУДУВАЧИ**
Секогаш кога ќе сретнеме содржина што во одредена мера е штетна за другите, ние стануваме учесници во дијалогот. Може да ја игнорираме, да ја дисеминираме преку споделување или да одлучиме да се спротивставиме. Голем дел од активностите во овој прирачник се насочени кон тоа да ги поместат младите од состојбата на „гледање и непостапување“ во состојба, во којашто ќе се зафатат со проблемот на најсоодветниот начин. Тоа бара вештини за просудување и критичка анализа и свесност за можните начини на постапување.

---
[9] *Дигиталната младина, иновациите и неочекуваното* (2008), MIT Press

**ЖРТВИ**

Луѓето што се директна цел на говор на омраза на интернет или што спаѓаат во една од вообичаените целни групи за навредлив или расистички говор или сајбер насилство треба да добијат стратегии за сопствена заштита и справување со говорот на омраза. Ним исто така им се потребни вештини и познавања што ќе им помогнат во соочувањето со проблемот, на пример повикување на сторителот на одговорност, пријавување на злоупотребата, охрабрување на другите да се спротивстават итн.

**'ШИРАЧИ НА ОМРАЗА' ИЛИ ПОТЕНЦИЈАЛНИ ШИРАЧИ НА ОМРАЗА**

Оваа група ги вклучува оние што дисеминираат говор на омраза на интернет или се во искушение да го направат тоа, независно дали преку создавање сопствена содржина или споделување туѓа содржина. Треба да запомниме дека, како што има видови на говор на омраза што се „полоши" од другите, така и улогата како „ширач на омраза" може да биде повеќе или помалку штетна. Оние што споделуваат содржина што е малку расистичка исто така придонесуваат кон општиот проблем, иако таа постапка не е незаконска и не поттикнува насилство директно. Сепак, тоа е прв чекор во синџирот на штетен говор.
Многумина придонесуваат кон ширењето на говорот на омраза „онлајн" преку споделување содржини што не ги сметаат за штетни, навредливи или лажни. За да се избегне тоа е неопходна способност да се препознаат предрасудите и пристрасноста во содржините на интернет и поголем степен на одговорност во создавањето содржини и нивно споделување.

**АКТИВИСТИ И БОРЦИ ЗА КАУЗИ**

Кампањата против говорот на омраза „онлајн" ги смета сите млади и сите корисници на интернетот како потенцијални активисти! Дел од целта е да се охрабрат „набљудувачите" да реагираат и да се приклучат на движењето на луѓе низ целиот свет што се спротивставуваат на говорот на омраза. Активизмот на интернет бара конкретен сет алатки, вклучително оние за создавање публицитет, промовирање, собирање поддршка и формулирање различни пораки и наративи.

## УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТОТ ВО БРОБАТА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

Листата подолу содржи дел од поважните области од интернетската писменост што се поврзани со активностите во прирачникот и со кампањата воопшто. Подеталното познавање на овие области ќе им помогне на младите да одиграат поцелисходна улога во кампањата. Тоа ќе им помогне и да го сменат своето однесување на интернет.

**ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ**

Првата задача во борбата против говорот на омраза на интернет е да можеме да го препознаеме. За таа цел е потребно да се знае што е тоа говор на омраза и да се знае како да се процени неговото можно влијание, но може да треба и подлабока свесност за пораката во основата на содржината и способност да се препознаат пристрасноста и предрасудите онаму каде што се само индиректни.




**КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ИНФОРМАЦИИ**

На интернет постои огромно количество информации, па на младите им се потребни вештини што ќе обезбедат дека нема секогаш безрезервно да веруваат во сè што ќе видат. Тоа се однесува особено на дел од неточните или несоодветно пренесени податоци што ги потхрануваат предрасудите против одредени групи. Корисниците треба да се во можност да ги препознаат можните грешки во аргументирањето и да ја сфатат важноста на проверувањето на фактите и „сослушувањето на другата страна“, барем онаму каде што може некој да биде повреден.



**Корисни препораки: проверка на аргументацијата**

- Дали се дадени извори за поткрепа на тврдењата или аргументите се засновани на „здрав разум“?
- Дали се наведени изворите и дали тие се признаени како авторитети за конкретната тема?
- Дали аргументите се недвосмислени или се можни и други заклучоци?
- Дали аргументите се засновани на „факти“ или се повикуваат на чувства, традиционални верувања или само *веројатни* заклучоци?
- Дали претставените „факти“ или аргументи може да се проверат?
- Дали е направена генерализација на поединци или групи?
- Дали генерализацијата е расистичка или дискриминаторска?
- Дали се можни други гледишта и дали тие го соборуваат аргументот?
- Дали тврдењата се засноваат на аргументи „ад хоминем“, т.е. аргументи што ја напаѓаат другата страна поради нивниот идентитет, а не поради тоа што го велат?
- Дали аргументот е направен поубедлив поради *начинот* на претставување, на пример со силни слики или мултимедија?

## ИЗНАОЃАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Барањето други извори и знаењето како да се пребарува ефективно е дел од „проверката на фактите“ и „сослушувањето на другата страна“. Повеќето луѓе знаат да користат пребарувач, но помалку е проширено знаењето за тоа *како* функционираат пребарувачите и како може да се користат дополнителни алатки за прилагодување на пребарувањето и добивање поинакви резултати.

**Препораки за пребарување**

- Обидете се да користите различни пребарувачи, наместо да се потпирате само на еден.
- Обидете се да ги блокирате колачињата и да ја избришете историјата пред пребарувањето! Резултатите може да се разликуваат, бидејќи многу пребарувачи ги покажуваат резултатите, за коишто веруваат дека корисникот сака да ги добие (врз основа на тоа што го „знаат“ за корисникот).
- Вршете пребарување повеќе пати со употреба на различни поими, дури и кога истражувате за една тема.
- Обидете се со пософистицирани пребарувања, на пример со тоа што ќе го ограничите пребарувањето на една веб-локација, ќе се осигурите одредени поими да не се појават во резултатите или ќе ја користите функцијата “and” за да бидат вклучени *сите* поими. Пребарувачот дава упатства како да се направи тоа.
- Проверете ја веродостојноста на веб-локациите пред употреба на резултат од пребарувањето како релевантна содржина.
- Внимавајте на „затскриени“ веб-локации. Тоа се веб-локации што содржат содржина што не е поврзана со онаа по која ги идентификува пребарувачот. Нивната цел често е да го доведат корисникот во заблуда и да им претставаат содржина како „знаење“, иако тоа е идеолошки пристрасна информација.

## ПРОВЕРКА НА ВЕРОДОСТОЈНОСТ

Луѓето можат да објават речиси сè што сакаат на интернет! Имајќи ја предвид количината на информациите и нерегулираноста на голем дел од интернетот, релативно е лесно да се претставуваат ставови како „факти“ или да се даваат лажни тврдења без тие да бидат оспорени. Голем дел од говорот на омраза може на неискусниот набљудувач да му се чини како поткрепен и соодветно аргументиран. Покрај користењето на критичкото размислување за проверка на фактите и аргументите, свесноста за видот на веб-локацијата и веродостојноста на авторот исто така можат да им посочат на младите дека може да се работи за говор на омраза.

Постојат илјадници веб-локации чија цел е поттикнување расизам и други видови дискриминација. Таквите „веб-локации за омраза“ често се меѓусебно поврзани и ја користат веродостојноста на други такви веб-локации за поткрепа на расистички тврдења. Денес многу расистички веб-локации се посуптилни и се обидуваат да го прикријат расизмот, на пример велејќи дека „промовираат национални вредности“, притоа објавувајќи расистички изјави. Неколку основни постапки можат да ви помогнат да утврдите дали веб-локациите се веродостојни.

**Корисни препораки: проверка на веродостојноста**

- Дали веб-локацијата е широко ценета како извор на информации или ставови? Дали други веб-локации имаат линкови до неа?
- Дали сопствениците и авторите се јасно посочени? Зошто треба да им се верува?
- Што е декларираната цел на веб-локацијата?
- Дали е веројатно дека веб-локацијата е пристрасна поради местоположбата, идентитетот на авторите или нејзината мисија?
- Дали на веб-локацијата се претставуваат различни гледишта?
- Колку често се ажурира и дали има актуелна содржина?
- Дали може да најдете слична содржина на други (ценети) веб-локации?
- Дали има можност за конфликт на интереси, на пример поврзаност со комерцијални интереси или политичка поврзаност?
- Дали за објавената содржина на веб-локацијата се дадени референци и извори?
- Дали веб-локацијата има политика за расистичка или дискриминаторска содржина?
- Како се справува со таквата содржина и како одговара на поплаките?

## КРЕИРАЊЕ И СПОДЕЛУВАЊЕ НА СОДРЖИНИ

Можноста да се создава содржина на интернет што е лесно достапна за другите отвора многу можности за „обичниот“ корисник, но создава и одредена одговорност. Во однос на говорот на омраза, особено се важни одговорноста и потребата од внимателност при објавувањето содржини на интернет: притоа корисниците лесно може да станат чинители во сеењето омраза, свесно или несвесно.

При водењето кампањи постојат и други важни аспекти во однос на објавувањето материјали. Успешните кампањи мора да имаат силни пораки што веројатно ќе бидат широко прифатливи и лесно разбирливи. Младите треба да ги знаат различните технички можности за допирање до голем број луѓе – особено преку социјалните медиуми – и треба да знаат како да ги формулираат пораките така што другите ќе бидат убедени во нив и ќе сакаат да ги шират. Ефективната употреба на мултимедијата може да биде корисна алатка во претворањето на сериозна порака во нешто што е поприфатливо за широката јавност.

**Корисни препораки за споделување содржини**

- Внимавајте содржините што ги споделувате да не содржат пристрасност, предрасуди, расизам или омраза.
- Внимавајте информациите да се веродостојни, за да не ширите дезинформации.
- Не споделувајте информации за други луѓе што може да им ја загрозат приватноста или безбедноста. Секогаш прашувајте ако не сте сигурни!
- Внимавајте да не објавите информации што се заштитени со авторски права.
- Прочитајте ги условите за користење на веб-локацијата пред да објавите материјал. Тие може да содржат ограничувања во однос на видот на содржини што може да се објават, а може и да преземаат права врз вашата содржина или поврзани со ваши личи податоци.
- Размислете дали други би можеле да ги „злоупотребат“ информациите што ги објавувате или да прикажат лажна слика или да наштетат на други. Проверете дали вашата содржина е двосмислена.
- Имајте на ум дека содржината објавена на интернет може лесно да биде погрешно разбрана и да навреди некого, ако не е внимателно формулирана. Читајте сѐ што објавувате со „туѓи очи“.

## РАЗБИРАЊЕ НА ПРАВИЛАТА

Поголемата свесност за политиките и законите што ги уредуваат активностите на интернет може да помогне во регулирањето на сопственото однесување на корисниците и има суштинско значење во борбата против говорот на омраза на интернет. Затоа разбирањето на процесот на управување со интернетот и начините на којшто тој влијае врз корисниците и вклученоста во тој процес се дел од интернетската писменост и од образованието за градење демократско граѓанство. Улогата на интернетот во обликувањето на современото разбирање на граѓанството и учеството во општеството не дозволува прашањата на управувањето со интернетот да се остават само во рацете на компаниите и експертите.

## СЛОЕВИ НА ЗАКОНИ



Најголем дел од интернетот е во „сопственост" на приватни компании. Дури и приватните блогови најчесто се „хостирани" на приватен сервер. Компанијата која го поседува серверот може да одлучи да ограничи одредени работи што се објавуваат на блогот, но може и да не го стори тоа!

Правилата што корисниците на една веб-локација мора да ги почитуваат најчесто се наоѓаат во текстот насловен „Правила и услови". Правилата и условите може многу да се разликуваат од една до друга веб-локација. Освен правилата и условите, можно е да постојат и закони донесени од владите кои се однесуваат на корисниците на интернетот и на сопствениците на веб-локации. Такви закони се на пример законите кои се однесуваат на приватноста и сигурноста или оние кои ја покриваат проблематиката на екстремниот говор на омраза. Дури и ако една влада нема посебни закони за заштита на безбедноста на луѓето „онлајн", тоа во многу случаи е покриено со меѓународните правни акти за човековите права, како во примерот што следува.

**Пример: Владите мора да ги штитат луѓето како во „реалниот" така и во „виртуелниот" свет**

*К.У. против Финска*

Во март 1999 година, на една интернет локација за лични контакти бил објавен оглас наводно од страна на 12-годишно момче. Огласот содржел и линк до интернет страницата на момчето и во него се вели дека момчето бара интимен однос со друго момче на негова возраст или постаро кое „би му го покажало начинот". Момчето дознало за овој оглас дури откако примило e-mail порака од заинтересиран маж. Интернет сервис провајдерот одбил да го каже идентитетот на лицето одговорно за објавување на огласот, со образложение дека тоа би претставувало повреда на начелото на доверливост. Финските судови одлучиле дека интернет сервис провајдерот не е законски обврзан да ја обзнани бараната информација.

Случајот дошол до Европскиот суд за човекови права. Судот се произнел дека државата Финска не ја исполнила нејзината должност да ги заштити децата и другите ранливи единки. Огласот го направил детето мета за педофили и го нарушил неговото право на приватен и семеен живот

*(Член 8 од Европската конвенција за човекови права).*

Голем дел од интернетот може донекаде да се спореди со трговски центар или ноќен клуб! Иако можеби не постои закон против носење фармерки или против запуштен надворешен изглед, вам сепак може да не ви дозволат влез во ноќен клуб доколку правилата велат дека фармерки не се дозволени. На сличен начин, веб-локациите можат да постават сопствени правила за нивниот „приватен простор" на интернет. Сепак, нивните правила мора да бидат компатибилни со законите во државата во која егзистираат и со меѓународното право.

**Што значи тоа за корисниците**

Младите треба да се свесни за законите или политиките што се применливи врз веб-локациите што ги користат, особено во однос на говорот на омраза на интернет. Често говорот на омраза може да се отстрани преку упатствата и постапката за поднесување поплаки на веб-локацијата. Ако тие се несоодветни, активистите можат да ги оспорат самите политики!

**ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗЛУОПОТРЕБА**




**РЕАКЦИЈА И ВОДЕЊЕ КАМПАЊА**

Пријавувањето на говорот на омраза не е единствен начин на реакција при соочувањето со него. Важно е младите да се информирани за други пристапи кон проблемот и да можат да проценат кој од тие пристапи е најсоодветен за конкретната ситуација.

Првиот дијаграм подолу прикажува дел од можните реакции кон поединечни изјави на омраза. Во поглавјето за Стратегии за водење кампањи има повеќе примери за други начини на пристапување кон проблемот како целина.

При изборот на конкретната реакција или стратегија, најсоодветната реакција често зависи од сериозноста на случајот. „Блага“ пристрасност или предрасуди често најдобро се решаваат со обраќање до самиот автор и посочување на можната штетност, редовен „трол“ на веб-локација што главно ја користат активисти против говорот на омраза понекогаш треба целосно да се игнорира; на другиот крај на спектарот, веб-локација за омраза што поттикнува насилство против одредени групи можеби ќе треба да се пријави на полицијата.

Еден од најважните аспекти што треба да се земат предвид при изборот на најсоодветната реакција е веројатното влијание на конкретната изјава или целата веб-локација. Дел од прашањата на коишто треба да се даде одговор при проценувањето на влијанието се прикажани на вториот дијаграм подолу.







**ЧУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА**

Младите треба да се свесни за можните опасности на интернет и мерките на претпазливост што можат да ги преземат за да избегнат загрозување на својата приватност. Постојат и одредени мерки со коишто е помалку веројатно дека ќе станат жртви на сајбер насилство. Дел од нив се опишани во поглавјето за сајбер насилство.

# 5.9 НАСИЛСТВО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

„ ... Насилството преку интернет значи секоја електронска комуникација вклучувајќи, меѓу другото, комуникација која е мотивирана од вистинската или перципирана раса на еден ученик, потоа од неговата боја на кожа, религија, национално потекло, претци или етничка припадност, сексуална ориентација, физички, ментален, емотивен или инвалидитет поврзан со учењето, род, родов идентитет и изразување или друга лична карактеристика, или која е базирана на поврзаност со некое лице идентификувано со некои од претходните карактеристики, тогаш кога пишаниот, вербалниот или физичкиот акт или електронската комуникација има намера:
(i) Физички да му наштети на ученикот или на имотот на ученикот; или
(ii) Значително да ги попречи образовните можности на ученикот; или
(iii) Да биде толку жестока, истрајна или сеприсутна што создава заплашувачки или заканувачки амбиент за учење; или
(iv) Значително да го наруши вообичаеното работење на училиштето.“
*Одговор на омразата на интернет, прибор со алатки за акција (Лига против клеветата)*

Насилството се случува кога едно лице или група намерно започнува непријателско или злоставувачко однесување кон друго лице. Вообичаено, злоупотребата се одвива одреден временски период при што жртвата е постојано мета на напади.
Кај насилството преку интернет, виктимизацијата се случува „онлајн“ или во електонска форма. Кај овој тип насилство се користат e-mail пораки, инстант пораки, „чет соби“, пејџери, мобилни телефони или други форми на информатичка технологија. Последиците врз поединецот можат да бидат ништо помалку сериозни во споредба со случаите на насилство во „реалниот“ свет: насилството преку интернет е една од формите на насилство.
Борбата против насилството преку интернет може да биде особено тешка затоа што интернетот дозволува поголема анонимност отколку кај „офлајн“ комуникацијата. Овој тип насилство може да биде и поинтрузивен или поупорно интрузивен затоа што може да се случи дури и кога злоставувачот не е физички присутен. Откако злоставувачот ќе научи како да ја контактира својата „жртва“, насилството може да се случува постојано и да биде тешко да се избегне. Од овие причини, многу е важно младите луѓе да бидат свесни за опасностите поврзани со давањето на нивните лични податоци.

**РАСПРОСТРАНЕТОСТА НА НАСИЛСТВОТО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ**
Насилството преку интернет претставува сериозен и постојано присутен проблем кај младите луѓе. Тоа може да доведе до долгорочни штетни последици па дури и до самоубиство. Неколку студии покажаа дека бројката на тинејџери засегнати од овој проблем е навистина голема:

- Над една половина од адолесцентите и тинејџерите биле злоставувани на интернет, а отприлика иста бројка на адолесценти и тинејџери вршеле насилство преку интернет.
- Повеќе од 1 во 3 млади луѓе биле предмет на закани преку интернет.
- Над 25% од адолесцентите и тинејџерите биле постојано злоставувани преку нивните мобилни телефони или преку интернет.
- Половина и повеќе од младите луѓе не им кажуваат на нивните родители кога ќе им се случи насилство преку интернет.

*Извор: i-SAFE Inc.; „Насилство преку интернет: Статистика и практични совети “*

## НАСИЛСТВОТО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

И насилството и насилството преку интернет се форми на злоупотреба и голем број примери на вакви појави потпаѓаат под заштита на различни човекови права. Кај „поблагите“ случаи релевантно е правото на приватен живот и многу често жртвата се жали на повреда на тоа право. Кај поекстремните случаи жртвата обично се жали на повреда на правото на слобода од нечовечко и понижувачко постапување па дури и на повреда на правото на живот.

Нечовечко и понижувачко постапување може да се јави кај случаи на сексуална злоупотреба, психолошко насилство и експлоатација. Што се однесува до правото на живот, на истото може да се повикаме во случаи кога насилството во „реалниот“ свет резултира со физички ризик по животот на жртвата или доколку страдањето станува толку интензивно што жртвата размислува да си го одземе животот. Неможноста да ги заштитиме луѓето од таков ризик може да претставува повреда на нивното право на живот.

## КОЈА Е ВРСКАТА ПОМЕЃУ НАСИЛСТВОТО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Насилството преку интернет е однос на моќ насочен против определено лице додека говорот на омраза обично повикува на непријателство и насилство против цела една група. За жртвите, сепак, и насилството преку интернет и говорот на омраза се форми на насилство и понижување. Говорот на омраза и насилството преку интернет ги користат истите „онлајн“ канали. Тие често се случуваат против поединци кои се сметаат за различни, било да е тоа поради нивното потекло, инвалидитет, етничка припадност или други причини. И кај двете појави се користи комуникација која навредува и вознемирува. Во голем број примери, сајбер насилството и говорот на омраза се комбинирани и ваквата комбинација е многу штетна по поединци и групи, како на пример насилството кое го има како причина родовиот идентитет, сексуалната ориентација или етничкото потекло на жртвите.

Истовремено, градењето отпорност кај младите за борба против говорот на омраза може да ја зајакне и нивната отпорност во справувањето со насилството преку интернет, и обратно. Интернет познавањето претставува адут со кој им се помага на младите да зајакнат и да ги разберат проблемите кои демнат на интернет, но и да се заштитат себеси или да реагираат на секоја појава на злоупотреба.

## КАКО ДА БИДЕМЕ БЕЗБЕДНИ

На младите луѓе треба да им се всади во главите дека формите на однесување набројани во следната точка се неприфатливи, а веројатно и незаконски. Дури и единечен таков случај може да претставува почеток на една долга кампања или предвесник на уште посилни форми на злоупотреба. Младите треба да бидат способни да ги препознаат предупредувачките знаци, да одлучат здраворазумски кој би бил најдобриот начин да се реагира во поединечни случаи и да ги познаваат мерките на претпазливост кои ќе може да ги применат тогаш кога одредена закана ќе стане реална. Младите исто така треба да знаат дека постојат организации кои нудат поддршка и совети или конкретно би помогнале доколку е потребно да се преземат „официјални“ чекори, вклучително и правни чекори. Некои национални кампањи во рамките на Движењето против говорот на омразата даваат информации за SOS телефонските линии за пријавување случаи во полиција. Мрежата „InSafe“, на пример, дава совети за тоа како и каде да се пријават вакви случаи како и броеви на SOS телефоните на кои младите може да се јават за да пријават или побараат помош: www.saferinternet.org. „InSafe“ е проект на „Euroschoolnet“- европски партнер на Движењето против говорот на омраза.

## ПРИМЕРИ ЗА ЗЛОУПОТРЕБИ НА ИНТЕРНЕТ

- Испраќање закани, провокативни навреди или навреди на расна или етничка основа;
- Злоупотреба против лица кои се перципирани од страна на злоставувачот како хомосексуалци, родово специфични навреди или други форми на дискриминација;
- Обиди за инфицирање на компјутерот на жртвата со вирус;
- Преплавување на e-mail приемното сандаче со навредливи пораки;
- Објавување или ширење лажни информации за одредено лице со цел да му се наштети нему или на неговиот углед;
- Издвојување на некое лице и упатување повик до другите да го напаѓаат или исмејуваат;
- Кога некој се преправа дека е некој друг со цел да создаде привид дека тој другиот наводно кажал работи што ниту ги мисли ниту пак се точни;
- Споделување на слики на одредено лице без негова дозвола, особено кога сликата го прикажува лицето во непријатна ситуација;
- Споделување e-mail пораки без дозвола од пишувачот на пораките;
- Вршење притисок врз другите да исклучат некого од некоја заедница (било да е таа „онлајн“ или „офлајн“);
- Постојано испраќање до некого безобразни, злобни и навредувачки пораки.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ИНТЕРНЕТ: ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ЗА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ

### Ограничување на можностите за злоупотреба

- Редовно проверувајте си ги вашите приватни параметри на социјалните мрежи и ажурирајте ги.
- Не давајте никому ваши лични податоци, како на пример број на мобилниот телефон или e-mail или домашна адреса, освен ако го познавате и му верувате на лицето.
- Немојте да споделувате лични информации со лица кои не ги познавате (на пр. во „собите за разговор“ каде „средбите“ се најчесто со непознати лица).
- Размислете за „просторот“ што го користите, за прифатените правила на однесување и за видот на луѓе кои го користат истиот простор. Исто како и во „реалниот“ свет, одредени локации претставуваат поголем безбедносен ризик, па затоа во „онлајн“ светот треба да реагираме во согласност со контекстот.
- Почитувајте го „интернет бонтонот“: однесувајте се кон другите „онлајн“ онака како што сакате другите да се однесуваат кон вас.
- Бидете внимателни во врска со заштитата на вашите профили и e-mail адреси: секогаш одјавувајте се од јавни компјутери и редовно менувајте си ги лозинките.
- Пријавете злоупотреба на која ќе наидете „онлајн“ или злоупотреба која вам ви е упатена, до мрежата која ги хостира содржината или коментарите или до специјализираните полициски и правосудни органи во вашата земја (погледнете некои совети на: www.saferinternet.org).

**Доколку примите закани или доживеете злоупотреба**

- Размислете за следниве акции. Секој поединечен случај е различен. Многу е важно младите луѓе да научат да расудуваат внимателно при носењето одлука за следните чекори што ќе ги преземат. Секогаш ќе им биде од полза да разговараат за случајот со луѓе на кои им веруваат.
- Немојте да возвратите со иста мера на нападот! Многу често токму тоа е она што потенцијалниот злоставувач го сака. Никогаш немојте да враќате „мило за драго" затоа што тоа само ќе го усложни проблемот.
- Споделете го проблемот со некого кому му верувате и побарајте совет.
- Пријавете го проблемот до некоја организација која работи на прашањето на безбедноста на младите „онлајн" (види стр. 200-201).
- Пријавете го недоличното однесување до сопственикот на веб-локацијата односно до давателот на услугата „хостирање".
- Блокирајте односно пријавете ги несаканите контакти и луѓето кои се однесуваат несоодветно.
- Променете ја вашата e-mail адреса или бројот на мобилниот телефон доколку некој ги користи за да ве вознемирува.
- Доколку е неопходно, пријавете го недоличното однесување во полиција или контактирајте адвокат. Злоупотребата на интернет е противзаконска доколку остварува силно влијание врз нечие здравје, безбедност или психичка добросостојба.
- Секогаш чувајте ги како доказ примените навредливи пораки вклучувајќи ги и e-mail адресата или профилот на злоставувачот. Овие докази можеби ќе ви бидат потребни доколку биде неопходно да поднесете официјална тужба до суд против сторителот.

**БЕЗБЕДНОСТ НА ИНТЕРНЕТ: ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ЗА ПРОСВЕТНИ РАБОТНИЦИ**

Просветните работници, родителите и генерално луѓето кои во својата работа се во редовен контакт со младите можат да преземат мерки за да ги заштитат младите од опасностите од насилството преку интернет на следниве начини:

• Преку проактивен пристап, дискутирање за овој ризик со младите и нивно помагање да избегнуваат ризици колку што е можно повеќе. Бидете отворени кога дискутирате за овие прашања. Користете примери во класот и немојте да избегнувате да ги ставате овие прашања на дневен ред за дискусија. Поддржувајте доследна политика против насилството преку интернет во вашето училиште.

• Развивање свесност за врската меѓу „офлајн" и „онлајн" говорот на омраза, односно дека двете често одат заедно!

• Зајакнување на децата така што ќе ги информираме и ќе разговараме за овие прашања со нив. Доколку чувствувате дека не ги поседувате потребните вештини за ова, можете да стапите во контакт со организации и со центри за давање помош на жртвите. Направете им ги на младите луѓе видливи контактите каде можат да добијат помош во случај на потреба.

• Зајакнување на родителите, кои треба да станат свесни за постоењето на насилството преку интернет и за начините како да постапуваат во такви случаи.

# 5.10 СОВЕТОТ НА ЕВРОПА И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

Работата на Советот на Европа во однос на проблемот на говорот на омраза на интернет е сконцентрирана на четири главни области:

1. Правни пристапи кон проблемот кои ја користат како основа Европската конвенција за човекови права и судската пракса на Европскиот суд за човекови права;
2. Пишани инструменти во чија основа лежат политики, кои настануваат преку работата на Советот на Европа во областа на управувањето со интернет (како на пример Стратегијата за управување со интернетот) и преку упатувањето серија препораки и документи до земјите-членки на Советот на Европа;
3. Активности на мониторинг кои се остваруваат преку работата на Европската комисија против расизмот и дискриминацијата и работата на комесарот за човекови права на СЕ;
4. Едукација, превенција и градење капацитети за различни чинители во општеството меѓу кои новинари, активисти на невладини организации, наставници и млади лица.

Говорот на омраза на интернет е силно поврзан со неколку различни проблеми, па така оваа тема е дел и од иницијативите во неколку други области. Некои (не сите) од тие области се следниве:

| | | |
|---|---|---|
| Права на децата | Заштита на малцинствата | Обука на судии |
| Борба против сајбер криминалот | Борба против сајбер насилството и заштита на децата | Медиумска писменост |
| Слобода на изразување | Промоција на плуралистичко општество | Едукација за медиуми |
| Антирасистички политики | Промоција на меѓукултурниот дијалог | Обука на наставници |

Оваа долга листа е илустрација за мноштвото различни грижи и проблеми кои се на некој начин поврзани со говорот на омраза на интернет. Таа исто така покажува дека зафаќањето со проблемот е можно од поголем број различни агли и со помош на голем број различни методи.

Следниве кратки информации ги покриваат само оние области на работа кои се најзначајни или кои се најдиректно поврзани со борбата против говорот на омраза на интернет.

**ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ**

- Европската конвенција за човекови права е ратификувана од сите земји-членки на Советот на Европа. Со неа се штити еден широк спектар од граѓански и политички права, вклучувајќи ги правата на приватност, сигурност и заштита од нечовечко и понижувачко постапување. И покрај тоа што Конвенцијата исто така ја штити слободата на изразување, ова право дозволува ограничувања тогаш кога формите на изразување можат да загрозат други лица или да му наштетат на општеството како целина.

- Европскиот суд за човекови права има задача да обезбеди почитување на правата предвидени во Европската конвенција за човекови права. Судската пракса на овој суд предвидува такво толкување на „говорот на омраза“ со кое се обезбедува најлошиот вид на злоупотреби да не бидат заштитени со правото на слобода на изразување.
- Конвенцијата за сајбер криминал изготвена од Советот на Европа и нејзиниот дополнителен протокол е единствениот обврзувачки меѓународен договор на оваа тема. Оваа Конвенција влезе во сила во јули 2004 година и истата нуди насоки за сите влади кои сакаат да изготват законодавство против сајбер криминалот.

**СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ**

- Стратегијата за управување со интернетот на Советот на Европа (2001год.) предвидува неколку клучни области кои имаат за цел да обезбедат иден развој на интернетот како безбеден простор кој ја штити слободата на изразување и обезбедува слободен пристап до информации.
- Комитетот на министри и Парламентарното собрание на Советот на Европа изготвија препораки во врска со борбата против говорот на омраза на интернет. Станува збор за Препораката CM/Rec(2009)5 која содржи мерки за заштита на децата од штетни содржини и однесување и за промоција на активно учество во светот на интернетот.

**ИНСТРУМЕНТИ ЗА МОНИТОРИНГ**

- Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI) е тело на Советот на Европа кое се занимава со областа на човековите права. Ова тело го сочинуваат независни експерти и истото објавува извештаи за извршениот мониторинг врз состојбата со човековите права, вклучувајќи и извештаи за проблемот на говорот на омраза. ECRI исто така се осврна на проблемот на говорот на омраза во својата препорака за борба против ширењето на расистички, ксенофобични и антисемитски материјали преку интернет (Препорака бр. 6). ECRI ги следи состојбите со овој проблем преку мониторингот што го врши во различните земји и преку објавување тематски извештаи.
- Комесарот за човекови правата на Советот на Европа го свртe вниманието кон говорот на омраза како феномен кој предизвикува загриженост во областа на човековите права (на пример, комесарот тоа го направи во однос на проблемите на Ромите, бегалците и азилантите). Комесарот исто така упати повик да бидат донесени мерки против говорот на омраза.

**ОБРАЗОВАНИЕ, ПРЕВЕНЦИЈА И ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ**

- Програмата „Песталоци“ на Советот на Европа е наменета за професионалци во областа на образованието и истата содржи модули за едукација за медиуми и за интеркултурно учење.
- Играта на интернет „Wild Web Woods“ претставува алатка наменета за деца преку која децата треба да ги научат основните методи за зачувување на својата безбедност кога се на интернет.

- *Прирачникот за дигитална писменост* претставува „онлајн“алатка за учење наменета за родители, наставници и млади лица која има за цел да им помогне да ги унапредат своите способности на планот на користењето на интернетот.
- Младинскиот сектор на Советот на Европа организира програма за едукација на младите за човековите правата која е наменета за младински организации и активисти. Важна улога во оваа програма заземаат антирасистичката работа и интеркултурниот дијалог. На локално и меѓународно ниво беа организирани обуки за активисти и едукатори за човекови права, а освен тоа беа изработени и неколку едукативни материјали од типот на *„Compass“ (Компас)*, *„Compasito“ (Компасче)* и *„Gender Matters“ (Родови прашања)*.

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ ОД СТРАНА НА ОДДЕЛОТ ЗА МЛАДИ**

- Истражување за говорот на омраза на интернет и публикација со наслов *„Појдовни основи за борба против говорот на омраза на интернет“*. Оваа публикација ја прикажува реалноста во врска со говорот на омраза во контекстот на младите луѓе и дава опис на неколку проекти и кампањи осмислени со цел да се надмине проблемот.
- Истражување за младите луѓе и говорот на омраза, спроведено во 2012 година со цел да се анализира перцепцијата на младите за говорот на омраза и влијанијата што истиот ги има врз нив.
- Европската фондација за млади им има доделено неповратни средства (грантови) на младински организации за проекти кои се занимаваат со проблемот на говорот на омраза на интернет.
- Обуки за „онлајн“ активисти.
- Работилници и семинари за активисти и организатори на кампањи.
- Студиски сесии со меѓународни младински организации.

## КАДЕ ДА НАЈДЕТЕ ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ:

Случаи на Европскиот суд за човекови права кои се однесуваат на говорот на омраза
www.echr.coe.int/ECHR/EN/Header/Press/Information+sheets/Factsheets/
http://echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf
Листа на препораки, резолуции и декларации усвоени од Комитетот на министри на Советот на Европа за областа на медиумите.
www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm_EN.asp
Програма „Песталоци“
www.coe.int/t/dg4/education/pestalozzi/Documentation_Centre/ML_resources_en.asp#TopOfPage
„Wild Web Woods“
www.wildwebwoods.org/popup_langSelection.php
*„Compass“* – Прирачник за едукација за човекови права со млади луѓе
www.coe.int/compass
*Прирачник за дигитална писменост*
www.coe.int/t/dghl/standardsetting/internetliteracy/Source/Lit_handbook_3rd_en.swf
*Прирачник за говорот на омразата*, од авторот Ане Вебер, публикација на Советот на Европа, Стразбур 2009 година.

ПОГЛАВЈЕ 6

# ПРИЛОЗИ


6.1 Универзална декларација за човекови права (резиме) ........................................................ 198
6.2 Европска конвенција за човекови права и нејзините протоколи (резиме) ................ 199
6.3 Останати извори за справување со говорот на омраза на интернет .............................. 201

# 6.1 УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (РЕЗИМЕ)

1. Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права.
2. Сите луѓе имаат право на еднаков третман без разлика на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, религијата, политичкото убедување, имотот, раѓањето или друг статус.
3. Секој има право на живот, слобода и сигурност.
4. Никој не смее да биде држен во состојба на ропство.
5. Никој не смее да биде подложен на мачење и на нечовечки или понижувачки третман.
6. Секој има право насекаде да биде признаен како личност пред законот.
7. Законот е еднаков за сите и треба да важи за сите на ист начин.
8. Секој има право на делотворен правен лек во ситуација кога не му се почитуваат правата.
9. Никој не смее неосновано да биде уапсен, затворен или прогонет од својата земја.
10. Секој има право на правично и јавно судење.
11. Секој ќе се смета за невин сè додека неговата вина не биде докажана.
12. Секој има право на почитување на приватноста (вклучително и на домот и семејниот живот).
13. Секој има право на живеалиште и слобода на движење во рамките на границите на секоја држава.
14. Секој има право да отиде во друга држава и таму да побара заштита ако е прогонуван или под ризик од прогонување.
15. Секој има право на државјанство.
16. Секој има право на склучување брак и основање на семејство.
17. Секој има право на сопственост, како поединечно така и во заедница со други.
18. Секој има право да верува во она што сака (вклучително, но не и ограничено само на областа религија).
19. Секој има право да го каже она што го мисли и слободно да дава и прима информации.
20. Секој има право на здружување во здруженија и на мирно собирање со други лица.
21. Секој има право да учествува во управувањето со неговата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници.
22. Секој има право на социјална сигурност.
23. Секој има право да работи за правична награда во безбедно опкружување и да се зачлени во синдикална организација.
24. Секој има право на одмор и слободно време.
25. Секој има право на животен стандард, кој нему и на неговото семејство му гарантира здравје и благосостојба, вклучувајќи храна, облека, живеалиште, медицинска грижа и потребни социјални услуги.
26. Секој има право на образование, вклучувајќи и бесплатно основно образование.
27. Секој има право слободно да учествува во културниот живот на неговата заедница.
28. Секој има право на општествен и меѓународен поредок, во кои правата и слободите наведени во оваа Декларација можат да бидат целосно реализирани.
29. Секој мора да ги почитува правата на другите, заедницата и јавниот имот.
30. Никој нема право некому да одземе кое било од правата предвидени во оваа Декларација.

## 6.2 ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И НЕЈЗИНИТЕ ПРОТОКОЛИ

### ПОЕДНОСТАВЕНА ВЕРЗИЈА НА ОДБРАНИ ЧЛЕНОВИ

**РЕЗИМЕ НА ПРЕАМБУЛАТА**

Владите на земјите-членки на Советот на Европа работат во правец на мирот и поголемо единство засновано на човековите права и основните слободи. Со оваа Конвенција тие решија да ги преземат првите чекори кон спроведување во дело на голем дел од правата содржани во Универзалната декларација за човекови права.

**ЧЛЕН 1-ОБВРСКА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

Државите мора да обезбедат секој човек да ги има правата наведени во оваа Конвенција.

**ЧЛЕН 2-ПРАВО НА ЖИВОТ**

Ти имаш право на живот.

**ЧЛЕН 3-ЗАБРАНА НА ТОРТУРА**

Никој нема право да те повреди или да те измачува. Дури и кога си во услови на лишеност од слобода твоето човеково достоинство мора да биде испочитувано.

**ЧЛЕН 4-ЗАБРАНА НА РОПСВО И ПРИНУДНА РАБОТА**

Забрането е со тебе да се однесуваат како со роб или да те тераат принудно да работиш.

**ЧЛЕН 5-ПРАВО НА СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ**

Ти имаш право на слобода. Ако те лишат од слобода имаш право да знаеш зошто. Ако си во притвор имаш право на судење во скоро време или право да те ослободат до моментот на започнување на судењето.

**ЧЛЕН 6-ПРАВО НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**

Имаш право на правично судење пред непристрасен и независен судија. Ако си обвинет за извршување кривично дело, ти си невин сѐ до моментот на докажување на твојата вина. Имаш право на помош од адвокат кој ќе биде платен од државата доколку си сиромашен.

**ЧЛЕН 7-НЕМА КАЗНУВАЊЕ БЕЗ ЗАКОН**

Не може да те огласат за виновен за кривично дело доколку таквото дело не било инкриминирано во закон кога си го сторил истото.

**ЧЛЕН 8-ПРАВО НА ПОЧИТУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИОТ И ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ**

Имаш право да ти биде почитуван приватниот и семејниот живот, како и домот и преписката.

**ЧЛЕН 9-СЛОБОДА НА МИСЛА, УВЕРУВАЊЕ И РЕЛИГИЈА**

Имаш право на слобода на мисла, совест и религија. Имаш право да ја исповедуваш својата религија дома и во јавност како и да ја промениш истата доколку сакаш.

**ЧЛЕН 10-СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ**

Имаш право на одговорен начин да го кажеш и да го напишеш она што го мислиш, како и да даваш и примаш информации од други. Ова право ја опфаќа и слободата на печатот.

**ЧЛЕН 11-СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ**

Имаш право да учествуваш на мирни собири и да формираш или да се зачленуваш во здруженија вклучувајќи и синдикални организации.

**ЧЛЕН 12-ПРАВО НА БРАК**

Имаш право да стапиш во брак и да имаш свое семејство.

**ЧЛЕН 13-ПРАВО НА ЕФЕКТИВЕН ЛЕК**

Ако ти се прекршени правата, можеш да се пожалиш на таквата состојба официјално до судовите или други јавни тела.

**ЧЛЕН 14-ЗАБРАНА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Ти овие права ги поседуваш без оглед на твојата боја на кожа, пол, јазик, политички или верски убедувања или потекло.

**ЧЛЕН 15-ДЕРОГАЦИЈА ПРИ ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Во време на војна или друга вонредна состојба, владата смее да прави работи кои се косат со твоите права, но само во случај кога тоа е апсолутно неопходно. Но дури и тогаш на владите не им е дозволено, на пример, да те измачуваат или да те убијат без причина.

**ЧЛЕН 16-ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА АКТИВНОСТ НА СТРАНЦИТЕ**

Владите смеат да ја ограничат политичката активност на странците, дури и тогаш кога таквото ограничување се коси со членовите 10, 11 или 14.

**ЧЛЕН 17-ЗАБРАНА ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА** ПРАВАТА

Ништо што е наведено во оваа Конвенција не смее да се употреби со цел да им се наштети на правата и слободите во Конвенцијата.

**ЧЛЕН 18-ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА РЕСТРИКЦИЈА НА ПРАВОТО**

Најголем дел од правата во оваа Конвенција може да се ограничат со општ закон кој би важел за сите. Таквите ограничувања се дозволени само тогаш кога се апсолутно неопходни.

**ЧЛЕНОВИ 19 ДО 51**

Овие членови објаснуваат како работи Европскиот суд за човековите права.

**ЧЛЕН 34-ИНДИВИДУАЛНИ ТУЖБИ**

Во случај кога твоите права содржани во Конвенцијата се прекршени во една од земјите-членки на Советот на Европа, прво треба да поднесеш тужба до сите надлежни национални органи. Ако тоа не ти го реши проблемот, во тој случај имаш право да се жалиш директно до Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

**ЧЛЕН 52-БАРАЊА ОД СТРАНА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**

На барање на генералниот секретар на Советот на Европа, секоја од владите на земјите-членки е должна да објасни како нејзиното национално законодавство ги штити правата од оваа Конвенција.

## ПРОТОКОЛИ КОН КОНВЕНЦИЈАТА

**ЧЛЕН 1 ОД ПРОТОКОЛОТ БР.1- ЗАШТИТА НА СОПСТВЕНОСТА**

Имаш право да поседуваш имот и да го користиш она што го поседуваш.

**ЧЛЕН 2 ОД ПРОТОКОЛОТ БР.1 - ПРАВО НА ОБРАЗОВАНИЕ**

Имаш право да одиш на училиште.

**ЧЛЕН 3 ОД ПРОТОКОЛОТ БР.1 - ПРАВО НА СЛОБОДНИ ИЗБОРИ**

Имаш право да учествуваш во изборот на владата на твојата држава преку тајно гласање.

**ЧЛЕН 2 ОД ПРОТОКОЛОТ БР.4 - ПРАВО НА ДВИЖЕЊЕ**

Ако законски престојуваш во одредена земја, имаш право да одиш каде сакаш и да живееш каде сакаш во границите на истата.

**ЧЛЕН 1 ОД ПРОТОКОЛОТ БР.6 - УКИНУВАЊЕ НА СМРТНАТА КАЗНА**

Не е можно да бидеш осуден на смрт или егзекутиран од страна на државата.

**ЧЛЕН 2 ОД ПРОТОКОЛОТ БР.7 - ПРАВО НА ЖАЛБА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА**

Имаш право да се жалиш до повисок суд доколку си осуден за извршување кривично дело.

**ЧЛЕН 3 ОД ПРОТОКОЛОТ БР.7 - НАДОМЕСТ ЗА НЕПРАВЕДНО СУДЕЊЕ**

Имаш право на надомест доколку те осудиле за извршување кривично дело и потоа се испоставило дека си бил невин.

**ЧЛЕН 1 ОД ПРОТОКОЛОТ БР.12 - ОПШТА ЗАБРАНА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Не е дозволено да бидеш дискриминиран од страна на органи на јавната управа заради, на пример, бојата на твојата кожа, пол, јазик, политички или верски убедувања или потекло.

## 6.3 ОСТАНАТИ ИЗВОРИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

Доколку имате време и интерес да научите нешто повеќе за говорот на омраза на интернет и за тоа какви други едукативни активности можете да реализирате со вашата група, еве ви неколку предлози. Листава со предлози не е сеопфатна, односно ова се само неколку извори на информации кои можете да ги погледнете!

**СОВЕТ НА ЕВРОПА**

- Компас (Compass) – прирачник за едукација за човекови права со млади; Компасче (Compasito) – прирачник за едукација за човекови права наменет за деца; и други едукативни ресурси за едукација за човекови права и антирасистичка едукација со млади.
  www.coe.int/compass
- Прирачник за стекнување интернет познавања (*Internet Literacy Handbook*) - „онлајн" алатка за учење наменета за родители, наставници и млади лица со цел развивање на нивните вештини за користење на интернетот.
  www.coe.int/t/dghl/standardsetting/internetliteracy/Source/Lit_handbook_3rd_en.swf
- Wild Web Woods – „онлајн" игра за деца наменета за учење на основните правила за безбедност на интернет.
  www.wildwebwoods.org/popup_langSelection.php
- Прирачник за говорот на омраза, автор Ане Вебер, публикација на Советот на Европа, Стразбур 2009 година.
- Појдовни основи за борба против говорот на омраза „онлајн" – три студии за говорот на омраза „онлајн" и за начините како да се надмине овој проблем; автори: Гаван Тајтлеј, Ели Кин и Лазло Фолди; публикација на Советот на Европа, Стразбур 2012 година.
- Главната интернет страница на Советот на Европа за медиуми и слобода на изразување
  www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/Themes/Education_en.asp
- Интернет страница на програмата Песталоци на Советот на Европа за медиумска писменост
  www.coe.int/t/dg4/education/pestalozzi/Documentation_Centre/ML_resources_en.asp#TopOfPage
- Листа со факти на Европскиот Суд за човекови права за разни теми (меѓу другото и за говорот на омраза)
  www.echr.coe.int/ECHR/EN/Header/Press/Information+sheets/Factsheets/
- Листа на препораки, резолуции и декларации на Комитетот на министри во областа на медиумите
  www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm_EN.asp

## ДРУГИ ИЗВОРИ И ЛИНКОВИ

- „Insafe“ претставува европска мрежа на центри за подигнување на свеста која промовира безбедно и одговорно користење на интернетот и на мобилните уреди од страна на младите. www.saferinternet.org/home
- Водич за добра пракса на „Insafe“, истражување за ресурсите за тинејџери, целосен извештај.www.saferinternet.org/c/document_library/get_file?uuid=eb60c451-5826-459e-a89f-d8aa6aa33440&groupId=10137
- „Teachtoday“ претставува интернет портал со информации и совети за училиштата на темата „позитивно, одговорно и безбедно користење на новите технологии“. www.teachtoday.eu
- Интернет страницата „MediaSmarts“ содржи широк спектар на едукативни активности, основни информации и алатки во врска со користењето на интернетот. www.mediasmarts.ca
- „Chatdanger“ на „Childnet International“ претставува едукативна интернет страница за млади која има за цел младите да научат што повеќе за безбедноста на интернет во интерактивните сервиси како што се „четот“, праќањето инстант пораки (IM), „онлајн“ игрите, електронската пошта (e-mail) и мобилните телефони. www.chatdanger.com
- „Интернетот кој го сакаме“ (The Web We Want) претставува едукативен прирачник наменет за адолесцентите на возраст од 13-16 години, изготвен заедно со и од страна на млади лица на темата „дигитална писменост“. http://webwewant.eu/
- „European Schoolnet“ претставува мрежа составена од 30 министерства за образование на европски земји која им нуди на наставниците и учениците ресурси поврзани со општеството засновано на знаења и користењето на интернет. www.eun.org/
- „Европскиот Вергеленд центар“ (The European Wergeland Centre) нуди широк спектар на едукативни ресурси за едукација за човековите права. www.theewc.org/
- Комплетот со алатки на „Лигата за борба против клеветата“ (The Anti-Defamation League) содржи предлози за акција против сајбер омразата. www.adl.org/assets/pdf/combating-hate/ADL-Responding-to-Cyberhate-Toolkit.pdf
- „Меѓународната мрежа против сајбер омразата“ (INACH – International Network Against Cyberhate) ги обединува и зајакнува организациите кои промовираат почитување, одговорност и граѓанство на интернет преку борба против сајбер омразата и подигнување на свеста за дискриминацијата која се случува на интернет. www.inach.net/
- „Инхоуп SOS линии“ (INHOPE Hotlines) ѝ нуди на јавноста средство за анонимно пријавување на интернет материјали кои опфаќаат содржини со сексуална злоупотреба на деца за кои пријавувачите се сомневаат дека се незаконски. www.inhope.org/gns/home.aspx

Работата на Советот на Европа за демократијата е цврсто врзана за образованието: образование во училиштата, и образование во процесот на доживотно учење на практикувањето демократија, како неформалните активности за учење. Образованието за човекови права и образованието за демократско граѓанство е интегрален дел од напорите за обезбедувањето на одржлива демократија.

Говорот на омраза е една од најзагрижувачките форми на расизам и дискриминација кои се присутни во Европа, а кои сè повеќе ги има и на интернет и социјалните медиуми. Говорот на омраза на интернет е видливиот врв од кулата на нетолеранција и ентоцентризам. Младите луѓе директно се вклучени како поттикнувачи, но и жртви во рамки на прекршувањето на човековите права во интернет. На Европа и се потребни млади луѓе кои ќе се грижат за човековите права, животното осигурување за демократијата.

Обележувачи е објавен во соработка со Движењето против говор на омраза – младинска кампања на Советот на Европа за човековите права на интернет. Обележувачи е корисен за едукаторите кои се обидуваат да го опфатат говорот на омраза на интернет од човекова перспектива, како надвор, но и во рамки на образовниот систем. Овој прирачник е пред сè дизајниран за младите луѓе на возраст од 13-18 години, но активностите можат да бидат адаптирани за сите возрасти.

**www.coe.int**

Советот на Европа е водечка организација за човекови права во Европа. Таа вклучува 47 членки, од кои 28 се членки на Европската Унија. Секоја од државите членки на Советот на Европа ја имаат потпишано Конвенцијата за заштита на човековите права, чија основна цел е да ги заштити човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот Суд за човекови права ја следи имплементацијата на оваа конвенција во земјите членки.

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE